# Прилог 5

# ИНТЕГРАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ГРУПИ И ДЕЛЕГАЦИИ

| | |
|---|---|
| **1. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТ НА ЕВРОПА** | **276** |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Првиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, одржан од 26 до 30 јануари 2009 година во Стразбур, Република Франција | 276 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Вториот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, одржан од 27 до 30 април 2009 година во Стразбур, Република Франција | 282 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Третиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, одржан од 22 до 26 јуни 2009 година во Стразбур, Република Франција | 286 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од состанокот на Комисијата за култура, наука и образование и сослушување за исламот, исламизмот и исламофобијата Копенхаген, 7-9 септември 2009 година | 291 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Четвртиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, оддржан од 28 септември до 2 октомври 2009 година во Стразбур, Република Франција | 294 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Семинарот за секретари на националните делегации Стразбур, 19-21 октомври 2009 година | 300 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за седницата на Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа (Берн, Швајцарија 20 ноември 2009 година) | 314 |
| **ИНФОРМАЦИЈА** за состанокот на секретарите на националните делегациии на ПС на СЕ Париз, Франција, 14 декември 2009 година | 319 |
| **2. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ** | **323** |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Осмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана на 19 и 20 февруари 2009 година во Виена, Австрија | 323 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ со г. Жоао Соареш, претседател на ПС на ОБСЕ, одржана на 12 мај 2009 година | 331 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Осумнаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана од 29 јуни до 3 јули 2009 година во Вилнус, Република Литванија | 334 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржани од 8 до 11 октомври 2009 година во Атина, Грција | 344 |
| **3. ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА** | **352** |
| **ИЗВЕШТАЈ** од регионалниот семинар на Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби одржан на 27 и 28 април 2009 година во Лондон | 352 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на 121 собрание на Интерпарламентарната унија, одржано од 16 до 18 октомври 2009 година во Женева, Швајцарска Конфедерација | 360 |
| **4. ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКА ИНИЦИЈАТИВА (ЦЕИ)** | **371** |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Парламентарниот комитет на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, оддржан од 7 до 9 мај 2009 година во Букурешт, Романија | 371 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од седницата Генералниот комитет за култура на Централно-европската иницијатива, одржана на 17 и 18 септември 2009 година во Салцбург, Австрија | 377 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од годишното Парламентарното собрание на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива што се оддржа од 27 до 28 октомври 2009 година во Букурешт, Романија | 379 |

| | |
|---|---|
| **5. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО** | **384** |
| **БЕЛЕШКА** од средбите на г. Стефан Елгерсма, надлежен офицер за Досието на Република Македонија во НАТО со координаторите на пратеничките групи во Собранието, остварени на 29 април 2009 година | 384 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на прославата од 60годишнината на НАТО во Рим, Италија, 11 мај 2009 година | 391 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на пролетното заседание на Парламентарното собрание на НАТО во Осло, Норвешка, 22-26 мај 2009 година | 394 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 55-то годишно заседание на Парламентарното Собрание на НАТО во Единбург, Обединетото Кралство, 13-17 ноември 2009 год | 399 |
| **6. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈА** | **404** |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на г. Андреј Петров, прв потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на франкофонијата на Конференцијата на претседателите на секциите на ПСФ-регион Европа, одржана од 11 до 13 февруари 2009 во Будимпешта, Република Унгарија | 404 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Делегацијата на секцијата на Собранието на Република Македонија на седницата на Комисијата за парламентарни прашања на Парламентарното собрание на франкофонијата, одржана од 23 до 26 март 2009 година во Фрибург, Швајцарска Конфедерација | 408 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од 22. Регионално собрание Европа на Парламентарното собрание на франкофонијата, одржано од 21 до 25 април 2009 година во Џерси | 413 |
| **7. СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКА УНИЈА** | **421** |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Колоквиумот на тема "Цивилно-воена соработка во кризниот менаџмент", одржан на 1 и 2 април 2009 година во Берлин, Сојузна Република Германија | 421 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Педесет и шестата пленарна сесија на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија, одржана од 2 до 4 јуни 2009 година, во Париз, Република Франција | 426 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Педесет и седмата пленарна сесија на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија, одржана од 1 до 3 декември 2009 година во Париз, Република Франција | 437 |
| **8. МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕВРОПСКА УНИЈА (МПК РМ-ЕУ)** | **447** |
| **ЗАВРШНА ИЗЈАВА** од шестиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија одржан во Брисел на 31 март 2009 година | 447 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на Петар Поп-Арсов и Александар Спасеновски со г. Кристијан Хедберг, шеф на Одделението за Република Македонија во Европската комисија ( Скопје, 28 април 2009 година) | 452 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на г. Александар Спасеновски, копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија, г-ѓа Славица Грковска Лошкова и г-дин Рафис Алити, заменици-копретседавачи со Н.Е. г. Ерван Фуере, амбасадор, Шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија и специјален претставник на Европската унија во Република Македонија, остварена на 7 јули 2009 година | 455 |
| **БЕЛЕШКА** од заедничкиот состанок на Комисијата за европски прашања, Националниот совет за евроинтеграции и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ за приоритетите на шведското претседавање со Советот на ЕУ, одржана на 9 јули 2009 година | 457 |

| | |
|---|---|
| **БЕЛЕШКА** од заедничката средба на Националниот совет за евроинтеграции, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија и Комисијата за европски прашања со г. Оли Рен, Комесар за проширување во ЕК, остварена на 23 јули 2009 година во Собранието на Република Македонија | 462 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од посетата на Александар Спасеновски, копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет - РМ и Европската унија, од 30 септември до 1 октомври 2009 година, на Европскиот парламент во Брисел | 465 |
| **БЕЛЕШКА** од заедничкиот состанок на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација со амбасадорот Ерван Фуере, одржана 15 октомври 2009 година во Собрание на Република Македонија | 469 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на г. Александар Спасеновски со г. Оле Лудвигсон, остварена во Скопје на 13 ноември 2009 година | 475 |
| **КРАТКО СООПШТЕНИЕ** од средбата на копретседавачите Александар Спасеновски и Јоргос Шацимаркакис, 16 ноември 2009 г. Собрание на Република Македонија | 477 |
| **БЕЛЕШКА** од заедничката средба на Националниот совет за евроинтеграции, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија и Комисијата за европски прашања со г-ѓа Тања Фајон, пратеник во Европскиот парламент и известител за визната либерализација и г. Зоран Талер, известител за Република Македонија во Европскиот парламент, остварена на 18 декември 2009 година во Собранието на РМ | 479 |
| **9. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ** | **482** |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Четвртата сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот, што се оддржа на 23 и 24 октомври 2009 година во Истанбул, Република Турција | 482 |
| **10. РЕГИОНАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** | **488** |
| **ИЗВЕШТАЈ** за работилницата на тема "Безбедноста на храна - законодавството и неговата примена " (Софија, 23-24 февруари 2009 година) | 488 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Семинарот за "Виза и гранично управување" што се одржа на 31 март и 1 април 2009 година во Брисел, Кралството Белгија | 493 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Парламентарниот семинар "Визната политика и управувањето со граници" одржан на 18 и 19 мај 2009 година во Белград, Република Србија | 497 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Семинарот на тема "Слободна трговија и внатрешни регионални пазари" што се одржа во Загреб, Република Хрватска на 26 и 27 октомври 2009 година | 501 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од состанокот во Европскиот парламент со националните координатори во Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа (Брисел, Белгија 10 декември 2009 година ) | 506 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Парламентарниот семинар "Слободна трговија и внатрешни регионални пазари" одржан на 9 и 10 декември 2009 година во Брисел, Кралството Белгија | 510 |
| **11. БИЛАТЕРАЛА** | **514** |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република со Делегација на групата за пријателство Франција-Македонија од Националното собрание на Француската Република (26 мај 2009 година, Собрание на РМ) | 514 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на пратеникот г. Хајрула Мисини, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран со Н.Е. г. Мохамед Реза Сокут, нерезидентен Амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија, остварена на 29 јуни 2009 година, во Собранието на Република Македонија | 517 |

| | |
|---|---|
| **БЕЛЕШКА** од состанокот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска со амбасадорот на Република Хрватаска во Република Македонија и со претставници на Хрватската заедница во Македонија | 519 |
| **БЕЛЕШКА** од посетата на Изборната делегација од проектот "Меѓународна парламентарна стипендија" од Сојузна Република Германија, на Собранието на Република Македонија, реализирана на 16 октомври 2009 година | 523 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на пратеникот г. Марјанчо Николов, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република со г. Коста Димитров, пратеник во Чешкиот парламент и претседател на Групата за чешко-македонско пријателство, остварена на 16 октомври 2009 година | 527 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со Н.Е. г. Херардо Суарез Алварез, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Куба за Република Македонија, остварена на 19 октомври 2009 година | 529 |
| **БЕЛЕШКА** од одделните средби на Скендер Хисени, министер за надворешни работи на Република Косово со потпретстедателот на Собранието на Република Македонија, Рафиз Халити, со координаторот на Пратеничката Група на ДУИ, Тахир Хани и со координаторот на Пратеничката група на НД Флора Кадриу, остварена на 06 ноември 2009 година | 533 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со г-ѓа Виера Петрикова, вицепремиер за законодавство и министер за правда во Владата на Словачката Република, остварена на 12 ноември 2009 година во Собранието на Република Македонија | 536 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел со г. Давид Коен, вонреден и ополномоштен амбасадор на Израел во Република Македонија, остварена на 24 ноември 2009 година | 540 |
| **12. ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ** | **543** |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на РМ и корисниците на Меѓународната парламентарна стипендија (ИПС) за 2009 година, одржана на 3 февруари 2009 година | 543 |
| **БЕЛЕШКА** од средбата на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со претставници на Парламентот на Обединетото Кралство и на Вестминстерската фондација за демократија, остварена на 21 мај 2009 година во Собранието на Република Македонија | 545 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од парламентарната конференција "Јакнење на безбедносната соработка за побрзо зачленување на ЈИЕ во ЕУ", одржана на 7 и 8 декември 2009 година во Тирана, Република Албанија | 548 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Вонредната конференција на претседателите на парламентите на земјите членки на ЕУ и на земјите кандидати за членство во Унијата (EUSC), одржана на 11 и 12 декември 2009 година во Стокхолм, Шведска | 552 |
| **13. СТРУЧНА СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО НА РМ** | **558** |
| **ИЗВЕШТАЈ** од седмиот Семинар за парламентарни правни советници оддржан во Мадрид 9-20 февруари, 2009 година | 558 |
| **ИЗВЕШТАЈ** од годишниот состанок на IPEX кореспонденти одржан во Рим, 15 мај 2009 година | 575 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за учество на делегација на Службата на Собранието на Република Македонија на Институтот за парламентарна обука на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот дом на Конгресот на Соединетите Американски Држави | 581 |

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Првиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, одржан од 26 до 30 јануари 2009 година во Стразбур, Република Франција***

***Скопје, февруари 2009 година***

*На Првиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, кој се одржа од 26 до 30 јануари во Стразбур, учествуваше заменик-членот во ПС на СЕ Андреј Жерновски и секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски. На покана на генералниот секретар на ПС на СЕ Матео Соринас во еднонеделна студиска посета престојуваше генералниот секретар на Собранието Жарко Денковски, кој во придружба на косекретарот на Делегацијата Марија Стефанова беше присутен на отворањето и почетокот на редовното заседание на ПС на СЕ. (За студиската посета е подготвен посебен Извештај).*

*Собранието прифати како итни точки да бидат разгледувани консеквенците на глобалната финансиска криза и конфликтната ситуацијата во Газа. Повторно една од централните теми на дневниот ред беше војната меѓу Грузија и Русија и последиците од неа. На сесијата стана збор и за акредитациите на делегациите на Албанија и Ерменија, дејствувањето на приватните војни и безбедносни фирми и ерозијата на државниот монопол на употребата на сила, заштитата на меморијалните споменици за кои државите членки имаат различни историски интерпретации, електронската демократија, појавата на фемининцид и миграцијата и раселувањето предизвикани од елементарните непогоди како предизвик на 21 век и некои други прашања.*

*Свои обраќања на сесијата имаа: претседателот на Меѓународниот кривичен суд Филип Кирш и министерот за надворешни работи на Шпанија (како земја претседавач со СЕ) Мигуел Анхел Моратинос.*

**1***.* Во рамките на пленарната расправа не беа присутни прашањата кои директно ја засегаат или се од особен интерес за РМ. Но во работните тела беа и се присутни во фаза на иницијатива или постапка за разгледување повеќе прашања кои заслужуваат внимание. Мониторинг комисијата на ПС на СЕ во рамките на постмониторинг дијалогот ќе испрати експертска делегација за разгледување на Деловникот на Собранието на РМ. Комисијата за правни прашања и човекови права подготвува извештај во врска со сомневањата сврзани со загинувањето на претседателот Борис Трајковски (Документ 11172), кој треба да биде усвоен до 23 ноември 2009 година и треба да даде мислење во врска со Резолуцијата за дискриминаторските закони против македонските политички бегалци од Грција (Документ 11754), поднесена на октомвриската сесија на ПС на СЕ.

Бирото на ПС на СЕ ја прифати поканата на претседателот на Собранието на РМ г. Трајко Вељаноски и одлучи да формира ад хок набљудувачка мисија за претстојните избори за претседател на Република Македонија составена од 20 члена која ќе испрати и петчлена прелиминарна мисија еден месец пред изборите. На последниот ден на сесијата беше определен составот на ова ад хок тело во кое се вклучени претставници на сите пет пратенички групи, согласно со нивната пропорционална застапеност во ПС на СЕ, а за нејзин претседател е определена г-ѓа Мариета де Порубе-Ландин.

**2.** Во текот на сесијата беше одржан состанок на претседателите на ад хок комисиите на ПС на СЕ за набљудување на изборите на која стана збор за: позитивните и негативните искуства на моделите применети за надгледување на изборите, соработката со другите меѓународни организации, определувањето на структурата на ад хок комисиите, насоките за набљудување на изборите, како и за поврзаноста на набљудувањето на изборите со мониторинг процедурата и постмониторинг дијалогот.

На состанокот е истакнато дека набљудувањето на изборите има клучно значење за оценување на нивото на демократијата во одделни земји. Тоа е едно од централните прашања како при приемот на новите земји членки, така и во мониторингот на обврските и заложбите преземени при приемот во СЕ. Во 1999 година се усвоени Насоките за критериумите и принципите за набљудување на изборите. Со

цел да биде зголемена ефикасноста овој документ е дополнуван во повеќе прилики, а последен пат во 2007 година (отпечатен е како прилог на Деловникот на ПС на СЕ). Со него се предвидува до одржувањето на финалната прес-конференција по изборите од набљудувчите да не бидат дадени изјави за печатот. Извештаите на ад хок комисиите за набљудување на изборите се презентираат како дел на Извештајот на Бирото за активностите меѓу двете заседанија на ПС на СЕ и за нив се расправа на првата пленарна сесија.

Со зголемувањето на бројот на организациите и институциите кои се вклучени во набљудувањето на изборите и присутните различни, а понекогаш и контрадикторни оцени се повеќе е присутна потребата за подефинирана соработка во оваа област. Заради одбегнување на интер-институциоаналните конфликти и со почитување на еднаквоста на сите членови на меѓународната заедница инволвирани во набљудувањето на изборите во 1994 изграден е концепт на Меѓународна изборна набљудувачка мисија (МИНМ), чиј парламентарен дел се и ад хок комисиите на ПС на СЕ. Со цел меѓународните институции да зборуваат со еден глас при давањето на оцени за изборите кои се набљудуваат, но и да биде обезбедена автономност, полно почитување и визибилитет на активностите на партнерите во МИНМ од страна на Бирото на ПС на СЕ е подготвен Меморандум за разбирање меѓу ПС на СЕ, ПС на ОБСЕ и Европскиот парламент. Со оваа парламентарна тројка би раководеле претставниците на парламентарните собранија според ротационен систем.

Во расправата е забележано дека парламентарните мисии се фокусирани на самиот изборен ден на гласачките права, а тоа е само дел на изборниот процес. ОДИХР најчесто има долгорочни мисии и присутна е појава на арогантност и неприфаќање на забелешките на парламентарните претставници во МИНМ. При набљудувањето на изборите во Азербејџан, Црна Гора и други делегациите на ПС СЕ дошле во ситуција да ги издвојат своите мислења. Затоа на состанокот преовлада ориентација набљудувачките мисии на ПС на СЕ да бидат дополнети со предизборните и постизборните мисии. Тоа е важно и заради поврзаноста на изборниот процес со мониторинг процедурата и постмониоторинг дијалогот. Во тој контекст изборите се дел од поширокиот политички процес кој бара не само подобрување на технологијата, туку и на самиот политички пристап при набљудувањето на изборите.

**3.** На јануарската сесисија вообичаено се потврдуваат едногодишните акредитации на делегациите, при што се случува за валидноста на некои од нив да биде водена и расправа. Овој пат е расправано за валидноста на акредитациите на Албанската и Ерменската делегација. Во случајот на Албанската делегација беше оспорена причината за смена на еден од членовите на делегацијата во претходната година, со аргументација дека се повредени деловничките правила. Меѓутоа по испитувањето од страна на Комисијата за деловнички правила на ПС на СЕ е утврдено дека не се повредени принципите предвидени за начинот на номинирање на членовите на делегацијата. По расправата на пленарната сесија едогласно е усвоена резолуција со која е ратификувана акредитацијата на Албанската делегација за 2009 година.

Во расправата за Ерменија е констатирана сериозна загриженост со ситуацијата на лишување од слобода од политички причини и побарано е да биде извршена независна, транспарентна и кредибилна истрага согласна со европските стандарди за настаните од 1 и 2 март 2008 година, кога загинале десет, а биле повредени повеќе стотини демонстранти. Властите се повикани притоа да употребуваат правни средства, вклучувајќи ја амнестијата или повлекување на обвинувањата. Во очекување на позитивните чекори на ерменските власти, до априлската сесија, одлучено е да не биде суспендирано гласачкото право на делегацијата во ПС на СЕ.

Под закана за суспендирање во изминатиот период во повеќе прилики се наоѓаше и Делегацијата на Азербејџан. Во моментот се под опсервација уставните

амдмани за референдумот на 18 март 2009 година. Со амандманите, меѓу другото, се предвидува да нема ограничување на бројот на мандатите на претседателот на државата, во врска со што е побарано и мислењето на Венецијанската комисија на СЕ.

**4.** Консеквенците на глобалната финансиска криза беа разгледувани како точка по ургентна процедура. Со загриженост е констатирано дека трендот на економскиот раст се движи кон глобална рецесија, која за многу земји се заканува да биде длабока и долга. Со жалење е констатиранао дека неповолната економска ситуација води кон високата невработеност, намалување на доходите и рапидно зголемување на долговите. Во Резолуцијата 1651 (2009) во врска со финасиската криза се потсетуваат земјите членки на СЕ на нивната одговорност за заштита на социјални и човекови права. Притоа се бара активна парламентарна контрола и вклучување на парламентарците на национално и паневропско ниво во следењето на мерките за надминување на кризата. Упатен е апел за економска солидарност и соработка меѓу земјите членки на СЕ, а особено на индустриски развиените земји со земјите во развој. Критикуван е Акциониот план на Г-20 заради немање на одредници за заштита на социјалните и економските права на граѓаните во периодот на криза.

**5.** Втората точка разгледувана по итна процедурра беше ситуацијата во Газа. Притоа е истакнато дека иако СЕ како организација нема капацитет и не е во состојба да ги запре вооружените судири може и е во состојба да придонесе на дијалогот меѓу инволвираните страни. Тука, пред се, стои на располагање трипартитниот форум во кој учествуваат претставниците на Израелскиот кнесет, Палестинскиот законодавен совет и на Парламентарното собрание на СЕ, кој треба да дејствува мобилно и ангажирано во правец на стабилизација на ситуацијата и обезбедувањето на трајниот мир и безбедност. Исто така, треба да се придонесе за подобрување на дијалогот и за хармонизирање на кохабитацијата меѓу еврејските и муслиманските заедници на тлото на Европа.

**6.** Интерес предизвика и расправата за меморијалните споменици за кои постои различна историска интерпретација во земјите членки на СЕ. По колапсот на тоталитаристичките режими и воените конфликти во 20 век во Европа останале бројни гробишта и меморијални споменици кои предизвикуваат дивергентни историски и политички оцени (од некои се славаат како борци за слобода, а од други се сметаат за глорификација на окупаторските сили). Наведени се примери на руските завојувачки споменици во Естонија и на фашистичките во Германија и Шпанија. Станува збор за комплексни прашања со длабоки историски корени кои имаат различно значење за одделни општествени сегменти со тенеденција да бидат вградени во колективната меморија. Во однос на воените гробишта и меморијални споменици препорачно е да бидат почитувани меѓународните договори. Но, нагласено е дека доколку се врши ексхумација на странските војници и жртвите на војната треба да бидат консултирани сите засегнати држави. Заради сложеноста и контраверзите што ги предизвикува ова прашање СЕ е подготвен за него да иницира поширока расправа.

**7.** Повторно на дневен ред беше прашањето на хуманитарните консеквенци на војната меѓу Грузија и Русија кое предизвика долга расправа со полемички и остри тонови. Хуманитарните консеквенци на војната и нивното решавање се оценети како првенствено важна задача. Се проценува дека се уште има над 200.000 неодамна раселени лица и бегалци за чие згрижување треба да се најдат ургентни решенија. Од Русија, односно властите на Јужна Осетија и Абхазија е побарано да овозможат пристап на набљудувачите на ЕУ и други меѓународни организации на територијата под нивна контрола. Меѓународните мисии на ООН и на ОБСЕ треба да добијат нов мандат со цел да ја набљудуваат безбедноста на сите граѓани на регионот и запирањето на беззаконието. Од Грузија е побарано да обезбеди ефикасна и транспарента употреба на 4,5 милијарди долари меѓународна помош за надминување на последиците на конфликтот.

**8.** Според некои истражувања во моментот има повеќе од милион вработени како војници или офицери за безбедност во преку илјада фирми за безбедност, во над 100 земји во светот. Процените за 2006 година се дека во оваа нова услужна дејност се пласирани околу 200 милијарди долари. Со тоа на извесен начин се нарушува традиционалната позиција на државите како единствено надлежни за легитимна употреба на сила, на нивната територија и во странство. Заради недостатокот на демократска контрола и нетранспарентност на овие фирми кон јавноста, зголемен е ризикот за нарушување на човековите права. Во Препораката 1858 (2009) на ПС на СЕ е побарано да се пристапи кон изготвување на конвенција со која ќе се определи минимум на стандарди за таквите фирми која ќе обезбеди во пракса да се применуваат истите принципи и норми кои важат за државите при употребата на сила.

**9.** На дневен ред беа поставени и некои аспекти на електронската демократија. Укажано е дека компјутерите и дигиталната мрежа имаат значаен потенцијал за промени во примената на демократијата, но со себе носат и низа предизвици. Новите технологии овозможуваат ефикасно и брзо изјаснување при изборите, како и константен дијалог меѓу политичарите и граѓаните. Од друга страна, тука се присутни и ризиците со оглед дека немаат сите соодветна опрема и можно е да дојде до е-еклузивитет и е-дискриминација. Затоа при воведувањето на е-демократијата треба внимателно да се определи рамката и правилата за нејзината примена. Укажано е дека е-демократијата никогаш не треба да биде сметана како супституција на претставничката демократија, туку само како со неа комплементарна, дополнителна можност. Во СЕ ова прашање се разгледува во рамките на Форумот за иднината на демократијата кој работи на подготвувањето на водич кој ќе содржи сет на стандарди и предлози за хармонизирање на правилата во оваа област.

**10.** Разгледувано е и прашањето на феминицид, како своевиден геноцид и убивање на жените само затоа што се жени. Поимот е прв пат употребен во врска со серија на убиства на жени во Мексико, која држава е обсервер во СЕ. Слични случаи се забележани и во некои делови на Азија и Северна Африка, кај милиони абортирани женски фетуси или рано умрени женски деца. Дури ни Европа, преку мигранти од другите делови на светот, не е исклучна од оваа појава. Истакната е потребата националните парламенти да усвојат општ закон за еднаквоста меѓу жените и мажите, заради превенција на феминицидот. Препорачно е да биде формирана експертска група која треба да ги изучи социјалните и правните аспекти за запирање на оваа појава.

**11.** Еколошките катастрофи како причина за миграција и раселување означени се како нов предизвик на 21 век. Се проценува дека денес во светот има над 30 милиони раселени лица заради екстремните временски услови, пред се тајфуните и земјотресите. Оваа бројка ги надминува бегалските бранови предизвикани од воените конфликти. Меѓутоа статусот на бегалци од природните катастрофи не е заштитен со меѓународните норми како што е случај со бегалците од политичко-воени причини. Заради премостување на овој јаз во заштитата препорачано е да се разгледа можност за донесување на меѓународна конвенција во која за прв пат би биле опфатени и случаите на раселени лица и бегалци заради еколошките причини. За тоа се потребни и дополнителни интердисциплинарни истражувања порзани со миграционите и климатските промени. Државите се исправени и пред задача да преземат координирана и усогласена активност за намалување на опасноста од еколошка деградација, вклучувајќи ја и таа која произлегува од климатските промени.

* * * * *

На јануарската сесија вообичено се реконструираат составот на органите на ПС на СЕ и се назнаучваат клучните активности во претстојниот едногодишен период. Така беше повторен нов едогодишен мандат на претседател г.Луис Мариа де Пуч. Од страна на неговиот Кабинет ни е потврдено дека планираат оваа година да биде реализирана

поканата на претседтелот г. Трајко Вељаноски за негова официјална посета на Република Македонија. Акредитацијата на шестчлената Делегација на Собранието (дополнета и со претставникот на ДПА г-ѓа Флора Кадриу) е прифатена на отворањето на сесијата, а оригиналите на акредитивното писмо се депонирани кај надлежните служби. Шефот на Делегацијата г. Оливер Шамбевски и заменик-членот г. Андреј Жерновски на предлог на партиската група на Европски народни партии (ЕПП/ЦД), односно на Алијансата на либералите и демократите за Европа (АЛДЕ) повторно се избрани за членови на Мониторинг комисијата, која е особено значајна за земјите како Република Македонија која се наоѓа во фаза на постмониторинг дијалог со Советот на Европа.

Во поздравното обраќање на претседателот де Пуч, како и во повеќе дискусии на комисиските и пленарната сесиси потенцирано е дека оваа година се одбележува 60-годишнината од формирањето на СЕ. Во изминатиот период организацијата покажала забележлив капацитет да се адаптира на сложената политичка реалност на европскиот континент останувајќи бранител на демократијата, човековите права и владеењето на правото. Но, кризните ситуации во каква што заради глобалните финасиски тешкотии во моментот се наоѓа Европа и светот, секогаш се рефлектираат и на човековите права. Соочувајќи се со новите предизвици СЕ се наоѓа пред задача, придонесувајќи на изнаоѓањето на адекватни одговори, да ги зачува принципите и вредностите кои се вградени во создавањето и развојот на најстарата и најбројна европска организација. Во тој контекст на сесијата беа покренати инцијативи за преземање на активности за заштита на социјални и човекови права во време на финасиска криза или заради новите воени конфликти (Русија-Грузија), како и за донесување на конвенции посветени на предизвици на почетокот на 21 век какви што се предностите и опасностите од имплемтацијата на е-демократијата, појавата на раселени лица и бегалци предизвикана од елементарни катастрофи, борбата против фемиництдот, различните интерпретации на меморијалните споменици, дејствувањето на приватни фирми за безбедност и други.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Вториот дел од редовната сесија на***
***Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година,***
***одржан од 27 до 30 април 2009 година во Стразбур,***
***Република Франција***

***Скопје, мај 2009 година***

*На Првиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, кој се одржа од 27 до 30 април во Стразбур, учествуваше заменикот на шефот на Делегацијата во ПС на СЕ Зоран Петрески, членот на Делегацијата Игор Ивановски и заменикот на членот Андреј Жерновски, како и секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски и косекретарот Марија Стефанова.*

*Собранието прифати како итни точки да бидат разгледувани постпката за избор на генерален секретар на Советот на Европа, Нацрт протоколот 14 бис и функционирањето на демократските избори во Молдавија.*

*Свои обраќања на сесијата имаа претседателот на Финска г-ѓа Тарја Халонен и премиерот на Шпанија г. Хозе Луис Родригез Запатеро. Годишен извештај поднесе комесарот за човекови права Томас Хамарберг, а се зборуваше и за Мониторинг постапката со Србија, хуманитарните последици од војната меѓу Грузија и Русија, како и повеќе теми сврзани со почитувањето на човековите права. На оваа сесија беше и пригодното одбележување на 60годишнината од основањето на Совеот на Европа.*

**1.** Во рамките на Извештајот за настаните меѓу двете сесии беа разгледани извештаите на мисиите за набљудување на изборите во Македонија, Црна Гора и Молдавија, како и на референдумот за уставот во Азербејџан.

Во Извештајот на Мисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа за набљудување на претседателските избори во Република Македонија, беше заклучено дека е постигнат значаен напредок во однос на минатогодишните парламентарни избори со тоа што претседателските избори ги испочитуваа најголемиот број од страндардите утврдени од Советот на Европа за организирање демократски избори.

Известителот г-ѓа Пурбекс-Ландин укажа и на потребата да се провери избирачкиот список имајќи предвид дека е многу мала разликата меѓу запишаните гласачи и бројот на жителите во Република Македонија. Посебно беше истакната непристрасноста и ефикасноста на државната изборна комисија, што може да послужи за пример во другите земји членки на Советот на Европа каде што постојат проблеми во функционирањето на изборните комисии.

Во своето обраќање пратеникот Андреј Жерновски, потсетувајќи дека е претставник на опозицијата, нагласи дека спроведувањето на претседателските и локалните избори согласно со меѓународните стандарди се израз на демократската зрелост на македонското општество. Својата диксусија на пленарната седница ја заклучи со уверувањето дека спроведувањето на слободни, фер и демократски избори ќе биде валоризирано од Парламентарното собрание на Советот на Европа и ќе резултира со финализирање на постмониторинг дијалогот со Советот на Европа.

Во своето излагање, публикувано во официјалниот стенограм на сесијата, пратеникот Зоран Петрески истакна дека политичките актери, институциите и граѓаните на Република Македонија со овие избори го исполнија клучниот демократски предизвик и изрази надеж дека тоа ќе придонесе и за добивање на датум за отпочнување на преговорите за членство во ЕУ.

Особено интересна беше дискусијата на францускиот сенатор Жан Клод Фрекон кој во име на целата Француска делегација изрази силна поддршка на Македонија, именувајќи ја во текот на дискусијата со уставното име. Тој истакна дека Македонија покажала капацитет да поминува пречки кои постојано се појавуваат на патот на нејзиното евро-интегрирање. Според него, со успешното спроведување на изборите Република Македонија покажала политичка зрелост и со тоа заслужува да добие поддршка за приклучување кон ЕУ и НАТО.

**2.** Претседателката на Финска која била долгогодишен член на Парламентраното собрание на Советот на Европа е запаметена како иницијатор за воспоставување на мониторинг постапката во однос на земјите членки. Во своето обраќање, потсетувајќи на ова изрази надеж дека мониторинг постапката ќе биде следена со внимание и од другите меѓународни институции. Во суштина мониторинг постапката значи подршка за остварување на човековите права а не казнување на државите.

**3.** Премиерот на Шпанија г. Запатеро изрази задоволство што Шпанија за време на нејзиното претстедателство со Советот на Европа успеа да го усогласи Нацрт-протоколот 14, кој има за цел да ја зголеми ефикасноста на Судот за човекови права. Како претставник на медитеранска земја, сосед со атлантскиот регион, тој ја нагласи готовноста на Шпанија за блиска соработка на различни култури како дел од глобалната иницијатива Алијанса на цивилизациите.

**4.** Како една од точките за која се водеше итна расправа беше и расправата за состојбата со Европската конвенција за човековите права и Судот за човековите права. Беше истакнато дека тие се несомнено клучен инструмент на Советот на Европа во борбата за заштита и унапредување на човековите права. Заради зголемениот прилив на покренати барања сврзани со економско социјалните права и жалбите поднесени од граѓаните на земјите кои во неодамнешниот период пристапија на Организацијата, веќе подолго време Судот се соочува со преоптовареност и неефикасност. За надминување на оваа состојба подготвен е и од голем број земји ратификуван Протоколот 14 на Европската конвенција, со кој се поедноставува процедурата и се зголемува неговиот капацитет. Протоколот подолго време беше блокиран од една влијателна земја. Под актуелното шпанско претседателство Министерскиот комитет успеа да го усогласи Протоколот 14 бис, како времено решение кое со неговото влегување во сила ќе овозможи Судот да се концентрира на најважните случаи, зголемувајќи ја и ефикасноста. Предлогот по ургентна процедура беше разгледуван на априлската сесија и поддржан од Парламентарното собрание, како добра времена солуција, која за примена не бара ратификација на дополнителниот Протокол на Европската конвенција од сите земји членки.

**5.** Комесарот за човекови права, кој дејствува како независна вонсудска институција на СЕ со мандат да промовира приврзаност и почитување на човековите права во земјите членки, г. Томас Хамаберг поднесе редовен годишен извештај кој содржи три меѓусебно поврзани линии на активноста: посети на државите и дијалог со владиниот и невладиниот сектор, тематско разгледување на одделни прашања и соработка со други меѓународни тела за човекови права. Комесарот досега ги посети сите 47 земји членки, по што поднесува препораки за унапредување на положбата на човековите права. На пример, меѓу другите во последниот извештаен период е посетена и Грција за која е дадена препорака за подобрување на заштитата на барателите на азил и на човековите права на малцинствата.

**6.** Оваа сесија на ПС донесе препораки во однос на повеќе конкретни состојби сврзани со заштитата на човековите права. Имајќи предвид дека некои држави членки вовеле вонредна состојба, потенцирано е дека Европската конвенција употребата на оваа мерка ја прифаќа само како крајно средство, во време на војна или заради загрозеноста на опстанокот на државата. Меѓутоа, примената мора да биде крајно претпазлива, а прогласувањето согласно со законската процедура и без нарушување на правниот систем и човековите права. Внимание е посветено и на драгоцениот придонес на бранителите на човековите права, кои работат на чувствителните и понекогаш непопуларните прашања какви што се борбата против корупцијата и криминалот, заштитата на економските, социјалните и културните права, правата на хомосексуалните групи, мигрантите и националните, етничките и религиските малцинства. Овие бранители понекогаш се дискредитираат како апатриоти, предавници, шпиони или екстремисти. Парламентарното собрание изрази цврста поддршка на бранителите на човековите права, подвлекувајќи дека слободата на

изразување и слободата на здружување и собирање се клучни права заштитени со Европската конвенција за човекови права. За таа цел неодамна е востановена и посебна Годишна награда на Парламентарното собрание за човекови права.

**7.** Во врска со почитување на обврските и заложбите од страна на Србија, коизвестителите Горенс и Гросз забележуваат напредок во Србија во однос на обврските кои Србија ги презела при примеот во Советот на Европа во 2003 година. Преземени се бројни реформи, но и натаму се потребни напори и за таа цел препорачуваат изготвување на патоказ за исполнување на преостантите обврски и заложби на СЕ, но не препорачуваат финализирање на мониторинг и започнување на постмоониторинг дијалог со Србија. На оваа тема зборуваше и пратеникот Жерновски кој рече дека централен интерес на сите земји во регионот е да бидат вклучени во европските интеграциски процеси. Само доколку земјите и нивните раководства имаат пред себе конкретни задачи за остварување на европските стандарди и вредности, може да се очекува стабилност и развој на регионот, кој е неразделно сврзан со Европа. Тој со задоволство констатираше дека оваа влада во Србија е целосно посветена на европските интеграции. Ние како соседна земја со Србија, истакна Жерновски, минавме низ повеќе амплитуди на односи од пријателски до заладени. Охрабрува тоа што заеднички приоритет на двете држави е стабилизацијата на добрососедските односи и регионалната соработка.

* * * * *

Со пригодна манифестација на почетокот на сесијата беше одбележана 60-годишнината од основањето на Советот на Европа. При тоа во своето обраќање претседателот на ПС на СЕ г. де Пуч потсети дека на основачите на Советот на Европа им била потребна и извесна доза на лудост за да по најужасната војна во историјата на човештвото се заколнат дека тој кошмар е завршен и да сонуваат за обединета Европа. Завршувајќи го својот говор, де Пуч рече дека шеесет години е мал период во историјата на човештвото, но речиси се еден цел животен век. Она што е денес предзивик за нас кои го славиме минатото е прашањето каков свет ќе им оставиме на идните генерации.

Претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски со писмо го извести претседателот де Пуч дека и Собранието на Република Македонија ќе се вклучи во одбележувањето на Шеесетгодишнината со повеќе активности, како свечена седница, две тркалезни маси посветени на човековите права и заштитата на правата на децата како и студенски натпревар по ораторство.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Третиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, одржан од 22 до 26 јуни 2009 година во Стразбур, Република Франција***

***Скопје, јули 2009 година***

*На Третиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, кој се одржа од 22 до 26 јуни 2009 година во Стразбур, учествуваше шефот на Делегацијата во ПС на СЕ Оливер Шамбевски, членот на Делегацијата Игор Ивановски, како и секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски и косекретарот Марија Стефанова.*

*Иако беше предвидено на оваа сесија да се избира генерален секретар на Советот на Европа, Парламентарното собрание со мнозинство гласови одлучи да не ја стави на дневен ред оваа точка. Со ова, изборот се одложува до октомвриската сесија, до кога се очекува да биде надминато несогласувањето меѓу Комитетот на министрите и Парламентарното собрание околу постапката за избор на кандидати на оваа функција.*

*На јунската сесија пред пратениците се обратија претседателката на Ирска Мери Мекалис, премиерот на Словенија Борут Пахор, претседателот на Европската банка за обнова и развој Томас Мироу и други. По итна постапка се дискутираше за актуелната состојба во Иран, а теми на сесијата беа предизвиците од финансиската криза за светските економски институции, состојбата со човековите права во Европа и напредокот од мониторинг постапките на Парламентарното собрание, обновување на дијалогот со Белорусија, преиспитување на акредитациите на Делегацијата на Украина заради несоодветното кандидирање на судии во Европскиот суд за човекови права, воспоставување на нов статус "партнер за демократија" за земјите соседи на Европа и други.*

**1.** Во рамките на Извештајот за настаните меѓу двете сесии, претседателот на Парламентраното собрание г. Луис Мариа де Пуч, информираше за својата **официјална посета на Република Македонија**. Притоа, истакна дека во обраќањето пред Македонското собрание го поздравил постојаниот напредок во развојот на демократските институции, владењеењето на правото и ефикасната заштита на човековите права и правата на националните малцинства. Истовремено, изразил поддршка на македонските парламентарни колеги за натамошна евроинтеграција на државата и укажал на потребата за: продолжување на реформате на правниот систем и борбата против корупцијата, целосното спроведување на Охридскиот рамковен договор, вклучувајќи ги и помалите заедници, како и имплементација на препораките на Европскиот комитет за спречување на тортурата, особено во однос на состојбата во затворите. Овие констатации и препораки беа содржани и во редовниот Годишен извештај за состојбата со човековите права во Европа и напредокот во мониторинг постапките на ПС на СЕ на претседателот на Мониторинг комисијата украинскиот пратеник, член на Алијансата на европските либерли и демократи за Европа г. Серхеј Холовати.
Во прилог на Извештајот е презентиран и Меморандум за разбирање и соработка меѓу ПС на СЕ и Европската асоцијација на поранешни членови на парламентите на земјите членки на СЕ. Со него се предвидува преку дијалог и партнерство со цивилното општество да се промовираат вредностите и целите на СЕ, како и да се придонесува на подигнувањето на свеста за европскиот идентитет. Оваа асоцијација ќе дејствува под покровителство на претседателот на ПС на СЕ.[1]

**2.** На сесијата се дискутираше за Извештајот за **заштита на човековите права на долгорочно раселените лица, т.н. заборавени луѓе на Европа**. Во Извештајот на Комисијата за миграции, бегалци и население се наведува дека во Европа во моментов има меѓу 2,5 и 2,8 милиони внатрешно раселени лица, од кои само една четвртина има најдено трајно решение за својата состојба, а најголем дел се уште живее маргинализирано и со ограничени права. Во Извештајот се препорачува со помош на меѓународната заедница да бидат изнајдени трајни решенија за овие луѓе. Во текстот се

[1] Во Собранието на РМ е покрената иницијатива за создавање на огранок на споменатата Асоцијација.

споменуваат раселените лица од конфликтите од последните 20 години, а се заборава дека такви лица постојат и од конфликтите настанати по Втората светска војна.

Пратениците г. Шамбевски и г. Ивановски поднесоа амандман на текстот на Извештајот со кој е побарано да бидат изменети важечките закони во сите земји членки на Советот на Европа со цел за отстранување на правните пречки за интеграција на раселените лица. Амандманот беше усвоен со еден глас против и два воздржани.

Во својата дискусија на пленарната седница шефот на Делегацијата г. Шамбевски, согласувајќи се со констатацијата во Извештајот дека постои своевидна европска амнезија кон ова прашање, укажа дека таа е особено изразена кон долготрајно раселените лица, припадници на националните малцинства. Особено е важно согласно со Европската конвенција за човекови права да бидат елиминирани дискриминацијата и нетолеранцијата кон овие лица. Во тој контекст неопходно е државите членки да ги отстранат сите постојни правни пречки и дискриминаторски закони за нивна непречена и целосна интеграција, како и враќање или надомест на имотите на раселените лица и нивните потомци.[2]

**3. Претседателката на Ирска, г-ѓа Мери Мекалис** во своето обраќање потсети дека Ирска припаѓа на десетте земји основачи на Советот на Европа, која е една од клучните институции во европската политичка структура по Втората светска војна. Тоа е место каде што поранешните непријатели стануваат пријатели, каде што се надминуваат разликите и доаѓа до меѓусебно зближување. Таа потсети дека со познатиот Договор на Велики петок од 1998 година е окончан вековниот конфликт во нејзината земја меѓу различните верски и политички заедници. Овој договор му дава шанса на мирот и просперитетот и со него се создава нова култура на консензус базирана на партерство, еднаквост и меѓусебно почитување. Особено задоволство г-ѓа Мекалис изрази што првата Награда за човекови права на Советот на Европа се доделува на британско-ирската невладина организација Хјуман рајтс воч, која дала огромен придонес на мировниот процес со утврдување на вистината и заштитата на жртвите на конфликтот, како и преку залагањата изршителите на злоделата да не останат заборавени и неказнети.

**4.** На оваа сесија се обрати и **г. Борут Пахор, премиер на Словенија**, која во моментов е земја претседавач со Советот на Европа. Како млада и мала држава, Словенија пред 18 години кога ја прогласила својата независност започнала со демократска транзиција која не би била можна без позитивен однос на меѓународната заедница. Во тој контекст, Парламентарното собрание на Советот на Европа било место на кое Словенија се здобила со драгоцени сознанија за демократијата, владеењето на правото и заштитата на човековите права.

Словенија сака да го искористи претседателството со Советот на Европа, како за натамошно унапредување на мултилатерната соработка така и за зајакнување на соработката на Советот на Европа со Европската унија и другите меѓнародни организации.

Прашањата кои му беа упатени на г. Пахор главно се однесуваа на спорот меѓу Словенија и Хрватска во контекст на членството на Хрватска во ЕУ. Во своите одговори на прашањата што се повторуваа во разни варијанти, тој го презентираше позанатиот став на Словенија за добрососедтво како значаен услов за членство во ЕУ.

**5.** Поранешниот претседател на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија г. **Антонио Касезе зборуваше за улогата и активностите на Меѓународниот**

[2] Во Комисијата за миграции, бегалци и население во моментов се работи на Извештајот за решавање на проблемите со сопственост на бегалците и раселените лица што е особено интересно за решавање на долгорочните проблеми врзани со имотите на долгорочно раселените лица во регионот.

**кривичен суд (МКС).** Во врска со состојбите и перспективите на оваа меѓународна судска институција тој се заложи за: зголемување на ефикасноста и подобро искористување на универзалниот потенцијал на МКС; посилна имплементација на универзалната криминална јурисдикција за меѓународните злосторства како што се мачење, злосторствата против човештвото, геноцидот и тероризмот; недозволивоста на амнестија за масовно нарушување на човековите права предизвикани од меѓународните злосторства; неодложното зголемување на надлежностите на Европскиот суд за човекови права за експлицитно дејствување, и востанувањето на Истражна комисија достапна за државите и граѓаните за навремено реагирање на нарушувањата на човековите права предизвикани со меѓународните кривични злосторства.

**6.** Во име на Комисијата за економски прашања и развој, известителот Кимо Саси (Финска, Европски народни партии), поднесе Извештај за **предизвиците од финансиката криза врз светските економски институции**. Во Извештајот се наведува дека светот се наоѓа во една од најсериозните финансиски и економски кризи која предизвикува значителни социјални последици и наметнува нови предзвици пред меѓународните финансиски и економски институции. Извештајот препорачува обезбедување на глобална ликвидност преку зголемување на средствата за ММФ и поттикнување на кредитирањето на банките за развој со цел да се подобри меѓународниот банкарски систем. Во тој контекст за надминување на глобалните системски проблеми се препорачува контрола на курсниот систем, преиспитување на меѓународните системи на резерви базирани на национални валути, како и можноста за создавање на меѓународен стечаен суд.

**7.** Собранието ја рзгледуваше можноста за воспоставување на нов статус за земјите на Југоисточен Медитеран, Среден Исток и Централна Азија со ПС на СЕ кој ќе се нарекува **Партнерство за демократија**. Со тоа би биле надградени досегашните односи и нивните определби за прифаќање на вредностите на Советот на Европа и тоа во однос на спроведување на фер и слободни избори, укинување на смртната казна и прикулчување кон конвенциите на Советот на Европа кои се отворени за пристапување и на воневропските земји. Статусот на делегациите на овие земји би бил сличен на оној кој го имаат специјалните гости во ПС на СЕ, односно тие би имале право да учествуваат во дебатите, но не и право на гласање. За ова прашање е побарано мислење на Комисијата за деловник, имунитет и институционални прашања, која треба да подготви амандман за негова имплементација во документите на СЕ.

**8.** Меѓу другите прашања на јунската сесија се дискутираше и за проблемот со **статусот на Белорусија**. Иако е констатиран извесен напредок во однос на ослободување на некои опозициски политичари, зголемена слобода на медиумите и почеток на дијалог со цивилното општество, сепак не е обновен статусот на специјален гостин за Парламентот на Белорусија, се додека земјата не стави мораториум на смртната казна. Статусот на Белорусија беше суспендиран во 1997 година а ова прашање повторно ќе се разгледува за една година.

**9.** Беше поставено процедуралното прашање за **преиспитување на акредитациите на Украинската делегација** заради повредата на точката 9 од Деловникот кој се однесува на листата на кандидати за судии на Европскиот суд за човекови права. Доколку не се почитува ова правило можат да бидат суспендирани правата за претставување и учество во работата на ПС на СЕ. Украинските власти дополнително ја комплетираа листата на кандидати со што е избегната евентуална примена на одредбите за суспензија.

**10. Непочитувањето на процедуралните правила од страна на Бугарија** во однос на упатување на навремена покана до ПС на СЕ за набљудување на парламентарните

избори согласно со Правилото 8.2.б,[3] беше предмет на расправа на оваа сесија. Притоа е изразено разочарување поради односот на бугарските власти и недостатокот на соработка со ПС на СЕ. Сепак во текот на сесијата дополнително е добиена покана за набљудување на парламентарните избори и определено е тие да бидат следени од 20 члена ад хок комисија, составена на предлог на партиските групи.

* * * * *

Како резултат на зголемениот ангажман на членовите на делегацијата дојде до повеќе именувања за разни активности на ПС на СЕ. Како член на Комисијата за политички прашања, г. Шамбевски е именуван за известител на тема "Проширување на демократијата преку намалување на возраста за гласање на 16 години". Во Адхок комисијата за набљудување на изборите во Бугарија од име на Групата на европски народни партии е предложен за член г. Шамбевски, а за ад хок комисијата за набљудување на изборите во Албанија од име на Алијансата на либерали и демократи за Европа г. Жерновски.

По неодамнешната посета на претседателот на ПС СЕ на РМ во седиштето на Организацијата е присутна позитивна оцена за вниманието и ангажманот на раководството и националната делегација кон претседавањето со СЕ идната година. Како значаен индикатор за сериозниот однос кон оваа должност посочувани се исклучително високото ниво на остварените средби во текот на престојот, како и одбележувањето на 60годишнината на СЕ со повеќе пригодни манифестации во Собранието на РМ.

Во врска со претстојното претседателство на Република Македонија со Советот на Европа, Делегацијата оствари консултации со Секретаријатот на ПС на СЕ и делегациите на Словенија и Швајцарија, кои во наредниот едногодишен период претседаваат со СЕ. Притоа е остварено запознавање со неопходните активности за навремено и успешно извршување на оваа значајна обврска, која по принципот на ротација земјите членки ја имаат еднаш во дваесет и четири години.

[3] Правилото се однесува на несоработка со Парламентарното собрание на земјата која е во фаза на постмониторинг дијалог. Бирото на ПС на СЕ во случај на негово непочитување може да покрене иницијатива за евентуално преиспитување на акредитацијата на националната делегација.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од состанокот на Комисијата за култура, наука и образование и сослушување за исламот, исламизмот и исламофобијата Копенхаген, 7-9 септември 2009 година***

***Скопје, септември 2009 година***

*Во рамките на редовниот состанок на Комисијата за култура, наука и образование на Парламентарното собрание на Советот на Европа, а во ко-организација со Комисијата за култура, образование и наука на Нордискиот совет од 7 до 9 септември 2009 година во Копенхаген, Данска се одржа Сослушување за исламот, исламизмот и исламофобијата. На состанокот учествуваше членот на Комисијата за култура, наука и образование на ПССЕ **Флора Кадриу,** а беше придружувана од Марија Стефанова, косекретар на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ.*

Работата на состанокот беше поделена во два дела. Првиот дел беше резервиран за редовната средба на Комисијата за култура, наука и образование на кој се расправаше за политичките можности за зајакнување на застапеноста на уметноста и културата во образовните системи, за културното образование, односно промоцијата на знаењето за културата, на креативноста и на интеркултурното разбирање преку образованието, а теми беа и иднината на јавните медиумски сервиси и авторските права во Европа.

Во врска со **културното образование**, известителот за овој извештај г-ѓата Кристина Мутонен од Австрија истакна дека културното образование, кое се состои од изучување и практицирање на уметноста, треба да се сфати и како користење на уметноста за промоција на меѓусебното разбирање, толеранцијата, почитувањето на различностите, тимската работа и другите социјални вештини како креативноста, личниот развој и способноста за иновирање. Квалификациите и знаењето на нашите граѓани стануваат нашата главна "суровина", се наведува во Извештајот на г-ѓата Мутонен. Културата и уметноста треба да станат основен дел од формалното образование, особено на училишно ниво. Државите треба да направат напори да се олесни пристапот до културното образование за младите луѓе од маргилизираните, малцинските и мигрантските групи, со цел да се надминат тенденциите за изолација на овие групи или создавање на паралелни општества. Државите треба да осигураат сите да ги задоволат своите образовни потреби преку обезбедување адекватно обучени наставници, како и достапност до културата и уметноста. Извештајот на г-ѓата Мутонен ќе се разгледува на октомвриската редовна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа и ќе биде поднесен и нацрт на Препораката за усвојување.

Следеше и краток осврт на состојбите во Обединетото Кралство за кои зборуваше г-ѓата Ана Бамфорд, надлежна за владината програма според која секое дете добива пет часа неделно култура и уметност. Заклучокот беше дека покреативните поединци се пофлексибилни, потолерантни за другите култури, а со тоа активно придонесуваат за меѓукултурното разбирање.

На состанокот на Комисијата се расправаше и за финансирањето на **јавните медиумски сервиси** и беше речено дека денеска тие егзистираат во средина во која има мноштво на приватни канали кои се нудат бесплатно, потоа медиски услуги по нарачка како и аудиовизуелни содржини кои се нудат на Интернет. Целата оваа конкуренција доведува до политички дебати низ цела Европа за финансирањето на јавните сервиси. Јавниот сервис мора да биде важен јавен извор на непристрасни информации и различни политички мислења тој мора да функционира според високи уреднички стандарди на објективност, фер пристап и независност од партиско политичко и економско мешање. Јавниот сервис треба да продуцира аудиовизуелен материјал од висок квалитет и мора да ѝ обезбеди на публиката слободен пристап до неформално образование и култура, а има и обврска да обезбедува програми за малцинставата и за луѓето со посебни потреби кои не добиваат услуги на чисто комерцијалниот пазар. Беше спомената Резолуцијата усвоена од ПС на СЕ во јуни 2009 година во која Собранието ја нагласува одговорноста на националните законоавци да одлучуваат за посебната мисија, структура и финансирање на нивните јавни сервиси во согласност со нивните национални или регионални околности и потреби. Потсетувајќи дека јавните радио и телевизиски сервиси мораат да бидат независни од владите и да бидат во можност да функционираат без политичко мешање од владите, Собранието во

Резолуцијата нагласува дека моделот на финансирање мора да ја изразува оваа независност.

На состанокот за **авторските права** зборуваше г. Кристофер Гајгер, директор на Центарот за меѓународни студии за индустриска сопственост.Тој се фокусираше на двете права кои се спротивставени, имено авторското право и правото за пристап до информации и потребата тие да се разгледуваат од аспект на новата дигитална технологија. Во неговото излагање тој зборуваше за комплементарната природа на авторските права и правата за пристап до информации и потребата за помирување меѓу нив, што се јавува како пореба и неопходност. Правото за слободен пристап до информациите и авторските права играат многу важна улога во денешното информатичко општество и создаваат многу проблем и отвораат нови прашања особено во ерата на дигиталната комуникација. Со цел да се постигне баланс меѓу заштитата и пристапот до информациите постои потреба од иницирање на студија за авторските права во дигиталната ера и за промените со цел да се изготват флексибилни законски одредби за да може законите за авторски права да се прилагодат полесно на техничкиот, економскиот и социјалниот развој.

Вториот дел на состанокот беше посветен на Сослушувањето **за исламот, исламизмот и исламофобијата во Европ**а. Известителот на оваа тема г. Моргенс Јенсен истакна дека исламот е втората најголема религија во Европа и е важна компонента на европските општества. Исламот е дел од религиозниот пејсаж и културно налседство на Европа. Но и покрај ова, исламот ретко се смета како дел од Европа и се третира како надворешен елемент. Многу е важно, се нагласува во Извештајот, да се направи разлика меѓу исламот и исламизмот и тие да не се поистоветуваат. Исламизмот означува идеологија која се стреми да ги реши сите социјални и политички проблеми преку примена на Исламскиот закон, Шеријатот, кој се смета за единствен извор за организирање на државата и законите. Затоа, исламизмот не може да се смета за религија туку за радикална идеологија која се стреми да изгради модел на општество некомпатибилно со вредностите и институциите на демократска Европа. Исламофобијата пак е комплетно отфрлање на се што се смета дека е поврзано со исламот и се изразува преку дела на расизам и дикскриминација против муслиманите. Исламофобијата не прави разлика меѓу религијата, културата и националноста и вклучува ксенофобија. Потребно е рече г. Јенсен, да се преземат серија мерки за надминување на сите форми на екстремизам со цел да се обезбеди почитување на сите луѓе, без оглед на нивната религија, преку гарантирање на примат на правото, одвојување на црквата и државата и почитување на човековите права. Целта на Сослушувањето беше:

- да се зголеми знаењето за исламот, човековите права и европските вредности меѓу муслиманите и немуслиманите во Европа;
- да стави крај на конфузијата меѓу исламот како религија и културен систем и исламизмот како политичка идеологија;
- да се дискутира во отворена дебата за погрешниот стереотип за мулсиманите во Европа од една страна и за извесни религиски и културни практики кои се спротивни на европските вредности и домашното законодавство на европските демократии и
- да се фокусира на причините за екстремизам и да се осуди и исламизмот и исламофобијата во сите нивни форми.

На крајот беше истакнато дека образованието е клучно за промовирање на меѓукултурен и меѓурелигиски дијалог и дека е неопходно да се направат дополнителни напори за зајакнување на знаењето за исламот и меѓу муслиманите и меѓу не-муслиманите. Во најголемиот број европски држави постојат курсеви за религиите во училиштата, но понекогаш има тенденција тие да се ограничат на протенстантската и католичката религија. Важно да е да се обезбеди образование и за исламот, како и за европските вредности.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на четвртиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, оддржан од 28 септември до 2 октомври 2009 година во Стразбур, Република Франција***

***Скопје, октомври 2009 година***

*На Четвртиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2009 година, кој се одржа од 28 септември до 2 октомври 2009 година во Стразбур, учествуваше Делегацијата во ПС на СЕ во состав: Игор Ивановски, Зоран Петрески, Андреј Жерновски, Флора Кадриу како и членовите на секретаријатот Никола Тодоровски и Марија Стефанова.*

*На оваа сесија беше избран Торнбјорн Јагланд за генерален секретар на Советот на Европа, со мандат од пет години. На октомвриската сесија свое обраќање имаа претседателот на Словенија, Данило Турк, министерот за надворешни работи на Словенија Самуел Жбогар, државниот секретар за европски прашања на Франција Пјер Лелуш, генералниот секретар на ОЕЦД Анхел Гуриа и други.*

*Се разгледуваа и повеќе актуелни теми како предизвиците на климатските промени, војната меѓу Грузија и Русија - една година потоа, промовирањето на знаењата за културата, креативноста и меѓукултурниот дијалог преку образованието, активностите на Организацијата за економска соработка и развој, а се одржа и генерална дебата за иднината на Советот на Европа.*

**1.** На почетокот беше подесен **Извештајот за настаните меѓу двете сесии,** во кои беа вклучени информациите за редовните парламентарни избори во Албанија и Бугарија и предвремените избори во Молдавија.

Изборите во **Албанија** се одржаа по уставните измени и усвојувањето на новиот изборен закон. Генералната оценка е дека овие избори претставуваат напредок заради воведувањето на нови процедури за регистрирање и идентификација на гласачите. Но, како што стои во Извештајот, забележани се недостатоци во техничките сегменти на процесот, особено при пребројувањето на гласовите, како и нерегуларности во предизборната кампања. Во врска со тоа се предлага поблиска соработка со Мониторинг комисијата и Венецијанската Комисија заради преземање на неопходни чекори за подобрување на изборниот процес.

Во однос на **Бугарија,** оцената беше дека парламентарните избори генерално беа спроведени според стандардите на ОБСЕ и на Советот на Европа, но потребни се натамошни напори за интегриран изборен процес и зголемување на довербата на граѓаните. Беше укажано дека недостатокот на довербата на граѓаните во демократските процеси во Бугарија резултираше со широко распространетата појава на купување и продавање на гласови. Во дискусијата на швајцарскиот пратеник Грос беше споменато дека слични појави во Македонија беа осудени пред 18 години и со цел да се сочува дигнитетот на Совеотот на Европа неопходно е ваквите појави да бидат внимателно истражени, а одговорните да бидат изведени пред суд.

За спроведувањето на изборите во **Молдавија** е укажано дека се исполнети најголемиот дел на меѓународните стандарди, но забележани се и низа недостатоци сврзани со изборните листи, неисполнувањето на барањата на Венецијанската комисија и ОБСЕ и други. Како главен недостаток се наведува непостоењето на дијалог меѓу главните политички субјекти, што беше и главна причина за одржување предвремени избори.

**2.** Пратеникот **Игор Ивановски** му постави прашање на министерот за надворешни работи на Словенија, Самуел Жбогар, кој е во улога на претседавач со Комитетот на министрите на Советот на Европа, за начинот на кој Бугарија ја спроведува пресудата на Европскиот судот за човекови права за регистрирање на ОМО Илинден-Пирин. Минстерот Жбогар начелно за заложи за принципиелно извршување на сите пресуди на Европскиот суд за човекови права но избегна да даде директен одговор на прашањето.

Притоа спомна дека за ова прашање се дискутирало на последната сесија на Комитетот на министрите.

За време на словенечкото претстедавање со Комитетот на министрите, дојде до извесна институционална криза предизвикана од начинот на кој беа номинирани кандидатите за генерален секретар на Советот на Европа, што резултираше со одложување на изборот од страна на пратениците предвиден за јуни 2009 година. Словенечкото претседателство одигра значајна улога во надминувањето на кризата меѓу Комитетот на министрите и Парламентраното собрание со што беа создадени услови за избор на генерален секретар. Новиот генерален секретар Торнбјорн Јагланд (Норвешка) беше избран во првиот круг на гласањето со 165 гласа наспроти Вloждимир Цимошевич (Полска) кој освои 80 гласа.

**3.** За односите меѓу **Русија и Грузија** една година по избувнувањето на војната беше речено дека малку е направено за отсранување на последиците од оваа војна и дека во неколку области состојбата всушност е влошена. Додека Грузија ги исполнила повеќето, иако не сите, барања на Собранието, Русија не се придржува на клучните барања кои ѝ се поставени. Мониторинг комисијата, која го изготви извештајот, смета дека е неприфатливо очигледното противење и на Грузија и на Русија да ги испитаат сериозните обвинувања за кршење на човековите права извршени за време и по војната. Комисијата истовремено го охрабрува Меѓународниот кривичен суд да отвори истрага за можните воени злострства и злосторствата против човештвото извршени од која било од страните. Мониторинг комисијата ги зема предвид аргументите на Русија дека непридржувањето кон барањата на Собранието е резултат на нејзината различна позиција во однос на статусот на двата одметнати региони (Јужна Осетија и Абхазија), но смета дека барањата не се поврзани со прашањето на статусот и затоа непридржувањето кон барањата на Собранието од страна на Русија се смета за недостаток на политичка волја за надминување на последиците од војната на начин на кој е должна тоа да го направи земја членка на Советот на Европа. Во заклучокот на Извештајот на Русија силно ѝ се препорачува до крајот на годината, да им дозволи непречен пристап на мониторите на ЕУ и во Јужна Осетија и во Абхазија, да им се дозволи слобода на движење на грузиските цивили во административните граници на двата одметнати региони, да им се признае правото на враќање на внатрешно раселените лица од овој конфликт и да се иницира истрага за наводните случаи на етничко чистење. Поради непридржувањето кон барањата на Собранието содржани во двете резолуции за војната меѓу Русија и Грузија како и поради недостаток на соработка, од страна на 72 члена на ПС на СЕ беше покренато прашањето за повторно разгледување на претходно ратификуваните акредитации на членовите на Руската делегација. Според Деловникот на Собранието, за ова прашање се изјаснува Монторинг комисијата, која има три опции, да ги потврди акредитациите, да ги одземе или делумно да ги потврди но да суспендира некои од правата , како на пример, учество во работата на Собранието без право на глас. Мониторинг комисијата ги потврди акредитациите на членовите на Руската делегација.

**4.** Една од темите која предизвика голем интерес на сесијата се **предизвиците од климатските промени**. Известителот на Комисијата за животна средина, земјоделство и локални и регионални власти Џон Прескот, поднесе Извештај за ова актуелно прашање. Според експертите, глобалното затоплување е резултат на човековата активност, нивото на јаглерод диоксид во голема мера го надминува дозволеното загревајќи ја планетата. Доколку не успееме глобалните температури да ги одржуваме на помалку од 2ЁЦ над нивното пред-индустриско ниво, научниците сметаат дека постои ризик од неповратни и потенцијално катастрофални последици, а прозорецот на можности за постигнување на оваа цел се затвора брзо. Потребно е да се постигне 50-85% намалување на гасовите кои предизвикуваат ефект на стаклена градина до 2050 година, со среднорочна цел од 20-40% до 2020 година. Сите се согласни дека треба да се дејствува глобално но досега сé уште нема консензус меѓу претставниците на државите во светот, кои ќе се сретнат во Копенхаген во декември, за тоа како да се

подели товарот на намалувањето на емисиите. Развиените држави, кои се одговорни за најголемиот дел на емисии од минатото, мораат да покажат одлучност дека длабоките и навремени намалувања на јаглерод диоксидот се и можни и достапни. Преговарачите треба да постигнат политичка обврзаност за социјална и еколошка еднаквост до 2050 и да се ограничат емисиите на 2 тона на јаглерод диоксид по лице за една година за сите држави. Во Копенхаген мора да се постигне амбициозен, обврзувачки глобален договор, воден од индустријализираните земји и јасна визија за идниот свет со ниско ниво на јаглерод диоксид. Според Комисијата, средства и знаење за да се постигне ова постојат, она што е потребно е политичка волја. Планетата има помалку од една деценија радикално да го промени курсот, што значи дека е потребна итна акција.

**5.** Во името на Комисијата за култура, наука и образование, Кристина Мутонен го презентираше **Извештајот за култрното образование, промоцијата на знаењата за културата, креативноста и меѓукултурното разбирање преку образованието**. Според Комисијата за култура, секој има право на образование, но пристапот до богатиот свет на уметноста, музиката и литературата, како и можноста за комуницирање, играње, пеење, танцување, цртање и сликање е особено корисно за поединците, бидејќи ја стимулира нивната креативност, социјалните вештини и интеграцијата во општеството. Заради тоа училиштата треба да им обезбедат на културата и уметноста важно место во општото образование како и да обезбедат многу можности за индивидуално изразување. На оваа тема свој придонес даде **Флора Кадриу**. Според неа, во Република Македонија градењето на мултикултурно општество како за мнозинскиот македонски народ, така и за Албанците како припадници на најбројната етничка заедница и за другите заедници е долгорочна визија која треба постојано да се унапредува. Државата го поттикнува, го помага и штити развојот на науката, уметноста и културата преку соодветните образовни програми на јазиците на заедниците од основното до високото образование. Таа нагласи дека Охридскиот рамковен договор како темелен документ за односите меѓу заедниците во Република Македонија нуди можности за рамноправен третман на младите од сите заедници во образовниот процес, но за жал, според Кадриу, тие можности сé уште не се целосно искористени, на што опозиционата партија Нова демократија постојано укажува.

На крајот таа истакна дека е убедена дека интеркултурниот дијалог претставува механизам за целосно воспоставување на толеранцијата, почитувањето, довербата, разбирањето и соработката како услов за создавање силно мултикултурно општество.

**6.** Во Извештајот на Комисијата за економски прашања за **активностите на Органзацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) во 2008-2009 година** беше истакнато дека Парламентарното собрание од 1962 година дејствува како парламентарен форум на ОЕЦД во која членуваат 30 држави и ги поканува земјите кои не се членки на Советот на Европа (Австралија, Канада, Јапонија, Република Кореја, Мексико, Нов Зеланд и Соединетите Американски Држави) како и Европскиот парламент да се придружат на проширената дебата за годишниот извештај. Во Извештајот се нотира напредокот кон членството во ОЕЦД за Чиле, Естонија, Израел, Руската Федерација и Словенија, но се истакнува дека само државите кои целосно ја почитуваат демократијата, човековите права и владеењето на правото, вклучувајќи го и меѓународното право, ќе бидат повикани да ѝ се придружат на Организацијата.

Во однос на глобалната економија, Комисијата внимателно ги поздравува знаците на заздравување, кои ако продолжат ќе значат побрзо заздравување отколку што се предвидуваше пред неколку месеца. Од друга страна, Комисијата изрази загриженост за неодржливото ниво на задолженост во некои држави и препорача тие да бидат ставени под контрола веднаш штом кризата тоа ќе го дозволи. Комисијата за економски прашања и развој забележа со загриженост дека предвидувањата на ОЕЦД за пад од 16% на светската трговска размена и упати апел до сите држави да го избегнуваат протекционизмот како одговор, како и да работат на заживување на разговорите за трговија од Доха. На крајот, Комисијата го поздрави порастот од 10% на развојната помош од земјите членки на ОЕЦД во 2008 година на речиси 120 милијарди

долари, кој иако најголем износ во долари досега, претставува само 0.3% од нивниот заеднички национален приход и е понизок од проектираниот процент на ОН од 0,7%.

**7.** Во извештајот и дискусијата за **иднината на СЕ во светлината на 60- годишното искуство** беше нагласено дека тоа не е само прилика за истакнување на достигнувањата, туку и можност за анализа на позицијата на организацијата во европскиот институционален систем. Притоа стана збор за засилувањето на потенцијалите и надминување на слабостите сврзани со улогата на СЕ во промоцијата и заштитата на неговите базични принципи и определби на просторот на Европа. Укажано е на неопходноста да се идентификуваат проблемите во функционирањето на Организацијата при што номинирањето и изборот на генералниот секретар, односно ревитализација на балансот меѓу министерската и парламентарна димензија на СЕ беше посочена како една од приоритетните задача во наредниот период. Сугерирани се и повеќе мерки сврзани со Судот за човекови права и имплементацијата на неговите одлуки, зголемувањето на учеството на министерско ниво, (а не на ниво на нивни застапници) на соодветните состаноци и други кои ќе обезбедат СЕ да остане една од клучните институции во процесот на изградба на единствена Европа. Потсетено е дека СЕ настанал како пионер на европското единство, кој придонел во надминувањето на поделбите од времето на Студената војна и во вклучувањето на земјите на централната и источна Европа во процесите на европското интегрирање. Неговата улога и натаму е особено значајна во однос на промоцијата на човековите права, демократијата и владеењето на правото и во врска со тоа тој е незаменлив форум за дијалог и изградување на правните стандарди.

* * * * *

Во **Политичката комисија** започната е расправа за подготовка на два извештаја со несомнено големо политичко значење за нашиот регион. Шведскиот пратеник Бјорн фон Сидов го презентираше концептот на "**Извештајот за ситуацијата на Косово**", кој е концетриран на анализирањето на реалната ситуација на теренот, во областите од посебен инерес за СЕ какви што се човековите и посебно малцинските права, раселените лица, владењето на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал, интеретничките односи, образованието, културното наследство, невладиниот сектор, цивилното општество и други. Тргнувајќи од Резолуцијата на СБ на ОН 1244 известувачот со насловот и текстот нагласено не зазема позиција во однос на територијата, институциите или населението, ниту се занимава со идниот статус на Косово.

На состанокот како гости, за прв пат присуствуваа и пратениците на Косовското собрание Зулфије Хундози и Бујар Букоши, како и Рада Трајковиќ, претседател на локалниот Српски совет за Грачаница и Оливер Ивановиќ државен секретар за Косово и Метохија во Српската влада. Од нив беа изнесени дијаметрално спротивните гледања за реалната состојба и прогресот во изминатиот период во однос на стабилизацијата на демократските институции и владењето на правото на Косово. Меѓу другото, беше изнесено дека за Косово се надлежни повеќе меѓународни институции ОБСЕ, УНМИК, ЕУЛЕКС, КФОР но нагласено е дека во однос на човековите права и развојот на демократските процеси посебно место има и треба да му припадне на СЕ. Пратениците од Русија и во оваа прилика настапија со дискусија преку која настојуваа да ја поврзат ситуацијата на Косово со ситуацијата во Абхазија и Јужна Осетија, што не беше поддржано од известувачот и мнозинството на дискутантите.

Италијанскиот пратеник Пиетро Марконеро го претстави концептот на "**Извештај за помирување и политички дијалог меѓу земјите на поранешна Југославија**". Извештајот е посветен на распадот на поранешна Југославија, која предизвикала сé уште незатворени рани во низа области, од што произлегува потреба за возобновање на добрососедските односи, особено имајќи ја предвид заедничката определба за интеграција во ЕУ. Концептот е мошне амбициозен и опфаќа широк дијапазон на

прашања од последиците на војните (бегалци, раселени лица, реституција и компензација на сопственоста, казнувања на злосторствата, соработката со Меѓународниот кривичен суд) до актуелните територијални недоразбирања и разграничувањата, изблиците на национализмот, идната регионална интеграција и соработка, процесот на вклучување во ЕУ, механизмите за заштита на националните малцинства, обновата на политичкиот дијалог и улогата на цивилното општество во процесот на помирување.

Во дискусијата беше укажано дека заради жестината и трагичните импликации конфликтите во Босна и Херцеговина, Хрватска и на Косово ќе бидат во центарот на опсервирањето. Заради тоа известителот е овластен да оствари работни посети на Брисел, Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија. Шефот на хрватската делегација Матошиќ не се согласи со ваквата определба и инсистираше разгледувањето на состојбите да ги опфати сите почнувајќи од Словенија (во која и започнале конфликтите во поранешна Југославија), до Македонија. Притоа, според него, треба да се има предвид и скалилото на кое одделни земји се наоѓаат во процесот на приклучување кон ЕУ.

Предлог - резолуцијата (док. 11818 од 29 јануари 2009) за покренување на ова прашање е прифатена од Бирото на ПС на СЕ и потпишана е од 24 пратеници од 15 земји членки на СЕ, од сите парламентарни групи. Меѓутоа, меѓу потпишаните нема ниту еден пратеник член на ПС на СЕ од земјите на поранешна Југославија. Во врска со тоа од хрватската страна е во тек сондирање на расположението на пратениците од земјите на поранешна Југославија за блокирање и усогласен настап во однос на натамошно разгледување на споменатото прашање.

Во текот на сесијата Делегацијата оствари средба инцирана од страна на проект менаџерот на невладината организација Европските пријатели на Израел (ЕПИ) Џонатан Ротем. ЕПИ е трансевропска асоцијација со седиште во Брисел, а нејзините членови се пратеници на Европскиот парламент и пратеници од земјите членки на СЕ. Од страна на претставникот на организацијата г. Ротем упатена е покана за присуство на претставниците на Собранието на РМ на манифестациите посветени на 65-годишнината од ослободувањето на Аушвиц, во Полска, на 26 и 27 јануари 2010 година.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од Семинарот за секретари на националните делегации Стразбур, 19-21 октомври 2009 година***

***Скопје, октомври 2009 година***

## Парламентарно собрание (ПССЕ)

***(Војчек Савицки, генерален директор на ПССЕ)***

1. Ако не се променат околностите, Собранието ќе мора да го намали буџетот за 3% (околу 400,000 евра). Поради големиот дел на фиксни трошоци - главно плати на вработените - намалувањето на трошоците ќе треба да се бара на друго место. Предлогот е состаноците на комисиите да се одржуваат надвор од Париз/Стразбур секоја втора година. Секретарите беа замолени да известат за влијанието врз присуството на состаноците од страна на нивните пратеници ако се случи ова.

2. Се дискутираше за предложените измени на Деловникот. Најактуелна измена е онаа која предвидува мандатот на претседателот на Собранието да се продолжи од две на три години (како што било порано). На последната сесија, Собранието се согласи да го разгледа овој предлог - поднесен од г. Мињон во неговиот извештај за иднината на институцијата - но само после изборот на претседател во 2010 година, т.е претседателот од ЕДГ избран во 2010 година ќе има мандат од две години.

3. Прашањето како да се обезбеди она што се дискутира во Стразбур да има влијание во националните парламенти беше повторно покренато. Извештајот на лордот Томлинсон за "двојните мандати" беше спомнат во овој контекст, но не беа понудени конкретни решенија.

4. На состанокот беа презентирани статистички податоци за учеството на пленарнит седници. Република Македонија е на 39 место според присуството на пленарните седници и на 41 место според бројот на гласања на пленарна седница.

## Комитет на министри

***(Денис Брибосија, секретаријат на Комитетот на министри)***

5. Комитетот на министри е едно од трите статутарни тела на Советот на Европа (другите две се Парламентарното собрание и Конгресот на локални и регионални власти). Тоа е телото на СЕ кое одлучува ("владата"), кое е одговорно за заедничката политика меѓу земјите членки.

6. *Состав и секретаријат* - од 1952 година постојаните национални претставници во СЕ дејствуваат како заменици на своите министри за надворешни работи на состаноците и ги имаат сите овластувања како и министрите. Во Комитетот има 25 вработени кои се под раководство на секретарот на Комитетот на министри.

*7.* *Состаноци* - министерски сесии се одржуваат еднаш годишно, обично во мај во Стразбур и траат еден ден. Заменициte на министрите се состануваат еднаш неделно, најчесто во среда наутро а редовно се состануваат и во помали работни групи.

*8.* *Улога* - Комитетот им обезбедува на сите земји членки да го изразат, на еднаква основа, своето видување за решавање на проблемите со кои се соочува Европа (една земја еден глас) и дејствува како колективен форум каде што се разработуваат одговорите на предизвиците со кои се соочува Европа и е чувар заедно со ПС на СЕ на вредностите кои ги претставува Советот.

9. Неговата работа вклучува:

   - политички дијалог со членките и нечленките (вклучувајќи ја ЕУ и земјите набљудувачи - Светата столица, САД, Мексико, Канада и Јапонија),
   - интеракција со ПС на СЕ, Конгресот на регионални и локални власти и Судот за човекови права,
   - усвојува одлуки и препораки,
   - се грижи за спроведувањето на некои договори и одлуки на Судот и
   - поканува нови членки.

10. *Како работи?* - На министерски седници работат заедно на прашања од заеднички интерес. Замениците се грижат за секојдневната работа на Советот. Имаат посебни средби на кои разгледуваат како се спроведуваат одлуките на Европскиот суд за човекови права, бидејќи ова станува сé поголем проблем, имајќи го предвид зголемувањето на бројот на пресудите на Судот.

11. Одлуките на Комитетот на министрите се испраќаат до владите во форма на необврзувачки *препораки* или како *конвенции* кои се обврзувачки за државите да ги ратификуваат. Во моментов има околу 200 конвенции и не сите се ратификувани од сите земји членки. Под покровителство на Комитетот, работат комисии на технички советници и експерти кои се среќаваат да дискутираат конкретни прашања и изготвуваат нацрти на специјализирани текстови.

12. Како чувар на пресудите на Европскиот суд за човекови права, Комитетот игра суштинска улога во одржувањето на кредибилитетот на еден систем единствен во светот.

**Конгресот на локални и регионални власти**

***(Џанпаоло Кордијале, Секретаријат)***

13. Конгресот е третиот столб на СЕ и го претставува гласот на локалните и регионалните власти во Европа има за цел да обезбеди учество на избраните претставници во европското одлучување. Неговиот основен текст е Европската повелба за локална самоуправа.

14. *Работа* - Конгресот работи на истиот начин како и Собранието, следејќи го својот Деловник. Составен е од 318 членови и 318 заменици, поделени во два дома: Домот на регионите и Домот на локалните власти. Конгресот одржува две пленарни седници годишно (пролет и есен) и состанок на Постојаниот комитет во јуни.

15. Има четири главни комисии (институционални прашања, социјална кохезија, одржлив развој и култура и образование) кои се среќаваат двапати годишно на пленарни седници. Постојат и три работни групи, составени од мал број на членови, како групата за региони со законодавни овластувања.

16. *Активности* - Конгресот продуцира текстови, активности, програми и проекти. Текстовите вклучуваат мислења до Комитетот на министри, препораки до владите на земјите членки и дури и текстови до ЕУ. Конгресот се смета за глас на демократските институции кои соработуваат најблиску со европските граѓани. Во моментов Конгресот ја изготвува Повелбата за регионална самоуправа.

17. Конгресот презема мониторинг активности за состојбата на локалната и регионалната демократија во целиот континент. Овие мисии посебно се фокусираат на локалната демократија, а се набљудуваат и локалните избори. Другите

активности вклучуваат создавање на евро-региони, како Јадранскиот и Балтичкиот, каде што се формираат форуми за градоначалници за размена на најдобри пракси.

*18.* Како и другите делови на СЕ, Конгресот е зафатен со буџетски кратења наметнати за целата институција. Најголемите трошоци потекнуваат од плаќање на патните и дневните трошоци за членовите. Ова се прави поради малата големина на општините како и финасиските тешкотии на многу општини. Соработката со ПССЕ се одвива преку Поткомисијата за локална демократија, на Комисијата за животна средина на ПССЕ. Ова е многу активна поткомисија и сега соработката е одлична.

**Актуелните предизвици на Комесарот за човекови права на Советот на Европа**

***(Никос Ситаропоулос, Секретаријат)***

19. Канцеларијата на Комесарот за човекови права е основана во 1999 година со резолуција на Комитетот на министри. Според членот 1 на оваа резолуција, Комесарот треба да е независен, непартиски и несудски во својата природа. Тој/таа не смее да прима жалби од индивидуални лица од граѓаните на земјите членки.

20. Две најзначајни задачи:

- посети на државите, кога Комесарот смета дека е неопходно, по што следи извештај или писма до националните власти за тоа што забележал и
- извештаи за оцена на државата - претходно тоа беа детални извештаи за состојбата со човековите права во сите држави членки на СЕ, но таа серија е сега прекината. Комесарот Хамамберг преферира пофокусиран приод кон одредени прашања и држави.

21. Комесарот го избира ПС на СЕ секој шест години.Тој редовно поднесува ивештај до Комитетот на министрите и до ПС на СЕ. Актуелниот комесар разви пракса на квартални извештаи.

22. Комесарот има многу значајна улога поради неговата можност да работи на прашања за човековите права пред тие да стигнат до формалните механизми на Советот (на пр. Судот). Понатаму, тој има прилично флексибилна улога која му дозволува да интервенира кога тој смета дека е потребно (на пр. состојбата со мигрантите во Грузија или Ромите во Италија). Тој има единствена позиција да дејствува и регира брзо и на флексибилен начин, што му дозволува да одржува отворен и конструктивен дијалог со сите земји членки.

23. Друга негова улога е да ги промовира знаењето и разбирањето за човековите права во земјите членки. На неколку недели тој ги публикува своите *Аспекти* за некои прашања за човековите права со кои треба да се поттикне дебата. Тој објавува и текстови за спорни прашања, како правата на хомосексуалците, бисексуалците и транссексуалците, кои ги пишуваат експерти, а ги објавува неговата канцеларија.

24. Комесарот ги промовира и националните структури за човекови права и ја поддржува работата на националните омбудсмани. Тој создал контакт групи за овие поединци да можат да бидат потпора едни за други во својата работа.

25. Актуелни приоритети на Комесарот:

- човекови права на мигрантите и внатрешно расселени лица,
- борба против дискриминацијата,
- правата на децата и

- правото на домување /социјални права (особено на Ромите - сега најобесправеното малцинство во Европа).

26. Од Комесарот понекогаш се бара да даде правен совет за извесни прашања сврзани со човековите права или тој може да избере сам да даде ваков совет кога смета дека тоа е неопходно. Неодамна, имаше и улога на медијатор во решавањето на извесни спорови.

27. Тој има врски со националните делегации, со владите и други меѓународни институции како Меѓународниот црвен крст, ОДИХР, УНХЦР, Европската комисија.

28. Во моментов канцеларијата на Комесарот за човекови права има осум советници и седум административни работници.

**Веницијанска комисија - Проширен договор за демократија преку правото**

***(Шитз Дур, Секретаријат)***

29. Венецијанската комисија е составена од независни експерти од полето на уставното право. СЕ влезе во оваа област прилично доцна, поради чувствителноста во однос на потенцијалното мешање во оваа важна област на националниот живот. Комисијата е формирана во 1990 година, како делумен договор, поради колебањето на некои држави да пристапат. Од 27 тогашни членки само 18 учествуваа, иако сега се членки сите 47 држави со што веќе не е делумен договор. Венецијанската комисија се разликува од остатокот на телата на СЕ која дејствува на меѓувладино ниво.

30. Венецијанската комисија ја започнува својата работа по падот на берлинскиот ѕид, кога многу држави одново ги пишуваа или значително ги менуваа своите устави. Од Венецијанската комисија се бараше да даде мислење, на почетокот главно во Централна и Источна Европа, врз основа на вредностите на СЕ. Нејзините одлуки се необврзувачки, но главно се следат препораките што ги дава.

31. Една од карактеристиките на Венецијанската комисија по која таа се разликува од останатите тела на СЕ е нејзиниот географски обем. На почетокот од нејзиното постоење, земјите нечленки се заинтересираа за нејзината работа и десет држави добија статус на набљудувачи, меѓу кои САД, Јужна Африка и Јапонија. По 2002 година и други држави станаа членки, и тоа: Киргистан, Јужна Кореа, Израел, Чиле, Мароко, Алжир и Тунис. Но тие немаат целосни гласачки права. Мислењата ги изготвуваат само експертите од европските земји членки. Комисијата ги разгледува уставите на барање на државите или на органите на ПС на СЕ како на пример Мониторинг комисијата.

32. Работата на Венецијанската комисија е поделена на три дела:

- изборните закони и законите сврзани со политичките партии;
- уставно право и се одруго, закони за индивидуални слободи, закони за малцинства и
- уставна соработка.

33. *Уставна соработка* - многу држави ги доставуваат своите предложени уставни амандмани до Венецијанската комисија за мислење. Во моментов Комисијата работи на уставните измени на Босна и Херцеговина, Финска и Луксембург.

34. Пленарните седници се одржуваат четири пати годишно во Венеција, а седиштето на службата е во Стразбур. Службата брои 20 вработени, а буџетот на Комисијата е 3,2 милиони евра годишно. Експертите ги номинираат владите на зејмите членки и тие

се најчесто судии на уставни или врховни судови, професори по право а поретко пратеници или претставници на извршната власт. Нивниот мандат е четири години.

35. Венецијанската комисија тесно соработува со останатите тела на СЕ и тие често бараат мислење, особено ПС на СЕ. Неодамна Мониторинг комисијата побара мислење за уставните промени во Бугарија. Комисијата не може самата да покренува постапки.

36. Комисијата соработува и со ОБСЕ и ОДИХР. Сите извештаи за изборните закони се публикуваат како заеднички изјави на двете тела , со цел да се избегне разногласие кое владите би можеле да го искористат (во овој аспект соработката со ОБСЕ е подобра отколку на полето на набљудување на изборите, најверојатно поради невклученоста на политичарите). Постои и ад хок соработка со други организации.

37. ЕУ често се повикува на искуството на Венецијанската комисија во критични уставни ситуации и во решавање на конфликти.

38. *Методи за работа* - Венецијанската комисија ги слуша засегнатите страни во државата со цел да даде реално и корисно мислење, наместо апстрактен легален документ. Имајќи ги предвид минимум стандардите, Комисијата ќе ѝ понуди на државата конкретно решение, почитувајќи го основниот избор на државата (на пр. претстедателски наспроти парламентарен систем).

39. Комисијата има создадено мрежа на уставни судови низ светот која има за цел да ги приближи судиите кои работат на иста проблематика.

40. Советот за демократски избори е една подгрупа на пленарната Венецијанска комисија која се занимава исклучиво со прашања сврзани за изборните закони. Во Советот членуваат претставници на Конгресот и на ПС на СЕ и тој ја рефлектира политичката природа на некои од одлуките кои се донесуваат. Оваа група ги рагледува сите релевантни нацрт-мислења кои потоа се разгледуваат на пленарна седница на Комисијата.

**Европска комисија за превенција на тортурата (ЦПТ)**

***(Фабрис Келенс, извршен секетар)***

41. Оваа година ЦПТ ја прославува својата 20годишнина. Таа е првиот обид на СЕ за мониторинг на човековите права во Европа, односно "незвисен и меѓународно обврзувачки мониторинг на лишувањето од слобода како клучно средство за спречување на тортурата". Идејата беше оваа комисија да им даде заби на многу од постојните конвенции и договори.

42. На почетокот, предлогот беше ова да биде протокол на Конвенцијата на ОН, но тоа беше отфрлено од државите кои не сакаа независни експерти да ги контролираат нивните места за притвор. Тогаш, иницијаторот Готие, се обрати на ПС на СЕ кое ентузијастички ја прифати идејата. Европската конвенција за превенција на тортурата влезе во сила во февруари 1989 и оттогаш е предуслов за членство во СЕ.

43. Главни карактеристики:

- се заснова на договор, за разлика од другите мониторинг процедури на СЕ,
- проактивен, несудски механизам (работи заедно со реактивната судска работа на Европскиот суд за човекови права),
- право да посети кое било место каде што лицата се лишуваат од слобода,
- право да интервјуира лица лишени од слобода и

- пристап до сите информации "неопходни за ЦПТ да ја извршува својата работа" (медицински, судски досиеја).

44. Кое било "место на лишување од слобода" вклучува полициски станици, места за притвор, затвори, места за воен притвор, прифатни центри за емигранти и психијатриски болници.

45. Фокус на оценувањето:

- тортура - нема конкретна дефиниција за да можат националните власти тоа да го утврдат (на пр. Врховниот суд на Израел донесе пресуда дека во екстремни случаи, безбедносните сили "можат да применат умерени средства на физички притисок" за да добијат информации),
- намерно злоставување - и на притворениците од страна на вработените и меѓу притворениците,
- услови во притвор - материјални услови, режим/активности;
- здравствени услови,
- контакт со надворешниот свет,
- употреба на мерки за ограничување, дисциплина и изолација и
- жалби и процедури за испитување.

46. Работата на ЦПТ е заснована на два принципа:

- соработка - целта е да се помогне а не да се осуди и
- доверливост - на извештајот од посетата (се публикува само ако побара државата) и на консултациите меѓу ЦПТ и државата, но во исклучителни случаи може да даде изјава за одбивање на соработка или неспроведување на препораки.

47. Комисијата дејствува во 47 држави и во време на мир и во време на војна и тесно соработува со Меѓународниот комитет на црвениот крст.

48. Кој ја извршува работата?

- по еден член од секоја држава потписничка на ЦПТ кои работат на хонорарна основа (доктори, психијатри, полициски функционери, итн);
- со работата управува Бирото, кога не заседава пленарната Комисија (трипати годишно) и
- мал секретаријат.

49. Од 1990 година Комисијата реализирала 260 посети. Тоа се генерално периодични посети во земјите членки (отприлика секои четири години), кои покриваат многу теми и институции. Но експертите прават и ад хок посети кои се спроведуваат со известување од 24 часа (пр. Северна Ирска, Чеченија, Турција).

50. Процесот на посети:

- избор на држави кои треба да се посетат - периодичните посети се најавуваат една година однапред, за ад хок посетите одлучува ЦПТ или Бирото врз основа на добиените информации,
- ЦПТ го утврдува составот на делегацијата за посета,
- точниот датум се најавува две недели однапред (или 24 часа за ад хок посетите),
- посетата започнува со разговори со локалните НВО и националните власти, потоа посета на институциите и завршува со разговори со властите и

- изготвување на детален извештај на кој се очекува одговор во рок од шест месеца.

51. Што постигнала Комисијата за превенција на тортурата?

- покажува дека тоа може да се направи (барем на регионално ниво) и дава поттик за глобален систем,
- признаета е како вистински професионална и независна од владите, НВО, Меѓународниот комитет на црвениот крст и многу други и
- поставувајќи стандарди преку мониторингот - помага да се развие слобода ( на пр. четири квадратни метри по затвореник).

52. ЦПТ мора да ја продолжи својата мисија во пресрет на новите предизвици, особено во "војната против тероризмот". Таа се обидува да развие нови начини да им помогне на земјите да ги применат нејзините препораки, особено оние со значителни финансиски импликации. Комисијата чека покана за посета на институциите во Белорусија, но за тоа одлучува Комитетот на министрите, откако ќе се добие поканата.

53. Номинациите ги прават националните делегации до ПС на СЕ. Бирото ги охрабрува надлежните комисии да изберат квалификувани луѓе и да внимаваат на родовата рамнотежа.

**Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ)**

54. Независно тело за мониторинг, специјализирано за борба против расизам, ксенофобија, антисемитизам и нетолеранција. Комисијата е основана со резолуција на Комитетот на министрите во 2002 година. Работата се заснова на извештаи за државите, кои ги користат и други тела, вклучувајќи го и Судот за човекови права.

55. ЕКРИ е составена од независни и непартиски членови номинирани од (но не ги претставуваат) земјите членки слично како Венецијанската комисија.

56. Три главни области на дејствување:

- мониторинг на држава по држава (во моментов трет круг на извештаи за сите земји членки кој треба да заврши во 2012 година),
- тематска работа на теми кои ги избираат комисиите (на пр. борба против расизмот, исламофобија итн.) и
- работа со цивилното општество - организација на семинари, конференции итн.

57. Спроведување на мониторинг - сите членки се подлежни на мониторинг секои пет години. Извештаите вклучуваат имплементација на претходните извештаи и средби со локалните НВО.

**Европската социјална повелба**

***(Хенрик Кристенсен, заменик на извршниот секретар)***

58. Повелбата ги дефинира правата и слободите и создава надзорен механизам со кој се гарантира нивното почитување од страна на земјите членки. Ги наведува правата на ист начин како и Европската конвенција за човекови права, но оди понатаму со тоа што ги изнесува и обврските и должностите - што значи дека не е доволно само воздржување од погрешно дејствување. Таа ја изразува потребата да се прави добро и да се промовира материјалната добросостојба на граѓаните.

59. Повелбата е донесена со договор во 1961 година, но не беше добро искористена или не беше успешен инструмент. Но во 1989 година се појави повторно интерес за Повелбата и оттогаш таа е ревидирана со дополнителни протоколи. Ова ревидирање ги дополни правата изразени во оригиналниот договор со нови. Иако ратификацијата на Повелбата не беше предуслов за членство во СЕ, од средината на 90-те стана предуслов. Само пет актулени членки на СЕ сé уште не ја ратификувале Повелбата (Лихтенштајн, Монако, Швајцарија, Сан Марино и Црна Гора).

60. Правата загарантирани со Повелбата покриваат 31 област од секојдневниот живот, вклучувајќи:

- домување,
- здравје,
- образование,
- вработување,
- социјална заштита,
- движење на луѓе и
- недискриминација.

61. Потписничките можат да изберат членови од Повелбата кои за нив ќе бидат обврзувачки. Државите мораат да изберат најмалку 16 од 31 члена. Во просек земјите избираат повеќе и неколку држави се обврзани на целата Повелба. Клучните членови се:

- 1 - право на работа,
- 5 - право на организирање,
- 6 - право да се договора колективно,
- 7 - право на децата и на младите луѓе на заштита,
- 12 - право на социјална заштита,
- 13 - право на социјална и медицинска помош,
- 16 - право на семејството на социјална, правна и економска заштита,
- 19 - право на мигрантите и нивните семејства за заштита и помош и
- 20 - право на еднакви можности и еднаков третман за прашања врзани со вработувањето без дискриминација врз основа на полот.

Државите мораат да прифатат најмалку седум од овие девет члена.

62. Европската комисија за социјални права ги следи преземените обврски од Повелбата. Има 15 независни члена избрани од Комитетот на министри со мандат од шест години (со право на еден реизбор), но тие не ги претставуваат земјите членки. Тие даваат правни оцени за нивото на придржување на земјите членки.

63. *Мониторингот се спроведува на два начина:*

64. (а) *Национални извештаи*. Земјите члени треба да поднесуваат годишни извештаи за нивниот напредок во четири клучни области - вработување и обуки, здравство, социјално осигурување и социјална заштита, правата од работен однос и деца, семејства и мигранти (вообичаено една област годишно). Извештајот треба во детали да објасни како овие права се имплементираат и гарантираат во националните закони. Невладините организации имаат право да ги коментираат овие извештаи. Европската комисија за социјални права потоа утврдува дали националното законодавство е во согласност со правата на Повелбата. На крајот сите национални извештаи за одредена област се собираат заедно.

65. Владината комисија, назначена од Комитетот на министри, ги оценува извештаите за сите земји членки и ги идентификува приоритетите на дејствување. Потоа Комитетот на министри формулира препораки со кои се бара државите да ги усогласат законите и праксата со Повелбата.

66. (б) *Постапка за колективна жалба*. Тука Повелбата дејствува многу повеќе судски, одговарајќи на жалби од синдикати, организации на вработени и НВО. (Досега само 14 држави пристапиле кон овој дел на Повелбата и примени се само 49 жалби откако постои постапката од 1998 година). Европската комисија за социјални права одлучува дали жалбите се основани, а потоа Комитетот на министри се грижи за тоа праксата во земјите членки да биде во согласност со обврските. Случаите досега се однесувале на третманот кон Ромите и телесното казнување.

**Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства**

***(Кристоф Зиман, Секретаријат)***

67. За разлика од претходните конвенции, Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства е ратификувана од 39 земји членки и не го ужива истиот обврзувачки статус. Неизбежно тоа го ослабува инструментот, особено што неколку од земјите членки што не ја ратификувале конвенцијата се поголеми членки на СЕ, како Франција.

68. Конвенцијата влезе во сила 1998 година. Таа ги содржи правата и амбициите кои земјите членки се согласиле да ги имплементираат преку националните закони. Најголемата слабост на Конвенцијата е непостоењето на дефиниција за национално малцинство. Овој пропуст им дозволува на државите да ја усвојат Конвенцијата според своите околности, што може да се смета за добра страна. Некои држави сметаат дека Конвенцијата се однесува на групи кои се различни на некој начин од мнозинството на населението (на пр. религија, етничка припадност), но кои се државјани. Други ја применуваат на новите групи на мигранти.

69. Конвенцијата ги наведува правата за националните малцинства, вклучувајќи:

- правото на самоидентификување како припадник на национално малцинство,
- културни и образовни права,
- право на идентитет (на пр. на свое име на свој јазик) и
- правото да се обратат на националните институции на својот јазик.

Советодавниот комитет наведува дека 20% од населението треба да биде прагот за воведување на малцински јазик како втор јазик во локалната администрација.

70. Мониторинг механизмот го следи моделот за другите конвенции и се подготвува петгодишен извештај од земјите членки, кој го разгледува Советодавниот комитет на Конвенцијата. Тоа може да биде следено од посети или дополнителни прашања. Потоа Комитетот изготвува мислење за КМ кој ја утврдува крајната форма на препораката (предмет на консензус). Комитетот го сочинуваат 18 експерти кои ги номинира КМ.

## Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)

***(Габриеле Гулемин, Секретаријат)***

*Историски осврт*

71. ЕСЧП влезе во сила 1953 година. Европската комисија за човекови права беше формирана во 1954 година, а Судот во 1959 година. Системот беше дополнет од КМ, кој во тоа време имаше квази судска функција. Поединци не можеа да поднесуваат жалби директно. Комисијата само даваше мислење дали случајот треба понатаму да се разгледува. Потоа Комитетот на министри одлучуваше дали случајот треба да оди пред судот или не.

72. Системот беше променет со Протоколот 11 кој влезе во сила 1998 година и со кој се создаде Судот онаков каков што го познаваме денес, со право поедници да поднесуваат жалби.

***Состав***

73. Судот има две компоненти:

74. (1) ***47 судии*** (по еден од секоја земја членка - независни, непартиски и не неопходно со националност како државата членка, избрани од Парламентарното собрание на Советот на Европа). Тие треба да присуствуваат на состаниците на секциите и на комисиите.

75. Судиите се поделени на пет секции, во кои се внимава на половата и националната рамнотежа. Од секоја секција се формира комора од седум судии. Секоја комора разгледува случаи на неделна основа. Секоја има претседател и потпретседател. Во рамките на секциите има комитети од по тројца судии кои одлучуваат за случаи кои се неприфатливи. Има и комори кои ги разгледуваат случаите кои можат да бидат прифатливи.

76. Големата комора има 17 судии од 47 земји членки кои ги рагледуваат случаите кои се поважни или дискутираат за нови точки во правото.

77. (2) ***Регистар***. 600 луѓе од кои 250 се правници. Тие им помагаат на судиите со подготовката на досиејата за случаите и соодветното истражување. Тие, исто така подготвуваат нацрт-пресуди и во важни случаи комуникациите до владите на земјите членки. Останатите вработени се грижат за дневната администрација на Судот. Важните секции ги вклучуваат Одделот за комуникации (кој работи на големиот број на жалби кои пристигнуваат во Судот секој ден.

78. Во моментов има околу 100.000 нерешени случаи во Судот. Минатата година за време на конфликтот меѓу Русија и Грузија, Судот добиваше околу 2.000 апликации на ден. Од 1955 до 1998 година Судот вкупно разгледал 45.000 случаи. Во 2008 година имало 50.000 случаи само во една година.

***Постапка***

79. Подносителите го пополнуваат формуларот достапен на веб страницата на Судот. Потоа Судот одлучува дали случјаот треба да оди пред комисија или пред комора. Ако случајот оди пред комисија, тогаш најверојатно ќе биде прогласен за неприфатлив (ако се согласат тројца судии). Овие одлуки не се објавуваат туку апликантот добива писмо со кое се известува зошто случајот не е проследен.

80. Ако случјот оди пред комора, тоа е поради тоа што е поважен и има поголема шанса за успех. Во оваа фаза случајот може да биде доставен до националните влади за мислење. Комората може да донесе одлука во две фази, прво за прифатливоста, а потоа за деталите или може да донесе една одлука истовремено.

81. Последна фаза - се донесува пресуда: случајот е неприфатлив; постои кршење на Повелбата; нема кршење на Повелбата. Ако постои кршење, се поставува прашањето на "праведна сатисфакција" и тоа може да биде парична или непарична оштета. Понекогаш одлуката за ова се одлага додека не се обезбедат повеќе докази (на пр. во случаи на експропријација).

***Практични прашања***

82. Јазикот - пред комуникацијата до комората може да биде на јазикот на апликантот. По комуникацијата во комората мора да биде на англиски или француски јазик. Апликантот мора да има адвокат да го застапува. Конвенцијата му дозволува на апликантот да бара доделување на правна помош.

83. Временска рамка - таа се применува во сите фази на случаи. Во просек потребно се четири години случајот да стигне до сослушување, и затоа претседателите на секциите се охрабруваат да не дозволуваат продолжување.

84. Во важните случаи - генерално во оние пред големата комора - НВО можат да побараат дозвола да интервенираат или да доставаат дополнителни информации (на пр. датабази на ДНА). Тие не претставуваат ниту една страна, но можат да обезбедат компаративен материјал.

85. Постапките се главно во писмена форма. Има и сослушувања во комората или големата комора, но само кога тоа се смета за клучно.

86. Русија, Турција и Романија имаат најголем број на случаи пред Судот.

**Критериуми за прием**

87. Статус на жртва (член 34 од Конвенцијата) - првото прашање кое се утврдува е дали апликантот е жртва. Случите можат да се поднесат во име на друг, но мора да се утврди дали апликантот е всушност жртва (на пр. сопруга на човек кој умрел во затвор).

88. Компатибилност - време, место, лице и предмет:

- време - Судот генерално нема јурисдикција за случаи кои настанале пред Конвенцијата да влезе во сила во земјата на апликантот, иако тоа може да се отфрли ако лишувањето од правата трае,
- место - жалбата мора да се однесува на повреда на територијата на државата (на пр. Косово не е земја членка), иако случаи можат да бидат поднесени пред Судот против земја членка кога таа контролира одредена територија (на пр. Турција во случајот со Северен Кипар),
- лице - државата мора да има одговорност за повредата и
- предмет - жалбата мора да биде за право кое се гарантира со Конвенцијата.

89. Исцрпување на домашните лекови - апликантот мора да бара задоволување на сите нивоа во својата држава. Апликантот не може директно да му се обрати на Судот.

90. Правило на шест месеца - апликантот има шест месеци од финалната одлука да го достави случајот пред Судот.

91. Докажано без основ. Судот мора да утврди дали има реална основа за случај.

*Реформа на Судот*

92. Меѓу мерките усвоени од Судот за забрзување на неговата работа е "постапката за пилот пресуди" (според член 46) за справување со случаите кои се повторуваат. Во вакви случаи, Судот настојува да реши поголем број на случаи истовремено; може да идентификува системски проблем во земјата членка и да предложи домашен лек за проблемот. Кога Судот ќе донесе пресуда, најчесто Комитетот на министри треба да го надгледува спроведувањето, но во овие случаи Судот е поактивен во промовирањето на лекот.

93. Судот настојува да им даде приоритет на поважните случаи. Судот може да утврди низа презумпции со цел да ги решава случаите побрзо. Но бројот на случаи сé уште претставува речиси нерешлив проблем.

94. Протоколот 14 беше обид да се реши овој проблем. Тој ќе им овозможеше на комисиите да се справат со "клонирани случаи" во исто време. Протоколот исто така ќе овозможеше комисии од еден судија, наместо тројца, да одлучи дали случајот е прифатлив, како и да се намали бројот на судии во коморите од седум на пет, со што ќе се овозможеше да оперираат повеќе комори.

95. Протоколот 14 бис беше изготвен да одговори на руското одбивање за согласност со Протоколот 14. Тој овозможува формација од тројца судии да одлучуваат за случаи за кои одлучуваше комората во однос на случи кои се повторуваат, т.н. клонирани случаи. Исто така, овозможува еден судија да одлучува за случаи до комисиите.

96. Сите надежи сега се насочени кон меѓувладината конференција која треба да се одржи во март 2010 година.

**Техничка соработка за информатичкото општество и акција против криминалот**

***(Александер Сегер, Економски криминал и информатичко општество)***

97. Мотивот зад активностите на одделот е промоцијата на вредностите на Советот за демократијата, владеењето на правото и човековите права преку преземање акција за борба против економскиот криминал. Одделот исто така настојува да постави стандарди низ Европа, да ја следи усогласеноста со овие стандарди и да го зајакне капацитетот на земјите членки преку техничка соработка.

98. На овој начин одделот ги спроведува во пракса европските конвенции за корупција, сајбер криминалот, ксенофобијата, трговијата со луѓе, перењето на пари и многу други.

99. На полето на техничката соработка, одделот во моментов има 12-15 програми. Само еден (Октопод) е директно финансиран од СЕ. 95% од програмите се финансираат од ЕУ и други институции. Одделот спроведува програми против перење пари во Русија, програми против корупција во Албанија и во други земји, програми за обвинители, проекти за сајбер криминал и многу други. Програмите се првенствено наменети за земјите членки на СЕ иако учествуваат и други држави. За сајбер криминалот, Советот бара глобална соработка со сите држави кои сакаат да соработуваат.

100. Пример: во 2002 година Русија и Украина беа на "црната листа" за перење пари и финасирање на тероризам. Во 2003 година, СЕ работеше со двете држави на изготвување на нови закони и сега тие се примери во соседството на ова поле.

101. Информатичкото општество континуирано промовира нови предизвици и проблеми за човековите права. На пример Saxoo беше осуден за давање лични податоци на кинеските власти, но белгиските власти беа казнети за недавање податоци на судија. Предизвикот е да се применат вредностите на Советот на Европа на овие области и да се постигнат реални и конкретни резултати.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

***ИЗВЕШТАЈ***

***за седницата на Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа (Берн, Швајцарија 20 ноември 2009 година)***

***Скопје, декември 2009 година***

*На седницата на Постојаниот комитет на 20 ноември 2009 година, во Берн, Швајцарија присуствуваа шефот на Делегацијата во ПС на СЕ г. Александар Николоски, членот г. Зоран Петрески и секретарот г. Никола Тодоровски. Со седницата раководеа претседателот на ПС на СЕ г. Мариа Луис де Пуч и потпретседателот г. Жан-Клод Мињон. Поздравни обраќања имаа претседателот на швајцарскиот парламент г-ѓа Кјара Симонечи-Кортези и претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Жоао Соареш, а беше остварена и размена на мислења со Швајцарскиот министер за надворешни работи г-ѓа Микелина Калма-Реи.*

*На седницата беа презентирани швајцарските приоритети во текот на претседателството со СЕ и беа разгледани повеќе прашања сврзани со миграцијата, положбата на азилантите и односот кон европската дијаспора, европската област на високото образование, прашањето на насилствата врз жените, активностите на "Центарот север-југ" и измените на Деловникот на ПС на СЕ. Усвоена е и Декларација упатена до учесниците на Конференцијата на ОН за климатските промени во Копенхаген.*

*Сите средби во рамките на активностите на ПС на СЕ во Берн беа одржани во главната сала на Националниот совет на Швајцарската конфедерација и ги опфатија седницта на Бирото, која е од затворен карактер и седницата на Постојаниот комитет, која е отворена за јавноста. По повод одбележувањето на 10 - годишнината на Меѓународниот ден на елиминација на насилството врз жените беше организиран Семинар на тема "Борба против насилството врз жените во Европа - програма за активности на Швајцарија и Советот на Европа". Како дел на културната програма е организирана посета на современиот Културен центар Пол Кле и на Етнографскиот музеј во близина на Берн.*

**1.** Постојаниот комитет меѓу парламентарните сесии дејствува во име на Парламентарното собрание на Советот на Европа и во таа функција на почетокот на работата беа **потврдени акредитацијата на новиот шеф на Делегацијата** на Собранието на Република Македонија г. Александар Николоски, како и на новите делегации на Норвешка и Грција (по парламентарните избори во овие земји), а се прифатени и измените во составот на делегациите на Белгија и Данска. Согласно со се тоа извршени и модификации во составот на одделни комисии, при што пратеникот Николоски стана член на Постојаниот комитет и на Политичката комисија, како и на групата на Европски народни партии.

**2.** На седницата беа презентирани **швајцарските приоритети во претседавањето со СЕ** во наредниот шестмесечен период. Според претседателот на националниот совет на Швајцарската конфедерација г-ѓа Кјара Симонечи-Кортези и министерот за надворешни работи Микелина Калма-Реи Швајцарија е определена да посвети посебно внимание на почитувањето на вредностите кои се дел од европскиот идентитет. Оценуваат дека е од витално значење да се зачуваат и одбранат вредностите и стандардите на СЕ, од кој било вид на закани и предизвици од економска или политичка природа. Мисијата на СЕ мора да стане уште поефикасна и потранспарентна и треба да бидат направени дополнителни напори за зголемувањето на ефикасноста на Европскиот суд за човекови права. Швајцарското претседателство ќе биде фокусирано на три подрачја:

1) обезедувањето на заштитата на човековите права и владеењето на правото,
2) јакнењето на демократските институции и
3) зголемувањето на ефикасноста и транспарентноста на СЕ.

Министерката за надворешни работи г-ѓа Калма-Реи, имајќи ги предвид несогласувањата при изборот на новиот генерален секретар, посебно подвлече дека е потребно да се преиспитаат и унапредат односите меѓу Комитетот на министрите и Парламентарното собрание на Советот на Европа. Во блиска соработка со Парламентарното собрание ќе бидат продолжени и напорите за обновување на врските со Белорусија, како единствена европска држава која се´ уште не е член на СЕ.

Информирано е и дека со отворањето на Канцеларија за врски на СЕ во Женева, како европско седиште на ОН, се зголемуваат можностите да се чуе гласот на најстарата европска организација во областите во кои има акумулирано големо искуство, како што е унапредувањето и заштитата на човековите права. Со оглед дека е надмината пречката која поизлегуваше од оддалеченоста од Европа на седиштето во Њујорк на светската организација во наредниот период се очекува да дојде до израз и поголема партиципација на пратениците.

**3.** На седницата на Постојаниот комитет е остварена отворена размена на мислења со **претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ Жоао Соареш** за односите и соработката меѓу двете меѓународни организации. Посебно внимание беше посветено на соработката во мониторингот на изборите. Притоа стана збор за повремени тензии во однос на евалуацијата на одделни изборни процес меѓу експертите на ОБСЕ/ОДИХР и парламентарците. Во набљудувањето понекогаш се вклучени и делегациите на Европскиот парламент и на ПС на НАТО што бара постојано решавање на недоразбирањата и унапредувањето на набљудувачкиот процес, кој не треба да биде сведен само на денот на изборите, туку да биде проследен со мисии пред и по изборите. Според претседателот на ПС на СЕ Луис Мариа де Пуч критичките тонови во расправата произлегуваат од заедничката загриженост за објективно евалуирање на сложените изборни процеси, каков што на пример наскоро се очекува во Украина.

Поздравени се напорите на двете организации за отворање кон Белорусија, како единствена европска земја вон европските интеграциони процеси. Треба да бидат надминати стереотипи дека е тоа земја во сенка на Русија имајќи ја предвид и нејзината значајна улога во областа на енергетиката и енергетскиот транспорт во Европа.

На прашањето сврзано со буџетот и проблемите во неговото реализирање г. Соареш истакна деке имааа скромен буџет и мала, но ефикасна служба, со седиште во Копенхаген. Уплатите во нивниот буџет, од парламентите на земјите членки се сосема самостојни од владините придонеси, што не е случај со ПС на СЕ.

**4.** Унапредувањето на квалитетот и конзистентноста на политиката кон азилантите, како и кон европската дијаспора беа меѓу оние прашања на кои им беше посветено посебно внимание. Констатирани се забележителни разлики во однос на квалитетот и конзистентноста во днесувањето на одлуките за **прифаќање и третман на азилантите** од страна на земјите членки на СЕ. Процентот на прифаќање на азилантите варира од 1% до 39%, а уште поголеми се разликите кога станува збор за специфични групи на баратели на азил. Разликите се најголеми во однос на барателите на азил од некои подрачја како Ирак, Авганистан и Чеченија, кои изнесуваат од 0% до 81%. Од Комитетот на министри на СЕ е побарано да подготви упатство во однос на забелжаните тешкоти и е препорачано да бидат практикувани повисоки стандарди за заштита на азилантите. Притоа треба да се имаат предвид националните решенија за заштита на хуманитарни права, кои треба да ги содржат стандардите на Европската конвенција за човекови права (како паневропски минимум), како и да се врши сообразување со актуелните активности на ЕУ во оваа област.

Грција беше посочена како една од земјите која не се однесува согласно со препораките на Високиот комесар за бегалци на ОН (УНХЦР) и европските директиви. Грчките пратеници реагираа дека ситуацијата во однос на ова прашање се менува и дека по влегувањето во сила на новата Директива на ЕУ од 2010 година и кај нив ќе се применува усогласената европска процедура за азил, иако заради географската положба и постојан прилив на бегалци и мигранти во земјата отсуствува клима на политичка и јавна поддршка за нивно прифаќање.

Нагласена е потребата Комитетот на министри да воспостави нов меѓувладин комитет со постојан мандат за прашањата сврзани со барателите на азил и бегалците. Поздравено е и создавање на Европски фонд за бегалци од страна на ЕУ, кој треба да придонесе во изградувањето на нов механизам во Југоисточна Европа и на консолидација на националните механизми во Централна и Источна Европа сврзани со процедурите и стандардите кои се применуваат кон бегалците и барателите на азил.

Во однос на **европската дијаспора** е укажано на потребата земјите членки да остварат балансиран однос, како кон процесот на интеграција на нивните дијаспори во земјите во кои живеат, така и кон зачувувањето на врските со земјите на нивното потекло. Истакната е потребата за хармонизација на легислативата во земјите членки во однос на работниците мигранти (согласно со општите принципи на заштита на човековите права) и за создавање, под покровителство на СЕ, на посебно тело во кое ќе биде застапена европската дијаспора на паневропско ниво. Тоа ќе биде своевиден форум на европејците во странство, кој ќе одржува редовни состаноци.

**5.** Советот на Европа во периодот 2006-2009 година водеше кампања под мотото "Стоп на домашното насилство врз жените" при што е забележано дека **жените мигранти**, заради јазичната бариера, семејните притисоци и честа изолираност се соочени со дополнителни тешкотии во одбегнувањето на насилството. Во расправата се истакна дека земјите членки треба да сторат се што е во нивна моќ да обезбедат за сите жени, вклучувајќи ги и жените мигранти кои живееат на нивната територија, како жртви на насилство да имаат законски и практичен пристап до правната заштита и до можностите за рехабилитација.

Усвоена е препорака со која ПС на СЕ повторно укажува дека секоја форма на насилство врз жените, вклучувајќи го и домашното насилство е неприфатливо и претставува сериозно нарушување на човеквите права. Притоа културните разлики ни во кој случај не можат да претставувааат оправдување за нарушување на фундаменталните права на жените мигранти, односно на жените од мигрантско потекло.

**6.** Разгледувано е и прашањето на придонесот на СЕ на развојот на **европската област на високото образование** иницирана пред десет години со Болоњскиот процес. Најголем прогрес е забележан во областа на размената на студенти и академски професори меѓу универзитетите. Со признавањето на нивните квалификации се признават и стандардите кои се применуваат во националните образовни системи, но се споделуваат и различните културни вредности кои стануваат компатибилни и компарибилни. СЕ е длабоко инкорпориран во овој процес, особено кога станува збор за неговото проширување и на земјите вон Европа.

На седницата е истакнато дека ПС на СЕ дава силна поддршка на реафирмирање на Болоњскиот процес и на европската област на високото образование, која треба да биде креирана во 2010 година. Од страна на националните парламенти се бара политичка и јавна поддршка на развојот на високото образование во Европа. Присутни се и иницијативи за создавање на стабилен секретаријат на СЕ за европската област на високото образование (ЕОВО) со цел да биде водечка логистичка поддршка во развојот на европските стандарди и искуства во високото образование. Треба да се одговори на три клучни прашања: 1) што треба да биде променето во политичка смисла со транзицијата кон ЕОВО; 2) дали СЕ и натаму ќе ја задржи значајната улога во остварувањето на демократската димензија на ЕОВА и 3) како може СЕ да придонесе на поддршката на структурите на ЕОВО.

**7.** Во 1989 година според одлуката на Комитетот на министри на СЕ е создаден **Европски центар за глобална меѓузависност и солидарност ("Центар север-југ ").** Централан идеја на овој форум е засилување на врските на Европа со другите развиени делови на светот во однос на решавање на социјалните и економските проблеми со кои се соочува човештвото. Во тој контекст Центарот има двострана задача: да ја развива јавната свест за глобаланата меѓузависност и да промовира политика на солидарност во која се вградени фундаменталните вредности на СЕ. Во изминатиот период "Центарот север-југ" прераснал во значајно место на дијалогот меѓу културите и мост меѓу Европа и регионите од неговото непосредно соседство. Преку него се доведуваат во заемна врска не само владите туку и парламентите, локалните и регионалните власти и цивилното општество.

Предвидено е 20годишнината на првиот состанок на Извршниот совет на Центарот да биде одбележана во Лисабон идната година, при што треба да биде

усвоена и нова Статутарна резолуција со препорака за проширување и приклучување на сите земји членки на СЕ. Република Македонија спаѓа во редот на оние земји кои се´ уште не се приклучиле кон овој парцијален договор на СЕ. Во симулацијата на идниот можен буџет на Центарот, презентиран на седницата, опфатени се сите земји членки на СЕ, а Република Македонија се наоѓа во категорија на држави со најмала членарина која годишно треба да изнесува 1.440 евра.

**8.** Продолжено е постојаното **дополнување и прецизирање на Деловникот** за работа на ПС на СЕ. Востановен е нов статус во ПС на СЕ (освен досегашните делегации на земјите членки, специјални гости и набљудувачи) за делегаци "партнери за демократија" . Со овој статус ќе се потикнуваат земјите вон Европа да пристапат на конвенции и парцијални договори отворени за потпишување и ратификација и од земјите кои не се членки на СЕ. Парламентарни делегации на земјите партнери за демократија ќе можат да учествуваат во работата на ПС на СЕ и неговите комисии, без право на глас и избор на раководни функции. Заострени се барањата во однос на бројот на потписите и начинот на покренувањето на постапката за преиспитување на акредитациите на делегациите, определено е дека земјите кои се во постмониторинг дијалогот можат да имаат најмногу два члена во Мониторинг комисијата, а се направени и некои други помали промени.

* * * * *

Учеството на Делегацијата на седницата на Постојаниот комитет во Берн беше потребно заради присуството на новиот шеф на Делегацијата г. Николоски при потврдувањето на неговата акредитација. Во та пригода е остварена средба со повеќе истакнати членови на ПС на СЕ, меѓу кои се издвојува средбата со турскот пратеник г. Чавасоглу.

Имајќи предвид дека идната година Република Македонија раководи со Комитетот на министрите на СЕ посебно внимание е посветено на запознавање со приоритетите на швајцарското претседателство со СЕ кои беа презентирани на седницата, како и со начинот на организирање од страна на Швајцарскиот парламент на седницата на Постојаниот комитет на ПС на СЕ и други придружни активности.

Во 2010 година се одбележува 20-годишнината од создавањето на "Центарот север-југ" во врска со што на седницата е предложено сите земји членки да пристапат кон овој парцијален договор на СЕ. Вообичаено е земјата претседател да предводи во активностите сврзани со одбележувањето на одделни кампањи и јубилеи, заради што треба да биде разгледана можноста за пристапување на парцијалниот договор на СЕ за "Центарот север-југ".

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

## *ИНФОРМАЦИЈА*

***за состанокот на секретарите на националните делегациии на ПС на СЕ Париз, Франција, 14 декември 2009 година***

***Скопје, декември 2009 година***

*На 14 декември 2009 година во Париз, Франција беше одржан редовен годишен состанок на секретарите на националните делегации во Парламентарното собрание на Советот на Европа, под раководство на генералниот секретар на Парламентарното собрание г. Матео Соринас и генералниот директор за организационите прашања г. Војчех Савицки.*

*На дневен ред беа прашањата сврзани со: дневниот ред на јануарската сесија на ПС на СЕ; Буџетот на ПС на СЕ за 2010 година; најновите измени во Деловникот; учеството на членовите на делегациите на пленарните сесии, состаноците на комисиите и во гласањата; семинарите за активностите на СЕ; претстојната Конференција на претседателите на парламентите и другите идни активности на ПС на СЕ.*

**1.** Најнапред стана збор за Нацрт - дневниот ред на јануарската сесија што ќе биде одржана од 25 до 29 јануари 2010 година во Стразбур. На неа треба да биде избран новиот претседател на ПС на СЕ, чиј мандат може да биде продолжен за уште една година. Досега единствена кандидатура е поднесена од страна на турскиот пратеник г. Мевлѝут Чавасоглу, претставник на Групата на европските демократски партии, која е поддржана со голем број на пратенички потписи.

Се очекува за прв пат на ПС на СЕ да се обрати новоизбраниот генерален секретар на СЕ г. Тјорбјорн Јагланд, актуелниот претседател на Министерскиот комитет на СЕ, швајцарскиот министер за надворешни работи г-ѓа Микелина Калма-Реи, како и премиерот на Грција г. Георги Папандреу, министерот за надворешни работи на Италија г. Франко Фратини и поранешниот Висок претставник за Босна и Херцеговина г. Волфганг Петрич.

Прифатено е по итна процедура да биде разгледувано прашањето на негативните социјални аспекти предизвикани од светската економска криза, но не и состојбата со пандемијата на новиот вирус на грип.

**2.** Според Резолуцијата 1698 (2009) усвоена на седницата на Постојаниот комитет на 20 ноември 2009 година, извршени се повеќе промени во Деловникот за работа. Пред се´, прецизирани се правилата и зголемен е бројот на пратеници кои го покренуваат прашањето за преиспитување на акредитациите. Така доколку се иницира преиспитување на нератификуваната акредитација за член на делегација на самата седница процедурално е потребно тоа да биде поддржано од најмалку десет члена на ПС на СЕ присутни во салата, кои припаѓаат на најмалку пет национални делегации, при што мора да биде наведена и причината за такво преиспитување., односно доколку при годишната ратификација се покренува резолуција за оспорување на акредитацијата на некоја национална делегација во целина предлогот во писмена форма треба да биде поддржан од најмалку 15 пратеници, кои припаѓаат на две политички групи и пет национални делегации, кој треба да биде поднесен најмалку две недели пред седницата.

Предлог - резолуцијата или Предлог - препораката за извештаите за одделни прашања треба да содржи најмногу 300 збора и да биде потпишан од најмалку 20 пратеници, од најмалку пет национални делегации и не може дополнително да биде повлечен. Доколку некоја земја се наоѓа под мониторинг или е опфатена со постмониторинг дијалог не може да има повеќе од два члена на Мониторинг комисијата. Кандидат за претседател или потпреседател на комисијата или поткомисија мора да биде член на тоа работно тело најмалку една година и може на тоа место да биде избран за уште еднаш, односно двапати доколку должноста ја вршел смо дел од претходниот мандат. Барањата за итна дебата треба да бидат поднесени до претседателот на ПС на СЕ од најмалку 20 пратеници или од една политичка група, една национална делегација или една комисија. Додаден е и нов статус на делегации партнери за демократија за парламентите на земјите од регионите од соседството на Европа.Членовите на овие делегации можат да седат во пленаарната сала и да присуствуваат на седниците на комисиите, но не и да гласаат, а во дикусијата можат да учествуваат доколку претходно добиле согласност од претседателот на ПС на СЕ, односно претседателот на комисијата. На финалната листа на дискутанти на

пленарната сесија не може да има повеќе членови отколку што делегацијата има седишта во ПС на СЕ. Определено е дека за шеф на ад хок комисија за набљудување на избори не може да биде избран пратеник кој е и известител за некое прашање што ја засега земјата во која се набљудуваат изборите. Сите овие амандмани на Деловникот треба да влезат во сила на почетокот на јануарската сесија во 2010 година.

**3.** Усвоен е Буџетот за идната година со кој се следи принципот на нулто зголемување на придонесите на земјите членки. Предвидено е Буџетот на СЕ во 2010 година да изнесува 293.987.400 евра, од што за трошоците на ПС на СЕ се определени 15.391.100 евра. Имајќи ја предвид инфлацијата и зголемувањето на трошоците за пензискиот фонд и обврските кон вработените во реален износ во однос на претходната година тоа птретставува намалување за 476.000 евра. Затоа ќе биде продолжено со мерките кои веќе три година се применуваат за намалување на трошоците.. Во тој контекст ќе настојува на: подготување на што пократки документи; намалување на бројот на членовите кои го претставуваат ПС на СЕ на одделни надворешни настани; намалување на бројот на вработените задолжени за состаноците кои се држат вон Стразбур; ограничување на дистрибуцијата на документи печатени на хартија; намалување на бројот на семинари во организација на ПС на СЕ и сл.

Најголеми придонеси на Буџетот на СЕ од 12% или близу 25 милиони евра и натаму се предвидени за Англија, Франција, Германија, Италија и Русија. Република Македонија спаѓа во категоријата на земји чиј годишен придонес е претпоследен по големина и изнесува 0,12% или 253.232 евра .

Присутни се разни размислувања во врска со намалувањето на трошоците од смалување на бројот на седниците на комисиите вон Стразбур и Париз на само една во две години за секоја комисија,[4] до смалување на деновите за пленарните сесии, па дури и за нивното сведување на три наместо сегашните четири годишно. Но, од друга страна тоа во себе крие опасност од намалување на видливоста на организацијата и нејзинта улога во Европа заради што се уште се во тек дискусиите и усогласувањата.

**4.** Информирано е и за следната Конференција на претседателите на парламентите на земјите членки на СЕ во Лимасол, Кипар од 10 до 12 јуни 2010 година. Темите на Конференцијата ќе бидат:

1. "Правата и одговорностите на опозицијата во парламентот" и
2. "Националните парлменти и човековите меѓународни права".

Побарано е претходно да бидат доставени кратки резимеа од дискусиите како прилог за објавување во посебна публикација.

Право на обраќање на овие конференции кои се одржуваат биенално имаат само претседатели или потпреседатели, доколку ја предводат парлментарната делегација. Еднодомните парламенти имаат по три места за главаната маса, а за придружните членови на делегацијата се обезбедени дополнителни места во Конференциската сала. Делегациите ќе имаат на располагање посебни простории за билатерални состаноци, како и простори за нивните секретаријати.

Од кипарската страна е упатена молба за навремено обезбедување на визи, како и за соработка со сопствените дипломатско - конзуларни претставништва за транспорт од и до аеродормот или пристаниште во кое ќе пристигне делегацијата. Предупредено е и дека треба да биде извршена што е можно побрза резервација во еден од петте предложени хотели со оглед дека станува збор за период кога им започнува и туристичката сезона.

**5.** Од страна на Комисијата за деловник, имунитет и институционални прашања подготвен е информативен материјал за партиципација на пратениците на пленарните седници и на состаноците на комисиите. Просечното учество на 47 национални делегации на четирите пленарни сесии за 2009 година изнесува 58,23% од што 17 делегации учествувале на помалку од 50% пленарни сесии. Македонската делегација

[4] Само за превод на петте работни јазици за состанок во Стразбур или Париз се потребни 9.000 евра дневно, а ако е состанокот во некоја држава членка потребни се 30.000 до 35.000 евра.

се наоѓа на 28 место, додека на првото место е Шведската делегација, а на последното Словенечката делегација. Загрижувачко е и учеството при гласањето на оние пратеници чие присуство во салата е регистрирано. Во просек тројца од петте пратеници на листата на присутните не учествуваат во гласањето.

Присуството на состаноците на комисиите изнесува 49,19 проценти, од што 13 национални делегации на годишно ниво имааат учество под 33%. Македонската делегација се наоѓа на 35 место, додека на прво место е Турската делегација, а на последно Албанската делегација.

Како фактори кои најчесто влијаеле на учеството наведени се: значајни расправи и гласања во националните парламенти, особено таму кај што постои тесно парламентарно мнозинство; глобалната финансиска и економска криза наметнала намалување на буџетските трошоци; учеството во изборните кампањи бара присуство на пратениците во нивните изборни единици.

Швајцарскиот пратеник г. Андреас Грос има највисок рејтинг на учество во активностите на ПС на СЕ за 2009 година. Предвидено е првите дест пратеници кои имаат највисок процент на гласање да добиваат повисоки позиции на листите на говорници на пленарните сесии.

* * * * *

На редовниот годишен состанок учествуваа секретарите на парламентарните делегации на 47 земји членки на СЕ, генералниот секретар и претставници на секретаријатите на комисиите и партиските групи во ПС на СЕ.

Информирано е за најновите измени на Деловникот за работа, присуството и активностите на седниците на ПС на СЕ и неговите постојани комисии, потребата за постојано усогласување на активностите со буџетските можности, дневниот ред на јануарската сеисија на ПС на СЕ, претстојната Конференција на претседатели на парламентите на земјите членки на СЕ и други идни активности.

Присуството на овој состанок е искористено и за добивање на дополнителни организационо-технички информации сврзани со обврските на Делегацијата на Собранието на РМ во годината кога нашата земја ја има улогата на претседавач со СЕ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ***

***ИЗВЕШТАЈ***

***од Осмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана на 19 и 20 февруари 2009 година во Виена, Австрија***

***Скопје, февруари 2009 година***

*Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), ја одржа својата редовна Зимска сесија на 19 и 20 февруари 2009 година во Виена, Австрија. Во рамките на Осмата зимска сесија беа одржани: седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ, одделни седници на Постојаната комисија за политички прашања и безбедност, Постојаната комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина и Постојаната комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, заедничка седница на трите постојани комисии, како и Специјална дебата на тема: "Предлогот за нова европска безбедносна архитектура".*

*На Осмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г. Андреј Петров, шеф на Делегацијата во ПС на ОБСЕ и г. Хисен Џемаили, член на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.*

*На сесијата, на која учествуваа над 270 парламентарци од земјите членки и партнери на ОБСЕ, беа разгледани бројни прашања од надлежност на оваа организација, од аспект на безбедноста и соработката во Европа.*

## СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЕСИЈА

На свеченото отворање на Осмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ говореа: г-ѓа Барбара Прамер, претседател на Парламентот на Австрија, г. Жоао Соареш, претседател на ПС на ОБСЕ, г. Џон Танер, претседател на Парламентарното собрание на НАТО и г-ѓа Дора Бакојани, министер за надворешни работи на Грција и претседавач со ОБСЕ.

**Претседателот на Парламентот на Австрија, г-ѓа Барбара Прамер** им посака добредојде на учесниците на Осмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, истакнувајќи ги неопходноста и значењето на контактите на парламентарците со фукционерите и механизмите на ОБСЕ во Виена. Таа ја нагласи значајната улога на Парламентарното собрание на ОБСЕ во унапредувањето и продлабочувањето на активностите и целите на ОБСЕ. Госпоѓата Прамер се осврна и на потребата за парламентарна дебата за сегашните и идните предизвици на Организацијата.

**Господинот Жоао Соареш, претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ** во своето обраќање нагласи дека ОБСЕ е извонредна организација, чија најголема предност е флексибилноста, која И овозможува лесно да се адаптира на новите реалности. Оценувајќи дека оваа флексибилност постепено почнува да се губи во седиштето на ОБСЕ во Виена, тој истакна дека пратениците мора и понатаму да го одржуваат ОБСЕ како ефективен форум за дијалог. Господинот Соареш изрази жалење дека на ОБСЕ се уште му недостасува транспарентност и оцени дека состаноците на Организацијата треба да бидат отворени за јавноста, а правилото за одлучување со консензус е изменето.

Претседателот на ПС на ОБСЕ се осврна и на значењето на мисиите на ОБСЕ, кои претставуваат "вистинска сила" на организацијата. Тој, исто така, подвлече дека набљудувањето на изборите и понатаму ќе претставува едно од најзначајните активности на Парламентарното собрание на ОБСЕ, со оглед на тоа што пратениците располагаат со специфично знаење и искуство, со коешто бирократите кои ги набљудуваат изборите не можат да се здобијат.

**Конгресменот г. Џон Танер, претседател на Парламентарното собрание на НАТО**, се задржа на активностите и приоритетите на ПС на НАТО, како и на плодната соработка со ПС на ОБСЕ. Тој ја нагласи синергијата меѓу овие две парламентарни собранија, кои споделуваат заеднички вредности и голем број на заеднички членови. Како особено значајна тој ја оцени соработката во мисиите за набљудување на изборите.

На пратениците им се обрати и **г-ѓа Дора Бакојани, министер за надворешни работи на Грција и претседавач со ОБСЕ.** Таа информираше за приоритетите на грчкото претседавање со ОБСЕ, при што се задржа на процесот на реформи со цел за зацврстување на организационата структура на ОБСЕ. Истакна дека Грција има амбициозна програма за своето претседателство, која ќе се фокусира на менаџментот на кризи, како и подобрувањето на ефикасноста и ефективноста на ОБСЕ.

Госпоѓа Бакојани оцени дека Парламентарното собрание е "знаменосецот" на ОБСЕ и ја претставува заедничката заложба на земјите членки за придонес кон безбедноста и стабилноста на европскиот континент и просперитетот на европските народи. Уште од своето формирање со Париската повелба во 1990 година, Парламентарното собрание е витално за "доброто здравје" на ОБСЕ, бидејќи придонесува за подобар дијалог меѓу земјите членки и им овозможува на пратениците да учествуваат во тој дијалог.

Подвлекувајќи го значењето на активностите на ОБСЕ во разрешувањето на конфликти, г-ѓа Бакојани се задржа на кризата во Грузија. Таа информираше дека мисијата на ОБСЕ во Грузија од 1 јануари 2009 година е во фаза на техничко затворање. Ставот на Грција во врска со ова прашање е дека е потребно значајно присуство на ОБСЕ во регионот и токму затоа на 12 февруари 2009 година, 56 земји членки на ОБСЕ се согласија да се продолжат мониторинг активностите на Мисијата до 30 јуни о.г. Ова, според г-ѓа Бакојани, претставува знак да добра волја и признание дека е потребно присуство на ОБСЕ на теренот. Грчкото претседателство и понатаму ќе настојува да се постигне консензус за идното присуство на ОБСЕ во Кавкаскиот регион, врз основа на принципите и заложбите на Организацијата. Продлабочувањето на активностите на ОБСЕ во Авганистан останува приоритет на Организацијата и во 2009 година.

Потсетувајќи дека првите мултилатерални разговори на високо ниво во врска со идеите за нов концепт на европската безбедност се случиле на Министерскиот совет на ОБСЕ во Хелсинки, г-ѓа Бакојани оцени дека ОБСЕ е природната платформа за паневропски дискусии. Грција е подготвена да организира состаноци на кое било ниво, со цел да се олесни натамошниот дијалог.

По излагањето, претседавачот со ОБСЕ одговараше на бројни прашања од пратениците во врска со неизвесноста на иднината на мисијата на ОБСЕ во Грузија, милитаризацијата на териториите отцепени од Грузија, проблемите во врска со усвојувањето на консолидираниот буџет на Организацијата, набљудувањето на изборите и проблемите во соработката меѓу ПС на ОБСЕ и ОБСЕ/ОДИХР, цензурата на изјавите на високи функционери на ПС на ОБСЕ од страна на Прес-службата на ОБСЕ и сл.

## СЕДНИЦА НА ПОСТОЈАНИОТ КОМИТЕТ НА ПС НА ОБСЕ

Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ, во кој членуваат шефовите на делегациите во ПС на ОБСЕ, одржа седница на 19 февруари 2009 година. На седницата беа разгледани тековните и идните активности на Парламентарното собрание.

**Претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Жоао Соареш** даде извештај за активностите што ги реализирал од последната седница на Постојаниот комитет, одржана во септември 2008 година во Торонто, Канада во рамките на Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ. Тој информираше за остварените посети на Москва, Виена, Вилнус, Атина, Варшава, Копенхаген, Кишињев и Тираспол, учеството на Министерскиот совет на ОБСЕ во Хелсинки, како и за Мисијата на набљудување на претседателските избори во САД, што тој ја предводеше. Информирајќи дека во оваа мисија биле вклучени стотина членови на ПС на ОБСЕ, кои биле распоредени во девет сојузни држави, претседателот г. Соареш го оцени набљудувањето на изборите во САД како извонредно искуство. Тој изрази разочарување од цензурирањето на изјавите на високи функционери на

Парламентарното собрание[5] од страна на ОБСЕ и повика на преземање конкретни акции во врска со оваа комплетно неприфатлива состојба.

На членовите на Постојаниот комитет им се обрати **г. Марк Перин д Бришамбо, генерален секретар на ОБСЕ**, кој се задржа на состојбите во Грузија и Нагорно Карабак, дебата за новите предлози за паневропската безбедносна структура што се одвиваат во рамките на ОБСЕ, проблемите со усвојувањето на буџетот за тековната година и сл.

Благајникот на Парламентарното собрание, **г. Ханс Рајдел** даде преглед на финасиската состојба на организацијата при што оцени дека меѓународниот секретаријат успешно раководи со буџетот, одржувајќи највисоки стандарди на транспарентност, одговорност и ефикасност.

Генералниот секретар на Парламентарното собрание на ОБСЕ, **г. Спенсер Оливер**, поднесе извештај за работата на меѓународниот секретаријат, при што се задржа на подготовките за Годишната сесија на ПС на ОБСЕ, што ќе се одржи во јули 2009 година во Вилнус, Литванија. Тој информираше и за програмата за истражувачи-стажанти на ПС на ОБСЕ, подвлекувајќи дека од нејзиното воспоставување во 1995 година, во оваа програма биле вклучени 169 стажанти од 30 земји членки на ОБСЕ.

На Постојаниот комитет му беа презентирани извештајот за активностите на Ад хок комитетот за Белорусија, како и извештаите за работата на специјалните претставници за Гвантанамо, за Авганистан, за Медитеранот, за Југоисточна Европа, за Буџетот на ОБСЕ, за Централна Азија, за конфликтот во Нагорно Карабак и за борбата против транснационалниот организиран криминал.

На седницата се дискутираше и за мисиите за набљудување на парламентарните избори во Белорусија, каде што тимот на набљудувачи од Парламентарното собрание на ОБСЕ беше предводен од потпретседателот на Собранието, г-ѓа Ан-Мари Лизин, како и за набљудувањето на претседателските избори во САД, каде што шеф на набљудувачката мисија беше г. Жоао Соареш, претседател на ПС на ОБСЕ.

Во врска со парламентарните избори во Белорусија, одржани на 28 септември 2009 година, беше истакнато дека и покрај малите подобрувања, истите не ги исполниле стандардите на ОБСЕ за демократски и фер избори. Изборите се одвивале во стриктно контролирана средина, со речиси невидлива кампања. Гласањето било воглавно добро спроведено, но процесот значително се влошил за време на броењето на гласовите.

Од друга страна, претседателските избори во САД јасно ја одразиле волјата на американските гласачи и уверливо ја потврдиле заложбата на земјата за демократски избори.

Членовите на Постојаниот комитет беа информирани дека ПС на ОБСЕ ќе ги набљудува претстојните претседателски избори во Република Македонија и парламентарните избори во Црна Гора и во Молдавија.

Постојаниот комитет дискутираше и за пристигнатите предлози на амандмани на Деловникот на ПС на ОБСЕ. Во согласност со правилото 45 од Деловникот, беше назначен Поткомитетот за разгледување на предлозите, на чело со г. Пиа Крисмас-Мулер, потпретседател на Парламентарното собрание.

Шефовите на делегациите во Парламентарното собрание на ОБСЕ, исто така дискутираа за подготовките на претстојните состаноци на Собранието: состанокот на Бирото (19 и 20 април 2009 г., Лисабон), Економската конференција (27-29 мај 2009 г., Даблин), 18. Годишната сесија (29 јуни - 3 јули 2009 г., Вилнус) и Есенските состаноци (9-12 октомври 2009 г., Атина).

---

[5] На web страницата на ОБСЕ не биле објавени изјавите на г. Жоао Соареш, претседател на ПС на ОБСЕ и на г. Јоран Ленмаркер, почесен претседател на Собранието и специјален претставник за Нагорно Карабак, со образложение дека јазикот користен при изјавите не е "базиран на консензус".

## СЕДНИЦИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ

**Првата постојана комисија за политички прашања и безбедност,** одржа седница на 19 февруари 2009 година. Со седницата претседаваше г. Жан-Шарл Гардето, претседател на комисијата. На членовите на комисијата им се обрати амбасадорот г-ѓа Мара Маринаки, претседавач на Постојаниот совет на ОБСЕ, која информираше за активностите на Советот и приоритетите на Грчкото претседавање со ОБСЕ. Амбасадорот г. Ерик Лебедел, претседавач на Форумот за безбедносна соработка, исто така се обрати на седницата на Комисијата и информираше за дебатата во врска со предлозите за нова безбедносна структура во Европа.

Господинот Рикардо Миљори, известител на Првата комисија ги презентираше темите кои ќе бидат опфатени во извештајот што ќе биде разгледан на Годишната сесија во Вилнус, Литванија.

Потпретседателот на Првата постојана комисија на ПС на ОБСЕ, сенаторот г. Консиљо Ди Нино, поднесе извештај за преземените активности во врска со Декларацијата усвоена на Годишната сесија на Собранието, одржана во јули 2008 година во Астана, Казахстан. Комисијата за политички прашања и безбедност во Астана донесе резолуции кои се однесуваат на приватните воени и безбедносни компании, касетната муниција, информатичката безбедност, нелегалниот транспорт на мало и лесно оружје, како и состојбата во Грузија и во Авганистан. Во извештајот е дадена оцена на напредокот направен од страна на меѓународната заедница и земјите членки на ОБСЕ во овие области.

Господинот Петрос Ефтимиу, претседател на **Втората постојана комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина**, претседаваше со седницата на Комисијата што се одржа на 19 февруари 2009 година. На седницата свое обраќање имаше г. Горан Свилановиќ, координатор на ОБСЕ за економски и еколошки прашања, кој информираше за активностите на неговата Канцеларија, чија цел е промовирање на соработка на економски и еколошки план меѓу земјите членки на ОБСЕ, како и со нивните азиски и медитерански партнери.

На членовите на комисијата, исто така им се обрати амбасадорот г. Вернер Алмхофер, шеф на Мисијата на ОБСЕ во Косово, кој се задржа на активностите на Мисијата, која има водечка улога во демократизацијата и градењето на институциите во Косово и претставува најголемата мисија на ОБСЕ.

Господинот Ивор Калели, известител на Комисијата, ги презентираше темите кои ќе ги разработи во неговиот извештај за Годишната сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ.

Потпретседателот на Комисијата, г. Ролан Блум, информираше за активностите во врска со Декларацијата од Астана на Парламентарното собрание на ОБСЕ. Во извештајот е даден преглед на развојот на настаните во земјите членки на ОБСЕ, во врска со препораките од Декларацијата, кои се во доменот на работа на Втората комисија: климатските промени, ратификацијата на Протоколот од Кјото, процесот за обезбедување на меѓународен договор за климатските промени по 2012 година, употребата на одржливи енергии, менаџментот на отпадоците, транспарентноста на екстрактивните индустрии и сл.

Со седницата на **Третата постојана комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања,** што се одржа на 20 февруари 2009 година претседаваше г-ѓа Валбурга Хабсбург Дуглас[6], в.д. претседател на Комисијата. Директорот на ОБСЕ-ОДИХР, г. Јанез Ленарчиќ информираше за активностите во полето на набљудувањето

[6] Претседателот на Втората постојана комисија, г-ѓа Хилда Солис е назначена за секретар (министер) за труд во Владата на САД. До изборот на нов претседател на Комисијата, функцијата ќе ја извршува потпреседателот г-ѓа Хабсбург Дуглас.

на изборите, при што го истакна значајниот придонес на Парламентарното собрание на ОБСЕ на овој план. Тој истакна дека Парламентарното собрание и ОДИХР треба тесно да соработуваат, а не да се конфронтираат, затоа што за успешно набљудување на изборите е потребна комбинација од експерти кои ја познаваат техниката на спроведувањето на изборите и пратеници, кои го претставуваат политичкиот дел и коишто директно учествувале во изборните процеси. Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, г. Миклош Харасти, исто така информираше за неговите активности поврзани со изборите.

Известителот на Третата комисија, г-ѓа Наталија Карпович даде преглед на основните теми кои планира да ги вклучи во извештајот за Годишната сесија, додека потпретседателот г-ѓа Валбурга Хабсбург Дуглас поднесе извештај во врска со имплементацијата на препораките усвоени од Комисијата, кои се содржани во Декларацијата од Астана. Препораките се однесуваат на транспарентноста во ОБСЕ, борбата против сексуалното искористување на децата, заштитата на жртвите од семејно насилство, придонесот на мигрантите, мисиите за набљудување на избори, борбата против нетолеранцијата, борбата против трговијата со луѓе и сл.

**Заедничката седница на трите постојани комисии** се одржа на 20 февруари 2009 година. На оваа седница, со која претседаваше претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ, г. Жоао Соареш, извештај поднесе г-ѓа Тоне Тингсгард, специјален претставник на ПС на ОБСЕ за родови прашања. Извештаи поднесоа и претседателите на трите комисии, кои информираа за работата на комисиите и резултатите од одржаните седници.

На седницата се обрати и г. Панос Каменос, заменик-министер за трговска морнарица и политика за Егејското Море и островите во Владата на Грција, кој се осврна на пиратството, како нова безбедносна закана.

Господинот Касим-Јомарт Токајев, претседател на Сенатот на Казахстан и потретседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ, информираше за подготовките за претседателството на Казахстан со ОБСЕ  во 2010 година. Во својата презентација "Пат кон Европа", тој се задржа на приоритетите на Казахстан за политички и економски реформи, истакнувајќи дека овие приоритети се јасни и неповратни. Како следен претседавач со ОБСЕ, Казахстан ќе настојува да ја зацврсти улогата на Организацијата, како уникатна платформа за дијалог што ги соединува Европа и Азија.

## СПЕЦИЈАЛНА ДЕБАТА НА ТЕМА: "ПРЕДЛОГОТ ЗА НОВА ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСНА АРХИТЕКТУРА"

Во рамките на Зимската сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, на 20 февруари 2009 година се одржа дебата на тема: "Предлогот за нова европска безбедносна архитектура". Дебатата беше инспирирана од иницијативите на претседателот на Руската Федерација г. Дмитриј Медведев и претседателот на Француската Република г. Никола Саркози, за ново уредување на европските безбедносни структури.

Воведничари на специјалната дебата беа **г. Александер Грушко, заменик-министер за надворешни работи на Руската Федерација**, кој се задржа на потребата за нов пристап кон безбедноста на Европа и **г-ѓа Вероник Бужон-Бар, заменик-директор за политички и безбедносни прашања во Министерството за надворешни работи на Франција**, која се осврна на кризата на доверба во Европа и потребата за нејзино повторно воспоставување. Во дебатата за предлогот за нова европска безбедносна архитектура земаа учество педесеттина пратеници, меѓу кои и **шефот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ, г. Андреј Петров.** Истакнувајќи дека ОБСЕ претставува вистинското место за дебата за безбедноста во Европа, тој го презентираше ставот на

Република Македонија во однос на предлогот за паневропска безбедност на претседателот на Руската Федерација. Господинот Петров истакна дека позицијата на Република Македонија е усогласена со ставот на Европската унија, односно е на линија на начелно прифаќање на некои делови од планот, како што е на пример концептот на неделива безбедност, базирана на заеднички принципи и вредности, сеопфатен и повеќедимензионален пристап кон безбедноста и сл., што всушност претставува реафирмирање на веќе постојните принципи во рамките на ОБСЕ. Со други зборови, ова значи залагање за задржување на системот кој функционира во рамките на постојните безбедносни институции, како и за обновување на меѓусебната доверба, во прв ред со Русија, преку рестартирање на еден од клучните инструменти за контрола на конвенционалното оружје во Европа - the Treaty on Conventional Armed Forces in Europe (CFE).

Господинот Андреј Петров потсети дека Република Македонија е земја која е посветена на мирот и стабилноста во регионот и која постигна импресивни резултати во градењето на модерно демократско и мултиетничко општество. Тој потсети дека во изминатите години беа спроведени голем број реформски проекти, со цел за доближување до ЕУ и НАТО. Истовремено, тој нагласи дека членството во ЕУ и НАТО преставува најголем приоритет и е еден од главните надворешно-политички цели на Република Македонија. Шефот на Македонската делегација изрази цврсто уверување дека и покрај резултатите од Самитот на НАТО во Букурешт, иднината на Македонија е во НАТО. Тој истакна дека Република Македонија и понатаму ќе биде конструктивен партнер на Алијансата и ќе продолжи да дава свој придонес кон регионалната безбедност на Балканот.

Во текот на дебатата за предлогот за нова европска безбедносна архитектура беа искажани различни мислења во врска со предлогот на претседателот Медведев. Пратениците од земјите членки на Организацијата на Договорот за колективна безбедност (CSTO): Русија, Ерменија, Белорусија, Казахстан, Киргистан, Таџикистан и Узбекистан го поддржаа планот на претседателот на Руската Федерација, нагласувајќи дека новиот договор ќе претставува најдобро средство за надминување на меѓусебните сомневања и стравови. Претставниците на европските земји, САД и Канада оценија дека рускиот предлог заслужува внимание и дека е потребна опширна дебата за истиот, со оглед на тоа дека планот содржи повеќе прашања, отколку одговори. Во повеќе наврати беше нагласено дека ОБСЕ претставува најсоодветниот форум за дискусии за европската безбедност. Истовремено, беше оценето дека Москва треба да ги преземе своите обврски во рамките на Договорот за конвенционалното оружје во Европа (ЦФЕ) и да ги демонстрира своите заложби за почитување на демократските стандарди на ОБСЕ, со цел да се возобнови меѓусебната доверба. Од одредени пратеници беше искажано мислење дека не е потребен нов договор, туку повеќе политичка добра волја. Во дебатата можеа да се слушнат и размислувања за формирање на "Комитет на мудри", со претставници од сите засегнати меѓународни организации (ОБСЕ, ЕУ, НАТО, CSTO и други), организирање на средба на високо ниво за Договорот ЦФЕ, потребата за тесна соработка меѓу НАТО и CSTO во Авганистан и др.

* * * * *

Осмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ во целост ги исполни своите поставени цели: интеракција со владината димензија на ОБСЕ, следење на одлуките што Парламентарното собрание ги донесе на Годишната сесија, одржана во јули 2008 година во Астана, Казахстан и овозможување на дијалог и меѓусебно влијание за актуелни теми и прашања, поврзани со активностите на ОБСЕ.

Оцена е дека учеството на Зимската сесија на ПС на ОБСЕ ја потврди оправданоста од засилено присуство на македонските парламентарни делегации на меѓународните средби на кои е потребна афирмација на Република Македонија. Делегацијата на Собранието на Република Македонија оствари контакти со пратеници

од земјите членки на ПС на ОБСЕ и даде конструктивен придонес во градењето на ставовите на овој форум. Со зголемено присуство, контакти и позитивно градење на односите, како и со презентирање на ставовите на Република Македонија во врска со актуелните прашања за кои се дискутира на меѓународните средби, се овозможува поголем пробив и подобрување на имиџот на земјата во странство.

Во остварувањето на учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ на Осмата зимска сесија на ова Собрание, значаен придонес даде Постојаната мисија на Република Македонија при меѓународните организации во Виена, која во целост излезе во пресрет на потребите на членовите на Делегацијата.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ***

# *БЕЛЕШКА*

***од средбата на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ со г. Жоао Соареш претседател на ПС на ОБСЕ, одржана на 12 мај 2009 година***

***Скопје, мај 2009 година***

*Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) во состав г. Андреј Петров, шеф на Делегацијата, г. Владимир Ѓорчев и г. Хисен Џемаили, членови на Делегацијата, на 12 мај 2009 година оствари средба со г. Жоао Соареш, претседател на ПС на ОБСЕ. Средбата беше реализирана во рамките на посетата на г. Соареш на земјите од Југоисточна Европа, со цел да ги посети мисиите на ОБСЕ во Белград, Скопје, Приштина и Тирана и да оствари средби со парламентарните, владините и локалните преставници од регионот.*

*Претседателот г. Соареш беше примен од г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија, а оствари средби и со претставници на политичките партии и со градоначалникот на Тетово, г. Сади Беџети. Во придружба на претседателот г. Соареш беа: г. Роберто Батели, пратеник од Словенија и специјален претставник на ПС на ОБСЕ за Југоисточна Европа, амбасадорот Андреас Нотеле, шеф на Канцеларијата за врски на ПС на ОБСЕ во Виена, г. Андреас Бејкер, советник на претседателот од Меѓународниот секретаријат на ПС на ОБСЕ и г. Нуњо Паишао, секретар на Делегацијата.*

На средбата со членовите Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ, претседателот г. Жоао Соареш информираше за реализираните и планираните средби во рамките на регионалната посета, нагласувајќи дека сите земји од регионот својата иднина ја гледаат во ЕУ и НАТО.

Господинот Андреј Петров, шеф на Делегацијата, оцени дека ОБСЕ одигра позитивна улога во Република Македонија, пред се за време на конфликтот во 2001 година, но и потоа, особено на полето на реформата на полицијата и судскиот систем. Според г. Петров од особено значење се и активностите на ОДИХР во земјава. Како позитивна беше оценета и соработката со Високиот комесар за националните малцинства на ОБСЕ. Господинот Петров нагласи дека Република Македонија ги почитува правата на малцинствата и очекува на ист начин да бидат почитувани правата на македонското малцинство во соседните земји.

Господинот Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата, информираше за позитивниот развој на настаните во земјата, нагласувајќи дека во 2007 година беше остварен раст на бруто националниот производ од 5,5%, а во 2008 година раст од 5,2%. Како последица на глобалната финанскиска криза, во 2009 година, според некои прогнози, се очекува пораст од 1%, а според други пад од 0,3%. Тој оцени дека во вакви услови кога во Германија, најголемиот трговски партер на Македонија, се очекува пад на БНП од 6%, а во соседните земји пад од околу 3%, прогнозите за Македонија не претставуваат лош резултат. Господинот Ѓорчев подвлече дека во 2007 година ИТ пазарот пораснал за 40%, а во 2008 година за 70%, додека пенетрацијата на Интернет изнесува 44%. Тој се осврна и на реформите во образованието, нагласувајќи дека е воведено задолжително средно образование и изучување на англискиот јазик од прво одделение.

Господинот Ѓорчев оцени дека претседателските и локалните избори беа спроведени на фер и демократски начин. Забелешките од претходните избори, како што се инциденти при гласањето, фамилијално гласање или гласање за други лица овој пат не се повториле, а така ќе остане и во иднина.

Претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Жоао Соареш информираше дека на средбата со г. Трајко Велјаноски, претседател на Собранието на Република Македонија, станало збор за спорот со името. Тој истакна дека ги разбира ставовите на Република Македонија и во целост ги поддржува двете страни преку дијалог да најдат заемно прифатливо решение. Тој оцени дека би било добро дијалогот да се прошири и меѓу парламентарците, почитувајќи ги преговорите што се водат во рамките на Обединетите нации. Воедно, тој предложи Парламентарното собрание на

ОБСЕ да се искористи како платформа за воспоставување на дијалог меѓу пратениците од Република Македонија и Република Грција. Како позитивен тој го посочи примерот со дебатата за кризата во Грузија, одржана во септември 2008 година, во рамките на Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ, што се одржаа во Торонто, Канада. Господинот Соареш истакна дека главната цел и мисија на ОБСЕ е дијалог, бидејќи и самата организација е настаната преку бројни и долги преговори. Тој ги охрабри пратениците да преземат конкретни чекори во врска со разрешувањето на спорот со името, односно да не дозволат преговорите да зависат единствено од волјата на владите, кои се плашат од резултатите на идните избори.

Господинот Роберто Батели, специјален претставник на ПС на ОБСЕ за Југоисточна Европа, оцени дека би било позитивно да се остваруваат билатерални средби меѓу пратениците од Република Македонија и Република Грција, бидејќи со отворен дијалог може да се добие јасна слика за ставовите на двете земји по ова прашање. Тој оцени дека Република Македонија има силни аргументи во овој спор и истакна дека ја осудува филозофијата на блокади како на Република Грција кон Република Македонија, така и на неговата земја, Република Словенија кон Република Хрватска. Господинот Батели истакна дека како специјален претставник за Југоисточна Европа е подготвен да организира средба меѓу македонските и грчките пратеници во ПС на ОБСЕ, во рамките на претстојната Годишна сесија на Собранието во Вилнус, Литванија или во некоја друга земја и на истата би и се дало медиумско значење. Оваа средба би се реализирала само доколку се согласат пратениците од двете земји и доколку истата нема да има негативно влијание врз преговорите што се одвиваат во рамките на ООН.

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ истакнаа дека тие остваруваат контакти со своите колеги од Грчката делегација во ПС на ОБСЕ. Беше истакнато дека тие се подготвени за соработка и прифаќаат секаква иницијатива што ќе придонесе за надминување на спорот со името. Истовремено, тие подвлекоа дека ја почитуваат добра волја на претседателот Соареш за олеснување на дијалогот со грчките пратеници. Беше укажано дека Република Македонија направи повеќе отстапки со цел да се разреши проблемот со соседот, како што се амандманите на Уставот, промената на знамето и сл. Членовите на Делегацијата нагласија дека постои подготвеност за градење на добрососедски односи и постигнување на компромис со Грција.

На крајот од средбата, претседателот г. Жоао Соареш ја повика Македонската парламентарна делегација да учествува на претстојната Конференција на ПС на ОБСЕ за глобалната финансиска криза, што ќе се одржи од 27 до 29 мај 2009 година во Даблин и да ги презентира економските резултати на Република Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од Осумнаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана од 29 јуни до 3 јули 2009 година во Вилнус, Република Литванија***

***Скопје, јули 2009 година***

*Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), ја одржа Осумнаесеттата годишна сесија од 29 јуни до 3 јули 2009 година во Вилнус, Република Литванија. Во рамките на редовната годишна сесија беа одржани седници на трите постојани комисии на ПС на ОБСЕ: Постојаната комисија за политички прашања и безбедност, Постојаната комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина и Постојаната комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ и состаноци на политичките групи[7] во Собранието.*

*На Осумнаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваше пратеникот г. Хисен Џемаили, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.*

*На сесијата, чија главна тема за дискусија беше "ОБСЕ: соочување со новите безбедносни предизвици", учествуваа над 500 парламентарци од 50 земји учеснички и четири земји партнери на ОБСЕ, специјални гости од меѓународните парламентарни собранија[8] и претставници на ОБСЕ. Парламентарното собрание на ОБСЕ разгледа бројни прашања од надлежност на оваа организација, од аспект на безбедноста и соработката во Европа и усвои "Декларација од Вилнус", која ќе биде упатена до владите на сите 56 земји учеснички во ОБСЕ*.

## СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА ГОДИШНАТА СЕСИЈА

На свеченото отворање на Осумнаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ говореа г. Валдас Адамкус, претседател на Литванија, г. Жоао Соареш, претседател на ПС на ОБСЕ, г. Арунас Валинкас, претседател на Парламентот на Литванија, г. Андриус Кубилиус, премиер на Литванија, г. Роберт Волтер, претседател на Европското собрание за безбедност и одбрана/Собрание на Западноевропската унија и г. Мануел Дос Сантос, потпретседател на Европскиот парламент.

Сесијата ја отвори **претседателот на Литванија, г. Валдас Адамкус** и на учесниците им посака добредојде во Литванија, која годинава прославува еден милениум од првото споменување на нејзиното име во пишаните документи. Тој во своето обраќање се осврна на "наследените незавршени задачи од XX век", како што се: заканите од тероризмот, енергетската безбедност, инфраструктурата и проблемите со животната средина, обезбедувањето на слободата на движење и сл. Според претседателот г. Адамкус, болната историја од XX век на Литванија и на цела Европа е лекција која не смее да биде заборавена при дискусиите за безбедносните предизвици на XXI век. Тој се осврна и на конфликтот во Јужниот Кавказ, истакнувајќи дека не смее да се игнорира фактот дека територијалниот интегритет на Грузија е длабоко загрозен и дека мисиите на ОН и на ОБСЕ ја напуштиле земјата, што претставува кршење на меѓународните заложби.

Претседателот г. Адамкус изрази уверување дека Литванското претседателство со ОБСЕ во 2011 година ќе се раководи врз принципите на единство, меѓусебно разбирање, одлучност за дејствување и почитување на меѓународните вредности, заложби и водечки принципи за обезбедување на посигурен свет.

**Господинот Жоао Соареш, претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ** изрази задоволство што Собранието за прв пат одржува годишна сесија во една балтичка земја, потсетувајќи дека минатогодишната сесија за прв пат се одржала во Централна Азија. Со ова се докажува дека ПС на ОБСЕ на вистински начин ги претставува пратениците од Ванкувер до Владивосток, коишто учествуваат во неговите

[7] Група на демохристијани и конзервативци, Група на социјалисти и социјалдемократи и Група на либералдемократи и реформисти.
[8] Европското собрание за безбедност и одбрана/Собрание на Западноевропската унија, Интерпарламентарната унија, Интерпарламентарното собрание на Заедницата на независните држави и Европскиот парламент.

активности на еднаква основа. Тој подвлече дека повеќе од 30 години по Хелсинки, потребна е стратешка визија за зацврстување на ОБСЕ, имајќи предвид дека на комплетно новиот свет му се потребни нови решенија за новите проблеми. Господинот Соареш оцени дека новите закани истовремено претставуваат нови предизвици за дејствување на иновативен начин.

**Претседателот на Парламенот на Литванија г. Арунас Валинкас** се задржа на значењето на парламентарната демократија, истакнувајќи дека литванските пратеници учествуваат во работата на меѓународните парламентарни собранија уште од првите години на литванската независност. Како резултат на напорите на литванската парламентарна демократија, овие собранија разгледувале бројни прашања во врска со безбедноста на балтичките држави, демократијата и човековите права. Потсетувајќи дека минатата година Европскиот парламент го прогласил 23 август за Ден на сеќавање на жртвите од сталинизмот и нацизмот, спикерот г. Валинкас изрази уверување дека на сесијата нема да бидат заборавени тоталитарните режими од минатиот век и последиците од истите.

На пратениците им се обрати и **премиерот на Литванија г. Андриус Кубилиус**. Тој се осврна на придонесот на ОБСЕ, истакнувајќи дека безбедноста не може да биде раздвоена од демократијата, почитувањето на човековите права и фундаменталните слободи, владеењето на правото, пазарната економија и социјалната правда. Тој оцени дека Парламентарното собрание на ОБСЕ, со своите дипломатски напори, слободата на говор и духот на консензус, дава значаен придонес кон меѓународните напори за креирање на посигурен свет за идните генерации.

**Господинот Роберт Волтер, претседател на Европското собрание за безбедност и одбрана/Собрание на Западноевропската унија** ги информираше пратениците за целите и активностите на ова меѓународно парламентарно собрание, кое ги рагледува и поддржува меѓувладините активности на европско ниво во сите области од европската безбедност и одбрана.

**Потпретседателот на Европскиот парламент г. Мануел Дос Сантос**, се осврна на заедничките определби и соработката меѓу Европскиот парламент и Парламентарното собрание на ОБСЕ.

## СЕДНИЦА НА ПОСТОЈАНИОТ КОМИТЕТ НА ПС НА ОБСЕ

Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ, во кој членуваат шефовите на делегациите во ПС на ОБСЕ, одржа седница на 29 јуни 2009 година. На седницата беа разгледани тековните и идните активности на Парламентарното собрание.

Претседателот г. Жоао Соареш даде извештај за активностите што ги реализирал во последните месеци, при што информираше за остварените официјални посети и средби во Југоисточна Европа (Србија, Македонија, Косово и Албанија) и Централна Азија (Казахстан, Киргистан и Таџикистан), за учеството на неформалниот состанок на министрите за надворешни работи на земјите учеснички во ОБСЕ, одржан на Крф и за мисиите за набљудување на избори.

Благајникот на Парламентарното собрание г. Ханс Рајдел даде преглед на финасиската состојба на организацијата, при што оцени дека Меѓународниот секретаријат успешно раководи со буџетот, одржувајќи највисоки стандарди на транспарентност, одговорност и ефикасност. Тој информираше дека се намирени 99,55% од средствата од членарините на парламентите членки за периодот 2008/2009 година и го презентираше Предлогот на буџетот за фискалната година 2009/2010, кој ги рефлектира напорите на националните парламенти за минимизирање на трошоците, односно не предвидува зголемување на котизациите. Постојаниот комитет едногласно го усвои предложениот буџет.

Генералниот секретар на Парламентарното собрание на ОБСЕ, г. Спенсер Оливер, поднесе извештај за работата на Меѓународниот секретаријат. На Постојаниот комитет му беа презентирани и извештаите за активностите на специјалните претставници за Буџетот на ОБСЕ (г. Петур Блондал), за Југоисточна Европа (г. Роберто Батели), за Централна Азија (г. Кимо Килјунен), за Нагорно Карабак (г. Јоран Ленмаркер) и за Авганистан (г. Мишел Воазан), на адхок Комитетот за Белорусија, како и извештајот од Економската конфреренција на ПС на ОБСЕ посветена на глобалната финансиска криза, што се одржа во мај 2009 година во Даблин, Ирска.

На седницата се дискутираше за набљудувањето на парламентарните избори во Молдавија, Црна Гора и Албанија, како и претседателските избори во Македонија. Потпретседателот на Собранието г-ѓа Пиа Крисмас-Мулер, која го раководеше тимот на набљудувачи од Парламентарното собрание на ОБСЕ, истакна дека претседателските избори[9] во Република Македонија ги исполниле најголемиот дел од заложбите и стандардите на ОБСЕ за демократски избори, како и повеќето услови од националното законодавство, но сепак остануваат одредени предизвици, во врска со точноста на избирачките списоци, бавноста на правните процедури против лицата обвинети за изборни нерегуларности во 2008 година и недостатокот на адекватен надзор на финансирањето на кампањите.

На седницата стана збор и за подготовките на мисиите за набљудување на претседателските избори во Киргистан (26 јули 2009) и на повторените парла-ментарни избори во Молдавија (29 јули 2009).

Во согласност со вообичаената практика, на членовите на Постојаниот комитет им се обрати г. Марк Перин д Бришамбо, генерален секретар на ОБСЕ, кој информираше за активностите на Организацијата и одговараше на прашања од пратениците, во врска со состојбата во Грузија и повлекувањето на мисијата на ОБСЕ, состанокот на министрите одржан на Крф, изборите во Иран и сл.

Постојаниот комитет ги разгледа и едногласно ги усвои амандманите на Деловникот на ПС на ОБСЕ, предложени од Поткомитетот за Деловник. Со Амандманите се обезбедува порамноправна родова застапеност[10] во ПС на ОБСЕ и се регулираат процедурите за предвремено гласање на изборите за функционери на Собранието.

Членовите на Постојаниот комитет усвоија 24 предлози на резолуции за дополнителни точки за 18. Годишна сесија и одлучија Првата комисија да разгледа шест предлози на резолуции, Втората и Третата по осум (во зависност од предложените теми и надлежностите на комисиите), а два предлога на резолуции да бидат разгледани на Пленарната седница на Собранието. Беше одлучено на Пленарната седница да биде разгледана и итна дополнителна точка за состојбата во Иран по изборите и апсењето на вработените во Британската амбасада.

Шефовите на делегациите во Парламентарното собрание на ОБСЕ, исто така дискутираа за претстојните состаноци на Собранието: Есенските состаноци (9 - 12 октомври 2009 година, Атина, Грција), Зимската сесија (18-19 февруари 2010 година, Виена, Австрија) и 19. Годишна сесија (6-10 јули 2010, Осло, Норвешка). Беше одлучено Есенските состаноци во септември 2010 година да се одржат во Палермо, Италија.

## СПЕЦИЈАЛНА ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА

На специјалната пленарна седница, одржана на 30 јуни 2009 година, на членовите на Парламентарното собрание на ОБСЕ им се обратија г. Вигаудас Усакас,

[9] Парламентарното собрание на ОБСЕ набљудува само парламентарни и претседателски избори, а не набљудува локални избори.
[10] Согласно со усвоениот амандман, во секоја национална делегација треба да бидат застапени претставници од двата пола. Засега не се предвидени казнени одредби за делегациите во кои се застапени пратеници од исклучиво еден пол (меѓу кои и Делегацијата на Собранието на Република Македонија).

министер за надворешни работи на Република Литванија и г-ѓа Дора Бакојани, министер за надворешни работи на Грција и претседавач со ОБСЕ.

**Господинот Вигаудас Усакас, министер за надворшни работи на Република Литванија** нагласи дека уникатна карактеристика на Организацијата за безбедност и соробатка во Европа е нејзиниот сеопфатен пристап кон безбедноста, а подобрувањето на евроатлантската безбедност е од заеднички интерес на сите земји учеснички. Тој изрази уверување дека дијалогот за новите закани и предизвици треба да ги вклучува сите земји, а различните перцепции за безбедноста не треба да претставуваат пречка во потрагата по заеднички решенија, доколку се почитуваат вредностите и принципите на ОБСЕ.

Министерот Усакас оцени дека затворањето на мисијата на ОБСЕ во Грузија и ветото од Руската Федерација за Мисијата на ОН во Грузија во голема мерка ја поткопуваат можноста за користење на расположливите механизми за разрешување на конфликти. Според г. Усакас, постои итна потреба за повеќедимензионалното присуство на ОБСЕ и ОН во Грузија, особено во корист на цивилното население.

Литванија смета дека прашањата во врска со транспортот и безбедноста на енергијата треба да заземат позначајно место во агендата на ОБСЕ. Земјата ќе претседава со ОБСЕ во 2011 година и со цел да се постигнат овие заложби и да се обезбеди континуитетот на Организацијата, Литванија тесно ќе соработува со Грција и Казахстан, во формат на Тројка во 2010 година.

На пратениците им се обрати и **г-ѓа Дора Бакојани, министер за надворешни работи на Грција и претседавач со ОБСЕ.** Таа информираше за приоритетите на Грчкото претседавање со ОБСЕ, при што се задржа на три главни прашања: потребата за унапредување на активностите на ОБСЕ во економската и еколошката димензија, целта за градење на трајна стабилност и безбедност во Грузија и процесот за нов дијалог на високо ниво за европската безбедност (Процес од Крф).

Истакнувајќи дека тековната финансиска и економска криза има влијание врз целиот простор на ОБСЕ, г-ѓа Бакојани подвлече дека Грчкото претседателство е подготвено да мобилизира акција во оние области каде што ОБСЕ има мандат и средства за дејствување.

Во врска со состојбата во Грузија, министерот г-ѓа Бакојани нагласи дека Грција посветено продолжува со напорите за изнаоѓање на решение за продолжување на присуството на ОБСЕ во земјата. Таа изрази жалење дека с# уште не е постигнат консензус по ова прашање, што резултираше со затворање на една од најголемите мисии на ОБСЕ истиот ден (30 јуни 2009). Затворањето на Мисијата не значи и крај на присуството на ОБСЕ во Грузија. Организацијата останува активна на теренот, преку активностите на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), Високиот комесар за национални малцинства, Претставникот за слобода на медиумите, Канцеларијата на координаторот за економски и еколошки активности и сл. Од друга страна, ОБСЕ посветено останува во Женевските преговори, кои ги ко-претседава заедно со ЕУ и ОН.

Таа се осврна и на неформалниот министерски состанок одржан на Крф, каде што се дискутирало за основните принципи на интеракција меѓу државите, имплементацијата на заложбите од трите димензии на ОБСЕ, како и за конкретни прашања што се однесуваат на безбедноста во Европа. Дискусиите овозможиле да се лансира нов процес за поструктуиран дијалог, т.н. "Процес од Крф", кој има три главни цели: прво, задржување и подобрување на постојните структури, второ, зголемување на соработката во безбедноста во областа на ОБСЕ и трето, постигнување на максимална имплементација на постојните заложби, вклучувајќи ги разрешувањето на конфликтите и контролата на оружјето.

Госпоѓата Бакојани, која и самата е парламентарец, оддаде признание за работата на Парламентарното собрание на ОБСЕ и оцени дека Собранието игра значајна улога во рамките на ОБСЕ. Таа одржува тесни врски со сите членови на

Грчката Делегација во ПС на ОБСЕ, а шефот на Делегацијата, г. Панајотис Скандаликис, е нејзин личен претставник за прашања поврзани со изборите. Од друга страна, г-ѓа Бакојани го назначила г. Кимо Килјунен, потпретседател на ПС на ОБСЕ и пратеник од Финска, за претставник на Грчкото претседателство за механизми за набљудување на избори.

По излагањето, претседавачот со ОБСЕ одговараше на бројни прашања од пратениците во врска со состојбата во Грузија, особено на полето на човековите права, министерскиот состанок на Крф, дискусиите за новите аранжмани за европската безбедност, состојбата во Иран, трудовата миграција во Централна Азија, можноста за одржување на Самит на ОБСЕ и сл.

## СЕДНИЦИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ

**Првата постојана комисија за политички прашања и безбедност,** одржа седница на 30 јуни, 1 и 2 јули 2009 година. На седницата претседаваше г. Жан-Шарл Гардето, претседател на Комисијата и шеф на Делегацијата на Монако. На членовите на Комисијата им се обрати г. Кнут Волебек, Висок комесар за национални малцинства. Во своето излагање тој се осврна на образованието, учеството на малцинствата во јавниот живот и односите меѓу државите и нивните малцинства што живеат во соседните држави. Господинот Волебек изрази жалење дека судирите меѓу мнозинството и малцинството се уште остануваат нерешен проблем во многу земји на ОБСЕ.

Господинот Рикардо Миљори, шеф на Делегацијата на Италија и известител на Првата комисија ги презентираше извештајот и Предлогот на резолуцијата кои се однесуваат на безбедноста на храната во областа на ОБСЕ, по што следеше дискусија и разгледување на 36 амандмани по Предлогот на резолуцијата, од кои беа усвоени дваесет.

Најголем број од дискутантите се задржаа на светската финансиска криза, порастот на побарувачката и цената на храна, намалувањето на обработливото земјиште, производството на биогорива и сл. Во усвоената резолуција се нагласува дека безбедноста на храната треба да стане врвен приоритет на ОБСЕ. Земјите учеснички во ОБСЕ се поттикнуваат да гарантираат почитување на фундаменталното право на пристап до адекватна и здрава храна, а парламентите се охрабруваат да усвојат фискални мерки и да обезбедат средства за подобрување на животниот стандард во руралните области, со цел да се спречи депопулацијата.

Членовите на Комисијата ги разгледаа и усвоија следниве предлози на резолуции, како дополнителни точки на дневниот ред: "Авганистан" на предлог од г. Мајк Мекинтајер, член на Американската делегација, "Стабилизацијата на безбедносниот сектор и усогласеноста со црните листи на ОН" на предлог од г-ѓа Аса Линдестам, член на Шведската делегација, "Лесно оружје и оружје од мал калибар" на предлог од г. Франсоа-Ксавие д Донеа, шеф на Белгиската делегација, "Обновена дискусија за контролата на оружјето и разоружувањето во Европа" на предлог од г. Ханс Видмер, член на Швајцарската делегација, "Улогата на ОБСЕ во зацврстувањето на безбедноста во регионот", на предлог од г. Олех Билорус, шеф на Украинската делегација и потпретседател на ПС на ОБСЕ и "Трудовата миграција во Централна Азија" на предлог од г. Кимо Килјунен, член на Финската делегација, потпретседател на ПС на ОБСЕ и специјален претставник за Централна Азија. На резолуциите предложени од г. Мекинтајер и г. Д Донеа беа поднесени и усвоени по три амандмани.

На седницата на Комисијата за политички прашања и безбедност беа избрани и членовите на Бирото на Комисијата, чиј мандат започнува по завршувањето на 18-та годишна сесија и трае до завршувањето на 19-та годишна сесија на ПС на ОБСЕ. За претседател на Комисијата беше избран сенаторот Консиљо ди Нино, шеф на Канадската делегација и досегашен потпретседател на Комисијата, за потпретседател

г-ѓа Канан Калсин, член на Турската делегација, а за известител повторно беше избран г. Рикардо Миљори.

Господинот Петрос Ефтимиу, претседател на **Втората постојана комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина** и член на Грчката делегација, претседаваше со седницата на Комисијата што се одржа на 30 јуни, 1 и 2 јули 2009 година.

На седницата се водеше дискусија по извештајот и Предлогот на резолуцијата, поднесени од г. Ивор Карели, известител на Втората комисија и шеф на Ирската делегација, а кои се однесуваат на глобалната економска криза и безбедноста во областа на ОБСЕ. Учесниците во дискусијата се задржаа на последиците од кризата во нивните земји и активностите што се преземаат за справување со истата. По разгледувањето и усвојувањето на 17 од 19 предложени амандмани, Комисијата едногласно ја усвои резолуцијата, во којашто се повикува на силна акција од страна на земјите учеснички, што вклучува поголема регулација на финансиските пазари, но и избегнување на протекционизмот и економскиот национализам. Во резолуцијата, исто така се повикуваат земјите учеснички во ОБСЕ да обезбедат поголема координација во развивањето на кохерентен одговор на кризата. Националните парламенти се охрабруваат да им овозможат на пратениците да се вклучат во меѓународните активности, со обезбедување на финансиски средства во буџетите наменети за учество во работата на меѓународните парламентарни собранија и другите значајни меѓународни настани.

Комисијата разгледа и усвои осум предлози на резолуции, како дополнителни точки на дневниот ред: "Енергетска безбедност" на предлог од г-ѓа Вилија Алекнаите-Абрамикиене, шеф на Литванската делегација, "Даночни раеви" на предлог од г. Жан-Пјер Планкад, член на Француската Делегација, "Соработка во доменот на енергијата" на предлог од г-ѓа Марилуис Бек, член на Германската делегација, "Климатски промени" на предлог од г. Јепе Кодов, член на Данската делегација, "Слободата на изразување на Интернет" на предлог од г. Кристофер Смит, член на Американската делегација и специјален преставник за прашања во врска со трговијата со луѓе, "Менаџмент на водите во областа на ОБСЕ" на предлог од сенаторот г. Џерамиел Графстеин, член на Канадската делегација и потпретседател на ПС на ОБСЕ, "Забраната на ЕУ за производи од фоки" на предлог од г. Консиљо ди Нино, шеф на Канадската делегација и "Слободна трговија во Медитеранот" на предлог од г. Џерамиел Графстеин.

Најопширна дискусија се водеше по Предлог-резолуцијата за енергетската безбедност, предложена од г-ѓа Вилија Алекнаите-Абрамикиене. На оваа резолуција беа поднесени седум амандмани, од кои беа усвоени три. Подлекувајќи ја меѓусебната зависност во полето на енергијата, резолуцијата ја нагласува потребата за диверзификација на изворите за снабдување со енергија, развивање на алтернативни рути за набавка и изнаоѓање на рамнотежа меѓу интересите на производителите и потрошувачите на енергијата.

Резолуцијата за забраната на ЕУ за производи од фоки, по која се водеше дебата во која беа изнасени спротивставени мислења, беше усвоена од Комисијата со тесно мнозинство.

Комисијата усвои три амандмани на Предлог-резолуцијата за климатските промени и четири амандмани на Предлог-резолуцијата за слободна трговија во Медитеранот.

На седницата на Комисијата за економски прашања, наука, технологија и животна средина беа избрани нови членови на Бирото, со мандат од една година. Господинот Ролан Блум, член на Француската делегација и досегашен потпретседател на Комисијата беше избран за нов претседател, г. Ивор Карели, шеф на Ирската делегација и досегашен известител за потретседател и г. Сергиј Шевчук, член на Украинската делегација за известител на Комисијата.

На седницата на **Третата постојана комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања,** што се одржа на 29 јуни, 1 и 2 јули 2009 година година претседаваше г-ѓа Валбурга Хабсбург Дуглас, потпретседател на Комисијата и шеф на Шведската делегација.

Известителот на Третата комисија г-ѓа Наталија Карпович, член на Руската делегација, ги презентираше извештајот и Предлогот на резолуцијата, кои се осврнуваат на новите безбедносни предизвици, како што се: невработеноста, трговијата со луѓе, а особено со жени и деца, експлоатацијата на децата, детската порнографија, педофилијата, вклученоста на децата во криминални активности и сл. На седницата на Комисијата се водеше дебата по извештајот и Предлогот на резолуцијата, како и амадманите поднесени на текстот на Предлогот на резолуцијата.

Комисијата ја усвои резолуцијата во која пратениците се повикуваат активно да ја потпомогнат меѓународната размена на најдобри практики за справување со посебните потреби на ранливите социјални групи.

На седницата на Комисијата беа разгледани и усвоени следниве предлози на резолуции по дополнителните точки: "Заштита на непридружуваните малолетници и борбата против феноменот на питање на децата" на предлог од г-ѓа Лаура Алегрини, член на Италијанската делегација, "Раздвоената Европа повторно обединета: промовирање на човековите права и граѓанските слободи во регионот на ОБСЕ во XXI век" на предлог од г. Роберто Батели, шеф на Словенечката делегација и специјален претставник за Југоисточна Европа, "Мораториум на смртната казна и перспективите за нејзина аболиција" на предлог од г. Матео Мекачи, член на Италијанската делегација, "Породилна смртност" на предлог од г-ѓа Гвен Мур, член на Делегацијата на САД, "Зацврстување на ангажманите на ОБСЕ за слободата на мислење и изразување", на предлог од г. Тони Лојд, шеф на Делегацијата на Обединетото Кралство, "Главни насоки за помош и поддршка на бегалците" на предлог од г. Клаудио Д΄Амико, член на Италијанската делегација, "Соработка за спроведувањето на казнените пресуди" на предлог од г. Клаудио Д΄Амико и "Антисемитизам" на предлог од сенаторот г. Џерамиел Графстеин, член на Канадската делегација и потпретседател на ПС на ОБСЕ. На Предлогот на резолуцијата од сенаторот Графстеин беа поднесени четири амандмани, а на предлогозите на г. Батели и г. Лојд по еден амандман.

Членовите на Комисијата водеа долга и на моменти жестока расправа по Предлог-резолуцијата поднесена од г. Батели. Делегацијата на Руската Федерација и пратениците членови на комунистички партии од пет земји (Грција, Франција, Кипар, Чешка и Сан Марино) остро ја осудија резолуцијата, особено во делот каде што сталинизмот и нацизмот се спомнуваат во ист контекст. Од страна на пратениците комунисти резолуцијата беше оценета како "антикомунистичка" и беше изразен протест што под изговор на борбата против тоталитаризмот, грубо се искривува историјата и комунизмот се изедначува со нацизмот. Исто така, шефот на Руската делегација истакна дека е против осудата на Рибентроп-Молотовиот пакт, потсетувајќи дека токму благодарение на овој пакт, Вилнус и е вратен на Литванија.

Во врска со обвинувањата дека резолуцијата се фокусира на минатото, г. Батели истакна дека целта на резолуцијата е да се преземат обврските и заложбите во полето на човековите права во иднина.

По дебатата, Комисијата ја усвои резолуцијата во која се осудуваат двата тоталитаристички режими од XX век, нацизмот и тоталитаризмот. Во резолуцијата, Парламентарното собрание на ОБСЕ ги повикува земјите учеснички да ги отворат историските и политичките архиви, да спроведуваат политики против ксенофобијата и агресивниот национализам и јасно да го осудат тоталитаризмот. Истовремено, резолуцијата повикува на поголемо почитување на човековите права и граѓанските слободи, дури и во тешките времиња со терористички закани, економски кризи, еколошки катастрофи и масовни миграции.

За претседател на Комисијата за демократија, човекови права и хуманитарни прашања во наредниот период од една година беше избрана потпретседателот г-ѓа Валбурга Хабсбург Дуглас. За потпретседател за истиот период беше избран г. Роберт Адерхолт, член на Делегацијата на САД, а за известител г. Матео Мекачи, член на Италијанската делегација.

## ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА

Пленарната седница на 18-та Годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ се одржа на 2 и 3 јули 2009 година. На седницата извештаи поднесоа г. Ханс Рајдел, благајник и г. Спенсер Оливер, генерален секретар на ПС на ОБСЕ, како и г. Волвганг Гросрук, потпретседател на ПС на ОБСЕ и специјален координатор на краткорочната мисија на ОБСЕ за набљудување на парламентарните избори во Албанија.

На Пленарната седница беше одржана дебата на тема "ОБСЕ: соочување со новите безбедносни предизвици". Во рамките на дебатата, во која учествуваа триесеттина пратеници, се дискутираше за широк спектар на прашања од доменот на надлежностите на ОБСЕ. Најголем број од учесниците во дебатата се осврнаа на европската безбедност, состојбата во Иран, затворањето на Мисијата на ОБСЕ во Грузија, предизвиците во врска со градењето на траен мир и зачувувањето на безбедноста во Авганистан и сл.

На Пленарната седница беа разгледани и едногласно усвоени Резолуцијата за "Зацврстувањето на ОБСЕ" поднесена од претседателот г. Жоао Соареш, Резолуцијата за "Набљудувањето на избори" поднесена од г. Кристијан Миш, член на Швајцарската делегација, како и Резолуцијата по итната дополнителна точка за "Апсењата во Иран".

Во Резолуцијата за зацврстувањето на ОБСЕ се повикува на поголема транспарентност во рамките на Организацијата, со цел да се зацврсти нејзиниот легитимитет и значење. Резолуцијата за набљудувањето на изборите го нагласува значењето на набљудувањето на избори од страна на ОБСЕ и ги повикува земјите учеснички целосно да ги имплементираат критериумите од Копенхаген за демократски избори.

Во рамките на 18-та годишна сесија беа изрании претседател, четворица потпретседатели и благајник на Парламентарното собрание на ОБСЕ. Претседателот г. Жоао Соареш едногласно беше реизбран за втор едногодишен мандат за претседател на ПС на ОБСЕ. Господинот Соареш е член на Парламентот на Португалија од 1987 до 1990 година и од 2002 година до денес, поранешен заменик-градоначалник и градоначалник на Лисабон и поранешен член на Европскиот парламент и на Бирото на ЕП. Тој за прв пат е избран за претседател на ПС на ОБСЕ на 17-та Годишна сесија во Астана, во 2008 година. Член на Парламентарното собрание е од 2002 година, а од 2006 година до изборот за претседател, тој беше потпретседател на Собранието.

Парламенатарното собрание на ОБСЕ избра и четворица потпретседатели[11]: г. Петрос Ефтимиу, член на Грчката Делегација и досегашен претседател на Втората комисија, сенаторот Бен Кардин, шеф на Делегацијата на САД и досегашен потпретседател на Парламентарното собрание, г. Жан-Шарл Гардето, шеф на Делегацијата на Монако и досегашен претседател на Првата комисија и г-ѓа Изабел Позуело, шеф на Делегацијата на Шпанија. Господинот Петрос Ефтимиу, г. Бен Кардин и г. Жан-Шарл Гардето беа избрани за мандат од три години, а г-ѓа Изабел Позуело за мандат од една година.

[11] Парламентарното собрание на ОБСЕ има вкупно девет потпретседатели.

Господинот Роберто Батели, шеф на Делегацијата на Словенија и специјален претставник за Југоисточна Европа, едногласно беше избран за благајник на ПС на ОБСЕ, за мандат од две години.

На пленарната седница беше усвоена **"Декларацијата од Вилнус"**[12], што опфаќа препораки до владите на земјите учеснички во ОБСЕ и содржи 28 резолуции (резолуциите од трите комисии, резолуциите по 24-те дополнителни точки, како и резолуцијата по итната дополнителна точка).

* * * * *

Осумнаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, што се одржа од 29 јуни до 3 јули 2009 година во Вилнус, Литванија ја потврди улогата на Собранието во промовирањето на парламентарното учество и олеснувањето на интерпарламентарниот дијалог и соработка, како и поддршката на јакнењето на демократските институции и придонесот во соработката меѓу институците на ОБСЕ. Во дневниот ред на сесијата беа вклучени прашања за зацврстувањето на ОБСЕ, набљудувањето на избори, безбедноста на храната во областа на ОБСЕ, светската економска криза и социјалните последици од истата. Беа разгледани и прашања во врска со состојбата во Иран, во Авганистан, човековите права и граѓанските слободи, контролата на оружјето и разоружувањето во Европа, трудовата миграција во Централна Азија, безбедноста во полето на енергијата, климатските промени, водниот менаџмент, слободата за изразување на Интернет и аболицијата на смртната казна. На сесијата на пратениците им се обратија највисоките функционери на земјата домаќин и на ОБСЕ.

Во текот на Годишната сесија членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија г. Хисен Џемаили оствари средби и контакти со пратеници од повеќе земји и дискутираше за прашања од заеднички интерес.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 18-та годишна сесија на ПС на ОБСЕ се оствари континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврди интересот за натамошно активно партиципирање на пратениците во активностите на меѓународните парламентарни собранија.

[12] Киевската декларација е достапна на web страната на ПС на ОБСЕ: www.oscepa.org

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржани од 8 до 11 октомври 2009 година во Атина, Грција***

***Скопје, октомври 2009***

*Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), ги одржа есенските состаноци од 8 до 11 октомври 2009 година во Атина, Грција. Целта на овие состаноци е збогатување на меѓупарламентарниот дијалог за важни прашања поврзани со определбите и вредностите на ОБСЕ. Состаноците вклучуваат одржување на Конференција за одредена важна тема, седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ на кои учествуваат шефови на делегации и состанок на Медитеранскиот форум.*

*На есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваше Андреј Петров, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ, Хисен Џемаили и Владимир Ѓорчев членови на Делегацијата и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

Темата на овогодишната конференција "**Регионалната соработка за енергетската безбедност",** донесе учество на 56 делегации, земји учеснички на ОБСЕ.

На почетокот на есенските состаноци, претседателот **Жоао Соареж (Португалија)**, истакна дека одржувањето на изборите во Грција само неколку дена пред конференцијата е уште една демонстрација на демократијата во акција.

Претседателот Соареж ја истакна важноста на темите кои ќе се разгледуваат на конференцијата имајќи предвид дека земјите членки на ОБСЕ се едни од најважните потрошувачи на енергија. Затоа организацијата може да игра клучна лидерска улога на ова поле. Енергетската безбедност и животната средина се интегрално поврзани и се многу значајни за добрите односи меѓу државите. Тој ја поздрави одлично извршената работа на грчкото претседавање во 2009 година и продолжувањето и продлабочувањето на дијалогот за европските безбедносни прашања, кои се нарекуваат "Процесот на Крф". Сепак постојат уште бројни недостатоци во врска со безбедноста во регионот на ОБСЕ за кои парламентарците можат да дејствуваат позитивно за да се надминат овие предизвици за кои претседателот побара повеќе напори од сите чинители во процесот. ОБСЕ има повеќе одлични и напредни политички препораки кои треба да се имплементираат.

**Претседателот на Грчкиот парламент во заминување г. Димитриос Сиуфас**, го истакна долгогодишниот придонес на ОБСЕ за да го промовира мирот и соработката во регионот. Тој се задржа на единствената улога на парламентарците како лидери за развојот кои работат рака под рака со нивните влади. Претседателот Суифас потсети на поврзаност меѓу енергетската безбедност и животната средина и важноста за нивна долгорочна одржливост. Соработката во врска со животната средина не е само приоритет, но исто така и неопходност. Парламентарците имаат важна улога во третирање на овие прашања за кои и самиот Грчки парламент неодамна дискутирал. Тој го охрабри амбициозниот пристап за донесување на нова глобална политика за животната средина во следните месеци. Потребни се уште многу напори не само да се постигне нов договор за редукцијата на емисијата на гасови, туку и за подигнување на свесноста за потребата од преземање на нови обврски.

**Спирос Кувелис**, заменик-министер за надворешни работи во име на грчкото претседателство со ОБСЕ даде краток преглед на приоритетите, како и на предизвиците со кои се соочува грчкото претседавање. Тој забележа дека конфликтот во август 2008 година меѓу Русија и Грузија го ставил на тест системот на постстудената војна. Грчкото претседателство посветило големо внимание на надминување на овие непријателства и за зајакнување на стратешкиот дијалог за европските безбедносни прашања. Тие ќе продолжат да работат за изнаоѓање решение за тешката ситуација во Грузија.

ОБСЕ обезбедува решавања на многу проблеми, но сепак уште многу треба да се направи иако е обезбеден дијалогот меѓу земјите членки на ОБСЕ. Сепак може да се работи и на подобрување на функционирањето на ОБСЕ и изрази надеж дека ќе биде усвоена ефикасна министерска декларација која ќе се потпре на следното казахстанско

претседавање со ОБСЕ. На крајот тој побара поддршка од ПС на ОБСЕ и ги охрабри членките да продолжат да работат во нивните национални парламенти.

**Панајотис Скандалакис, шеф на Делегацијата на грчката делегација во ПС на ОБСЕ** истакна дека прашањата за енергијата и животната средина се високо релевантни за регионот. Влијанието на климанските промени може да се почувствува и затоа мора да се вложуваат повеќе напори за надминување на овие проблеми. Недостатокот на храна и чиста вода за пиење, како и зголемувањето на нивото на морињата не е само прашање за животната средина туку и тоа има влијание врз целокупната безбедност. Тој го посочи примерот на Парламентот на Малдивите кој се обиде на оргинален начин да ја подигне свесноста за зголемувањето на нивото на водите и влијанието врз нивната земја.

**Петрос Ефтимиус, потпретседател на ПС на ОБСЕ** истакна дека оваа конференцијата се одржува навреме пред Конференцијата за климатските промени закажана за Копенхаген во декември 2009 година. Климатските промени креираат нова политичка реалности и имаат драматично социјално влијание, кое мора сериозно да се разгледа. Мора да се постигне широк договор меѓу водечките земји ако сакаме да продолжиме со животот за кој вреди да се живее, рече тој. Тој побара намалување на емисијата на гасови за најмалку 50% и побара единствена акција, како што тоа светот го направи со борбата против тероризмот. Во тој поглед тој побара фокусирање на "спречувањето" како пристап кој е поефикасен и помалку чини и посочи дека светот повеќе не може да ја игнорира борбата против климатските промени.Иако решавањето на овој проблем има политичка цена сепак е потребен долгорочен договор.

## Прва сесија - Регионална соработка за енергетската безбедност

Сесијата ја водеше **Петрос Ефтимиус (Грција),** претседавач на Генералниот комитет за економски работи, наука и технологија.Тој повторно ја повтори големата важност на оваа тема за Евроазија и за регионот на ОБСЕ генерално. Тој ги цитираше светските лидери во врска со енерегетската безбедност кои повикуваат на меѓузависност што ќе ги направи земјите и другите фактори помалку да бараат повисоки цени и да влијаат на снабдувањето на енергетските пазари кои се често изманипулирани.

Ефтимиус истакна дека снабдувањето со нафта може да предизвика сериозни потреси во економиите на државите, што пак индиректно влијае на другите индустрии и затоа земјите учеснички на ОБСЕ треба да го поделат товарот и меѓусебно да се помагаат. Тој го поздрави присуството на експерти и претставници од Русија и од Украина и го истакна значењето на дебатите за енергетската безбедност во Собранието на ОБСЕ.

**Д-р Влодимир Саприкин,** директор на програмата за енергија на Центарот за економски и политички студии Разумков од Украина во својата презентација се фокусираше на "триаголникот за обезбедување енергија" мислејќи на Русија како производител од една страна, Украина како транзитна земја од друга и земјите на ЕУ како потрошувачи. Иако трите партнери во овој процес се заинтересирани да ја зголемат безбедноста на техничките системи и да ги намалат политичките фактори, тие исто така се обидуваат да ги заштитат своите контравезни цели.

Во врска со влијанието на економската криза и планот на ЕУ за намалување на потрошувачката на енергија за 20% до 2020 година, д-р Саприкин изрази сомневање во европското побарување за дополнителни 270 билиони кубни метри гас за да бидат трансферирани низ гасоводите. Тој малку се задржа на Набуко и Јужниот Проток како главно сугерирани решенија со цел да се добијат алтернативни патишта на снабдување на енергија за Европа. Предизвиците со кои се соочува проектот Набуко се политички, технолошки и правни што зборува за нивната комплексност. Тука ја спомена Иранската нуклеарна програма, недефинираниот статус на Каспиското Море, недостаток на договор со Туркменистан и други релевантни еколошки експертизи.

Проектот на Јужниот Проток е најконтроверзен, првенствено поради отсуство на крајната рута и релевантна технолошка документација, како и нејасна комерцијална физибилити студија. Имајќи ги предвид скапите конструкции на подводните рути како и фактот дека Јужниот Проток треба да го однесе гасот по рути кои веќе постојат, д-р Саприкин го истакна значењето на искористувањето на постојните украински рути како поисплатливи од економска гледна точка. Споменувајќи дека Набуко и Јужниот Проток имаат исти целни групи, тој побара ревизија на планот на новите рути на ниво на државите на ЕУ и на компаниите за гас.

Тој, исто така посочи на контраверзноста на енергетската безбедност во ЕУ. Имено додека европските авторитети повикуваат на намалување на европската зависност од гас, секоја земја членка предложените нови рути за снабдување со гас ги гледа од призма на сопствени интереси. Бидејќи отсуствува снабдувач на гас за Набуко, главните енергетски компании ја насочуваат Европа во уште поголема зависност од единствен снабдувач на гас, поткопувајќи ги обидите за диверзификација на европското снабдување  со гас.

Забележувајќи ја монополистичката зависност од украинскиот и рускиот гас, нафтата и нуклеарната сила, д-р Саприкин го критикуваше отсуството на принципиелни транзитни договори за гасот меѓу Украина и Русија и повика на правна реформа и либерализација на пазарот на украинскиот гас.

Тој заклучи дека се надева на поголема меѓусебна доверба на триаголникот ЕУ-Украина-Русија и дека тие ќе најдат начин за автентично партнерство кое ќе спречи идна гасна војна.

**Сергеј Комлев**, директор на Директоратот за склучување договори и формирање на цени при руската компанија "Гаспром", зборуваше колку  широката примена на природниот гас може да ги олесни решенијата за целите на европските енергетски политики. Тој покажа загриженост за  некомпатибилност меѓу потребата од намалување на емисијата на  ЦО2 за 385 милиони тони и европското барање за дислоцирање на гасоводите за снабдувањето со природен гас што не се исплатливи проекти.

Господинот Комлев истакна дека природниот гас е најчистото фосилно гориво и е најконкурентно во однос на нуклеарната енергија и другите извори на обновлива енергија. Понатаму тој се фокусираше на недостатоците кои ја опструираат широката употреба на природен гас во Европа и ги спореди со "три фобии" кои постојата околу "Гаспром". Првата е дека "Гаспром" е продолжена рака односно извршител на руските владини политички цели, но тој нагласи дека таа е чисто бизнис организација со чисти бизнис цели. Забележа дека Руската влада не би сакала да ги загрози своите интереси затоа што 20% од даноците во рускиот буџет се полнат од продажбата на гас. Втората фобија дека "Гаспром" ја уништива конкуренцијата на гас на европскиот пазар не е точна затоа што "Гаспром" снабдува само 25 % од вкупните потреби на гас во Европа и на тој начин тој ја зајакнува конкуренцијата на пазарот. Наспроти тоа тој ги критикуваше западните влади за правење на политички притисок за бизнис активностите, особено по конфликтот со Грузија во август 2008 година. Како одговор на третата фобија за Русија како добавувач во кои се нема доверба, г. Комлев го критикуваше украинскиот однесување во текот на гасната криза во 2006 и 2009 година, која се темелеше на немањето на волја на земјата да се трансферира на пазарни цени на гасот. На крајот тој истакна дека фобиите за "Гаспром" и за природниот гас водат кон носење на неадекватни политички одлуки кои завршуваат со најскапи и неефикасни акциони планови. Тој повика на блиски врски меѓу Европа и Русија како средства за зајакнување на националните економии и животниот стандард на сите.

Во дискусија што следеше настапи и **Андреј Петров**, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија. Тој во име на Собранието се заблагодари на гостопримството на домаќините, односно на Грчкиот парламент за организацијата на оваа исклучителна важна конференција за енергетската безбедност и животната средина.

Соработка во областа на енергетиката, а особено регионалната соработка, во се уште ранливите региони каков што е балканскиот, не е само што е важна туку јасно и

недвосмислено покажува колку е таа нужна претпоставка за развој, интеграција и вклучување на регионот во тековите на Европската унија.

Тој истакна дека токму во Атина во 2005 година се потпиша договорот за основање на енергетската заедница за регионална соработка на седум држави од регионот. На овој начин, државите потписнички се обврзаа дека ќе формираат интегриран пазар на електрична енергија и природен гас, ќе создадат правна и регулаторна рамка за пазарот на енергија, кој ќе функционира според правилата применливи во ЕУ, а со цел за идно интегрирање во ЕУ.

Долгорочните цели за развој на енергетските дејности за обезбедување на сигурност во снабдувањето на енергијата, преобразбата на енергетскиот сектор, потоа поттикнувачките мерки за инвестирање во обновливи извори на енергија како и зголемувањето на енергетската ефикасност Република Македонија ги вгради во Стратегијата за развој на енергетиката која се очекува да биде усвоена до крајот на 2009 година.

Заради обезбедување на потребите од електрична енергија, Република Македонија презема интензивни активности и за привлекување на странски и домашни инвестиции во енергетскиот сектор. Битно значење во овој сегмент имаат преносливите енергетски објекти за преземање активности за изградба на интерконекции со енергетските системи на соседните земји. Се верува дека нивната изградба ќе овозможи зголемување на протокот на електрична енергија во регионот и ќе придонесе кон развој на регионалниот пазар на електична енергија.

Како значаен сегмент на енергетската безбедност се смета и гасификацијата на Република Македонија и затоа се поддржуваат сите регионални иницијативи за промоција на новите гасни инфраструктури. Доминантно место во Студијата за регионална гасификација на Југоисточна Европа има идејата за изградба на регионален гасоводен прстен, кој ја обединува нашата земја со другите земји од регионот.

Се работи и на подобрување на законската регулатива за обновливи извори на енергија што ќе придонесе за поголемо зачувување на животната средина преку намалување на емисиите на стакленички гасови, што е од посебно значење кон остварување на целите дефинирани во Националната стратегија за механизмот за чист развој за првиот период на обврски според Протоколот од Кјото, а се верува уште повеќе со Копенхашкиот процес.

Тој изрази верба дека со јакнењето на заедничка соработка и поддршката од страна на ЕУ ќе се имплементираат одлуките донесени на значајните средби и ќе се успее на идните генерации во регионот да им се остави перспективна иднина.

На крајот уште еднаш од говорницата од Атина испрати позитивни порака дека Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ, а во очекување на датум за отпочнување на преговорите за членство во Унијата, е подготвена за поголема соработка, дијалог и надминување на сите прашања што го попречуваат целосното интегрирање на земјата во европските и евроатлантските структури.

**Втора сесија - "Климата и политиката на животната средина - патот до Копенхаген"**

Со оваа сесија претседаваше **г-ѓата Пиа Крисмас Молер (Данска)** која ја истакна важноста на Конференцијата на ООН за климатските промени, која ќе се одржи во Копенхаген во декември. Таа ги охрабри пратениците да поддржат амбициозен

договор во нивните национални парламенти, велејќи дека пратениците имаат посебни одговорности. Пратениците се избрани да имаат лидерска улога и треба да имаат храброст да уредат некои работи во име на идните генерации. Таа рече дека претстојната конференција е последна надеж за акција за итните проблеми со климатските проблеми и дека цената за непостигнување на договор во Копенхаген е толку голема што ниедна земја не може да си го дозволи тој луксуз.

**Бенјамин Кардин**, потпретседател на ПС на ОБСЕ и претседавач на Хелсиншкиот комитет на САД, ги истакна безбедностните ефекти од климатските промени, особено честите суши водат кон слаби жетви и можат да предизвикаат недостаток на храна и конфликт во места каде што луѓето веќе се борат за да преживеат. Тој ги спомена вонредните предизвици со кои се соочуваат светските лидери поради економската криза. Она што се заборава е дека заживувањето на глобалните економии е многу поврзана со решавањето на енергетските предизвици. Добра новина е тоа што со решавањето на нашите предизвици на енергетската безбедност може да се зголемува економија и да се направи почиста животната средина.

Господинот Кардин, исто така даде преглед на актуелните акции неодамна преземени од Сенатот на САД. Во врска со претстојната конференција на ООН за климатските промени, сенаторот истакна дека секој треба да признае дека повеќе од итни се акциите кои треба да се преземат и тој ќе ја задолжи неговата земја САД да биде лидер во редукцијата на емисијата на гас и да биде лидер во Копенхаген за посилни можни резултати. Тој понуди воведување на засилени механизми со договорот од Копенхаген со што секоја земја ќе ја преземе одговорноста и ќе придонесе за редукција на CO2.

**Димитрис Варваргиос**, поранешен потпретседател на Посебната постојана комисија за заштитата на животната средина на Грчкиот парламент во своето обраќање истакна дека е потребна силна меѓународна акција. Светот живее во еден екосистем кој има одредени лимити и потрошливи ресурси. Животната средина и нејзиното управување не е само технички проблем, но политички и стратешки со последици по безбедноста и стабилноста на регионално и меѓународно ниво.

Тој нагласи дека климатските промени се најголемата закана за човештвото, глобалното затоплување е факт и мора да се преземе акција веднаш. Тој се осврна на препораките на светската научна комисија за редукција на ефектот на стаклени градини за повеќе од 50 % до 2050 година во споредба со нивото од 1990 година со цел да се стабилизира состојбата. Ги потенцираше разурнувачките последици на настанатите промени кои веќе се случиле, како што се нарушување на нивото на водите и појава на суши и глад и предупреди дека наскоро светот ќе има еколошки бегалци од одредени делови на светот, потоа ќе се намали биодиверзитетот и ќе се случи уништување на земјиштето. Тој искажа оптимизам дека државите со поголеми емисии ја сфаќаат важноста на постигнување на договор во Копенхаген и велат дека сега е време работите да се придвижат од декларативни во конкретни активности со конкретна временска рамка. Тој нагласи дека учеството и придонесот на земјите во развој е суштинско за успех на конференцијата.

Во дискусијата што следеше се нагласи потребата од правилна распределба на товарот меѓу развиените и земјите во развој. Иако развиените земји треба да го понесат лидерството, земјите во развој треба да бараат да развиваат нови технологии кои се погодни за животната средина. Се побара менување на однесувањето и вредностите насекаде во светот. Членовите се политички подготвени да го поддржат и да го потурнат договорот од Копенхаген заедно со нивните влади. Тие дискутираа и за можно донесување на одредени механизми, правејќи ги границите обврзувачки со преземање на одредени санкции во случај на повеќе емитирање гасови.

Пратениците дискутираа и за алтернативни енергетски извори како што се Аралското Море, ситуацијата на Артикот и Медитеранскиот регион.

## Трета сесија - "Оптимално искористување на природните ресурси за човековата безбедност"

Оваа сесија ја отвори и со неа претседаваше **г. Волфганг Гросрук**, кој го истакна значењето на оваа тема и ги охрабри пратениците да ги истакнат човековите перспрективи за загриженоста и решенијата за еколошките проблеми.

**Касим Јомарт Токаев**, претседавач со Сенатот на Република Казахстан и потпретседател на ПС на ОБСЕ ги потсети членовите на опасноста од занемарување на научените лекции од минатото. Посочувајќи на важноста од сеопфатен пристап кон енергијата, тој ги охрабри сите земји како производители, транзитни или потрошувачки да ги преземат потребните мерки. Укажа на напорите што ги презема Казахстан за да се фокусира на развојот на обновливи извори на енергија и ја спомена нуклеарната енергија како можно решение. Тој го спомена и значењето на водите како клучни ресурси кои мора да бидат зачувани. Повика на донесување на правна рамка за дистрибуцијата на водата во Централна Азија. Во врска со управувањето со водите, Казахстан би сакал да биде домаќин на истражувачки центар за оваа поблематика. Со посебните проблеми на Аралското Море, тој укажа дека е направен одреден прогрес, но уште многу треба да се направи. Казахстан го ратификувал Протоколот од Кјото и се надева дека ќе постигне договор за идните чекори во Копенхаген во декември. Се работи на стратешки договор со ЕУ за прашањата на нафтата и на гасот и земјата има конструктивни односи со Русија и Кина.

На крајот забележа дека Казахстан со задоволство ќе го преземе претстојното претседавање со ОБСЕ во текот на 2010 година.

**Горан Свилановиќ**, координатор на економските и еколошките активности на ОБСЕ изрази целосна поддршка на препораките усвоени од ПС на ОБСЕ во Декларацијата од Вилнус, забележувајќи дека рационалната употреба на енергија е многу важна. Со оглед на тоа што производството на нафта ќе заврши за 35 до 40 години, мора да се бара одржлива употреба на истите.

**Теодорос Пангалос**, потпретседател на Владата на Грција и претседавач со Политичкиот комитет на Собранието за Европска безбедност и одбрана зборуваше за различните нивоа на преземени еколошки напори и покрај политичките промени во Грција. Тој понатаму дискутираше за зголеменото влијание на одлучувачките тела во Брисел во полето на политиката на земјоделството, ресурсите со вода и енергијата во сите земји членки на Унијата. Некои полиња мора да се разгледуваат на меѓународно ниво, вклучително и нуклеарното разоружување и глобалните здравствени пандемии. Многу ресурси не се обновуваат и потребно е добро менаџирање со нив и затоа новата Грчка влада ја приоретизира "зелената" агенда, вклучително и напорите за управување и заштеда на енергија и на водните ресурси.

Во дискусиите што следеа, пратениците ја подвлекоа потребата од зголемени политички обврски со цел да се справат со критичките еколошки прашања кои беа покранати од говорниците. Беше истакнато дека се потребни натамошни чекори од страна на меѓународните организации кои се справуваат со овие проблеми. Покажаа загриженост за нуклеарните тестирања и производството на нуклеарна енергија, како што се и проблемите со врска со можноста од корупција во индустриите за природни ресурси. Влијанието на енергетските проблеми и еколошката загриженост кај мал дел од популацијата исто така беше истакнато.

## Постојаниот комитет

Во неговата работа учествуваа 56 шефови на националните делегации и членови на Бирото. Претседателот **Соареж** ги поздрави учесниците и даде преглед на

активностите кои се случиле од годишната сесија во Литванија, повторувајќи дека излегува неделен весник "Новости од Копенхаген" и дека тоа е одличен начин да се следат активностите на Собранието. Претседателот ги информира членовите за своите следни планови, вклучително и контактите со претстојното претседателство во 2010 година. Тој лично ќе ја предводи парламентарната мисија за набљудување на изборите во Украина.

**Роберто Батели** го пренесе својот прв извештај на Постојаниот комитет како благајник. Тој побара земјите да ги надмират своите обврски околу буџетите како што тоа го прават веќе 17 години. Тој имал посета на Секретаријатат на ПС на ОБСЕ во Копенхаген и изрази благодарност до генералниот секретар Спенсер Оливер за постојаната работа на Собранието на ефикасен и економичен начин.

**Спенсер Оливер** изрази благодарност до Данскиот парламент за нивната поддршка на Секретаријатот. Генералниот секретар даде посебна благодарност до Ханс Рејдел и Џери Графстин кои наскоро ќе го напуштат Собранието. Во врска со претседастелските избори во Киргистан, **Мортен Хоглунд** истакна дека не се задоволени основните и клучни препораки на ОБСЕ, иако имало и некои позитивни елементи и исто така забележана е добра соработка меѓу ПС на ОБСЕ и ОДИХР.

Потпретседателот **Петрос Ефтимиус** извести за изборите во Молдавија дека голем број од препораките се исполнети, но дека сепак е потребно подобување. Извести за тешкотиите во соработката со Делегацијата на Европскиот парламент. **Волфганг Гросрук** извести за посетата на Албанија по јунските избори.

На крајот на есенските состаноци на 10 октомври се одржа Медитеранскиот форум на ОБСЕ со особен акцент на неговите перспективи и предизвици. Меѓу другите учесници настапи и пратеникот **Владимир Ѓорчев**, член на Делегицијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на ОБСЕ. Тој нагласи дека Медитеранскиот дијалог е ретка можност да им се помогне на земјите во регионот за градење на заедничко разбирање и истакна дека е потребно да се стимулираат потенцијалите и да се поддржуваат регионалните иницијативи.

Понатаму тој ги поздрави скорешните изјави на високи европски лидери за европско интегрирање на сите балкански земји и испрати позитивни пораки до новото грчко раководство со надеж дека ќе дејствува во правец на надминување на билатералните прашања.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија***

***ИЗВЕШТАЈ***

***од регионалниот семинар за Конвенцијата на правата на лицата со посебни потреби одржан на 27 и 28 април 2009 година во Лондон***

***Скопје, јуни 2009 година***

*Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на регионалниот семинар за Конвенцијата на правата на лицата со посебни потреби на ООН што се одржа на 27 и 28 април 2009 година во Лондон. Семинарот беше во организација на Интерпарламентарната унија и Британскиот парламент. Делегацијата ја сочинуваа пратениците: Јани Макрадули, потпретседател на Собранието на Република Македонија и член на Делегацијата во ИПУ, Тахир Хани, член на Делегацијата во ИПУ, како и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

*Семинарот беше посветен на запознавање на пратениците и подигнување на нивната свест за потребата од ратификација на Конвенцијата на правата на лицата со посебни потреби како важен договор за унапредување на човековите права. Целта на конвенцијата е да се обезбеди лицата со посебни права да ги уживаат истите права и можности како и другите и да можат да ги водат своите животи како рамноправни граѓани кои даваат голем придонес за општеството, ако им се даде еднаква можност како и на другите.*

*Семинарот се одвиваше во пет сесии со презентации на истакнати експерти кои работат на оваа област. Во извештајот е даден приказ на дискусиите по сесии.*

**Прва сесија - Зошто е потребна новата Конвенција за лица со посебни потреби?**

**Мухамед Ал Таранех, претседател на Комисијата за права на лица со посебни потреби,** објасни дека не би имало потреба од нова конвенција доколку лицата со посебни потреби би ги уживале истите универзални човекови права како сите други потреби. Постојат конвенции за правата на жените и децата и против расна дискриминација и донесувањето на оваа конвенција е само продолжување на регулирањето на оваа област. Оваа конвенција има за цел да ги премости празнините кои се јавуваат во декларациите за човековите права и да ја охрабри примената на универзалните човекови права без разлики. Лицата со посебни потреби имаат права само на хартија, додека во практиката тоа често не е така, но нагласи дека е потребно да се дефинира значењето на терминот "лица со посебни потреби". Новата конвенција се базира на развоен концепт во кои се нагласени бариерите со кои се соочуваат овие лица од ставот на општеството кон нив. Овие бариери го оневозможуваат нивното учество во општеството и ваквата дефиниција прави разлика од дефиницијата во која се вели дека овие лица се предмет на милосрдие и медицинско внимание која се користела во минатото. Тој побара Британскиот парламент да ја ратификува оваа конвенциајта што побрзо.

**Маријана Шулц, советник за човековите права од Австрија,** потсети дека во Универзалната декларацијата за правата се вели дека треба да постои еднаквост меѓу сите луѓе но сепак не се споменуваат лицата со посебни потреби. Затоа оваа нова Конвенција служи како мост меѓу цивилните и политичките права, како и меѓу економските и социјалните и треба да служи како основа за промена на менталитетот на сожалување кон овие лица, па се до целосно уживање на нивните права. Конвенцијата промовира, заштитува и обезбедува целосно и еднакво уживање на човековите права и фундаменталните слободи за сите лица со посебни потреби - затоа што постои експлицитно нагласување за заштита на овие права. Таа посочи дека доколку би постоела дефиниција во Конвенцијата за лица со посебни потреби таа би можела да содржи одредени услови, но не би требало да биде лимитирана само на тие што се споменати. Во рамките на оние кои не се дефинирани, употребата на медицински третман е очекувана, но не треба да биде единствена, бидејќи потоа е потребно поголемо социјално нагласување.

За да се спречи дискриминацијата, во Конвенцијата се нагласува важноста од комуникацијата и од потребата за приспособување. Иако со Конвенцијата не се предвидуваат нови права, сепак со неа се подигнува свеста за лицата со посебни потреби, се охрабрува меѓународната соработка и се предвидува мониторинг на процесот.

Во дискусијата што следеше се посочија следниве тешкотии околу примената на Конвенцијата:

- преводот на Конценцијата на други јазици е проблематичен, на пример, во германскиот јазик зборот вклучен (лицето е дел од општеството), се преведува како интегриран (лицето треба да се приспособи на општеството);
- во општествата постои значајно позитивно придвижување на јавната свест кон инвалидитетот;
- парламентите треба да се охрабрат да ја ратификуваат Конвенцијата и да го потпишат Дополнителниот протокол. Ратификацијата е важна, но во реалноста сепак се останати многу социјални бариери кои треба да се надминуваат. Ова е особено нагласено во земјите во развој кадешто и нема адекватни механизми за поддршка;
- промената на ставот кон инвалидитетот мора да биде поддржана како од законодавството, така и од образованието и
- треба поголема концентрација на способностите што ги поседуваат овие лица отколку на неспособностите.

**Што содржи Конвенцијата?**

**Лордот Рикс, претседател на МЕНКАП, организација во Обединетото Кралство за помош на лица со пречки во развојот,** преку своето лично искуство во врска со својата ќерка која страда од Даунов синдром, во голема мера е вклучен во кампањата за правата на лицата со пречки во развојот. Иако постои прогрес од времето кога е донесен Медицинскиот акт за недостатоци од 1950 година, лицата со пречки во развојот сé уште се соочуваат со значајна дискриминација. Актот за дискриминација на инвалидите од 1955 година се заснова на тоа дека сите лица имаат еднакви права, но со цел да се постигнат права за сите, потребно е луѓето да се третираат различно.
Тој посочи дека Конвенцијата е применлива во сите земји. Во Велика Британија постои тенденција на кршење на законодавството за дискриминација. Како пример тој го наведе кршењето на одредбите за здравствените услуги за лица со пречки во развојот и тешкотии со учењето во секојденевниот живот. Во образованието, малтретирањето е најголем проблем за лицата со пречки во развојот и повеќето школи немаат посебни програми за овие деца.Конвенцијата ја нагласува важноста од обуката со цел да се надминат овие проблеми.

**Сајмон Волкер, претставник од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (Секретаријат на Конвенцијата)** истакна дека главен фокус на Конвенцијата е дискриминацијата и еднаквоста и менувањето на ставот на општеството за овие прашања.

Тој нагласи дека како прво Конвенцијата ја нагласува важноста на индивидуалните принципи. Второ, таа ги нагласува обврските на државата кон лицата со инвалидитет и навреме да се ревидира ставот на ова прашање.

Планирањето е клучно за имплементација на општеството, со цел да се обезбеди навремено алоцирање на средствата. Со Конвенцијата не се предвидуваат нови права, но се појаснува што организациите мораат да направа со цел да ги исполнат правата и да обезбедат начин за уживање на овие права, преку подигнување на свеста и рехабилитацијата. Пристапот до правосудството е особено важно прашање со тоа што им дозволува на лицата да влезат во правниот систем.

Националниот мониторинг е исто така важен аспект на Конвенцијата.

**Синтија Вадел, консултант од САД за ИТ,** посочи дека можноста да се има информатички пристап за инвалидите е едно од најважните принципи на Конвенцијата. Пристапноста значи да се преземат соодветни мерки за да се обезбеди пристап на еднаква основа со другите лица во просторот во кои се живее. Неуспехот да се обезбеди пристап води кон дискриминација. Пристапноста ги охрабрува лицата со инвалидитет и промовира инклузивност.

Ова може да се спореди со значењето на "универзален дизајн" - кој обезбедува производите и програмите да бидат користени од сите во голем степен без адаптација.

Пример за ова е електронското читање на текстови од говори. Информатичката технологија е многу важно средство што им овозможува на лицата со инвалидитет да учествуваат во секојдневниот живот.

Во дискусијата што следеше стана збор за авторските права во САД во врска со употребата на текстовите од говорите за електронските книги. Некои издавачи реагирале дека со употребата на снимен глас за електронските книги се нарушуваат нивните авторски права и одбиваат да даваат дозволи нивните текстови да бидат употребени за овие цели.

Понатаму во дискусијата се истакна дека политичките, социјалните и еконимските права за лицата со посебни права се испреплетуваат.

**Втора сесија - обврските на државите што произлегуваат од Конвенцијата**

**Жосе Дорија, секретар од Комисијата на лицата со посебни потреби,** посочи дека Конвенцијата влегла во сила во мај 2007 година. Од тој период се јавиле и проблеми во врска со разликите на меѓународното и националното право во врска со Конвенцијата. Таа посебно ги нагласува обврските на државите кон овие лица. Во теоријата сите имаат еднакви права, но во практиката постои дискриминација поради општествени и инфраструктурни недостатоци. Оваа конвенција е од посебна природа и треба да помогне да се надминат проблемите.

Согласно со Конвенцијата, основни обврски на државите се да промовираат, исполнуваат и заштитуваат. Почитувањето значи дека самите држави не треба да ги загрозуваат правата на своите граѓани со некоја акција или исклучување. Промовирањето значи дека зголемување на свесноста за проблемите и организирање на обуки. Исполнување на правата значи помагање во имплементацијата на правата и наоѓање извори за нивна реализација. Заштитата значи заштитување на поедниците од злоупотреба на нивните права било во приватната или јавната сфера.
Дополнителниот протокол содржи механизми со кои граѓаните можат да се жалат на потенцијалните злоупотреби на нивните права. Сепак, државите треба да направат напори да ги исполнат нивните права со добра волја.

**Каролин Елис, од организацијата РАДАР,** истакна дека Конвенцијата значи напредок и содржи значајни обврски за државите. Организациите треба да ги охрабрат нивните влади да ја ратификуваат истата колку што е можно порано. Конвенцијата ќе им помогне на лицата со посебни потреби само ако е ратификувана и затоа забрзувањето на овој процес е добро. Групите за лица со посебни потреби треба да работат заедно со парламентарците во согласност со правниот систем за да се обезбеди примена на Конвенцијата. Потребен е план за имплементација на Конвенцијата и потребно е организациите да ги искажат своите потреби на Владата. Владите пак треба да ги минимизираат своите резерви или сомнежи околу Конвенцијата. Мора да се обезбеди и финансирање на организациите и обука за лицата кои работат на оваа проблематика.

Свесноста за целиот процес е особено значајна инаку Конвенцијата е бесмислена.

**Ана Бег, пратеник во Британскиот парламент,** истакна дека Обединетото Кралство е премногу внимателно во својот пристап кон имплементацијата на Конвенцијата. Постои голем процеп меѓу политиката и имплементацијата. Со цел луѓето со посебни потреби да имаат исти права како сите останати, тие треба да се третираат различно, како и да се направи приспособување во физичкиот пристап. Државите имаат потреба од силни парламенти со разновиден состав, кои вклучуваат повеќе жени-парламентарки, поголема е вклученоста на етничките заедници и на лицата со посебни потреби. Политичките партии треба да вклучуваат повеќе кандидати за пратеници од лицата со посебни потреби.

Во дискусијата што следеше се истакнаа следниве размислувања:

- пристапот кон образованието е главна грижа за децата со посебни потреби. Дали децата треба автоматски да бидат ставени во заедничкиот систем со посебни

одредби кои ќе се однесуваат на нив или треба да се понудат посебни училишта за нив;
- усвојувањто на посебно антидискриминаторско законодавство за лица со посебни потреби, кога многу други групи се соочуваат со дискриминација може да биде проблематично и
- има потреба лицата со посебни потреби да бидат вклучени во комисии и други работни тела со цел да бидат поефикасни.

**Трета сесија - Кои права се опфатени со Конвенцијата?**

**Дијана Мулиган, член на Комисијата за еднаквост и човекови права, Парламент на Обединетото Кралство**

Конвенцијата опфаќа забрана на сите видови дискриминација врз основа на инвалидитетот. Таа нагласи дека за да се промовира еднаквоста треба да се предвидат сите потребни чекори. Овие чекори се дефинираат како реално приспособување. Луѓето со посебни потреби не треба да се третираат на еднаков начин туку треба да имаат различен третман со цел да имаат пристап кон нивните права. Британското законодавство значително прогресирало во текот на последната декада, имајќи го предвид реалното приспособување. Конвенцијата помага да продолжи овој тренд.

**Сајмон Волкер, претставник од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (Секретарија на Конвенцијата)** посочи дека членот 12 има особено значење во Конвенцијата затоа што го обезбедува правото на еднаквост пред законот, како што е правото да се избере медицински третман. Правниот капацитет значи капацитет за да се имаат права да се дејствува во смисла на преземање финансиски трансакции и стапување во брак. Со Конвенцијата се обезбедува овој капацитет. Државите треба да ги поддржат лицата со посебни потреби да имаат правен капацитет. Државите мора да бидат внимателни кога прават разлики меѓу обезбедување поддршка и поддржување за донесување на одлуки. Мора да се обезбеди дека крајната одлука ја носи лицето со посебни потреби а не неговиот заштитник.

**Камила Паркер, советник за лица со посебни потреби,** независното живеење е клучното право на инвалидните лица и тоа право е опфатено во членот 19 на Конвенцијата. Во членот се наведува дека овие лица имаат еднаков избор, контрола и слобода како и сите други граѓани. Сепак, неодговорно е да се очекува дека овие лица можат да живеат непомогнати. На лицата со посебни потреби мора да им се даде можност да живеат во општествата и да имаат избор каде ќе живеат. Во многу земји нема алтернативи за институционалната грижа. Владите мора да обезбедуваат пристап до основните услуги за сите инвалиди и да обезбедат интеграција во општеството.

Во дискусијата што следеше се покренаа следниве прашања:
- дали лицата со посебни потреби кои имаат ментален капацитет за одлучување можат да бидат издвоени? На тој начин се покренува прашање за самозаштита спротивно на прашањето за заштита на правата. Како ќе се обезбеди дека лицата имаат адекватен капацитет да одлучуваат?
- во заштита на нивните права некогаш е потребна борба против лицата чии намери се добри и тоа може да биде проблематично и
- културни промени мора да се случат. Овие промени треба да се прошират на одредбите за поддршка на инвалидите во нивните сопствени домови.

**Четврта сесија - Мониторинг на Конвенцијата, механизмите за мониторинг на Ковенцијата и на национално ниво**

**Луис Галегос, амбасадор на Еквадор во САД, поранешен претседавач со Ад хок комисијата на меѓународната конвенција за правата на лицата со посебни потреби,** посочи дека Конвенцијата креира единствен јазик за лицата со посебни потреби. Тоа помага да се покаже дека иако е малцински проблем во иднина ова

прашање ќе влијае на мнозинството. Целта на мониторингот е да се обезбеди дека владите ги извршуваат своите обврски.
Дополнителниот протокол е механизам со кој некои жалби од лицата со посебни потреби за активности кои не ги исполнила нивната држава можат да бидат доставени до Комисијата. Значењето на овој протокол е да се обезбеди дека лицата имаат можност да ги добијат нивните права. Таа истакна дека Конвенцијата ги приморува општествата да се преиспитуваат себеси со цел да ги исполнуваат своите обврски кои инвалидните лица.

**Цветко Уршиќ, член на Комисијата за мониторинг за правата на лицата со посебни потреби,** посочи дека меѓународниот мониторинг, кој е предвиден со членот 34 од Конвенцијата се врши преку работа на членови на земјите партнери на Комисијата за мониторинг. Членовите на Комисијата повеќе дејствуваат како експерти отколку како претставници на нивните земји.
Комисијата има три функции, ги прегледува периодичните репорти, потоа ги разгледува примените жалби и презема истраги за систематско кршење на Конвенцијата. Досега има 82 земј членки кои ја потпишале Конвенцијата а од нив 53 земји ја ратификувале.
Во дискусијата што следеше се посочија следниве проблеми:

- проблеми со повикот на брза помош за глуви лица. Конвенцијата треба да помогне овој проблем да се надмине;
- важност од достапност на документите од мониторингот за сите чинители на процесот;
- да се истакне дека парламентарците треба да бидат вклучени во процесот на мониторингот;
- ИПУ може да помогне во дистрибуција на документите за парламентарците;
- земјите мора да обезбедат податоци и да помагаат во процесот на мониторингот. Ова особено се однесува на земјите во развој кои не обезбедуваат податоци до колективните системи. Светската банка мора да им помогне на овие земји и
- добро би било Комисијата за мониторингот да подготви еден официјален извештај и еден извештај во сенка како би се обезбедила поголема контрола.

**Неил Кротер, програмски директор за лица со посебни потреби, Комисија за човекови права и еднаквост,** истакна дека ова е важно време во Британскиот парламент за законодавството за инвалидните лица со оглед дека Конвенцијата сé уште не е ратификувана. Позитивно е тоа што Конвенцијата во членот 33 ја поттикнува соработката меѓу парламентарците и групите за лица со посебни потреби. Преку овој член се обезбедуваат координативни механизми. Невладиниот сектор треба да биде целосно инволвиран во процесот додека имплементацијата треба да ја спроведува Владата. Мониторингот треба да се спроведува секојдневно.

Во дискусијата што следеше се потенцираше дека владите и невладиниот сектор мора да имаат клучна улога во мониторингот. Финансирањето мора да биде достапно за да им се помогне на невладините организации и да се обезбеди целосна вклученост на лицата со посебни потреби во процесот:

- инвалидните лица мора да развиваат лидерски групи меѓу нив со цел силно да се слушне нивниот глас;
- мониторингот е поефикасен во земјите во кои постојат активни организации;
- се бара поголема флексибилност кон инвалидните лица и парламентарците мора да градат капацитети и да дискутираат меѓу себе за лицата со посебни потреби и
- иако постои прогрес во јавниот сектор има помал прогрес во приватниот сектор. Приватните претпријатија мора да бидат охрабрени да прават одговорни приспособување и да им помагаат на потрошувачите- инвалиди.

**Петта сесија - Имплементација на Конвенцијата-**
**законодавните мерки и најдобрите практики**

Со сесијата претседаваше **Кит Хил, поранешен министер и претседавач со**

**Комисијата за транспорт на лицата со посебни потреби и министер во Долниот дом на Британскиот парламент,** кој е вклучен во прашањата за пристапност и градење на домови за лица со посебни потреби.

**Том Кларк, пратеник во Британскиот парламент,** кој ја води групата за лица со пречки во развојот рече дека Конвенцијата е екстремно важна. Таа ќе им го олесни патувањето на лицата со физички недостатоци со цел да станат дел од заедницата во која живеат. Ќе се зајакне и вдомувањето во социјални станови и ќе се зголеми пристапноста за овие лица. Главна цел е пофер вработување на лицата.

**Жан Луис Симон, претседавач со Меѓународното здружение за лица со посебни потреби од Франција,** пред и самиот да стане лице со посебни потреви бил поборник за зголемување на нивните права. Тој истакна дека има голема разлика кога како професионалец работел на оваа проблематика и кога треба да се соочи со реалноста и продолжи да работи. Тој смета дека самиот термин неспособен или хендикепиран буди негативни асоцијации кај луѓето. Наместо тоа тој предлага користење на термин кој ќе нуди позитивни чувства. Во 21 век конечно светот го признава правото на лицата со посебни потреби, иако е свесен дека ќе треба повеќе време правата да се имплементираат, но сепак сите треба да останат посветени на тој процес. Треба фокусот да биде насочен кон едукација на владите и населението и обезбедување на средства за да се имплементираат промените. Франција не ја ратификувала Конвенцијата, но има намера тоа да го стори. Тоа што поскоро треба да го направи и Обединетото Кралство.
Како главни поенти поврзани со најдобрите практики се посочија:

- едукација на населението за потребите на овие лица;
- вклучување на овие лица и нивните организации во процесот на имплементација;
- процесот на имплементација треба постојано да биде надгледуван и флексибилен така што промените можат да се направат полесно;
- лицата со посебни потреби мора да бидат едуцирани за своите права така што можат да ги користат кога ќе им бидат потребни;
- мора да се развива универзално разбирање за човековите права кое ќе биде прифатено од сите нации;

САД сé уште ја немаат потпишано Конвенцијата, но тоа ќе го направат во скоро време, а потоа Конвенцијата ќе оди на ратификација во Сенатот на САД. Тие веројатно ќе ги гледаат земјите како што е Велика Бритатија кога ќе сакаат да преземат активности за

**До каде е Република Македонија во овој процес?**

Владата на Република Македонија го овластила својот претставник во Мисијата на Република Македонија во ООН, да ја потпише Конвенцијата на ООН за правата на инвалидните лица во седистето на Обединетите Нации во Њујорк на 30 март 2007 година кога истата и била отворена за потпишување.

Поради големото значење на Дополнителниот протокол за имплементација на ООН Конвенцијата за правата на инвалидните лица, следува Министерството за труд и социјална политика да покрене постапка за потпишување и на Дополнителниот протокол кон ООН Конвенцијата за правата на инвалидните лица од страна на Република Македонија, ценејќи дека постои објективна потреба од потпишување на истиот, бидејќи неговата практична примена ќе придонесе за поефективно остварување на правата на оваа категорија на лица кои произлегуваат од наведената Конвенција и од законските решенија кои се содржани во домашното законодавство.

Текстот на Дополнителниот протокол е испратен на разгледување до Министерството за внатрешни работи, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за локална

самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство и Државниот завод за статистика, кои во рамките на законски утврдениот делокруг на работата ќе извршат анализа на текстот од содржински и нормативно-правен аспект на предметниот Протокол.

Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за правата на инвалидните лица воспоставува меѓународни механизми за заштита на правата на инвалидните лица кои имаат за цел остварување на повисок степен на интеграција во општеството на оваа категорија на лица и го уредува правото на поединци или групи на поединци да поднесуваат известувања до Комисијата за правата на инвалидните лица, доколку истите сметаат дека постојат повреди на нивните права предвидени во Конвенцијата за правата на инвалидните лица, од страна на државата којашто е договорна страна.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на 121-то собрание на Интерпарламентарната унија, одржано од 19 до 21 октомври 2009 година во Женева, Швајцарска Конфедерација***

***Скопје, октомври 2009 година***

*Собранието на Интерпарламентарната унија (ИПУ) го одржа своето редовно 121-то заседание од 18 до 22 октомври 2009 година во Меѓународниот конференциски центар во Женева, Швајцарска Конфедерација. На 121-то Собрание на ИПУ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија, што ја сочинуваа пратениците: г. Трајко Вељаноски, шеф на Делегацијата, г. Јани Макрадули, потпретседател на Собранието, г. Рафиз Аљити, потпретседател на Собранието, г-ѓа Силвана Бонева, г. Горан Мисовски, г-ѓа Фљора Кадриу, членови на Делегацијата, како и г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународа соработка и секретар на Делегацијата, г-ѓа Анита Огњановска, раководител на Одделението за поддршка на Канцеларијата на генералниот секретар и Ирена Спирковска, виш соработник.*

*Во рамките на 121-то Собрание на ИПУ беа одржани седницата на Комитетот за прашања на Обединетите нации, три-панел дискусии на темите кои ќе бидат разгледувани на следното собрание, 185-та сесија на Управниот совет на ИПУ, Заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите, како и состаноци на други тела, геополитички групи и облици на ангажирање во рамките на ИПУ.*

## 121. СОБРАНИЕ НА ИПУ

Сто дваесет и првото Собрание на Интерпарламентарната унија го отвори г. Тео-Бен Гурираб, пратеник од Намибија и претседател на ИПУ. Господинот Гурираб беше избран за претседател на Собранието, а г-ѓа Елисавет Пападеметриу, пратеник од Грција и потретседател на Извршниот комитет на ИПУ беше избрана за потпретседател на Собранието.

Собранието донесе две изјави, и тоа: една во врска со вирусот Х1Н1 и другиот во врска со ситуацијата во Хондурас.

На Собранието учествуваа делегации на 123 парламенти[13] членки на ИПУ. Од придружните членови, во работата на Собранието учествуваа регионалните парламентарни асоцијации,[14] а во својство на набљудувачи: претставници на повеќе тела и специјализирани агенции на ООН[15], на меѓународни и регионални организации,[16] на меѓународни парламентарни собранија[17], на невладини организации[18] итн.

---

[13] Авганистан, Австрија, Алжир, Андора, Ангола, Аргентина, Австралија, Бангладеш, Бахреин, Белгија, Белорусија, Бенин, Боливија, Босна и Херцеговина, Боцвана, Бразил, Брегот на Слоновата Коска, Бугарија, Буркина Фасо, Бурунди, Венецуела, Виетнам, Габон, Гана, Германија, Грузија, Грција, Данска, Демократска Република Конго, Египет, Еквадор, Ел Салвадор, Естонија, Етиопија, Ерменија, Замбија, Зимбабве, Израел, Индија, Индонезија, Иран (Исламска Република), Ирак, Ирска, Исланд, Италија, Јапонија, Јордан, Јемен, Казахстан, Камерун, Канада, Катар, Кенија, Кина, Кипар, Конго, Колумбија, Коста Рика, Куба, Кувајт, Латвија, Лесото, Либерија, Литванија, Лихтенштајн, Маврициус, Малдиви, Малта, Малезија, Мали, Мексико, Монако, Монголија, Намибија, Народна Демократска Република Лаос, Непал, Нигерија, Нов Зеланд, Норвешка, Оман, Обединета Република Танзанија, Обединети Арапски Емирати, Обединето Кралство, Пакистан, Панама, Перу, Полска, Португалија, Република Кореја, Република Македонија, Романија, Руска Федерација, Сан Марино, Сано Томе-и-Принсипе, Саудиска Арабија, Сенегал, Сингапур, Сириска Арапска Република, Словачка, Словенија, Сомалија, Србија, Судан, Суринам, Тајланд, Того, Турција, Уганда, Украина, Унгарија, Уругвај, Филипини, Финска, Франција, Хрватска, Холандија, Чешка Република, Чиле, Швајцарија, Шведска, Шпанија и Шри Ланка.

[14] Следните асоцијативни членки учествуваа на Собранието: Законодавното собрание на Источна Африка, Интерпарламенарниот комитет на Западноафриканската економска и монетарна унија, Латиноамериканскиот парламент и Парламентарното собрание на Советот на Европа.

[15] Обединетите нации, Конференцијата на ОН за трговија и развој (UNCTAD), Меѓународната организација на трудот (ILO), Организацијата за храна и земјоделство (FAO) и Организацијата за образование, наука и култура (УНЕСКО), Организацијата на ОН за фонд за деца (UNICEF), Светска здравствена организација (СЗО), Светската банка, Светската трговска организација (СТО), Лигата на арапските држави и Подготвителната комисија на Организацијата на Договорот за целосна забрана на нуклеарните проби (CTBTO).

Африканската парламентарна унија (APU), Арапската интерпарламентарна унија (AIPU), Азиско парламентарно собрание (APA), Собранието на Западноевропската унија (AWEU), Здружението на европските парламентарци за Африка (AWEPA), Асоцијацијата на сенати, шури и еквивалентни совети во Африка и арапскиот свет (ASSECAA), Интерпарламентарното собрание на Евроазиската економска заедница (EURASEC), Интерпарламентарниот комитет на Економската и монетарна унија на Западна Африка (WAEMU), Консултативниот совет на Магреб, Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (PABSEC), Парламентарното собрание на унијата на Белорусија и Руската Федерација, Парламентарната унија на земјите на Организацијата на исламската конференција (PUOICM) и Парламентарниот форум на Заедницата за развој на Јужна Африка (SADC).

На Заседанието учествуваа 1.154 делегати, од кои 519 членови на парламенти. Од делегатите - членови на парламентите 24 беа носители на претседавачката функција, 41 носители на потпретседавачката функција и 164 жени парламентарки (31,6%).

## ИТНА ДОПОЛНИТЕЛНА ТОЧКА НА ДНЕВНИОТ РЕД

Согласно со Статутот, Собранието на Интерпарламентарната унија се изјаснуваше за дополнување на дневниот ред со итна дополнителна точка. Беа поднесени два предлога за дополнување на дневниот ред:

1) *од Австралија и Уганда (во име на Африканската група): "Парламентарна акција да се осигура глобална безбедност на храната".*
2) *од Оман, во име на Арапската група и со поддршка на Исламската Република Иран:* "Критичната ситуација во окупираните палестински територии, а особено во Газа";

По извршеното поединечно јавно гласање, предлогот на Австралија и Уганда (во име на Африканската група) го доби потребното двотретинско мнозинство и беше додадено на дневниот ред на Собранието (1197 "за", 246 "против" и 34 "воздржани").

Дебатата по итната дополнителна точка се одржа попладнето на 20 октомври 2009 година. Во неа учествуваа 29 пратеници од 28 земји - членки и еден набљудувач, по што беше формирана техничка комисија за подготвување на предлог на резолуција.

Говорниците ја изразија својата загриженост за различните фактори кои директно влијаат на безбедноста на храната, подвлекувајќи ги последиците од деградација на земјата заради намалување на шумите и поплавите и деградација на животната средина предизвикана од климатските промени. Тие ја забележаа важноста на претстојната конференција за климатски промени, што ќе се одржи во Копенхаген и ги повикаа парламентарците да учествуваат на настанот.

Многу учесници го истакнаа значењето на инвестициите во научни истражувања за да се поддржи земјоделството наспроти зголемената потреба од храна. Други посочија на опасноста од неадекватната земјоделска политика. Има потреба да се помогне на сиромашните аграрни средини, да се има пристап кон отворениот банкарски систем, вклучувајќи го и микро финансирањето.

Дискусиите резултираа со поднесување на нацрт - резолуција подготвена од техничката комисија, составена од членови на делециите од Австралија, Бангладеш, Буркино Фасо, Камбоџа, Германија, Индија, Малезија, Судан, Турција, Уганда, Уругвај и Венецуела. Техничката комисија го назначи г. Винклер (Германија) за претседател и г. Ахмед (Малезија) за известител.

По поднесување на амандманот од Делегацијата на Венецуела, резолуцијата беше усвоена со консензус на седницата на Собранието, одржана на 21 октомври 2009 година. Делегацијата на Индија искажа резерва по оваа резолуција.

## СЕДНИЦА НА КОМИТЕТОТ ЗА ПРАШАЊА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Тема на дискусија на овој комитет уште еднаш беше безбедноста на храната. Имаше повеќе презентации за актуелната криза со храната и подготовките за Светскиот самит за безбедност на храната што ќе се одржи во ноември во Рим.

Во рамките на работата на Комитетот се дискутираше за прегледот од пристигнатите одговори на прашалникот на ИПУ за работата на парламентите наспроти ОН. Целта на ова истражување е да се осознае колку одлуките што се носат во

агенциите на ОН се спроведуваат во земјите - членки. Досега пристигнале 65 одговори и се забележани серија на добри практики и препораки кои можат да бидат поделени со другите земји членки на ИПУ. Се побара од парламентите кои не го одговориле прашалникот, тоа да го сторат што порано со цел анализата да биде што порано завршена.

Комитетот почна да дискутира за соработката меѓу регионалните парламентарни организации и ОН. Се повтори дека во Декларацијата на спикерите на парламентите од 2005, парламентите се повикуваат да соработуваат поблиску со регионалните парламентарни асоцијации и организации со цел за унапредување на глобалната и интеррегионалната парламентарна соработка.

Се дискутираше и за улогата на парламентите во буџетската транспарентност и одговорноста. Комитетот препорачува парламентите да обезбедат нивните национални буџетски сметки да бидат јавни и тие да бидат контролирани од јавни ревизори преку годишни ревизорски извештаи. Мора да се гради стратешко партнерство меѓу парламентите, цивилното општество и главните ревизорски институции, понатаму парламентите мора да придонесуваат за постепена промена на донаторската практика преку вклучување на меѓународната помош во постојните буџетски извршувања.

***Панел-дискусија за темата која ќе биде разгледувана од Првата постојана комисија за мир и меѓународна безбедност на 122-то Собрание на ИПУ***

Во согласност со новиот формат на Второто годишно собрание на ИПУ, панел-дискусијата беше на тема "Соработка и поделба на одговорноста во глобалната борба со оргнизираниот криминал, особено со трговијата на дрога, илегалната продажба на оружје, трговијата со луѓе и прекуграничниот тероризам.

Поканетите говорници во нивните презентации се фокусираа на актуелната ситуација со организираниот криминал во светот, постоењето и развојот на меѓународни законски рамки во оваа област, претстојните предизвици, како и улогата и одговорноста на парламентите и парламентарците.

Панелот започна со видео презентација за трговијата со жени и деца насекаде во светот и разурнувачките ефекти што таа ги има врз илјадници невини жртви.

Следеше дискусија во која учествуваа околу 40 законодавци од повеќе парламенти како и претставник на Меѓународниот институт за демократија и поддршка во изборниот процес (ИДЕА). Пратениците дискутираа за своите национални искуства во борбата со различни форма на организиран криминал.

Сите учесници се согласија дека со цел за справување со овој феномен на организиран криминал неопходно е да се надминува широко распространетата индиферентноста кон жртвите од организираниот криминал; да се користат добрите практики кои се развиваа во многу парламенти и да се преземе заедничка акција и стратешки пристап во борбата против организираниот криминал.

***Панел-дискусија за темата која ќе биде разгледувана од Втората постојана комисијата за траен развој, финансии и трговија на 122-то Собрание на ИПУ***

Панел дискусијата на тема "Улогата на парламентите во развој на Југ-Југ и триаголната соработка со цел да се забрзаат достигнувањата на Милениумските развојни цели", се одржа на 20 октомври 2009 година. Дебатата им овозможи на членовите на ИПУ поблиску да се запознаат со темата која ќе биде разгледувана од Втората комисија на Собранието во Тајланд. Таа, исто така, им обезбеди на ко - известителите г. Франсоа-Ксавие де Донеа од Белгија и г. Лубинда од Замбија да информираат за подготовката на извештајот. Покрај коизвестителите, воведничари во дебатата беа г. Ју, координатор на Глобалното владеење на развојните програми во Јужниот Центар, кој е еден од водечките меѓувладини истражувачки организации во

земјите во развој, кој обезбедува квалитетна техничка анализа базирана на политичките пораки на солидарноста на јужните земји.

По воведните излагања на панелистите, следеше дискусија во која учествуваа 36 говорници, од кои една третина беа жени. Делегатите се согласија дека оваа соработка е основен дел на развојната агенда и нуди различни можности за земјите во развој со цел за постигнување на одржлив економски развој.

***Панел-дискусија за темата која ќе биде разгледувана од Третата постојана комисија за демократија и човекови права на 122-то Собрание на ИПУ***

Панел-дискусијата на тема: "Учеството на младите во демократските процеси", исто така се одржа на 20 октомври 2009 година. Коизвестителот г-ѓата Марија Лугарич (Хрватска) го претстави Нацрт - извештајот и ги повика пратениците да даваат предлози за да се збогати финалниот извештај, како и Нацрт - резолуцијата

Во дебатата за овие прашања се вклучија триесеттина пратеници. Господинот Јани Макрадули, потпретседател на Собранието на Република Македонија даде свој придонес во дискусијата и посочи дека е потребна поголема институционализација на младите на локално ниво. Како позитивен пример тој го посочи работењето на една општина во Република Македонија,  каде што младинскиот совет на општината располага со 5% од буџетот на локално ниво и преку демократски систем на одлучување, активно придонесува за унапредување на оштинските активности. Понатаму тој укажа на потребата младите да имаат надзорна, односно надгледувачка улога во процесот на донесување на законите во парламентите.  Потребно е да се организираат јавни ислушувања во повеќе општини, повеќе да се дебатира за новите закони и младите да даваат свои предлози, идеи и сугестии со цел за подобрување на законската регулатива во земјите.

ИПУ бара што повеќе млади да се вклучат во нејзините активности, заедно со мерките кои се преземаат за промовирање на учеството на жените во ИПУ. Треба да се бара што повеќе млади пратеници да се вклучуваат во националните делегации на земјите членки на ИПУ за што е потребно да се воведат механизми, како што тоа е направено за учеството на жените - пратенички.

## 185. ЗАСЕДАНИЕ НА УПРАВНИОТ СОВЕТ НА ИПУ

Заседанието на Управниот совет на ИПУ се одржа на 19 и 21  октомври 2007 година, а во неговата работа учествуваа пратениците: **г. Јани Макрадули, г. Рафис Аљити и г-ѓа  Силвана Бонева,** членови на Управниот совет[19].

### Членство во Унијата

На седницата одржана на 19 октомври 2009 година Советот одлучи да го суспендира членството на Парламентот на Нигер, заради неуставно  распуштање на парламентот и апсење на неговите пратеници  Се  побара Комитетот за човекови права на ИПУ да ја истражи нивната ситуација.

На седницата одржана на 21 октомври, Советот одлучи доколку членарината за ИПУ не се плати од страна на членовите на ИПУ до крајот на годината, да се суспендира членството на Папуа Нова Гвинеја и Сомалија.  Со оглед дека нема нови барања за членство во моментов ИПУ брои 152 национални парламенти-членки на ИПУ.

Управниот совет ги отфрли сите нејаснотии околу претставувањето на Собранието на Парламентот на Палестина, потврдувајќи ја изјавата на претседателот дека додека се менува состојбата во окупираните територии, Палестинскиот

[19] Во согласност со Правилото бр. 1.2 од Правилата на Управниот совет, во работата на Управниот Совет на ИПУ учествуваат по тројца претставници од секоја делегација. Неопходно е пратениците да се од различен пол. Делегациите кои се составени од пратеници од еден пол учествуваат во работата на Советот со два претставника.

национален совет ќе се третира како која било друга земја -членка на ИПУ во врска со нејзинот статус, како претставник на Палестина во ИПУ.

**Финансиската состојба на ИПУ**

Управниот совет ги разгледа Извештајот за финансиската состоба на ИПУ заклучно со 30 јуни 2009 година и списокот на членовите кои имаат заостанати обврски спрема Унијата. Четири делегации имаат значаен долг кон ИПУ и се предмет на санкции.

Генералниот секретар направил заштеди во износ од 432 000 швајцарски франци од ставките за нови работни места, транспорт, превод, издавање и публикување во рамките на 120. Собрание на ИПУ.

**Програма и буџет за 2009 година**

Пред членовите на Управниот совет беше презентиран Предлогот на буџетот за 2009 година, како и краток извештај од планираните активности за 2010 - 2012 година. Генералниот секретар известувајќи за дискусиите во Извршниот комитет по повод Предлогот на Буџетот, кој едногласно бил прифатен, забележал дека буџетот не содржи ставки, односно трошоци во врска со Третата светска конференција на спикери на парламенти, што ќе се одржи во 2010 година.

Членовите на Советот побараа да се врши пореалистично планирање на буџетот, особено во врска со активностите кои се финансираат од доброволни придонеси. Се предложија неколку сугестии за правење на поголеми заштеди за операциите на ИПУ и се побара детален список на трошоците на ИПУ.

Управниот совет ги зема предвид препораките на Извршниот совет добиени од Работната група за преоценување на придонесите на парламентите и се согласи дека е потребно да се разгледаат потребните мерки што треба да се преземат за да се намали товарот на парламентите кој тие го имаат во вид на придонес кон ИПУ. Ова се однесува, пред се, на помалку развиените земји и малите островски земји во развој.

На крајот на дебатата, Управниот совет одобри нова скала на придонеси како и Буџетот за 2010 година како што беше предложен од страна на генералниот секрета

**Соработка со Обединетите нации**

Управниот совет го разгледа актуелниот развој на односите ИПУ-ОН и се задржа на работата на иницијативата на ОН за гАлијансата на цивилизацииг, која има за цел да го подобри разбирањето меѓу културите и религиите и да се бори против поларизацијата и екстремизмот. Советот го потврди предлогот на ИПУ да се зајакне соработката со Алијансата на цивилизациите, која ги повикува законодавците да учествуваат на неговиот форум 2010 во Бразил од 28 до 29 мај 2010 година и да одржат парламентарен семинар во текот на Форумот.

**Консолидација на реформата на Интерпарламентарната унија**

Управниот совет ги ислуша извештаите од геополитичките групи во врска со нивните размислувања во врска со реформите на ИПУ. Дадени се неколку сугестии за подобрување на работата на Второто собрание на ИПУ. Пратениците предложија мерки за да можат дискусиите да бидат интерактивни. Се дискутираше и за работата на Комитетот на ОН, но повеќето сметаа дека е рано за да се даваат какви било заклучоци.

**Подготовки за Третата светска конференција на спикери на парламенти**

Управниот совет беше информиран дека претседателот на ИПУ формирал Подготвителен комитет од дванаесет спикери на парламенти за да асистираат во организацијата на третата светска конференција на спикери на парламентите, која ќе

се одржи од 19 до 21 јули 2010 година во Женева. Темата на конференцијата би била "Парламентите во светот на кризи: обезбедување на глобална демократска одговорност за заедничко добро".

**Специјализирани конференции и состаноци**

Членовите на Управниот совет беа информирани за резултатите од: Регионалниот семинар на Групата 12+ за лица со посебни потреби, понатаму за Парламентарната конференција за глобалната економска криза и Петтиот состанок за жени-спикери на парламентите, потоа регионалниот семинар за земјите од Латинска Америка за улогата на парламентите во борбата против насилството врз децата, како и регионалната конференција за придонесот на парламентот за национално помирување и институционални реформи и Парламентарна конферецијa за демократијата во Африка.

**Извештаи за работата на комисиите и другите тела на Унијата**

На седницата на 21 октомври 2009 година, на Управниот совет му беа презентирани извештаите за активностите на Координативниот комитет на жените членови на парламенти, Комитетот за прашања на Блискиот Исток, Групата за партнерство меѓу половите и Комитетот за човекови nrava na parlamentarcite.

**Идни интерпарламентарни состаноци**

Управниот совет ги одобри местата на одржување на двете Собранија во 2012 година, која е исклучок од вообичаената практика, кога двете ќе се одржат надвор од Женева. Априлската сесија да се одржи во Кампала, Уганда додека октомвриската сесија да се одржи во Квебек, Канада.

**Избори на генерален секретар**

На препорака на Извршниот комитет, Управниот совет одлучи преку тајно гласање повторно по четврти пат да го назначи актуелниот генерален секретар, г. Андерс Џонсон повторно на оваа фукција со мандат од 1 јули 2010 до 30 јуни 2014 година.

Управниот совет го зема предвид и предлогот на Извршниот совет да подготви амандман на Правилата  во врска со процедурата за избор на генерален секретар. Амандманот ќе биде поднесен до Советот на следната сесија на ИПУ.

## УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА ДРУГИ ТЕЛА, ОБЛИЦИ И АКТИВНОСТИ НА УНИЈАТА

### ГЕОПОЛИТИЧКА ГРУПА "ДВАНАЕСЕТ ПЛУС"

Групата "Дванаесет плус" одржа редовни состаноци пред заседанијата на телата на Унијата на 18, 20 и 21 октомври 2009 година. Од Делегацијата на Собранието на Република Македонија во работата на Групата учествуваа ***г. Јани Макрадули***, ***г-ѓа Силвана Бонева*** и ***г. Рафиз Аљити,*** членови на Делегацијата.

На состаноците на Геополитичката група вДванаесет плусг, се изврши избор на членови на групата во Извршниот совет.  Беа предложени тројца кандидати, и тоа: г-ѓа Дорис Стумп (Швацарија), потоа г. Кристер Орнфардер од Шведска и г-ѓа Ангела Наполи од Италија. По извршеното тајно гласања за членови во Извршниот совет беа избрани г-ѓа Дорис Стумп и г. Кристер Орнфардер. Со оглед дека при пребројувањето на гласачките ливчиња, се појави отстапување во однос на гласачите, на 21 октомври се повтори гласањето при што повторно добија истите кандидати.

Следеше дискусија околу предлогот на амандманот за избор на генерален секретар по завршување на мандатот на актуелниот генерален секретар во 2014 година.

На состанокот се номинираа и членови на советодавната група на работите на ОН. Номинирани се г. Џоп Асма (Холандија), сенаторот Давсон (Канада), г. Нигел Еванс од Велика Британија, г. Куис Фрага (Шпанија) и г-ѓа Катри Коми (Финска) за двете испразнети места. Претседателот на ИПУ треба да одлучи за испразнетите места.

На состаноците на Групата, исто така беа усогласени ставовите за итната дополнителна точка на дневниот ред на Собранието. Се предложи да се поддржи предлогот на Делегацијата на Австралија и тој да се спои со предлогот на Уганда со оглед дека станува збор за слични предлози.

## ЗАСЕДАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГЕНЕРАЛНИТЕ СЕКРЕТАРИ НА ПАРЛАМЕНТИТЕ

Здружението на генералните секретари на парламентите одржа седници на 19, 20 и 21 октомври 2009 година. На заседанието на ЗГСП учествуваше г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

Здружението на генералните секретари на парламентите е формирано како конултативно тело на ИПУ и негова примарна цел е да ги проучува законите, постапките и работните методи на различните парламенти. ЗГСП работи самостојно и функционира во согласност со неговиот сопствен деловник за работа.

Во работата на Заседанието учествуваа 92 генерални секретари на национални парламенти и меѓународни парламентарни собранија и организации. Учеството на Заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите е одлична можност за размена на искуства и знаења помеѓу парламентите.

Дебата се водеше по темите "Функцијата на генералниот секретар" и "Внатрешна административна евалуација во парламентите".

Модератор на првата тема беше г. Андрес Ломп, Директор за парламентарни врски на Австралискиот парламент. Свои излагања по темата имаа и генералниот секретар на Федералното собрание на Руската Федерација, г. Владимир Свинарев, заменикот на генералниот секретар на Италијанскиот претставнички дом, г. Франческо Постераро и генералниот секретар на Францускиот национално собрание, г. Хавиер Роке.

Во рамките на оваа тема беше дистрибуиран материјал насловен како "Функцијата на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија", поднесен од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија г. Жарко Денковски. Во него се дава осврт на функцијата на генералниот секретар на Собранието, согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, Законот за Собранието на Република Македонија и Законот за државни службеници.

Во материјалот е наведено дека согласно Деловникот, Собранието има генерален секретар што го именува Собранието по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Со Деловникот не е уредено прашањето за мандатот на генералниот секретар, односно нема ограничување на неговиот мандат.

Покрај другото, генералниот секретар има функција да му помага на претседателот на Собранието во подготовките и организирањето на седниците на Собранието и врши други работи утврдени со Деловникот или работи што ќе му ги довери претседателот на Собранието.

Согласно деловничките одредби, генералниот секретар раководи со Службата, ја организира и усогласува нејзината работа и донесува правилници, упатства и други акти за работата на Службата.

Генералниот секретар присуствува на состаноците на претседателот со потпретседателите, кои најчесто се одржуваат еднаш неделно. На состаноците се одлучува за прием на делегации на парламентите на други држави и на претставници на други органи и организации од странство, како и за испраќање постојани и повремени делегации во странство и на тој начин се координираат активностите на Собранието и на работните тела; преземање покровителство од страна на Собранието за одделни

прослави на настани од значење на Републиката и определува претставници на Собранието на тие прослави; планирање на динамиката на седниците на Собранието; остварување на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа, како и за други важни прашања кои произлегуваат од работата на Собранието.

Генералниот секретар присуствува и на редовните координативни средби на претседателот со потпретседателите и со координаторите на пратеничките групи (координација), кои се одржуваат секој понеделник, каде што се усогласуваат ставовите и насоките за работата на Собранието и работните тела и вршат консултации по определени предлози на закони.

Во Законот за Собранието на Република Македонија што е донесен на 17 август 2009 година, директно е утврдена обврската на генералниот секретар да присуствува на седниците на Буџетскиот совет. Иако неговото присуство е без право на одлучување, сепак има важна улога во реализирањето на заклучоците на Буџетскиот совет.

Во материјалот е наведено дека генералниот секретар ќе има значајна улога во работата на Парламентарниот институт кој сеуште е во фаза на основање. Целта на овој Институт, што ќе претставува посебна организациона единица, е да обезбедува навремени, објективни и независни стручни истражувања и анализи за потребите на пратениците. Неговата работа се уредува со посебен акт кој го донесува генералниот секретар, а по претходно усогласени ставови и насоки од координацијата на претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи. Управувањето и надзорот над работата на парламентарниот институт ќ е го врши Управувачки совет. Овој Совет го сочинуваат координаторите на пратеничките групи, генералниот секретар на Собранието и други претставници определени од страна на координацијата на претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи.

Претседателот на Собранието и генералниот секретар согласно Законот за Собранието на Република Македонија се одговорни за законско користење на недвижните и движните ствари со кои располага Собранието.

Една од позначајните функции кои ги извршува генералниот секретар е секако раководењето со Службата на Собранието. Стручните и другите работи за потребите на Собранието, работните тела и пратениците ги врши Службата на Собранието. Таа функционира како единствена служба. Единственото функционирање на Службата се остварува со меѓусебна соработка на организационите облици и со усогласување на нивната работа. Генералниот секретар, согласно Законот за државни службеници е одговорен за вработувањата, мобилноста на службата, престанокот на работниот однос и сите други права и обврски на вработените кои произлегуваат од работниот однос. Исто така, генералниот секретар го изготвува Правилникот за организација и делокруг и за систематизација на работните места на Службата на Собранието.

Модератор на втората тема беше, генералниот секретар на Советот на нацијата на Алжир д-р Хафнауи Амрани кој воедно е и претседателот на Здружението на генерални секретари на парламентите. Во врска со темата, г. Амрани презентира Предлог-прашалник насловен какошто е "Алатки за административна евалуација во парламентот". Предлог-прашалникот се состои од прашања поврзани со организацијата и функционирањето на парламентите; условите за работа на администрацијата во парламентите; претставеноста во парламентарната служба; степенот на инволвираност на администрацијата во законодавниот процес во парламентите; транспарентноста на парламентите и информациско-комуникациските технологии во парламентите. Своите искуства по овие прашања ги презентираа и генералниот секретар на Сенатот на Кралството на Камбоџа г. Оум Сарит и генералниот секретар на Федералното собрание на Руската Федерација г. Владимир Свинарев.

На крајот од Заседанието, беше едногласно усвоен Буџетот на ЗГСП за 2010 година, како и Дневниот ред за следното заседание на ЗГСП што ќе се одржи од 28 март до 1 април 2010 година во Банкок, Тајланд, во рамките на 122 Собрание на Интерпарламентарната унија.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА СОБРАНИЕТО

На маргините на 121 Собрание на Интерпарламентарната унија, претседателот на Собранието на Република Македонија **г. Трајко Вељанос**ки оствари средба со потпретседателот на Претставничкиот дом на параламент на Шпанија **г-ѓата Тереса Кунилера Местрес** и изрази задоволство од позитивниот тренд на развој на односите меѓу Република Македонија и Кралството Шпанија.

Претседателот Вељаноски ја информираше својата соговорничка дека во текот на октомври Република Македонија првпат доби позитивен извештај од Европската комисија во кој е содржана препораката за отпочнување на преговорите со Унијата, за што заслуга имаат сите граѓани на Република Македонија. Истакна дека Република Македонија продолжува со процесот на натамошна демократизација и спроведување на неопходните реформски процеси на државата. Господинот Вељаноски побара поддршка од Кралството Шпанија при одлучувањето на Советот на министри на ЕУ за добивање на датум за отпочнување на преговорите со Унијата и како следна земја која ќе претседава со Унијата во првата половина на 2010 година, изрази очекување проширувањето да остане високо на агендата на шпанското претседателство.

Госпоѓата Местрес истакна дека Шпанија е проевропска земја која е многу ангажирана во мировните процеси во светот. Смета дека процесот на проширувањето на Унијата во значителна мера ќе придонесе за стабилизирање на балканскиот регион.

Двајцата соговорници се согласија дека е потребно продлабочување на билатералните односи на владино и парламентарно ниво и се заложија за зголемена соработка меѓу двете држави за време на шпанското д

На крајот двајцата соговорници изразија надеж дека во најскоро време ќе дојде до интензивирање и унапредување на меѓупарламентарната соработка на двете земји преку размени на посети на највисоко парламентарно ниво.

Исто така претседателот на Собранието на Република Македонија **г. Трајко Вељаноски**, оствари билатерална средба со претседателот на парламентот на Република Бугарија **г-ѓа Цецка Цачева**.

На средбата двајцата претседатели на парламентите се заложија за одржување на добрососедските односи меѓу двете земји и продолжување на соработката на високо парламентарно ниво. Република Македонија очекува соработка и поддршка на патот кон целосно и полноправно членство во европските и евроатлантските структури. Користењето на бугарското искуство во преговорите со ЕУ во периодот кој претстои за Република Македонија би било особено корисно.

Соговорниците се согласија дека е потребно зајакнување на соработката во врска со изградбата на Коридорот 8, како значаен регионален коридор.

Претседателот Вељаноски изрази длабоко жалење заради бродската несреќа што се случи во Охрид и истакна дека Република Македонија со учество на странски експерти сериозно работи на разоткривање на сите детали за несреќата со цел никогаш повторно да не се повтори.

Претседателот Вељаноски оствари и средба со **Аргентинската делегација во ИПУ,** на која се истакна потребата за продлабочување на парламентарната соработка меѓу двете држави. Аргентинските парламентарци беа известени за Одлуката на Владата на Република Македонија за отворање на амбасада на Република Македонија во Аргентина идната година.

Освен овие билатерални средби, Делегацијата на Собранието на Република Македонија оствари средба со **Швајцарската ИПУ делегација**. На средбата учествуваа потпретседателот на Собранието на Република Македонија г. Јани Макрадули, кој воедно е и претседател на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт, потоа, г. Рафиз Аљити, потпретседател на Собранието, г-ѓа Силвана Бонева и г-ѓа Фљора Кадриу, членови на Управувачкиот совет. Од швајцарска страна на средбата учестуваа г-ѓа Дорис Стамп, шеф на Швајцарската ИПУ делегација, г. Даниел Зендер, пратеник, г-ѓа Романа Тедеши, програмски менаџер за Македонија во Швајцарската агенција за

развој и соработка и г. Дидиер Шасо, координатор за Југоисточна Европа во Министерството за надворешни работи на Швајцарија.

Од двете делегации беше нагласена потребата за поинтензивна парламентрана соработка, со што би се дополнила започнатата соработка меѓу Собранието и Швајцарската агенција за развој и соработка, особено во процесот на основање на Парламентарниот институт во Собранието на Република Македонија. Двете страни се согласија за значењето на Институтот, со што ќе се зајакне законодавниот и надзорно аналитичкиот-истражувачки капацитет на Собранието.

Од швајцарска страна беше изразена подготвеноста, Швајцарскиот парламент преку Агенцијата за развој и соработка да ја зајакне експертската и логистичка поддршка на Парламентарниот институт и во таа функција беше предложено во 2010 да се реализира студиска посета на Швајцарскиот парламент. За дополнително унапредување на односите помеѓу двата парламента беше предложена и соработка меѓу нивните информатички сектори.

Беа разменети искуства и за собранискиот канал и канцелариите за контакт со граѓаните.

На крајот, беше изразена пофалба за последниот извештај од страна на Европската комисија и беше нагласена поддршката за брзо решавање на спорот со името, нагласувајќи дека тие во билатералната комуникација со нашата држава го користат нашето уставно име.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Учеството на Собранијата на Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции, што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено за клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Истовремено, собранијата на ИПУ претставуваат извонредна можност за остварување контакти и размена на мислења со пратеници од целиот свет.

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 121 Собранието на ИПУ беше мошне успешно, со оглед на тоа што беше остварено учество во работата на организационите структури на Унијата, како и непосредни контакти и средби со парламентарци од голем број земји. Со тоа е продолжен континуитетот во соработката и во градењето на ставовите на ИПУ, а особено во поглед на афирмација на Република Македонија на поширок меѓународен план.

Во остварувањето на учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на овој настан активно се вклучија дипломатите од Постојаната мисија на Република Македонија при Обединетите нации во Женева, кои во целост излегоа во пресрет на потребите на членовите на Делегацијата.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од Парламентарниот комитет на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, одржан од 7 до 9 мај 2009 година во Букурешт, Романија***

***Скопје, мај 2009 година***

*На покана на Ласло Борбели, шеф на Романската делегација и претседавач со ПД на ЦЕИ за 2009 година, Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на ЦЕИ во состав Марјанчо Николов и Феми Јонузи, учествуваа во работата на Парламентарниот комитет на Парламентарната димензија на ЦЕИ.*

Состанокот на Парламентарниот комитет на ЦЕИ се одржа во Букурешт од 7 до 9 мај 2009 година, а беше организиран од страна на Домот на пратениците во Парламентот на Романија, како претседавач со Парламентарната димензија на ЦЕИ за 2009 година.

Пред почетокот на состанокот на Парламентарниот комитет на 8 мај се одржа седницата на Постојаниот комитет. На состанокот на Постојаниот комитет уествуваа десет делегации (Белорусија, Хрватска, Чешка, Унгарија, Италија, Република Македонија, Романија, Србија, Словенија и Украина, додека Австрија беше застапена на ниво на секретар на делегација).

Во текот на состанокот, воден од страна на Ласло Борбели, шеф на романската делегација и претседавач со ПД на ЦЕИ за 2009 година, учесниците ги разгледаа прашањата поврзани со основање на поткомитети кои ќе бидат задолжени за односи со меѓународните и регионалните парламентарни организации. Во врска со овој предлог се заклучи следново: секоја делегација може да испрати писмено предлог само една кандидатура за едно од четирите позиции до први септември 2009 година. Предложените канидатури ќе бидат испратени до делегациите од страна на Секретаријатот, а за нив ќе се гласа во текот на следниот состанок на Постојаниот комитетот што ќе се одржи во есен 2009 година.

Претседателот на Парламентарната димензија на ЦЕИ ќе испрати писма до Парламентарното собрание на Црното море (PABSEC) и до Парламентарната димензија на Југоисточниот процес за соработка (SEECP), повикувајќи ги за поблиска соработка со ПД на ЦЕИ и за учество во следниот состанок на ПД на ЦЕИ.

Се расправаше и за одредбите на Правилата 10(8), 10(14) и 16(1) од Деловникот на ПД на ЦЕИ со цел да се усогласат со одредбите во Поглавјето I, Правилото 11 на надградените ЦЕИ Насоки со употреба на формулацијата гвладини мрежи на фокални точкиг наместо старата формулација "Работни групи" што ЦЕИ ги нема повеќе, после реформата започната во Софија во ноември 2007 година.

Беше нагласено дека овие одлуки го одразуваат зголемениот интерес за подобрување на регионалниот профил на ПД на ЦЕИ и развивање и зацврстување на односите со другите регионални иницијативи во контекст на глобалната економска криза.

Според романската делегација, ПД на ЦЕИ во скора иднина треба да ја продолжи дебатата во врска со идејата за воспоставување на постојан секретаријат.

По завршување на состанокот на Постојаниот комитет, Ласло Борбели го отвори состанокот на Парламентарниот Комитет на ПД на ЦЕИ. На состанокот учествуваа 11 делегации (Австрија, Белорусија, Хрватска, Чешка Република, Унгарија, Италија, Република Македонија, Романија, Србија, Словенија и Украина). Како и претставници од Европската Комисија во Романија и претставници на Владата на Романија. Предложената тема за дискусија “Придонесот за надминување на меѓународната економска криза: развој на дијалогот во ЦЕИ земјите - зајакнување на соработката меѓу националните парламенти” беше усвоена едногласно.

На отварањето на состанокот на учесниците им се обрати претседателот на Домот на пратениците, Роберта Алма Анастасе. Таа се осврна на 20годишнината на ЦЕИ, незјината позитивна еволуција и важност во регионалната соработка. Таа зборуваше и за константното надополнување на улогата на ЦЕИ која денеска е тесно

поврзана со поддршка на аспирациите на заинтересираните земји членки на ЦЕИ да станат полноправни членки на ЕУ.

Во неговото излагање Ласло Борбели, претседавач на ПД на ЦЕИ рече дека регионалната соработка во регионот на ЦЕИ може и мора да игра важна улога во надминувањето на глобалната економска криза изнаоѓајќи соодветни решенија и можности за соработка. Треба да се придонесе во постигнувањето на целите на ЦЕИ во согласност и со блиска координираност со владата како и да се зајакне мулти-лателарната соработка меѓу членките на  ЦЕИ на парламентарно ниво. Исто така, според него со посредство на парламентарната дипломатија, треба да се консолидира регионалниот профил на ЦЕИ со другите структури за регионална соработка и треба да има подлабок дијалог меѓу парламентарната и извшната димензија на ЦЕИ.

Титус Корлатеан, претседател  на Комисијата за надворешна политика во Сенатот на Романија рече дека сегашната економска криза го рефлектира фактот дека последиците на глобализацијата стануваат се по комплексни и одговорот на национално ниво не е ниту доволен ниту ефективен и ниту една земја не може да ја надмине кризата со самоизолациона политика. Економската криза не треба да ни послужи како причина да ја прекинеме соработката туку треба да ни послужи како причина за подобра координација. Од основно значење е да се разгледаат регионалните економски проекти и со внимание да се идентифицираат оние што можат да имаат активна улога во одржувањето на позитивна економска динамика во регионот.

Дорина Мариа Настасе, шеф на политичката секција при Претставништвото на Европската комисија во Романија истакна дека приоритет на ЕК е регионалната соработка и промоцијата на улогата на ЕУ во светот. ЕК ја поддржува регионалната соработка, важна за постигнување на критериумите во Централна и Источна Европа за членство во ЕУ.  ЦЕИ има потенцијал за соранотка со Европските програми (Know How) програма за размена, Секретаријатот за ЕУ програми, Специјалниот фонд за климаткси промени и заштита на средината и Труст фондот на ЕБРД - Лондон)

Анка Данијела Бојаџиу, потпретседател на Комисијата за европски прашања на Парламентот на Романија и потпретседател на Сенатот рече дека  економската криза и дава нова димензија на традиционалната важност на соработката во меѓународно и регионално ниво. Таа може да вклучи размена на искуства меѓу земјите за идентификување на најефикасните реакции кон финансиската криза и за координација на националните политики при одлучувањето поврзани со финансиските и економските феномени кои имаат транснационална димензија.

Попладне започна и работната сесија на Парламентарниот комитет. Микола Меленевски, заменик на генералниот секретар на Извршниот секретаријат на ЦЕИ зборуваше за репозиционирањето на ЦЕИ и регионалната соработка. Тој ги запозна присутните со состојбата и некои аспекти кои доведоа до одлуката за репозиционирање на ЦЕИ усвоена од страна на претседателите на владите на земјите членки на ЦЕИ во Софија во 2007 година. Промената на структурата во рамките на членството на ЦЕИ од поглед на членството во ЕУ, појавата на новите регионални фактори и смената на ЕУ политиката доведоа до потреба да се ревитализира Организацијата, во согласност со новата реалност.  Работните структури на ЦЕИ мораше да се реструктуираат за да бидат во можност да одговорат на практичните потреби на Организацијата. Наметнувањето на ЦЕИ во однос на ЕУ и развојот на билатералниот дијалог беа дел од приоритетите при реструктуирањето на ЦЕИ.

ЦЕИ ќе продолжи блиску да соработува со ЕУ и ќе се потруди да го зголеми своето учество во проектите финансирани од страна на ЕУ. Исто така, ги продолжува напорите за подобар институционален контакт со Европската Комисија (ЕК).

Василе Пинтилие, сенатор и член на романската делгација во ЦЕИ зборуваше за социјалното влијание на економската криза изразувајќи ја загриженоста дека усвоениот

Акциски план од страна на 20 најразвиени земји во нивниот Самит што се одржа на 2 април 2009 година во Лондон ја пренабрегнува заштитата на економските и социјалните права на граѓаните, давајќи предност на реформирањето на финансиските институции.

Иван Јованович, шеф на српската делегација се заложи за споделување на соработката и искуството меѓу земјите членки на ЦЕИ како важен аспект од заедничките дејствија за надминување на економската криза. Имајќи предвид дека Србија има најразвиена соработка со земјтие членки на ЦЕИ, таа е мошне заинтересирана за повторно воспоставување на ефективна комуникација со нив. Јованович рече дека во услови на тешка економска криза потребно е да се тргнат бариерит во областа на стопанската соработка во регионот на ЦЕИ, да се демонстрира заемна солидарност и размена на информации во врска со позитивните мерки во однос на надминување на кризата.

Тамара Блазина, член на италијанската делегација зборуваше за ефектите на економската криза во Италија, при што ги изнесе податоците за пад на италијанската економија од 1% во 2008 година со продолжување на рецесијата и во 2009 година за која се предвидува пад и до 2.8%. Таа информираше и за преземените мерки од страна на италијанската влада за надминување на последиците на финансиската криза, како и за намалување на доходите во нивниот буџет како резултат на кризата. Госпоѓата Блазина зборуваше и за намалувањето на довербата на граѓаните во можноста пазарот сам да ја разреши кризата и ја зголеми нивната недоверба во однос на глобализацијата и националните институции како што се владите и парламентите. Таа предложи да се дејствува на ЕУ ниво за да се зајакне социјалниот систем на заштита базиран врз универзалните права.

Валериј Камчатни, претседател на украинската делегација и потпретседател на Генералниот комитет за политички и внатрешни прашање на ЦЕИ ПД ги претстави преземените активности од страна на Украина за надминување на негативните последици на финансиската криза. Во 2009 година во Украина даночната политика ќе биде насочена кон стабилизацијата на финансиската и економската ситуација и стимулирање на развојот на економијата.

Вацлав Менцл ги информираше присутните за мерките и дејствијата преземени од страна на Владата на Чешка за елиминирање на потенцијалните влијанија на глобалната финансиска криза врз чешкото стопанство. Чешка има формирано Национален стопански совет како експертско тело со советодавна функција. Владата на Чешка има усвоено и Национален кризен план кој вклучува мерки за надминување на постојната криза.

Антонина Морова, шеф на белоруската делегација се заложи за зголемување на улогата на генералните комитети и поткомитетите што ќе се формираат во иднина, за да се зголеми ефективноста на работата и да се продолжи со дијалогот. Комитетите треба да дискутираат за подетални прашања поврзани со меѓусебната соработка меѓу парламентите. Конструктивните состаноци на генералните комитети одржани во Братислава, Рим, Минск и Прага беа добро организирани и како резултат на тоа дојде де подобрување на законските решенија во полето на стопанството и нуклеарната енергија.

Госпоѓата Морова потсети на предлогот на ЦЕИ извршниот секретаријат за воспоставување на институт на експерти, истакнувајќи дека Таков институт би помогнал во проширувањето на земјите во подготвувањето на законите и имплементацијата на конкретните регионални проекти. Имајќи ја предвид постојната состојба, обезбедувањето на социјалната стабилност и одржлив социјален развој се фундаментални принципи на успешен и стабилен развој на секое општество.

*Прилог 1*

**РОМАНСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО**
**ЦЕИ - 2009**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ**
**МАЈ 7-9, 2009**

**Заклучоци**

- избраната тема на состанокот во потполност ги исполни очекувањата на учесниците кои, исто така, ја изразија нивната благодарност за обезбедените услови од страна на домаќинот и за одличната организација;
- закажувањето на Постојаниот комитет беше мошне значајно и треба да се има предвид и за во иднина;
- темата избрана за состанокот во потполност ги исполни очекувањата на учесниците кои исто така изразија благодарност за обезбедените услови од страна на домаќинот и за одличната организација;
- одржувањето на Постојаниот комитет беше мошне корисно и ова мора да се земе предвид и за во иднина;
- нивото на учесниците беше мошне висок и излагањата/интервенциите беа високо ценети;
- сите предложени одлуки беа едногласно усвоени; овие предлози генерално го одразуваа пристапот на Романското претседателство со ЦЕИ за подобро искористување на алатките за придонес во зајакнување на регионалниот профил на Иницијативата меѓу останатите регионални организации за соработка и да се развие односот на ЦЕИ ПД со слични регионални парламентарни структури;
- иако постојниот Деловник за работа е мошне добар, неговиот потенцијал е далеку од потполно искористување;
- ние прво треба да ги прегледаме алатките содржани во Деловникот за работа и да не ја ограничиме нашата активност во рамките на главните состаноци во пролет и есен;
- во ова насока:
    - нашиот Постојан комитет, меѓу другото, може соодветно да посредува и да го забрза порцесот на одлучување, потоа Поткомитетот задолжен за односи со меѓународни и регионални парламентарни организации има да изврши важна работа во однос на наведениот контекст;
    - трите генерални комитети (и во иднина и нивните специјализирани поткомитети, ако се формираат) мора да преземаат повеќе дејствија и да станат рабопни лаборатории во полза на сесиите на Парламентарната димензија; поблиска соработка со слични ЦЕИ структури е корисна, желба која за да стане реалност треба заедничка поддршка и напори од нас и од ЦЕИ.
- 20годишнината на ЦЕИ е подобен момент за рефлекција и еволуација на ЦЕИ и ПД на ЦЕИ. Во овој момент ние треба да обрнеме внимание кон новата реалност и развој во нашиот регион, како што е одразено во донесената Одлука за репозиционирање во Софија и другите подоцнежни иницијативи;
- имајќи предвид дека ефективноста и добрите резултати на ЦЕИ се основен приоритет на нашата Парламентарна димензија, ние треба да бидеме многу повеќе присутни со иницијативи, идеи, препораки и поддршка со посредство на парламентарната дипломатија преку ЦЕИ структурите;
- повеќе внимание треба да му се посвети на олеснувањето на поблиските контакти меѓи парламентарната и извршната димензија на Иницијативата; ние треба да се приближиме до извршната димензија во сите нивоа и ова е главната причина што одлучивме да го усогласиме нашиот Деловник со одребите на постојните Насоки и Деловник за работа;

- имавме прилика да слушнеме многу ценети и интересни идеи и иницијативи развиени во различни ЦЕИ земји како реакција на економската криза;
- ние видовме дека подоброто искористување на "know-how" размените и најдобрите практики е област каде што очекувањата на ЦЕИ се далеку од исполнување; постојат многу можности кои не се искористени во земјите членки на ЦЕИ;
- ова е слободен простор за иницијативи каде ние можеме да најдеме соодветни решенија и за економската криза;
- ќе ја фокусираме нашата енергија за да ги идентификуваме решенијата способни да го поддржи проширувањето на ЦЕИ искуството и пристапот на постојното претседателство на ЦЕИ за идентификување начини и можности да се олесни трансферот на know-how на оние полиња кои се релевантни за подобрени односи со ЕУ;
- контекстот на економската криза ја покажува потребата од повеќе **солидарност, соработка и комуникација**;
- има многу да се направи во областа на подобрување на механизмите за консултации и комуникација за навремени теми во регионот на ЦЕИ, исто така и потребата на координиран регионален пристап; постојните иницијативи преземени од ЦЕИ треба да продолжат и да се развијат;
- координираните акции и кохерентното економско владеење се потребни на различни нивоа и специјално внимание треба да им се даде на социјалните аспекти;
- за во иднина Парламентарната димензија ќе ја има предвид можната дебата за подобврување на ефективноста (меѓу другото на методите за поддршка на нејзините препораки во однос на различни национални и меѓународни институции; иницијативи и чекори кои можат да придонесат да ја зголемат активноста и нивото на комуникација внатре во рамките на Парламентарната димензија).

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива***

***ИЗВЕШТАЈ***

***од седницата Генералниот комитет за култура на Централноевропската иницијатива, одржана на 17 и 18 септември 2009 година во Салцбург, Австрија***

***Скопје, септември 2009***

*Генаралниот комитет за кулутра на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива оддржа состанок на 17 и 18 септември 2009 година во Салцбург, Виена.*

*На седницата учествуваaa претставници од 8 парламенти на земјите членки на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (Австрија, Бугарија, Чешка Република, Италија, Македонија, Румунија, Словачка Република и Украина). Секретаријатот на ЦЕИ беше претставуван од страна на заменик генералниот секретар на ЦЕИ, Микола Меленевски.*

*Од Собранието на Република Македонија, на седницата учествуваше Јован Лазаров, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива.*

Седницата беше закажана од страна на Сузан Нојврурт, претседател на Генералниот комитет за култура на Парламентарната димензија на Централноеверопската иницијатива и потпретседател на Фендеарлниот Совет (Парламент) на Австрија.

Тема на состанокот беше зачувувањето и конзервирањето на историските згради. Салзбург беше одбран за место на состанокот, имајќи ги предвид тамошните успеси во напорите за зачувување на автентичниот изглед на старите згради.

На првиот ден од состанокот, пред членовите на Генералниот комитет за култура беа претставени презентации од претставници на неколку институции кои се занимаваат со реставрирање. Тие ги објаснија процедурите за реставрирање и зачувување на старите згради, како и законските решенија кои ја регулираат оваа област.

Во Салзбург, секој што има стара зграда е задолжен да го сочува нејзиниот автентичен изглед и доколку сака да ја реновира, мора да се придржува кон законските решенија кои предвидуваат старите згради да се реновираат во консултација со соодветни експерти и само со нивна дозвола.

За време на вториот ден од состанокот, учесниците имаа прилика да посетат неколку стари реновирани и реставрирани згради (библиотеката на Правниот факултет на Универзитетот во Салзбург, Црквата Колегиенкирхе и пансионот за ученици сместен во античка зграда во градот Хален).

Во текот на посетата на старите зданија од соодветни лица-експерти, присутните беа запознаени во детали со проектите и работните актвиности за реставрирање и сочувување на автентичниот изглед на старите историски згради, како и бизнис плановите кои се реализирани со што зградите се ставени во функција и се способни сами да се одржуваат, па дури и да реализираат профит.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од годишното Парламентарното собрание на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива што се одржа од 27 до 28 октомври 2009 година во Букурешт, Романија***

***Скопје, октомври 2009 година***

*Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПД на ЦЕИ учествуваше на годишното Парламентаерно собрание на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД на ЦЕИ) што се одржа од 27 до 28 октомври 2009 година во Букурешт, Романија. Делегацијата ја осчинуваа Петар Поп Арсов, шеф и членовите Јован Лазарев и Марјанчо Николов.*

Парламентарното собрание на ЦЕИ ја одржа годишната сесија во Букурешт, Романија на 27 и 28 октомври 2009 година.

На 27 октомври седници одржаа Постојаниот комитет на ПД на ЦЕИ, како и генералните комитети на ПД на ЦЕИ.

Постојаниот комитет на ПД на ЦЕИ го формираше Поткомитетот за односи со меѓународни и регионални парламентарни организации. Како членови на Поткомитетот беа избрани г. Алдо Ди Биаго од Италија, г. Аурел Вајнер од Романија, г. Паја Момчилов од Србија и г. Валериј Камчатни од Украина, а за заменик-член беше избрана г-ѓа Мирела Холи од Хрватска.

По изборот на членовите на Поткомитетот членовите на Постојаниот комитет расправаа за потребата и модалитетите за поефикасна соработка во рамките на ПД на ЦЕИ и воспоставување на перманентен ЦЕИ секретаријат за парламентарната димензија.

На седницата на Генералниот комитет за политички и внатрешни прашања беа реизбрани Лаура Ровето од Италија за претседател на Комитетот и Валериј Камчатни од Украина за потпретседател на Комитетот. Членовите на Генералниот комитет дебатираа за Улогата на Информатичката технологија во односите меѓу парламентите и цивилното општество-искуство во ЦЕИ регионот, како и за идните активности на Комитетот.

Членовите на Генералниот комитет за економски прашања дебатираа за досегашната активност на Комитетот. Соочувањето со глобалната финансиска и економска криза во ЦЕИ регионот беше главна тема на состанокот на Генералниот комитет за економски прашања, што се одржа на 21 септември 2009 година во Загреб. Состанокот беше воден од страна на г. Милорад Пуповац, заменик-претседавач со Генералниот комитет и шеф на Хрватската делегација во ПД на ЦЕИ, а на состанокот учествуваа осум делегации.

Генералниот Комитет за култура ја реизбра Сузан Нојвурт од Австрија за претседател, а Оскар Петерлини од Италија го избра за потпретседател. Исто така и Генералниот комитет за култура дебатираше за досегашната активност на Комитетот. Генералниот комитет за култура одржа седница на 17 и 18 септември 2009 година во Салзбург, Австрија. На седницата учествуваа осум делегации, а со седницата претседаваше Сузан Нојсвурт, претседател на Генералниот комитет за култура. Тема на седницата беше конзервирање и зачувување на историските згради.

На 28 октомври се одржаа две сесии на Парламентарното собрание на ЦЕИ. Генералната тема на Парламентарното собрание - Ублажувањето на влијанието на глобалната економска криза во ЦЕИ регионот: улогата на парламентите - беше рагледана во две тематски сесии, кои беа фокусирани на Мерките за зајакнување на вработувањето и заштитата на ранливитге групи и во Промовирањето на пријателско опкружување за привлекување на инвестиции, како предуслов за економско заздравување.

Парламентарното собрание го водеше Ласло Борбели, претседавач на ПД на ЦЕИ и шеф на Романската парламентарна делегација во ПД на ЦЕИ.

На Парламентарното собрание на ЦЕИ учествуваа делегациите од: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешка Република, Унгарија, Италија, Република Македонија, Република Молдавија, Црна Гора, Полска, Романија, Словачка Република, Република Словенија и Украина.

На отворањето на присутните им се обрати Анка-Даниела Бојаџиу, потпретседател на Сенатот на Романија, г. С. Денес квестор на Домот на пратениците, г. Ласло Борбели, претседавач на ПД на ЦЕИ за 2009 година и шеф на Романската делегација во ПД на ЦЕИ, г-ѓа Ирина Зидару, претседавач на Комитетот на ЦЕИ национални координатори и генерален директор во Министерството за надворешни работи на Романија и  г. Микола Меленевски, заменик на генералниот секретар на ЦЕИ во извршниот секретаријат.

На учесниците, исто така им се обратија претставници на две регионални парламентарни организации: г. Садик Јакут, заменик претседател на Големото народно собрание на Турска, претставник на Парламентарната димензија на SEECP, и г. Свилен Крајчев, претседател на Бугарската делегација во PABSEC, претставник на PABSEC.

Работата на Парламентарното собрание се одвиваше во две сесии. Првата сесија беше посветена на темата за Мерките за зајакнување на вработувањето и заштитата на ранливитге групи, додека втората сесија беше посветена на Промовирањето на пријатлеско опкружување за привлекување на инвестиции, како предуслов за економско заздравување.

Петар Поп Арсов, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПД на ЦЕИ имаше свои излагања во двете сесии.  Во првата сесија, Поп Арсов го изнесе фактот дека во согласност со Уставот на Република Македонија, граѓаните имаат еднакви слободи и права, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичко и религиозно убедување, имотот и општествениот статус. Кога станува збор за ранливите групи кои се невработени, Поп Арсов рече дека Владата на Република Македонија континуирано презема соодветни мерки за нивно полесно вклучување во пазарот на трудот. Во планот на реализација на активни програми и мерки за вработување во рамките на ранливите групи опфатени се самохрани мајки, инвалидизирани лица, постари лица, деца без родители, жртви на семејно насилство и Роми, а нивното вклучување во пазарот на трудот се врши преку разни видови на субвенционирање од страна на државата.

Петар Поп Арсов во своето излагање спомна дека во Република Македонија планирано е да се обезбеди финансиска поддршка за самовработување, обука и преквалификација наменето за економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство. Исто така, со посебна програма за поддршка на вработувањето на Ромите кои тешко можат да се вклучат на пазарот на трудот, предвидено е да се обезбеди обука на работодавач кој би вработил 200 невработени Роми. По усвојувањето на Оперативниот план за активни програми за 2009 година од страна на Владата на Република Македонија, од страна на надлежните институции задолжени за реализација на конкретните активности, преземени се сите неопходни мерки.

Согласно со предвидените активности за Програмата за јакнење на жени-жртви на семејно насилство воспоставен е национален унифициран систем за прибирање на податоци за надгледување на појавата и трендовите на семејно насилство; национален систем за заштита на жртвите на семејно насилство; програма за економско јакнење и реинтеграција на жртвите на семејно насилство; имплементирани се превентивни програми за ризичните заедници и кампањи за јавно образование и интегрирање на темата семејно насилство во училишните и универзитетските наставни програми.

Државните институции на Република Македонија, остануваат посветени на поддршката за вклучување на пазарот на трудот и на категориите на ранливите групи и ќе продолжат, како и досега секоја година да предложат и имплементираат соодветни мерки.

Во втората сесија, Петар Поп Арсов зборуваше за мерките преземени од страна на државните институции на Република Македонија за привлекување на странски инвестиции при што истакна дека пазарната слобода, слободата за претприемната активност, како и сопственичките права се меѓу фундаменталните вредности содржани во Република Македонија. Уставот го гарантира правото на сопственост за инвеститорот и гарантира еднаков третман за домашните и странските компании.

Според него, еден од главните приоритети на Владата на Република Македонија е да привлече странски директни инвестиции. Еден министер, задолжен за странски инвестиции, заедно со економските промотори сместени низ светот, задолжени се да се ги постетат компаниите во одредени приоритетни земји за да обезбедат потенцијални инвеститори.

Тој ги информира присутните дека со Законот против нелојалната конкуренција е формирана Агенцијата за заштита на конкуренција во рамките на Министерството за економија, која ја штити конкуренцијата во случаи кога таа е загрозена од злоупотреба на доминантата ситуација од страна на некои фирми на пазарот или кога таа е загрозена од скучување на определени трговски договори. Исто така, либерализацијата на цените во Македонија е комплетирана. Контрола на цените постои само за неколку производи во енергетскиот сецтор (горивата и електричната енегрија), кои се контролираат од независни регулаторни тела.

Петар Поп Арсов се осврна и на законстака регулатива за формирање и регистрација на нов бизнис и ги запозна учесниците дека во Република Македонија може да регистрира претпријатие со посета на еден единствен шалтер, со минимален капитал од 5000 евра. Оне-стоп-схоп системот функционира во рамките на Централниот регистар кој има 32 електронски интегрирани канцеларии низ цела Македонија. Во Македонија бизнисот може да се регистрира за 4 часа, а цената за регистрација на компанија со ограничена одговорност е 42 евра плус додатни трошоци за превод и нотар што изнесуваат околу 5 евра за една страница. Потребни документи за регистрација на фирма се копија на пасошот заверен на нотар и судски превод на пасошот заверен на нотар. Сите други потребни документи се обезбедени во Централниот регистар. За регистрација на компанијата, како правно лице потребни ви се регистрацијата на матичната компанија (компанијата мајка) заверена на нотар и судски превод на регистрацијата на компанијата мајка заверена на нотар.

Просечниот работник во Македонија поседува добри јазични, интерперсонални и тимски способности. Генерално, образовниот систем во Македонија е концентриран во обезбедување на широк спектар на знаење на идната работна сила. Секое дете почнува да учи англиски јазик од прво одделение во основното образование. Во шесто одделение се изучува втор странски јазик како задолжителен додека третиот е незадолжителен. Два странски јазици се задолжителни во средното училиште. Освен македонскиот и албанскиот, српскиот, бугарскиот и грчкиот како регионални јазици, во голема мера се познаваат.

Со последните економски реформи, Македонија има најатрактивна даночна стапка во Европа. Данокот на бруто доходот на фирмите во Македонија останува 10%. Толкав процент е и данокот на персонален данок на доход.

Македонија е потписник на три мултилатерални договори за слободна трговија: на Договорот за стабилизација и асоцијација со државите членки на ЕУ, на ЕФТА договорот со Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн и ЦЕФТА Договорот со

Албанија, Молдавија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово. Билатерални договори за слободна трговија се потпишани и со Турција и Украина. Потпишаните договори им овозможуваат на странските инвеститори што ќе инвестираат во Македонија да ги пласираат своите производи до 650 милиони потрошувачи.

Странските фирми и странските државјани можат да купат градежно земјиште во Македонија преку јавна тендерска процедура. Министерството за транспорт и врски може да даде концесија за искористување на замјиште од јавен интерес за државата, преку јавно наддавање. Правото на долго изнајмување на градежно земјиште може да им биде дадено на домашни и странски физички и правни лица во максимален период од 99 години.

Во Република Македонија постојат слободни економски зони во кои постојат посебни погодности за инвеститорите што ќе инвестираат во нив. Така на пример имаме 0% данок на доход за фирмите првите десет години (10% после тоа), 5% персонален данок на доход за првите пет години (10% потоа), нема данок на додадена вредност и цարински давачки за извоз, субвенции до 500.000 евра за градежни трошоци, изнајмување на земјиште до 99 години, бесплатно поврзување кон комуналните приклучоци, локација блиску до коридорот 8 и коридорот 10, железничка пруга и меѓународен аеродром.

Регулаторната гилотина е проект на Владата на Република Македонија чија цел е елиминирање на непотребните барања содржани во законите и подзаконските акти. Целта на проектот е да се упрости и скрати процедурата и да се намалат трошоците. Владата, исто така ги има намалено социјалните придонеси, како одговор на барањата на бизнис секторот. Катастарот е модернизиран и до него може да се пристапи по електронски пат. Катастарот има телефонска линија за информации за странски инвеститори која функционира секој ден од 9,$^{00}$ до 12,$^{00}$ часот. Фирмите можат да ги платат своите даноци по електронски, директно преку интернет. Интернет страницата на Управата за јавни приходи овозможува плаќање на даноците електронски.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Собранието во ПС на НАТО***

# *БЕЛЕШКА*

***од средбите на г. Стефан Елгерсма, надлежен офицер за Досието на Република Македонија во НАТО со координаторите на пратеничките групи во Собранието, остварени на 29 април 2009 година во Собранието на Република Македонија***

***Скопје, мај 2009 година***

*Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на* ***г. Стефан Елгерсма****, надлежен офицер за Досието на Република Македонија во НАТО, на 29 април 2009 година во Собранието на Република Македонија беа остварени поединечни средби со координаторите на пратеничките групи во Собранието, и тоа: ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ, ДПА, ЛДП и една zедничка средба со пратениците од другите политички партии застапени во Собранието: Нова социјалдемократска партија, Социјалистичка партија на Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Демократска обнова на Македонија и Демократски сојуз.*

*Во постојана придружба на г. Елгерсма беа г-ѓа Бриџит Тразоф, политички советник во Канцеларијата на НАТО во Скопје и г. Блерим Кољали, нејзин асистент. Сите средби се одржаа во Собранието во присуство на претставници од службите на Собранието и на Министерството за надворешни работи.*

* * * * *

Во текот на разговорите, како главни прашања за кои г. Елгерсма пројави интерес да го слушне мислењето на соговорниците беа: текот на реформите во одбраната и судството, донесувањето на ребалансот на Буџетот посебно во делот на Буџетот на Министерството за одбрана, неодамна спроведените претседателски и локални избори, процесот на европското и евроатлантското интегрирање на земјата, текот на преговорите за решавање на спорот околу името на државата, како и за имплементацијата на новиот Деловник на Собранието, односите власт-опозиција и законодавната активност на Собранието.

Господинот Елгерсма во однос на спроведените избори повторно ја истакна позитивната оценка за нивното успешно реализирање. Укажа дека вратите на НАТО и понатаму остануваат отворени за Република Македонија и дека НАТО високо го цени влогот на Република Македонија во нејзиното приспособување кон НАТО стандардите и во континуираното учество во сите негови активности. Смета дека донесувањето на голем број закони во краток период не треба да биде натамошна практика на Собранието, а секаков вид физичко насилство во парламентарниот дом не смее да биде негов начин на работа. Оцени дека улогата на опозицијата треба и понатаму да биде конструктивна и да претставува коректив на власта, насочена пред се, кон финализирање на реформите на државата во добивањето на датум за преговори со Европската унија и стекнувањето на полноправното членство во НАТО.

* * * * *

**1.** На средбата со ***г-ѓа Силвана Бонева***, координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го запозна гостинот со процесот на зајакнување на улогата на Собранието на Република Македонија и контролата над извршната власт. Таа истакна дека во рамките на Собранието на Република Македонија има континуирана комуникација меѓу сите пратенички групи и дискусија за тековните работи на Собранието.

Што се однесува до ребалансот на Буџетот, госпоѓата Бонева рече дека ќе биде внимателно разгледан во однос на средствата за Собранието на Република Македонија, а изрази и убедување дека средствата наменети за одбраната нема да бидат скратени.

Главен фокус на Република Македонија е ЕУ интеграцијата, како и изнаоѓање на решение за името и влез во НАТО. Зачленувањето на Република Македонија во НАТО е во интерес и на регионот и за неговата сигурност. Г-ѓа Бонева се заложи за преодно решение во врска со името за влез во ЕУ и НАТО, а спорот со името да се реши по нашето зачленување во овие институции, во порелаксирана атмосфера.

**2.** На средбата со **г. Сафет Незири**, заменик-координатор на Пратеничката група на ДУИ, зборуваше за новиот Деловник за работата на Собранието на Република Македонија, објаснувајќи ги процедурите предвидени со него. Според него, со новиот Деловник подобро е дефинирана функцијата пратеник, како и работата на Собранието на Република Македонија е многу поефективна. Новиот Деловник е донесен по препораките на меѓународните инситуции и е сличен на земјите членки на ЕУ. И тој изрази уверување дека средствата предвидени за одбрана, нема да се скратат со претстојниот ребаланс на Буџетот.

**3.** Во разговорот со **г-ѓа Цветанка Иванова**, координатор на Пратеничката група на СДСМ, соговорникот беше запознат со конструктивната улога на најголемата опозициска партија во работата на Собранието, односно за нивната посветеност во забрзувањето на европските и евро-интегративните реформи на државата, особено за побрз прием во НАТО. Укажа дека во периодот 2002-2005 година, Република Македонија беше лидер во регионот и предводник на А3 Групата, но за жал, сега во НАТО од А3 Групата се само Република Хрватска и Република Албанија. Госпоѓа Иванова истакна дека сега е надминат проблемот во менаџирањето и координирањето на политичките активности во Собранието, бидејќи се воведоа редовни средби на претседателот и потпретседателите на Собранието со координаторите на пратеничките групи еднаш неделно. Целта на овие средби е да се планира и координира тековната и идната активност на Собранието и досега тоа одлично функционира и сите донесени одлуки се почитуваат. Воедно, за прв пат Собранието има еден потпретседател кој е од редовите на опозицијата.

Во однос на усогласувањето на македонското со европското законодавство, истакна дека СДСМ дава широка поддршка на законите со европски предзнак, се со цел за побрзо интегрирање на земјата во Европската унија.

Сепак, г-ѓа Иванова истакна дека се незадоволни од недостатокот на вистинска политичка дебата во Собранието, бидејки сите предложени закони од Владата ја имаат поддршката од парламентарното мнозинство и седниците се сведуваат само на нивно изгласување. Присутен е и односот на исклучивост кон опозицијата и тогаш кога нејзините предлози се во корист на подобрување на законските текстови. Начинот на донесувањето на новиот Деловник без согласност и присуство на опозицијата е уште еден минус на парламентарното мнозинство. СДСМ поднесе предлог за изменување и дополнување на Деловникот и тој беше отфрлен.

Во однос на работата на собраниските комисии, г-ѓа Иванова истакна дека комисиите ретко ја практикуваат надзорната функција, ретко на седниците се поканували експерти за одредена проблематика, нема парламентарни ислушувања, односно недостасуваат општоприфатените правила за конструктивна комисиска расправа.

Во врска со спорот за името, поддршката на народот во изборот на новиот претседател на државата треба да претставува основа врз која ќе се најде прифатливо решение.

**4.** На средбата со **г. Имер Алиу**, координатор на Пратеничката група на ДПА, соговорникот беше запознат со ставовите на оваа пратеничка група за актуелната политичка состојба и за работата на Собранието. Господинот Алиу истакна дека ДПА е прв критичар на работата на Владата во однос на застранувањето на Република Македонија на патот кон Европската унија. Во врска со предвиденото скратување на Буџетот во делот на одбраната, укажа дека тоа не е во согласност со НАТО стандардите. Во однос на примената на новиот Деловник, истакна дека како опозиција се соочуваат со проблеми, бидејќи е скратено времето за дискусија, се скратува и правото на употреба на албанскиот јазик како службен јазик, иако парламентарното мнозинство постојано се обидува да го докаже спротивното. Употребата на албанскиот

јазик е сведена само во собраниската дебата и во работата на комисиите, а не се преведуваат сите материјали кои се во собраниска процедура, освен Дневниот информатор за собраниските активности.

Во однос на претседателските и локалните избори, г. Алиу истакна дека за новоизбраниот претседател на државата гласал многу мал процент од албанскиот електорат, и поради тоа сметаат дека изборот е легален, но не и легитимен. Особено и поради фактот што новоизбраниот претседател во својата кампања не понуди ништо за Албанците и во текот на кампањата изнесуваше ставови против Рамковниот договор и употребата на албанскиот јазик.

Господинот Алиу истакна дека Албанците во Република Македонија се животно заинтересирани земјата што поскоро да стане членка на НАТО, бидејќи со нејзиното интегрирање во Европската унија и во НАТО ќе се роди нова перспектива.

**5.** На средбата со **г. Ристо Пенов**, пратеник од Либерално-демократската партија (ЛДП), стана збор за Буџетот на Република Македонија, особено во делот на одбраната, контролната функција на Собранието во врска со одбраната и безбедноста, примената на Деловникот на Собранието на Република Македонија и спроведувањето на изборите.

Господинот Пенов укажа дека Либерално-демократската партија е против намалувањето на буџетските средства предвидени за одбраната. Тој оцени дека Владата троши многу повеќе средства на полицијата и дека Министерството за одбрана не располага со доволно средства. Буџетот на Република Македонија е сè поголем секоја година, а зголемувањето е поголемо од процентот на пораст на бруто домашниот производ.

Во врска со контролната улога на Собранието, г. Пенов оцени дека Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање не е доволно запознаена со работата на овие служби, бидејќи нивните раководители не доаѓаат на седниците на Комисијата кога се поканети, ниту пак се отворени кон пратениците.

Господинот Пенов подвлече дека новиот Деловник на Собранието на Република Македонија е донесен без согласност од опозицијата, односно истиот е усвоен во периодот кога опозицијата ја бојкотираше работата на Парламентот, заради недостаток на политичкиот дијалог. Либерално-демократската партија има забелешки на Деловникот, бидејќи тој не им дава можност на пратениците да се запознаат со проблематиката што се разгледува, ниту слободно да дискутираат. Предлозите за дополнување на дневниот ред, поднесени од опозицијата или се одбиваат од страна на мнозинството, или се ставаат на разгледување на крајот од дневниот ред. ЛДП предлага дневниот ред на седниците да започнува со точки предложени од опозицијата. Господинот Пенов се осврна и на седниците за пратенички прашања, укажувајќи дека заради воспоставената практика, ЛДП е во можност на овие седници да постави само едно прашање.

Во врска со спроведувањето на изборите, г. Пенов го нагласи ставот на ЛДП дека во Државната изборна комисија и избирачките одбори не треба да членуваат претставници на политичките партии. Искуството со вклучување на јавната администација во изборниот процес, но со јасни и строги правила е многу подобро. Тој оцени дека последните локални и претседателски избори биле мирни и демократски, но спроведени со голем притисок врз гласачите да гласаат за владеачките партии, со оглед на фактот дека Владата е најголемиот работодавац во земјата.

**6.** На средбата на г. Стефан Елгерсма со претставниците на другите партии застапени во Собранието на Република Македонија присуствуваа пратениците: **г. Тито Петковски, г. Јован Лазарев, г. Амди Бајрам, г-ѓа Лилјана Поповска** и **г. Павле Трајанов**.

**Господинот Тито Петковски**, пратеник од Новата социјалдемократска партија (НСДП) истакна дека меѓу политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија нема разлика во однос на определбата за членство во НАТО. Тој оцени дека политичката култура во земјата е на скромно ниво, бидејќи силно се инсистира на партиските ставови, а не на државните интереси. Политичкиот дијалог е само една компонента од политичката култура, а тој се сфаќа како потреба да се оддржи средба меѓу политичките партии, кога ќе кулминираат проблемите во земјата. Односот на Владата и владеачката партија со одлуките на Уставниот суд, покажува дека постојат проблеми со функционирањето на правната држава. Од друга страна, г. Петковски го оцени како позитивен ставот на ДУИ да не ги коментира одлуките на судот.

Според г. Петковски, последните локални и претседателски избори биле мирни и без инциденти, но не и фер, бидејќи Владата вршела притисок врз електоратот со различни проекти (како што е најавата за инвестиции во вредност од 8 милијарди евра), од коишто подоцна се откажала, заради консолидација на економијата.

Тој истакна дека во земјата сѐ уште не постои свест дека членството во ЕУ и НАТО зависи од добрососедските односи. Истовремено, тој оцени дека Република Македонија е во фаза на национален романтизам и дека антиквизацијата на земјата директно ја провоцира Република Грција.

За г. Петковски, кратењето на буџетот во делот на подготовките на армијата во согласност со стандардите на НАТО, е неоправдано.

**Госпоѓата Лилјана Поповска**, пратеник од Демократската обнова на Македонија (ДОМ) информираше дека ДОМ е зелена политичка партија, која е дел од владеачката коалиција. Оваа коалиција, составена од 22 политички партии со различна идеологија, меѓу кои и сите партии на помалите етнички заедници (освен Албанците), победила со убедливо мнозинство на трите последни избори во Република Македонија. За г-ѓа Поповска, ова претставува доказ дека граѓаните ги одобруваат главните заложби на Владата за економскиот развој, борбата против корупцијата и организираниот криминал и ставот околу името. Во поглед на последното прашање, Република Македонија поминува низ тежок период и добива непристојни предлози за промена на името и идентитетот, што претставува преседан во меѓународното право. Таа оцени дека би бил рационален предлогот најпрво да се потврди идентитетот на македонската нација и јазик во Обединетите нации и дури потоа да се продолжи со преговорите околу името.

Госпоѓата Поповска повтори дека сите политички партии консензуално се согласни дека иднината на Република Македонија е во НАТО. Таа истакна дека демократизацијата на земјите од Југоисточна Европа е процес што трае, а Република Македонија се движи во добра насока. На локалните и претседателски избори, македонските граѓани успеаја да надминат многу политички, етнички и верски бариери. Воедно, таа изрази незадоволство што меѓу избраните градоначалници нема ниту една жена и информираше дека ќе предложи измени на Изборниот законик, за што ја очекува поддршката од колегите пратеници. Госпоѓата Поповска е исто така загрижена и од најавите на одредени политичари од албанскиот блок за редефинирање на уставниот поредок на Република Македонија.

**Господинот Јован Лазарев**, пратеник од Социјалистичката партија на Македонија (СПМ) истакна дека во Република Македонија е остварен значаен напредок во поглед на демократизацијата, спроведувањето на изборите и политичкиот дијалог. Тој како позитивна ја окарактеризира практиката на организирање на средби меѓу четирите најголеми политички партии за прашања за кои подоцна се дискутира во Парламентот, како што беше договорот за прагот на излезност од 40% за претседателските избори. Истовремено, тој оцени дека во Собранието постои подобрена клима меѓу партиите од власта и од опозицијата, а новиот Деловник во целост успешно се применува. Според г. Лазарев, со ова реално се зголемила ефикасноста на Собранието на Република Македонија. Времето на дискусија не е ограничено на седниците на комисиите, на кои се дискутира по предложените

амандмани, а времето за дискусија од 10 минути за пратениците, односно 15 минути за координаторите на пленарните седници се покажало како оптимално. Тој, исто така, информираше дека законите се носат во две и три фази, односно веќе не се практикува носењето на закони по итна постапка.

Господинот Лазарев оцени дека влезот на Република Македонија во ЕУ и НАТО во моментов зависи од Република Грција. Подвлекувајќи дека целта на Грција не е само промена на името, туку и промена на идентитетот и јазикот, тој укажа дека ваквиот став е неприфатлив за Република Македонија, односно може да се изнајде компромис само околу името на земјата, но не и за идентитетот и јазикот.

**Господинот Павле Трајанов**, пратеник од Демократскиот сојуз (ДС) се осврна на своето искуство како министер за внатрешни работи за време на Косовската криза, кога Република Македонија беше цврст партнер на НАТО и прифати околу 500.000 бегалци од Косово. Тој потсети дека во тој период некои од соседните земји, меѓу кои и Република Грција како членка на НАТО, не прифатиле ниту еден бегалец. Осврнувајќи се на предизвиците по безбедноста, тој оцени дека не може да се предвиди што ќе се случи на Балканот по една година, со оглед на извештаите што пристигнуваат од Босна и Херцеговина, Јужна Србија и Северно Косово. Господинот Трајанов укажа дека е значајно Република Македонија да стане член на НАТО, како заради сигурноста на Балканот, така и заради тоа што земјата веќе функционира како членка на НАТО, со војниците сто учествуваат во мисиите на оваа организација. Тој оцени дека НАТО може да направи притисок врз Република Македонија и Република Грција да се реши спорот околу името.

Во врска со политичкиот дијалог, г. Трајанов не се сложи дека лидерите на четирите најголеми политички партии треба однапред да се договорат за одредени прасања што подоцна би се верифицирале во Парламентот, бидејќи на тој начин се девалвира улогата на Собранието на Република Македонија. Според г. Трајанов, клучниот договор треба да се води во рамките на Собранието, како највисок законодавен дом.

Тој истакна дека ДС, како партија од владеачката коалиција, се залага за јакнење на капацитетите на демократските институции, за независно судство, како и за почитување и спроведување на одлуките на судовите, без разлика дали тие се прифатливи за одредени делови од населението. Во врска со борбата против корупцијата и организираниот криминал, г. Трајанов оцени дека се постигнати зависни резултати на овој план, но актуелната власт ќе мора да презема мерки и против сегашните носители на функции. Тој изрази уверување дека Владата е цврсто определена да продолжи со борбата против криминалот и корупцијата.

Осврнувајќи се на глобалната економска криза, г. Трајанов нагласи дека ќе биде неопходно да се редуцира Буџетот на Република Македонија, но треба да се направат напори делот предвиден за одбраната да остане ист или да се намалат трошоците кои не се сврзани со обуката и опремата на армијата.

**Господинот Амди Бајрам**, пратеник од Сојузот на Ромите од Македонија (СРМ) информираше дека во владеачката коалиција се застапени пет ромски партии, а Ромите имаат свој пратеник во Собранието, министер во Владата, директори на владини агенции и претставници во сите ешалони на власта. На последните локални избори, Ром е избран за градоначалник на Шуто Оризари, општина со доминантно ромско население, додека советници од ромската етничка заедница за прв пат се избрани во 14 општини и во Советот на градот Скопје. Господинот Бајрам оцени дека Владата им помага на Ромите, кои во Република Македонија имаат значително подобра положба во однос на Ромите во другите земји, каде што не можат дури ни да формираат политичка партија.

Тој укажа дека изборниот модел во Република Македонија не им одговара на помалите етнички заедници и дека тие биле исклучени од преговорите за спорот околу името и измените на Изборниот законик, по инсистирање на партиите од албанскиот

политички блок, како и на претседателот Бранко Црвенковски. Господинот Бајрам се осврна на предлогот за измени на Изборниот законик, со кој помалите етнички заедници би имале 12 загарантирани пратенички места, кои би се бирале во една изборна единица. Тој изрази жалење што овој предлог не бил прифатен заради несогласувањето на Демократската унија за интеграција и Демократската партија на Албанците.

Господинот Амди Бајрам нагласи дека Ромите во Република Македонија се лојални граѓани кои ги уживаат сите права и дека тие се задоволни со својата положба во земјата, која може да служи како пример за другите земји на овој план.

* * * * *

На крајот од разговорите, од страна на г. Елгерсма недвосмислено беше искажана верба дека во однос на прашањето за името ќе се најде заедничко прифатливо решение за двете страни во процесот и дека Република Македонија наскоро ќе го финализира својот пат кон НАТО и успешно ќе влезе во процесот на преговори со Европската унија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Собранието во ПС на НАТО***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија***
***на прославата од 60годишнината на НАТО***
***Рим, Италија, 11 мај 2009 година***

***Скопје, јуни 2009 година***

*Парламентарното собрание на НАТО одржа седница во Пленарната сала на Италијанскиот сенат на 11 мај 2009 година за да ја одбележи 60 годишнината на НАТО Алијансата*.

*На седницата ќе учествуваат околу 200 пратеници од 38 делегации на земјите членки на НАТО и земјите со асоцијативен статус во ПС на НАТО, кои промовираат и развиваат екстензивна програма за партнерство и политички дијалог уште од паѓањето на берлинскиот ѕид.*

*Делегација на Собранието на Република Македонија во состав на пратениците Талат Џафери, шеф на Делегацијата, Владо Бучковски, член и Павле Трајанов, заменик член на Делегацијата учествуваа на седницата.*

Седницата беше поделена во две сесии на темите "Од почеток до транзиција: паѓањето на ѕидот, новите држави во Алијансата и актуелните операции" и "Иднината на НАТО кон мултиполарниот свет по Самитот на НАТО во Кел и Стразбур".

По одржувањето на Самитот на НАТО на 4 и 5 април 2009 година, оваа седница беше предвидена како можност и пратениците како избрани претставници на народот да ги разгледаат постигнатите резултати на НАТО и да дискутираат за идните перспективи.

На седницата говорниците ги промовираа заедничките вредности на Алијансата за заштита на слободата, демократијата и солидарноста како фундаментални вредности на Вашингтонскиот договор на НАТО.

Во име на Собранието на Република Македонија на седницата настапи пратеникот Владо Бучковски.

Тој истакна дека главната карактеристика на развојот на мирот и на безбедноста на светот се темели на соработка, заемно координирани активности и превенција во решавање на новите предизвици и кризи.

Потенцираше дека регионот од каде што доаѓа е познат по турбулентноста. Европскиот и светскиот мир, како што не учи и современата историја е ранлив и нецелосен доколку не обезбеди целосно стабилизирање и интегрирање на регионот во безбедносните системи. Посочи дека Република Македонија и покрај проблемите и премрежјата низ кој и самата поминувала, постојано настојува да придонесува за стабилизирање на регионот.

Соработката меѓу Република Македонија и НАТО како стратешки државен интерес има долга историја, уште од 1993 година кога во Собранието усвоивме резолуција за пристапување кон Алијансата. Со секоја наредна фаза, односите добиваа на интензитет и квалитет. Република Македонија во чекор ја следеше трансформацијата на Алијансата, успешно прилагодувајќи се на видоизменетиот идентитет и профил на Организацијата; споделувајќи ги во целост и имплементирајќи ги евро-атлантските вредности и стратегиските интереси врз кои таа се темели; развивајќи суштинско и функционално, докажано во пракса партнерство; спроведувајќи ги реформите во одбраната како и во сите други области, неопходни за исполнување на условите и стандардите за членство во Алијансата.

Долгоочекуваниот Самит на НАТО во Букурешт во април 2008 година беше широко најавуван и како Самит на нов бран на проширување пред се кон Балканот, но и кон исток. Истото делумно и се оствари.

Самитот упати покана до две од трите членки на т.н. Јадранска група (Хрватска и Албанија), што без сомнение е од големо значење за долгорочна стабилизација на состојбите но и подигнување на капацитетите на Алијансата во Западен Балкан.

Самитот, меѓутоа, преку случајот на Република Македонија, го отвори прашањето на солидарноста на членките. Како што е познато, Алијансата на Самитот во Букурешт, и покрај сите очекувања, предвидувања и заложби, не успеа да постигне консензус и да упати покана на Република Македонија, третата преостаната држава од Јадранската група.

Република Македонија останува посветена на унапредувањето на добрososедските односи и соработката во регионот и на целосното остварување на евро-атлантската агенда.

Со задоволство може да се констатира дека денес сите држави од регионот во различен степен се во процес на евро-атлантско интегрирање. Јасната евро-атлантската перспектива на земјите од регионот, членството во НАТО и во ЕУ, претставуваат движечка сила за стабилизација и одржлив демократски развој на земјите од регионот.

Дозволете ми да завршам со констатацијата дека безбедноста и стабилноста на Западниот Балкан јасно и неспорно лежат во НАТО. Во овој контекст, гео-стратегискиот интерес на Алијансата за прием на Република Македонија во НАТО е неспорен и во континуитет потврдуван од НАТО - води кон заокружување на процесот на Европа, целосна и во мир.

Партнерството меѓу Република Македонија и НАТО веќе одамна е реалност, која е поддржана и од сите релевантни политички субјекти и широко прифатена од граѓаните. Длабоко сме посветени, имаме капацитет и цврсто веруваме дека полноправното членство во НАТО, за нас, не само што нема алтернатива туку е во најдобар интерес и на регионот како целина.

Италијанскиот парламент по повод одбележувањето на годишнината, ќе издаде книга во која ќе бидат интегрирани сите говори на учесниците на 60 годишнината на Алијансата а која ќе биде достапна во Библиотеката на Собранието на Репиблика Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во ПС на НАТО***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на пролетното заседание на Парламентарното собрание на НАТО Осло, Норвешка, 22-26 мај 2009 година***

***Скопје, јуни 2009 година***

*Во работата на Годишното заседание на Парламентарното собрание на НАТО, кое се одржа од 22 до 26 мај 2009 година, во Осло, Норвешка учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав: г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата на ПС на НАТО, г. Павле Трајанов и Џемаил Јашари, заменици-членови и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата. Делегацијата беше придружувана и од г. Кире Илиевски, амбасадор на Република Македонија во НАТО.*

Во текот на одржувањето на ова заседание учествуваа околу 250 парламентарци од 26 земји-членки на НАТО, 16 земји со асоцијативен статус, 5 земји-членки на Медитеранскиот дијалог, претставници на Европскиот парламент, ПС на ОБСЕ, членови на Парламентот на Западноевропската унија, ПС на СЕ, како и голем број на парламентарни набљудувачи меѓу кои Република Кореја, Авганистан, Косово и Јапонија кои дискутираа за главните меѓународни безбедносни прашања.

Дебатите се одвиваа во пет комисии на Парламентарното Собрание на НАТО (Политичка, Одбрана и безбедност, Наука и технологија, Цивилна димензија на одбраната, Економија и безбедност), а потоа се одржа иленарна седница на која се обратија **г. Јап де Хоп Шефер,** генерален секретар на НАТО, амбасадорот на Норвешка во НАТО, **г. Пер Ове Вит** и Претседателот на ПС, **г. Џон Танер, г-н Каи Аиде,** специјален претставник на ООН за Авганистан, амбасадорот **Фернандо Џентили**, цивилен претставник на НАТО за Авганистан, **г. Жан-Франсоа Буро**, помошник на генералниот секретар за јавна дипломатија, **г. Јонас Гар Стор**, министер за надворешни работи на Норвешка, **г-ѓа Ан-Грет Сторм Ериксен**, министер за одбрана на Норвешка, **г. Јанс Столтенберг,** премиер на Норвешка и истакнати академици од европските универзитети и претставници на парламентите.

Во петте комисии, кои имаат и свои поткомисии во кои се дискутираше подетално за одредени прашања како што беа глобалната финансиска и комерцијална криза и импликациите врз трансатлантската заедница, производството на енергија во Централна Азија и можниот придонес со енергија кон трансаталнтската заедница, порастот на цените на прехранбените производи и импликациите врз безбедноста на храната, пресвртувачки моменти во Авганистан, НАТО и компјутерскиот тероризам, територијалната одбрана на НАТО и потребата од одвраќање, ресетирање на релациите НАТО-Русија, Грузија и НАТО, Пакистан како тест за трансатлантската соработка, нуклеарна ренесанса, зголемените закани од пиратството за регионалната и глобална безбедност, борба против пролиферцијата за масовно уништување, промена на климата и национална безбедност и други.

**Претседателот на ПС на НАТО, г. Џон Танер** како најважни политички приоритети на Алијансата за 2009 година ги посочи односите со Русија, Авганистан и внатрешните односи во Алијансата. Иако Алијансата има многу различни ставови со Русија, тој се заложи концентрацијата да биде на прашањата за кои двете страни се согласуваат, а тоа е борбата против тероризмот и пронаоѓање на нови патишта за снабдување во Авганистан. НАТО и Русија преговараат од 2008 година за користење на новите патишта за снабдување на мисијата на ИСАФ преку територијата на Јужна Русија и централноазиските држави. Договорот би придонел за намалување на притисокот врз логистиката на КФОР во подрачјата кои граничат со Пакистан и се постојано напаѓани од Талибанците.

За Авганистан, Танер истакна дека претстои големо реорганизирање. Некои од сојузниците немаат воен капацитет да придонесат во Авганистан, но затоа можат да помогнат во реконструкција на земјата. Една од најтешките задачи во Авганистан, а кои не се воени активности е финансирањето, реформите и обуката на полицијата во земјата. Според Танер е потребен нов стратешки план за трансформација на Алијансата од статична одбранбена организација во "поенергична огранизација спремна за навремен одговор".

Упати критика кон некои од сојузниците за нивно посериозно вклучување во Авганистан. Тој рече дека САД не можат постојано да делат лекции, туку ќе бараат вистински партнери и ќе поведат јавни дискусии зашто навистина ИСАФ е во Авганистан и зашто вреди оваа мисија да се поддржи. Во иднина ќе има повеќе консултации, комуникации и соработка меѓу Вашингтон и другите земји членки - она што недостасувало во изминатите години. Ќе се посвети поголемо внимание на размена на разузнавачките информации. Најдобар начин за борба против тероризмот е точна и навремена разузнавачка информација. Тоа не се однесува само на големите сили, како што се САД, Германија, Франција или Обединетото Кралство, туку на сите земји кои можат да помогнат.

Имајќи ги предвид новите предизвици во светот и справувањето со истите, во време кога НАТО ја зголемува својата улога како актер во однос на другите земји и институции, се истакна дека за многумина е тешко да се објасни што НАТО всушност претставува. За оваа цел, е потребно да се донесе еден и единствен консолидиран документ каде ќе се објасни каде е НАТО во моментов и во кој правец се движи, како и фактот зошто НАТО е есенцијален за безбедноста на сите нации. Овој документ, Стратешкиот концепт на Алијансата, се предвидува да биде усвоен во 2010 година.

Во врска со овој нов многу значаен документ на НАТО се истакна дека стратешкото опкружување како и самиот НАТО е доста променет од пред деасет година кога е донесен актуелниот стратешки концепт на НАТО. **Јан Петерсон (Норвешка), поранешен министер за надворешни работи на Норвешка**, специјален известител на ПС на НАТО е задолжен да подготви коментари за потребата од донесување на нов стратешки концепт на НАТО и смета дека развивањето на НАТО, неговите невоени елементи и областите што тој ги покрива треба да бидат појасно поставени.

Во 1999 година тероризмот бил одвај спомнат во статегискиот концепт, додека проширувањето било на самиот почеток. Во 2001 година, Алијансата за прв пат се повикала на членот 5 од Договорот за да одговори на терористичките напади на 11 септември и да ја отпочне најпредизвикувачката мисија во Авганистан. НАТО прифати 10 нови членки, креираше нова партнерска структура и нови иницијативи како што е НАТО-Рускиот Совет. Политиката на "отворена врата" за нови членки и партнери и нејзините односи со соседите и другите меѓународни организации продолжува да се развива. НАТО е Алијанса на демократии и националните парламенти на земјите членки се примарни канали за комуникација меѓу граѓаните на земјите членки на НАТО и водството на НАТО. Парламентарците се тие кои често мораат да објаснуваат пред избирачите зошто е толку важно и потребно да се издвојуваат средства за безбедноста и да се ризикуваат животите на војниците во далечните операции. Ова се некои од причините зошто е потребен нов стратешки НАТО концепт.

Понатаму новиот стратешки концепт треба да биде фундаментален документ кој ќе ја води Алијансата и тој мора да биде читлив и да ги искажува вредностите на Алијансата, како и заканите кои треба да се искажат многу јасно. Тој мора да ја направи Алијансата поспособна да се справува со ненадејните предизвици. Не може да се бара граѓаните да ги поддржуваат мисиите на Алијансата ако не ни се јасни намерата и целите на Алијансата. Тоа им се должи на јавноста и особено на националните воени сили да ги знаат предизвиците со кои се соочуваме и како планираме да го ублажиме ризикот кои постои. Понатаму новиот стратешки концепт треба да ги потврди силните врски меѓу безбедноста и развојот и да ги определи неопходните последици за планирање на развој на вооружените сили на Алијансата. Тоа повикува на блиска соработка меѓу политичките и воените власти во планирањето и извршувањето на мисиите. Треба да се охрабрат и блиските контакти со невладиниот сектор и нивна поголема вклученост.

Може да се заклучи дека НАТО всушност е политичка и воена Алијанса и во иднина како особен предизвик на Алијансата мора да се третира прашањето на меѓународниот тероризам, особено комбинацијата меѓу екстремните организации и оружјето за масовно уништување. Во новиот стратешки концепт мора да биде јасно дека НАТО е вистинската организација да се справи со овие закани.

Растењето на НАТО, исто така треба да се третира, НАТО се прошири со две нови земји членки, колективно изјави дека Украина и Грузија треба да станат членки во иднина. ПС на НАТО секогаш нуди силна поддршка на брзото и широко проширување на Алијансата. Клучот на долговечноста на НАТО е неговата прилагодливост кон промени со кои се одржува неговата значајна улога. Сепак, треба да се има предвид дека Алијансата е организација формирана со договор и има свои граници. Членот 10 јасно покажува дека која било европска земја може да и се придружи на Алијансата, иако има неколку европски земји кои не се членки на НАТО. Во оваа смисла треба да се одлучи дали географскиот лимит е сеуште многу важен и ако не е важен, какви би биле импликациите за иднината на Алијансата.

Понатаму како тема која доминираше во расправата на повеќе комисии беше улогата на крајниот северен регион, кои во еден дел и припаѓа на Норвешка. Норвешкиот **заменик-министер за одбрана Еспен Барт Еид** се заложи пред парламентарците за поголема улога на НАТО во крајниот северен регион, што треба да се направи во соработка со Русија.

Како безбедносни предизвици во северниот регион ги посочи: постоечкиот конфликт на интереси во регионот кој може да ја поткопа неговата стабилност, постојаната употреба на Баренцовото море за центар за воени вежби и како тест за нови системи на оружје, стратешката важност на морето за руската флота, што може да доведе до влошување на односите меѓу Русија и Западот. Тој истакна дека НАТО веќе има присуство и своја улога во овој регион, воглавно преку неговиот интегрира одбранбено воздушен систем, вклучувајќи дејствување на инспекциски авиони АВАКС, како и НАТО вежби во Норвешка и Исланд. Сепак тој ја истакна потребата од зголемување на фокусот на безбедностните предизвици во овој регион. Зголемениот интерес на Алијансата за Арктичкиот регион нема да значи провокација за Русија но ќе демонстрира интерес на сојузниците. Тој ја истакна потребата од градење на доверба, преземање на активности за соработка и развој на заеднички процедури и го потенцираше значењето на развој на односите со организациите како што се Артскиот Совет, Конвенцијата на ООН за законот за фоките, меѓународната поморска организација и ЕУ.

**Генералниот секретар на НАТО, г. Јап де Хоп Шефер** во рамките на своето излагање на пленарната седница укажа на три предизвици кои се клучни за Алијансата - солидарноста, институционалната соработка и ресурсите, сметајќи дека Стратегискиот концепт на Алијансата ќе помогне во изнаоѓањето на решенијата за сите споменати предизвици. Новиот Стратегиски концепт мора јасно да го отсликува новото безбедносно опкружување и важните трендови кои се во пораст како што се климатските промени, сајбер-тероризмот, енергетската независност и пиратството. Овој концепт мора да обезбеди ново поимање на поимот колективната безбедност. Документот ќе биде од отворен карактер со партиципација на многу надворешни актери, НВО и јавноста. Парламентарното Собрание на НАТО исто така ќе биде вклучено заради важноста и поддршката која ја дава и заради составот во кој се вклучени најистакнатите пратеници во областа на безбедноста и одбраната.

На оваа сесија се обрати **амбасадорот Каи Аиде** кој говореше за трендовите на подобрување во Авганистан, особено во реформата на полицијата, армијата, земјоделието и финансиите. Истите многу ветуваат, но не значи дека предвидуваат пресвртница во 2009 година. Области каде е потребна поголема активност и кои претставуваат загрижувачки точки се ревидирање на донорската програма и вклучување на приватни компании во развојот на ПРТ тимовите, како и учество на земјите во глобален развој на земјата наместо концентрирање само во одредени провинции.

Во организација на **Норвешката делегација во ПС на НАТО**, во рамките на заседанието се организираше состанок за половите прашања на кои се дебатираше за насилството врз жените и девојките за време на војна. Се побара колективна

одговорност за нивно сексуалното насилство за време на конфликт. Ангажирање на жените во воените структури и јавно зборување за насилството на цивилно население не е само прашање на половата еднаквост, туку вистинско безбедностно прашање, кое треба да се третира како екстремно ургентно прашање, имајќи предвид дека овој феномен се шири. Бруталноста со која се третираат жените и девојките во текот на воените конфликти спаѓаат во групата на воен криминал и криминал против човештвото. Во Африка генерално ваквите девијантни појави се поврзуваат со користење на алкохол, дрога и со недостаток на контрола на милитантите и малите бунтовнички групи од воените власти или се одредени племенски фетиши. Ова однесување е охрабрено од климата на неказнување која преовладува во повеќето земји кои се во војна. Сите шеесетина учесници на состанокот се сложија дека е потребно да се здружат силите и да се презема акција за заштита на цивилното население. Важно е да покаже нула толеранција. Многу е важно да се продолжи со зголемување на бројот на жените во вооружените сили и да се соработува колку што е можно поцелосно со локалните женски организации, кои се во подобра позиција да комуницираат и да даваат помош на жртвите.

Како значајно прашање беше опфатено и прашањето за гладните во светот, за кои **претставникот на ООН, Џозет Ширан** зборуваше за напорите што се прават во Руанда за да се задоволи населението со храна. Секој шести жител на земјината топка е гладен и ова прашање е важно безбедносно прашање, затоа што без храна, луѓето прават една од овие работи: се револтираат, мигрираат или умираат. Напорите што ги прави ООН во Африка имаат хуманитарен и безбедностен аспект, додека помошта и безбедносната компонента треба да имаат се поголема синергија. НАТО помогнал со бегалците од Косово, а денес помага на Авганистан со програма за храна во 6000 училишта, односно за околу 2,2 милиони школски деца. Слично е состојбата и во Пакистан. Г. Ширан потенцираше дека во Либерија и Хаити, гладот ја соборила власта.

* * * * *

Во рамките на оваа сесија при одредување на приоритетите и активностите на Парламентарното собрание за 2010 година од Делегацијата на Собранието на Република Македонија беше побарано да биде домаќин и ко-организатор на РОС-РОТ семинар кој би се организирал во Охрид во септември 2010 година. Ова беше образложено со потребата да се задржи вниманието на Парламентарното собрание кон Република Македонија. За потсетување од 1997 година па сѐ до 2004 година, во Охрид, Република Македонија се одржаа вкупно пет вакви семинари.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието во ПС на НАТО***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 55-то годишно заседание на Парламентарното Собрание на НАТО Единбург, Обединетото Кралство, 13-17 ноември 2009 година***

***Скопје, декември 2009 година***

*Во работата на Политичкиот комитет на Парламентарното собрание на НАТО, кое се одржа на 14 и 15 ноември 2009 година, во Единбург, Обединетото Кралство учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата на ПС на НАТО, г. Владо Бучковски и г. Павле Трајанов, членови како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

Педесет и петтото заседание на ПС на НАТО се одржа од 13 до 17 ноември 2009 година, но Делегацијата само делумно учестуваше во неговите активности. Инаку на ова заседание учествуваа околу 350 парламентарци од 28 земји членки на НАТО, 20 земји со асоцијативен статус, пет земји членки на Медитеранскиот дијалог, претставници на Европскиот парламент, ПС на ОБСЕ, членови на парламентот на Западноевропската унија, ПС на СЕ, како и голем број на парламентарни набљудувачи меѓу кои Северна Кореја, Австралија, Пакистан, Авганистан и Јапонија кои дискутираа за главните меѓународни безбедносни прашања.

Дебатите се одвиваа во пет комисии на ПС на НАТО (политичка, одбрана и безбедност, наука и технологија, цивилна димензија на одбраната, економија и безбедност), а врз основа на извештаите подготвени од пратениците членови на Собранието и презентациите на меѓународните експерти за безбедност. Операциите во Авганистан предводени од НАТО, како и односите со Русија беа во фокусот на интерес на повеќето пратеници. Други прашања кои привлекоа внимание се однесуваа на подготовките на новиот стратешки концепт, ситуацијата во Пакистан, Иран, пиратството, климатските промени, енергетската безбедност, тероризмот, нуклеарната сила, одбранбените буџети, како и безбедноста на храната.

На крајот на заседанието, Собранието се фокусираше на шест од овие теми за кои се подготвија политички препораки "резолуции" кои ќе бидат доставени до владите на земјите членки на НАТО и на нејзините партнери. Резолуциите се однесуваат на: Постојаната посветеност на НАТО во Авганистан, Зајакнување на режимот за не зголемувањето на нуклеарното оружје, Оспособување на Пакистан, Реафирмирање на политиката на НАТО на отворена врата, Современ и координиран одговор на пиратството на брегот на Сомалија и Придвижувањето после глобалната економска криза.

Една од главните теми кои се разгледуваа на состаноците на сите комитети беше темата за новиот стратешки концепт на НАТО. Тој во моментот се разработува во Алијансата. Општа констатација е дека новиот стратешки концепт треба да го земе предвид развојот на безбедносниот пејсаж од XXI век, но суштината на Алијансата треба да остане како колективната одбрана.

Потпретседателот на ПС на НАТО г. Свен Миксер (Естонија), известител за подготовите околу новиот стратешки концепт, објасни дека новиот стратешки концепт не треба радикално да ги промени фундаменталните принципи на Алијансата. Тој истакна дека ПС на НАТО сака да види реафирмирање на членот 5 и колективната одбрана како темел на Алијансата. Тоа е суштествената работа. Новите закани како што се кибернетската војна или енергетската безбедност, исто така треба да се земат предвид, но не на исто ниво.

Парламентарното Собрание на НАТО подготвува серија на препораки за новиот стратешки концепт на НАТО кои ќе бидат разгледани од генералниот секретар на НАТО, г. Андерс Фог Расмусен. Според г. Миксер, посебен известувач на ПС на НАТО, тие ќе бидат поднесени до НАТО некаде до средината на април 2010 година, како придонес на Собранието за новиот стратешки концепт.

"Консултациите се многи важни за да се спречи воената криза и да координираат политиките на сојузниците за различни безбедносни прашања. Сепак, определбата на сојузниците за членот 5 продолжува да биде релевантна и важна", истакна г. Миксер. Тој имаше свое излагање пред сите пет комитети на ПС на НАТО со цел да го слушне мислењето на сите пратеници со цел да се изгради заеднички став за ова прашање. Една точка која се однесува на пошироките закани кои можат да не

бидат покриени од членот 5, како што е крајбрежната безбедност и енергетската безбедност. Друга препорака зборува за потребата од обезбедување на доволен капацитет за мисиите на НАТО и надминување на конфликтот што постои кога некои земји мисиите ги доживувват како "надворешни" мисии а други како одбрана на територијалната безбедност. Без разлика дали заканата е лоцирана, императив мора да биде да се постигне воените структури на НАТО да бидат полесно распоредливи, послободни и интегрирани.

Новиот стратешки концепт на НАТО, кој немал ревизија од 1999 година, ќе мора да направи баланс меѓу различните приоритети проширената алијанса, наспроти појавувањето на широк ранг на нови закани. Ова е прв стратешки концепт по нападот во САД во 2001 (09/11) и од појавувањето на глобалното затоплување како главна безбедносна закана. И ова е прв стратешки концепт кои ги вклучува и новите источни земји членки на Алијансата. Следствено на овие констатации, новиот стратески концепт ќе мора да рефлектира многу повеќе перцепции за различните закани отколку претходно.

Текстот на препораките на новиот стратешки концепт на ПС на НАТО, исто така ја потенцира важноста од соработката со другите меѓународни организации, а особено со Европската унија. Тој посочи дека сите ги разбираат политичките околности кој создаваат блокада во соработката меѓу НАТО и ЕУ, но треба да се има предвид дека двете организации со членство кое се преклопува треба да најде начини да ја подобри соработката и координацијата, дури тоа да значи развивање на формална рамка и работење на привремена основа.

Исто така, препораките подвлекуваат дека јавната комуникација е многу важна. Сепак, постои загриженост дека недостаток на разбирање на принципите и активностите на НАТО води кон недостаток на поддршка од јавноста во земјите сојузнички на НАТО и слабеење на солидарноста. Овде е особено значајна улогата на Парламенарното собрание на НАТО, каде што пратениците имаат обврска да ги ислушаат граѓаните, како и да ги информираат.

Исто така како дополнување на препораките што ќе бидат доставени во април 2010 година до генералниот секретар на НАТО се и прашањата за Високот север како последица од климатските промени, потребата од рационализација на некои од структурите на НАТО, влијанието на економската криза.

Во рамките на Политичкиот комитет известителот г-ѓата Рајнел Андручек (Канада) поднесе Нацрт на резолуција за реафирмирање на политиката на НАТО на отворена врата. Во своето воведно обракање таа истакна дека целта на оваа резолуција била таа да биде многу кратка и јасна и првенствено да ја пренесе пораката дека НАТО останува на политиката на отворени врати за сите земји што сакаат да станат членки на Алијансата, но и тоа дека ниедна трета страна, надвор од НАТО, нема право на вето на овој процес. Потребно е да се почитуваат критерумите за влез во НАТО, земјите треба да се подготвени за членство, но сепак во крајна линија за добивање на покана за членство во НАТО потребно е донесување на политичка одлука со консензус од сите земји членки.

Во делот на извештајот каде што се набројуваат петте земји аспиранти за членство во Алијансата, Република Македонија не беше издвоена од оваа група како единствена земја која го апсолвирала Акциониот план за членство во НАТО (МАП) и заради единствена причина, билатералниот спор со Грција не ја доби поканата за членство во НАТО.

На текстот на Нацртот на резолуцијата беа поднесени вкупно 11 амандмани. Дел од амандманите се однесуваа на Република Македонија и потребата за нејзино издвојување од групата на земји аспирани со посебен став. Во таа насока слични амандмани поднесоа г. Ламерс (Германија), претседавач на Политичкиот комитет и г. Кабрас од Италија.

Во расправата што следеше во име на г. Ламерс амандманите ги бранеше г. Рејнер Стинер (Германија) известител во Политичкиот комитет. Тој цврсто застана за потребата Република Македонија да се издвои од групата на другите земји аспиранти и побара нашата земја да добие посебен став со која ќе се потсети дека поканата за приклучување во НАТО на Република Македонија ќе и биде доставена веднаш штом ке се изнајде заеднички прифатливо решение за името.

По неговата дискусија, за збор се јавија повеќе пратеници и тоа од Албанија, Бугарија, Словенија, Италија и Данска кои дадоа поддршка на амандманот. Турскиот пратеник истакна дека тоа е билатерален спор меѓу двете држави и не даде поддршка на амандaнот.

Известителот г-ѓата Андручек иако не беше спремна да го прифати амандманот, истакна дека мора да ја почитува волјата на повеќето пратеници иако смета дека ваквото решение во Резолуцијата може да има политички и законски последици. Таа истакна дека на следната пролетна сесија на ПС на НАТО, што ќе се одржи во мај 2010 година во Рига, Латвија, Политичкиот комитет ќе подготви нова резолуција во која ќе посвети посебно внимание на секоја од земјите аспирани за членство во Алијансата.

На гласањето, амандманот го поддржаа 20 пратеници, еден беше против и 6 беа воздржани.

По завршување на амандманската расправа, Резолуција за реафирмирање на политиката на НАТО на отворена врата беше усвоена. Со неа повторно се потврди дека Алијансата е отворена за сите демократски европски држави кои сакаат и имаат способност да ги унапредат принципите на Вашингтонскиот договор и кои придонесуваат за мирот, стабилноста во евроатлантскиот регион.

Резолуцијата се дополни со два нови става за Република Македонија и на тој начин се издвои од другите земји аспиранти за членство во Алијансата.

Со амандманот се истакнува дека покана за приклучување во НАТО на Република Македонија ќе и биде доставена веднаш штом ќе се изнајде заедничко прифатливо решение за името. Исто така се бара Владата и Собранието на Република Македонија да продолжат да го користат инструментот Акционен план за членство (МАП) за да ги продолжат неопходните реформи и да работат на заедничко прифатливо решение за името на патот кон членство во НАТО.

Резолуцијата за реафирмирање на политиката на НАТО на отворена врата се усвои и на Пленарната седница на ПС на НАТО, што се одржа на 17 ноември 2009 година. Вообичаена практика е во врска со усвоените резолуции на ПС на НАТО, НАТО во краток временски период да достави коментари и на тој начин да го искаже своето мислење по нив.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија заради службени обврски поврзани со седницата на Собранието на Република Македонија за Законот за државниот грб на Република Македонија, мораше да замине и не учествуваше во работа на Пленарното заседание на ПС на НАТО, што се одржа на 17 ноември 2009 година.

Во прилог е доставена Резолуцијата за реафирмирање на политиката на НАТО на отворена врата.

***Прилог 1***

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО**
**РЕЗОЛУЦИЈА 378**
за
**РЕАФИРМАЦИЈА НА ПОЛИТИКАТА НА ОТВОРЕНА ВРАТА НА НАТО**
Поднесена од Политичкиот комитет и усвоена од
Парламетарното собрание
Вторник, 17 ноември 2009, Единбург

**Собранието,**

1. ***Потврдувајќи*** дека Алијансата е отворена за сите демократски европски држави кои сакаат и можат да ги унапредат принципите на Вашингтонскиот договор и кои придонесуваат за мирот и стабилноста во евроатлантскиот регион;

2. ***Нагласувајќи*** дека политиката на отворена врата на НАТО е успешна во проекцијата на сигурност и стабилност во целиот евроатлантски регион и пошироко;

3. ***Истакнувајќи*** го правото на сите суверени земји сами да одлучуваат за курсот на својата надворешна политика и дека ниедна трета страна нема право на вето на овој процес;

4. ***Ценејќи го*** придонесот на земјите аспиранти за членство во НАТО во операциите предоводени од НАТО;

5. ***Потсетувајќи*** дека поканата за приклучување во НАТО на Република Македонија ќе и биде доставена веднаш штом ќе се изнајде заеднички прифатливо решение за името;

6. ***Признавајќи го*** значителниот напредок во политичките, економските и реформите во безбедносниот сектор постигнат досега од страна на четирите земји апсиранти: Босна и Херцеговина, Грузија, Црна Гора и Украина;

7. ***Истакнувајќи*** дека пристапувањето кон Алијансата зависи од перформансите и ***истакнувајќи*** дека земјите апсиранти мора да продолжат со реформските процеси;

8. **ГИ ПОВИКУВА** владите и парламентите на Босна и Херцеговина, Грузија, Црна Гора и Украина:

а) да продолжат со реформските напори со цел за зајакнување на демократските институции, граѓанското општество, владеењето на правото и пазарната економија,

б) да осигураат ефективна поделба на извршната, законодавната и судската власт,

в) да осигураат заштита на човековите права и основните слободи и

г) да ја демонстрираат незапирливоста на реформските процеси.

9. **ГИ ПОВИКУВА** Владата и Собранието на Република Македонија:

да продолжат да ги користат инструментите на Акциониот план за членство (МАП) за да се поттикнат неопходните реформи и да работат на заемно прифатливо решение за прашањето со името на патот кон полноправно членство во НАТО и

10. **ГИ ПОВИКУВА** владите и парламентите на земјите членки на Северноатлантската алијанса да ја реафирмираат политиката на отворена врата и да продолжат да ги помагаат земјите аспиранти на нивниот пат кон членство во НАТО.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата***

***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на г. Андреј Петров, прв потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на франкофонијата, на Конференцијата на претседателите на секциите на ПСФ-регион Европа,одржана од 11 до 13 февруари 2009 во Будимпешта, Република Унгарија***

***Скопје, февруари 2009***

*Конференцијата на претседателите на секциите на Парламентарното собрание на франкофонијата (ПСФ) - регион Европа се одржа од 11 до 13 февруари 2009 година во Будимпешта, Република Унгарија. На седницата присуствуваа претседателите на тринаесет секции во ПСФ - регион Европа, како и административните секретари на секциите, претставници на Секретаријатот на Парламентарното собрание на франкофонијата и претставници на Секретаријатот на регионот Европа. Од Собранието на Република Македонија на седницата учествуваше г. Андреј Петров, прв претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на франкофонијата, како и административниот секретар на Секцијата г. Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.*

*Со седницата претседаваше г. Фреди Дегилаж, потпретседател на Парламентот на француската заедница во Белгија и шеф на мисијата Регион Европа на Парламентарното собрание на франкофонијата.*

На свеченото отворање на Конференцијата се обрати г-ѓа Роза Хофман, претседател на унгарската секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата. Откако им посака добредојде и успешна работа на учесниците на Конференцијата, таа се осврна на активностите на унгарската секција во ПСФ, наведувајќи дека оваа година оваа секција ја слави 15годишнинаната од нејзиното учество во активностите на Парламентарното собрание на франкофонијата, како секција со асоцијативен статус. Потоа, таа истакна дека 2008-2009 година е прогласена за франкофонска парламентарна година во Националното собрание на Унгарија и наведе дека ќе биде одбележана со многубројни франкофонски настани на политички, културен и економски план. Во рамките на политичките активности г-ѓа Хофман ги набројуваше билатералните посети на делегациите на Унгарскиот парламент во Сенатот и Националното собрание на Француската Република, Кралството Белгија, Швајцарската Конфедерација и др. и додаде дека на економски план во ноември 2008 година се организира еден семинар на којшто учествувале повеќе претставници на франкофонските стопански комори за да дебатираат за актуелните теми сврзани за економската состојба денеска и наведе дека за поквалитетно подготвување на овој семинар во Унгарскиот парламент е формиран еден ад хок совет во којшто членуваат амбасадорите на Франција, Белгија, Швајцарија и Канада во Будимпешта, како и генералниот секретар на Парламентот кој е надлежен за меѓународната соработка во Националното собрание на Унгарија. Таа истакна дека франкофонијата и членството на Националното собрание на Унгарија во Парламентарното собрание на франкофонијата игра многу важна улога. Франкофонијата значи, пред сé, "**културна и јазична различност, дијалог меѓу различните култури, промоција на мирот и демократијата"** и додаде дека оваа меѓународна организација посветува истовремено големо внимание за елаборација на алтернативни решенија за процесот на мондијализација, на солидарноста меѓу земјите со различно ниво на развој и на примената на човековите права. На крајот, г-ѓа Хофман истакна дека Унгарија секогаш е посветена на идејата за мирна коегзистенција на различните јазици и култури и наведе дека во Југоисточна Европа во којашто се проткаени различни јазици и култури, одлучувачка улога има акцијата за создавање на интеркултурен дијалог, базиран врз меѓусебното почитување, валоризирајќи го секогаш принципот на еднаквост, против доминацијата на еден единствен јазик и на монолитната култура. Овие вредности ги сочинуваат приоритетите на унгарската политика.

**Разгледување на Предлогот на дневниот ред на 22-то Регионално собрание Европа на ПСФ, што ќе се одржи во Сент Елие (Џерси) од 21 до 24 април 2009 година Избор на работната тема и определување на панелни дискусии**

На почетокот г. Фреди Дегилаж, шеф на Мисијата Европа на ПСФ ги информираше учесниците дека на Конференцијата на претседателите на секциите на ПСФ-Регион Европа, одржана во 2008 година во Сион (Кантон Вале во Швајцарија), како централна тема за 22-то Регионално собрание Европа на ПСФ од страна на Секцијата

на Жерзе е предложена "Стареењето на населението". Шефот на мисијата Европа на ПСФ г. Дегилаж го предложи следниов работен наслов на оваа тема "Демографското стареење во Европа, меѓу економската рамнотежа и општествените предизвици". Овој предлог беше едногласно прифатен од учесниците на Конференцијата.

Што се однесува до определување на панелните дискусии за 22-то Регионално собрание Европа на ПСФ, учесниците одлучија оваа тема да биде разгледана на три панелни дискусии: 1. Контекстот и последиците на стареењето, 2. Социо-економските импликации на стареењето и 3. Општествените импликации на стареењето. На овие панелни дискусии ќе учествуваат и следниве експерти: г. Ксавие Тјери, од Националниот институт за демографски студии во Франција, генерален секретар на Асоцијацијата на франкофонските демографи, г. Серж Фелд, професор на Универзитетот во Лиеж, Белгија, г-ѓа Мириам Ван Еспен, експерт во Кабинетот на премиерот на Францускта Република, г. Анри Богер, комисионер во Федералното биро за планирање и претседател на Работната група на ЕУ за стареење на населението, г. Сержо Перелман, професор на Високата школа за менаџмент при Универзитетот во Лиеж, г. Дидиер Вранкен, професор по социологија на стареењето во Универзитетот во Лиеж и еден претставник од Меѓународната франкофонска асоцијација на постари лица од Квебек, Канада.

По дефинирање на панелните дискусии г. Гула Телер, пратеник, член на Комисијата за културни прашања и прес на Унгарскиот парламент ја презентираше демографската состојба и стареењето на населението во Унгарија. На почетокот на неговиот говор г. Телер истакна дека со оглед на тоа дека демографските податоци еволуираат многу бавно и за корекциите на несаканите тенденции треба повеќе време, би било пожелно политичките партии претставени во парламентот да ги усогласат нивните ставови во врска со преземањето на повеќе конкретни политички мерки и цели кои ќе бидат применливи подолго од еден владин мандат. Исто така, имајќи ја предвид важноста на овој проблем, би било пожелно да се најде консензус меѓу јавното мнение, научните и професионалните кругови, како и синдикатите и граѓанското општество. Потоа, тој истакна дека што се однесува до координација по ова прашање на европско ниво, во 2005 година Европската унија презентираше еден документ за демографската политика и во блиска иднина ќе има консултации и усогласувања на ставови во ЕУ и наведе дека консензусот е дотолку повеќе потребен со цел да се создадат услови за одржлив развој, како и за економска и социјална стабилност на европските земји. Потоа тој подвлече дека 21 век се соочува со два предизвика на подолг рок, едниот е демографскиот, додека другиот е предизвикот на климатските промени. На светско ниво, демографскиот предизвик е пренаселеноста, меѓутоа, во постиндустриските општества и особено во Европа, тоа е стареењето на населението кое се заканува со демографски конфликт, имајќи го предвид фактот дека бројот на пензионерите се зголемува, населението старее, а новите генерации се сé помалку бројни затоа што бројот на раѓања се намалува. Што се однесува до еволуцијата на населението во Унгарија, тој истакна дека специфичноста на демографската состојба во Унгарија се состои во ниската стапка на наталитетот и високо ниво на морталитет и произлегува дека од 1981 година секоја година се регистрирани зголемување на бројот на умрени лица отколку раѓања. Билансот на овие два демографски феномени е следниов: приордното опаѓање на бројот на населенето за 25 години е 660 илјади лица. И покрај тоа што овој феномен се бележи и во другите земји на Западна и Југоисточна Европа, сепак истиот е многу поизразен во Унгарија. На крајот, г. Телер истакна дека главните причини за опаѓање на населението во Унгарија денеска е високата стапка на умрените лица во однос на меѓународните податоци и релативното намалување на живородените деца, и покрај тоа што просечниот животен век од 72 години во 2001 година, сега е зголемен на 72,3 години и заклучи дека според демографските предвидувања на ООН објавени во 2003 година (статистички податоци доставени од Централното биро за статистка на Унгарија), предвидената еволуција на населението во Унгарија е навистина драматична, со оглед на фактот дека со покачување на индексот на староста од 21 на 51%, значи дека за одржување на пензиите на сегашно ниво, придонесите за пензии на

вработените треба да се зголемуваат 2,5 пати, или со други зборови 50% од нивните плати треба да бидат уплатени директно во фондот за пензии.

Господинот Етеле Барат ја презентираше состојтаба на изучувањето на францусккиот јазик во Унгарија. На почетокот на неговиот говор тој истакна дека во образовниот систем на Унгарија изучувањето на странските јазици се врши според слободен избор и наведе дека како во повеќето земји во светот и во Унгарија, најпопуларен странски јазик е англискиот и причините не се од политичка природа, туку се објаснуваат со глобализацијата и членството на Унгарија во ЕУ. Потоа, тој наведе дека во Унгарија, според редоследот на изучување на странските јазици, по англискиот и германскиот е францускиот, италијанскиот и рускиот јазик. На крајот, г. Барат наведе дека по пристапување на Унгарија на Европската унија, бројот на франкофоните се зголемува сé повеќе и повеќе.

* * * * *

Се оценува дека учеството на првиот потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на франкофонијата, г. Андреј Петров, на Конференцијата на претседателите на секциите на ПСФ-регион Европа, што се одржа од 11 до 13 февруари 2009 година во Будимпешта беше многу корисно. Во оваа прилика пратеникот г. Андреј Петров имаше можност да воспостави контакти со сите претседатели на секциите на ПСФ-регион Европа и да ги информира за состојбите во Република Македонија, како и да размени мислења со пратениците од заеднички интерес. Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на седницата на Комисијата за парламентарни прашања на Парламентарното собрание на франкофонијата, што ќе се одржи од 23 до 26 март 2009 година во Фрибург, Швајцарска Конфедерација, на седницата на Комисијата за политички прашања, што ќе се одржи од 9 до 11 април 2009 година во Луанг Прабанг, Лаос, на 22-то Регионално собрание Европа на Парламентарното собрание на франкофонијата, што ќе се одржи од 21 до 24 април 2009 година во Сент Елиер, Џерси (Каналски острови) и на 35. годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што ќе се одржи од 2 до 6 јули 2009 година во Париз, Франција.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на секцијата на Собранието на Република Македонија, на седницата на Комисијата за парламентарни прашања на Парламентарното собрание на франкофонијата, одржана од 23 до 26 март 2009 година во Фрајбург, Швајцарска Конфедерација***

***Скопје, април 2009 година***

*Седницата на Комисијата за парламентарни прашања на Парламентарното собрание на франкофонијата (ПСФ) се одржа од 23 до 26 март 2009 година во Фрибург, Швајцарска Конфедерација, на покана од г. Ален Берсе, претседател на Советот на државите (Сенат) на Швајцарската Конфедерација и потпретседател на Швајцарската секција во ПСФ. На седницата присуствуваа претставници од 18 секции во ПСФ, претставници на Програмата на ОН за развој, како и претставници на Секретаријатот на Парламентарното собрание на франкофонијата и од Комисијата на Монетарната и економската заедница на Африка. Од Собранието на Република Македонија на седницата учествуваше г. Џеват Адеми, потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на франкофонијата и член на Бирото на Секцијата, како и административниот секретар на Секцијата г. Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.*

Во рамките на седницата на оваа комисија, на 23 март 2009 година во организација на ПСФ и Програмата на ОН за развој беше организиран еден семинар кој имаше за цел да ги дефинира критериумите за евалуација на демократскиот карактер на франкофонските парламенти. Со семинарот и седницата претседаваше г. Пјер Д Бане, сенатор од Канада и претседател на Комисијата за парламентарни прашања на Парламентарното собрание на франкофонијата.

**Семинар за демократската реалност на Парламентите:**
**какви критериуми за евалуација?**

**Контекст на Семинарот**

И покрај мноштвото на трудови кои се однесуваат на демократскиот карактер на изборите, досега многу малку меѓународни иницијативи се потпреле на индикатори кои дозволуваат да се подобри и да се евалуира функционирањето на парламентите. Всушност, наспроти изборниот домен во којшто меѓународната заедница се злагала за дефинирање и евалуација на демократската природа на изборите, само во последно време главните организации активни во доменот на парламентарниот развој почнале да се интересираат за критериумите на парламентарната демократија. Интерпарламентарната унија (ИПУ) и Парламентарната асоцијација на Комонвелтот веќе објавиле еден водич на добри парламентарни практики и една збирка на "benchmarks" за демократските парламенти. Гореспоменатите текстови послужија како добра основа за Парламентарното собрание на франкофонијата за да ѝ пристапи со поголем интерес на ова прашање. Учесниците подвлекоа дека Парламентарното собрание на франкофонијата треба ги има предвид специфичностите на франкофонскиот простор, особено оние наведени во декларациите кои се усвоени од Франкофонијата во Бамако и Сент Бонифас и оваа организација треба да ги одбрани особеностите на франкофонскиот парламентаризам.

Од јули 2008 година, Парламентарното собрание на франкофонијата се придружува на размислувањата иницирани од меѓународната заедница за критериумите на праламентарната демократија. Заради ова, ПСФ во соработка со Програмата на ОН за развој се анагажира за подготвување на работниот документ под наслов "Демократската реалност на парламентите: какви критериуми за евалуација?". Овој документ ќе му послужи на ПСФ како референтен документ врз основа на којшто Програмата на ОН за развој ќе подготви еден Светски извештај за развојот на парламентарната демократија.

Со цел да се истражува ова прашање, ПСФ во јули 2008 година им го достави на секциите Извештајот од Програмата на ОН за развој, подготвен од Жан-Филип Руа, професор по политички науки на Универзитетот Франсуа Рабле во Тур под наслов "Демократизација на парламентитете". Прилозите и коментарите на секциите на ПСФ се земени предвид при подготвување на работната верзија на референтниот документ.

Овој предлог на документот (во прилог француската верзија и преводот на македонски јазик), беше разгледан на седницата на Бирото на ПСФ во Њујорк од 21 до 22 јануари 2009 година, како и од Мрежата на жени парламентарки на ПСФ на 11 февруари 2009 година.

Главната цел на семинарот беше евалуација и измени и доплнувања преку амандмани на работниот документ "Демократската реалност на парламентите: какви критериуми за евалуација?". Потоа, овој текст ќе биде дистрибуиран на праламентите на земјите членки на ПСФ за повтроно разгледување за на крајот да се усвои формално на Генералното собрание на ПСФ за време на сесијата во Париз во јули 2009 година. Новата верзија на документот ќе се презентира на Меѓународната конференција за добрите практики на парламентарната демократија, што ќе се одржи од 22 до 23 октомври во Париз, Франција. Во коорганизација на Програмата на ОН за развој и Светската банка, оваа конференција ќе ги сумира сите реализирани трудови од ПСФ, Парламентарната асоцијација на Комонвелтот, Институтот на Светската банка, Интерпарламентарната унија и Националниот демократски институт (НДИ), со цел да се овозможи од Генералното собрание на ООН усвојување на "Универзална декларација за парламентарната демократија" во 2010 година.

**Седница на Комисијата за парламентарни прашања**

По усвојување на дневниот ред и записникот, како и одлуките од седницата на оваа Комисија, одржана за време на 34-та Пленарна сесија на ПСФ во Квебек, Канада во јули 2008 година, претседателот на Комисијата г. Пиер Д Бане, сенатор од Канада ѝ се заблагодари на Швајцарската секција, пред сѐ, на г. Ален Берсе, претседател на Советот на државите на Швајцарската Конфедерација и потпретседател на Швајцарската секција во ПСФ за срдечниот пречек на делегациите и значајната подготовка на работата на Комисијата. Потоа истакна дека Комисијата за парламентарни прашања се состанува еднаш напролет и еднаш преку лето за време на Редовната сесија и затоа секоја седница на комисијата претставува посебен настан и наведе дека другата посебност на седниците на оваа Комисија е тоа дека многу често членовите на различни делегации кои сакаат да расправаат за прашања кои се типични за параламнтите и да разменуваат искуства како да ги следат програмите за соработка на ПСФ, учествуваат во работата на Комисијата за параламентарни прашања.

Тој потоа се осврна на концептот на Франкофонијата и истакна дека истиот се појавил во 60-те години на минатиот век и најголема заслуга за ова имаат иницијаторите Леополд Седар Сенгор, Хабиб Бургиба, Хамани Диори и Народом Сиханук. Оттогаш, франкофонијата т.е. средбата на земјите кои го споделуваат францускиот јазик прогресивно се прошири (денеска франкофонијата опфаќа 56 држави и влади членки и 14 држави набљудувачи) и се здоби со институции кои имаат дефинирана улога во Меѓународната организација на франкофонијата (ОИФ). Меѓу овие институции, на прво место е Самитот на шефовите на држави и влади кој претставува политички орган на одлучување. Тој се состанува секои две години почнувајќи од 1986 година со цел да ги дефинира главните ориентации на франкофонската акција. Како што е познато последниот Самит се одржа во октомври минатата година во Квебек за предизвиците со кои се соочува францускиот јазик и беше усвоена Декларацијата на Квебек за францускиот јазик, мирот, доброто владеење и правната држава, владеењето и економската солидарност и животната средина, одржливиот развој и климатските промени. Потоа тој истакна дека Министерската конференција на Франкофонијата ги обединува министрите за надворешни работи и тие кои се задолжени за Франкофонијата. Таа ги подготвува самитите: се состанува меѓу самитите, една година пред одржување на истиот заради подготовка и една година потоа за следење на примената на заклучоците од самитот. Министерската конференција е помогната од Постојаниот совет на франкофонијата кој е составен од претставниците на шефовите на држави и влади на земјите членки на франкофонијата. По Самитот одржан во Ханој, 1998 година кој ја зацврсти политичката и дипломатската димензија на

франкофонијата, се формира Генералниот секретаријат на Франкофонијата кој спаѓа под надлежноста на генералниот секретар, избран од шефовите на држави и влади за мандат од четири години и кој е истовремено портпарол и претставник на франкофонијата, во нејзината меѓународна димензија. Генералниот секретар претседава со Постојаниот совет на франкофонијата и е најодговорна личност на Меѓувладината агенција на франкофонијата. Господин Абду Диуф, бивш претседател на Република Сенегал, е наследник на оваа функција на г. Бутрос Бутрос Гали, од јануари 2002 година.

Тој потоа ги наброи операторите на франкофонијата, а тоа се Мрежата на франкофонските универзитети, ТВ5, Универзитетот Сенгор од Александрија и Меѓународното здружение на франкофонските градоначалници.

Потоа тој наведе дека Парламентарното собрание на франкофонијата, формирано во 1967 година, претставува паралментарна димензија на ПСФ и со оглед на тоа дека параламентарците демократски избрани се од народот, нивно легитимно право е да иницираат рефлексии и акции кои имаат за цел промоција на демократијата и правната држава. Организацијата на Меѓународната организација на франкофонијата (Organisation internationale de la Francophonie-OIF), може да изгледа комплексна но всушност споредувајќи ја со структурата на една држава од една страна се горенаведените извршни органи и консултативниот орган како што е ПСФ. Паралемтарното собрание на франкофонијата денеска брои 77 секции од кои 48 секции членки, 16 секции со асоцијативен статус и 13 секции набљудувачи. Како и секој парламент, крајната цел на ПСФ е усвојување на текстови коишто попримаат форма на мислења, препораки или резолуции по претходна расправа во комисии и усвоени на пленарните сесии. Потоа тој го опиша Бирото на франкофонијата кое се состои од 18 избрани члена и чија основна цел е контрола на извршување на одлуките на Годишното собрание и подготовка на пленарните сесии. Генералниот секретаријат го обезбедува секојдневното функционирање на институцијата. Парламентарен генерален секретар е г. Жак Лежандр, сенатор од Франција. На чело на ПСФ е нејзиниот претседател, чиј мандат е две години.

Тој додаде дека во споредба со другите комисии, оваа комисија има една специфичност, а тоа е освен деталните извештаи, таа ги разгледува и извештаите за следење на програмите за интерпарламентарна соработка коишто се однесуваат на поддршка на парламентарните центри за документација, парламентрани семинари, креирање на web страниците на франкофонските парламенти и др.

Потоа тој се осврна на дневниот ред на состанокот и додаде дека извештаите предвидени за усвојување, всушност претставуваат предлог на извештаите и истите ќе бидат дадени на повторно разгледување и усвојување за време на Пленарната сесија во Париз на којашто парламентарците ќе се изјаснат за предлог- резолуциите.

За време на седницата на Комисијата парламентарците предложија повеќе измени и доплонувања на работниот документ за критериумите за евалуација на демократската реалност на парламентите, којштo повторно ќе се разгледа на седницата на оваа Комисија за време на Пленарната сесија во Париз од 3 до 6 јули 2009 година. Исто така, беа разгледани и следниве извештаи: Слободата на парламентарниот прес во франкофонијата, Активностите на собранијата во франкофонскиот простор збирка на парламентарни процедури и практики, Предизвиците на глобализацијата за франкофонскиот простор, Програмите за парламентарна соработка мисии за наблудување на избори, Следење на набљудувачките мисии за избори, Парламентарните семинари и обуки, Програмата Нориа, како и Парламентот на младите франкофони и националните парламенти на младите.

Комисијата за параламентарни прашања заклучи следната седница на оваа комисија да се одржи на 4 јули 2009 година, во Париз, Франција, за време на 35-та Пленарна сесија на ПСФ.

* * * * *

Оцена е дека учеството на Делегацијата на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ на редовната седница на Комисијата за парламентрани прашања беше многу корисно. Со оглед на тоа дека потпретседателот на Секцијата г. Џеват Адеми за прв пат учествувува во работата на оваа комисија на ПСФ, тој ги воспостави првите контакти со претставниците на секциите од регионот Европа, Канада и Африка со цел за продлабочување на парламентарната соработка меѓу Република Македонија и другите франкофонски земји, а особено со франкофонските земји членки на ЕУ и Канада со цел истите да ја помогнат нашата земја за зачленување во Евроатлантските структури.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на 21-то Регионално собрание Европа на ПСФ од 21 до 25 април 2009 година, во Жерзе, Велика Британија, на Парламентот на млади франкофони (младите претставници од Република Македонија) од 2 до 7 јули 2009 година во Париз, Франција, како и на Годишното собрание на ПСФ од 3 до 7 јули 2009 година во Париз, Франција, на којшто ќе бидат разгледани бројни извештаи и резолуции од активноста на Парламентарното собрание на франкофонијата.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата***

# *ИЗВЕШТАЈ*
# *од 22-то Регионално собрание Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржано од 21 до 25 април 2009 година во Џерси*

***Скопје, април 2009 година***

*Дваесет и второто Регионално собрание Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), се одржа од 21 до 25 април 2009 година во Џерси. На Регионалното собрание учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав г. Андреј Петров, прв потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ и г-ѓа Мерал Узеири Ферати, член на Бирото на Секцијата во ПСФ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, извршен секретар на Секцијата.*

*На 22-то Регионално собрание Европа на ПСФ учествуваа претставници на 15 секции на регионот Европа и претставници на Парламенот на младите франкофони. Тема за дискусија на Регионалното собрание беше: "Демографските предизвици на XXI век и стареењето на европското население", во рамките на која националните делегации ги презентираа специфичните демографски состојби во секоја земја, контекстот и последиците од стареењето на населението, како и социо-економските и општествените импликации од стареењето на населението.*

*Во рамките на 22-то Регионално собрание беше одржана и Конференција на претседателите на Секциите од регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата.*

*Со Регионалното собрание Европа претседаваше г. Фреди Дегилаж, потпретседател на Парламентот на Француската заедница во Белгија и претседател на регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата.*

На свеченото отворање на 22-то Регионално собрание се обратија **сер Филип Белаш, беили, претседател на Собранието на Џерси** и **г. Кен Виберт, претседател на Секцијата на Џерси во ПСФ**. Во своите поздравни обраќања тие се осврнаа на историјата и карактеристиките на Џерси, како и еволуцијата на употребата на францускиот јазик на овој англиско-нормандиски остров.

Џерси е најголемиот и најјужниот остров од Каналските острови, кои претставуваат територија зависна од Британската круна. Овие острови, кои се наоѓаат во Каналот Ла Манш, во непосредна близина на северозападниот брег на Франција, биле дел од Војводството Нормандија до 1066 година, кога потпаднале под англиската круна. Каналските острови биле единствената британска почва, што за време на Втората светска војна била окупирана од германските трупи.

Каналските острови не се дел на Обединетото Кралство, ниту на Европската унија. Од административни причини, островите се поделени на Беиливик на Џерси и Беиливик на Герннси. Беиливикот на Џерси изнесува 116 км$^2$, а во него, покрај островот Џерси, спаѓаат уште два мали острова.

Официјални јазици на Џерси се англискиот и францускиот. Џерси нема свои претставници во Парламентот на Обединетото Кралство, туку има сопствено Собрание (Chamber of States/Chambre des Etats). Собранието го сочинуваат 55 члена со право на глас и четири членови без право на глас. Членови на Собранието со право на глас се: беили[20], неговиот заменик, 12 сенатори, избрани за мандат од шест години, 12 претседатели на парохии (constables/connétables), избрани за тригодишен мандат и 29 пратеници, избрани исто така за тригодишен мандат. Членови без право на глас се: намесник-гувернерот, шефот на Англиканската црква на Џерси, главниот обвинител и главниот правобранител, сите назначени од кралицата (монархот).

Џерси има самостојна економска и даночна политика, која е извор на богатството на островот. Заради исклучително ниските даноци, финансиските услуги сочинуваат

[20] Беили е претседател на Собранието и на Врховниот суд, кого го назначува кралицата (монархот).

60% од бруто домашниот прозвод на Џерси. Други позначајни стопански гранки се туризмот, земјоделството и млечната индустрија.

Господинот Кен Виберт, претседател на Секцијата на Џерси во ПСФ, г. Дејвид Миат, почесен конзул на Франција, г. Џон Харис, претседател на „Alians fransez" во Џерси и г-ѓа Миранда Келер, професор во училиштето Hautlieu, ги информираа членовите на Регионалното собрание Европа за состојбата со Франкофонијата во Џерси. Тие се осврнаа на реализираните активности на полето на културната и јазичната разновидност и напорите за промовирање на вредностите на Франкофонијата.

**Господинот Кен Виберт** се задржа на активностите што ги превзема Секцијата на Џерси во ПСФ за промоција на францускиот јазик и на Франкофонијата, особено меѓу младата популација. Почесниот конзул на Франција, **г. Дејвид Мијат** се задржа на процесите и предизвиците за збратимување меѓу парохиите од Џерси и градовите во Франција. **Господинот Џон Харис** информираше за улогата на „Alians fransez" во Џерси, а **г-ѓа Миранда Келер** за изучувањето на францускиот јазик во училиштата и образовните установи на островот.

Дебата по темата „Демографските предизвици на XXI век и стареењето на европското население" се одвиваше во три панел- дискусии, во рамките на кои на учесниците им се обратија експерти по разгледуваните прашања.

## ПАНЕЛ 1 КОНТЕКСТОТ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД СТАРЕЕЊЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО

Модератор на првиот панел на тема: „Контекстот и последиците од стареењето на населението" беше **г-ѓа Роза Хофман, претседател на Секцијата на Унгарија во ПСФ**, а воведно експозе на темата поднесе **г. Филип Антоан, генерален секретар на Меѓународното здружение на демографите на француски јазик** и директор за истражување на Институтот за истражување и развој на Франција.

Во своето излагање **г. Филип Антоан** оцени дека стареењето на светското население претставува една форма на решение за пренаселеноста и во еден дел произлегува од падот на стапката на природен прираст. Феноменот на стареење наскоро ќе стане универзален, односно до 2050 година населението од над 60 години ќе се зголеми за 3,5 пати во Азија, за 3,7 пати во Латинска Америка, за 4 пати во Африка, за два пати во Северна Америка и за 0,5 пати во Европа.

Причините за стареењето на населението (намалувањето на стапката на природен прираст, зголемувањето на долговечноста, интензификацијата на генерацијата на „бејби-бумот") предизвикуваат различни ефекти на дистрибуцијата на возраста. Во 2050 година, пирамидите на возраста во развиените земји ќе имаат форма на вазна, тесна во основата и на врвот, а релативно хомогена во средината. Пирамидите на возраста во земјите во развој сè уште ја немаат постигнато оваа форма, но основата започнува да се стеснува, а врвот да се проширува.

Господинот Антоан укажа дека пензиските системи ќе бидат соочени со длабоки проблеми заради промената на сразмерот меѓу активното и неактивното население. Можните опции се намалување на нивото на пензиите, зголемување на придонесите и даноците на активното население, зголемување на возраста на одење во пензија и поттикнување на приватното штедење за пензија, со цел за помала зависност од јавниот пензински систем.

Во земјите со ниска стапка на природен прираст, можни се две демографски опции: охрабрување на паровите да имаат деца (пред сè, помош на жените со кариера, со понуда на адаптирани социјални услуги) и еволуција на работната сила (зголемување на учеството на секој поединец, одложување на одењето во пензија и охрабрување на старите лица да останат активни). Ова не е случај во моментов, бидејќи возраста на

престанок на активноста изнесува 57 години во Белгија, 58 година во Франција и 61 година во Германија.

Демографската еволуција влијае и на финансиските перспективи на пензиските системи. Од една страна, намалувањето на активното население ги спречува перспективите на раст на вработувањето, а со тоа и на ресурсите. Од друга страна, зголемувањето на бројот на пензионерите влијае на трошоците.

Господинот Антоан истакна дека стареењето, исто така има реперкусии и врз политиката на домувањето. Понудата на домови треба квантитативно и квалитативно да се адаптира на тековната состојба.

Во дискусијата што следеше земаа учество претставници од секциите на Џерси, Кантонот Во, Монако, Романија, Вал Д'Аоста, Швајцарија, Франција, Македонија и Бугарија, како и од Парламентот на младите франкофони. Во дискусиите стана збор за специфичната демографска состојба на секоја земја/регион, демографската еволуција, потеклото на стареењето, промената на фамилијарната структура на општеството, импликациите за општеството, како и мерките кои треба да се преземат во врска со овој феномен.

**Господинот Андреј Петров, прв потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата**, во своето обраќање се осврна на специфичните состојби со стареењето во Република Македонија, како и на Националната стратегија за демографски развој 2008-2015 година.

Тој информираше дека во последните децении, Република Македонија се соочува со бројни проблеми сврзани за населението, како и со бројни предизвици кои произлегуваат од постојните економски и социјални состојби, кои имаат директно влијание врз демографските трендови во земјата. Додека стапките на раѓања се намалуваат, а со тоа се намалува и учеството на младите во целокупната структура на населението, бројот на старите луѓе се повеќе се зголемува. Господинот Петров истакна дека според проекциите на Обединетите нации во иднина се очекува намалување на бројот на населението во Република Македонија. Тој посочи дека од 2010 година се очекува негативен просечен пораст од 0,04 отсто, кој континуирано ќе продолжи и во наредниот период, кога се очекува намалување на населението за 14,4 отсто, во периодот 2007 - 2050 година.

Просечната возраст на населението во Република Македонија во 2006 година изнесува 36,2 години, а прогнозите на ОН за 2050 година се дека средната вредност ќе се зголеми на 49,4, што значи дека една половина од населението ќе биде под, а другата половина над оваа возраст. Според г. Петров ваквиот тренд е очекуван, со оглед на фактот дека возраста на населението е директно зависна од демографските феномени (фертилитетот, морталитетот и миграциите), а и самата влијае врз нив. Како резултат на овие процеси за помалку од шеесет години, македонското население прескокна дури три стадиуми на демографското стареење и денес се наоѓа во состојба на демографска старост.

Господинот Петров укажа дека според возрасните групи, бројот на старо население е во пораст, но исто така и неговото учеството во вкупното население. Процесот на стареење влијае врз потенцијалите за репродукција на населението. Во областа на економијата, стареењето влијае врз економскиот пораст, штедењето, инвестициите, производството, работната сила, пензиите, даноците и меѓугенерациските трансфери. Во социјална смисла, стареењето влијае врз структурата на семејството и уредувањето на животот, побарувачката на домаќинството, миграционите трендови, епидемологијата и здравствената заштита.

Како резултат на намалувањето на стапката на наталитетот и зголемувањето на стапката на општиот морталитет во последните десет години, стапката на природниот прираст бележи пад од 8,1ф во 1994 година на 1,8ф во 2006 година. Ваквото драстично намалување на природниот прираст на населението, според г. Петров упатува на

неопходноста од преземање на директни и индиректни мерки на демографската политика, со кои ќе се избегне долгогодишниот тренд на намалување на стапката на природен прираст.

Тој подвлече дека сите овие показатели ја наметнаа потребата да биде донесена Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015. Стратегијата е основен документ со кој се идентификуваат приоритетните области и задачи во формулирањето на демографската политика. Овие приоритети и задачи имаат за цел воспоставување на долгорочен тренд за стабилизација на природниот прираст на населението, зголемување на наталитетот, намалување на морталитетот и намалување на забрзаното стареење на населението, преку овозможување на висок квалитет на човековиот капитал и подобар квалитет на живот на секој македонски граѓанин и за секое македонско семејство.

Стратегијата овозможува преку социо-економскиот развој да се создадат сеопфатни, одржливи и изедначени можности за развој на поединците. На овој начин се гарантира дека стратешките определби за демографски развој во Република Македонија се движат во рамките на вредностите, нормите и социјалните права, кои се карактеристични за европскиот регион. Со Стратегијата се предвидува да се создадат услови за подобрување на статусот, квалитетот и очекуваното траење на живот на старото население. За таа цел, предвидени се низа мерки за подобрување на квалитетот на живот на старото население и за создавање на услови за здраво и достоинствено стареење на населението.

## ПАНЕЛ 2 СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД СТАРЕЕЊЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО

Модератор на вториот панел на тема: „Социо-економските импликации од стареењето на населението" беше **г. Жос Шуер, потпретседател на Парламентот на Луксембур и благајник на ПСФ**, а воведно излагање на темата поднесе **г-ѓа Мишелин Ламбрехт, раководител на Федералното биро за план, анализа и економски предвидувања на Белгија.**

**Госпоѓата Мишелин Ламбрехт** направи анализа на население на 27 членки на ЕУ и на Унијата во целина, подвлекувајќи го намалувањето на значењето на бројот на европското населението во светот. Таа укажа дека Европа претставува еден од најстарите региони во светот, истакнувајќи дека стапката на природен прираст е особено ниска во земјите на Источна Европа и во Германија.

Соочени со стареењето на населението и поттикнати од загриженоста на граѓаните и меѓународните институции, европските земји пристапиле кон реформи на пензиските системи. Биле превземени различни мерки, кои се однесуваат на возраста на пензионирање, котизациите, оданочувањето и еволуцијата на очекувањето на живот. Биле воспоставени и приватни пензиски столбови, како алтернатива на постојните системи.

Госпоѓата Ламбрехт истакна дека сценариото за проекција на трошоците за здравство предвидува пораст од 1,5% од БДП за периодот 2007/2060 година. Буџетскиот трошок за стареењето и промената на структурата на населението (помалку млади и повеќе стари лица), во земјите на ЕУ ќе изнесува 4,7% од БДП меѓу 2007 и 2060 година. Но овие буџетски средства ќе бидат исклучително високи во одредени земји. Гопспоѓата Ламбрехт како пример го посочи Луксембург, каде што трошоците ќе изнесуваат 18% од БДП.

Според г-ѓа Ламбрехт, финансиската и економска криза е нов предизвик кој се надоврзува на стареењето. Оваа криза донесе брз и значаен пад на економската активност, што води дури кон рецесија. Доколку потрае, кризата ќе коинцидира со намалување на активното население и одењето во пензија на значаен број на граѓани од генерациите на „бејби-бумот".

Госпоѓата Мишелин Ламбрехт истакна дека стратегијата на ЕУ за предизвиците на демографската еволуција се заснова на економската стратегија во три точки, дефинирана во Стокхолм во 2001 година и на петте политички цели идентификувани од Комисијата на ЕУ во 2006 година. Според стратегијата од Стокхолм, земјите треба да располагаат со солидни финансиски средства и да го намалат јавниот долг, со цел да се одговори на шокот од стареењето. Истовремено, треба да се зголеми стапката на вработување и на продуктивност, со охрабрување на старите лица да останат на пазарот на труд и со подигање на бариерите за целосна вработеност. Од друга страна, петте точки идентификувани од Комисијата во 2006 година, имаат за цел да го унапредат фертилитетот со создавање на подобри услови за живот на семејствата, да ја направат Европа попродуктивна и поефикасна, да се организира прием и интеграција на мигрантите и да се обезбедат одржливи јавни финансии за гарантирање на адекватна социјална заштита и еднаквост меѓу генерациите.

Во дебатата што следуваше, учествуваа претставници на секциите на Џерси, Унгарија, Белгија, Вал Д'Аоста, Швајцарија, Франција и Кантонот Вале, како и од Парламентот на младите франкофони. Се дискутираше за економските и буџетските предизвици поврзани со стареењето на населението, мерките на економската политика, раководење со работното време, стапката на вработеност, импликациите врз пазарот на труд, возраста на пензионирање, реперкусиите од финансиската криза и сл.

## ПАНЕЛ 3 ОПШТЕСТВЕНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД СТАРЕЕЊЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО

Модератор на третиот панел на тема „Општествените импликации од стареењето на населението" беше **г-ѓа Анриете Мартинез, претседател на Француската секција во ПСФ** , а воведно излагање на темата поднесе **г-ѓа Мириам Ван Еспен, претседател на "Senior Innovation",** социолог и меѓународен експерт по геронтологија.

**Госпоѓата Мириам Ван Еспен** посочи дека од 2000 до 2050 година бројот на лица постари од 60 години ќе се зголеми од 600 милиони на две милијарди. Оваа прогресија е особено брза во земјите во развој, каде што се предвидува дека бројот на овие лица ќе се зголеми за четири пати.Од друга страна, бројот на лица постари од 80 години, во истиот период ќе се зголеми од 70 милиони на 350 милиони. Жените ќе бидат побројни од мажите.

Според г-ѓа Ван Еспен, стареењето треба да биде ставено во интеракција со другите фактори на целната географска зона. Неопходно е да се овозможи интеграција и вклученост на старите лица во сите домени на општеството: социјални, политички, економски, културни...

Постиндустриското општество е општество на информации и мрежи, што се карактеризира со мешање на генерациите, конфузно и флексибилно живеење, покомлексен животен пат, но и со трансформација на работата. Госпоѓата Ван Еспен констатираше дека во денешното општество постои зголемување на неизвесноста, несигурност за иднината, ризик од невработеност, тешкотии во врска со социо-професионалното вклучување на младите, дестандардизиран живот на фамилијарен и професионален план и крај на линераниот пат „образование-работа-пензија".

Госпоѓата Ван Еспен подвлече дека зголемувањето на долговечноста треба да се смета за предност и квалификација од којашто општеството може да извлече профит, а не како товар и обврска во однос на трошоците за пензија и здравје. Со цел да се креира опшество за сите возрасти, неопходно е да се валоризираат компетенциите на постарите и истите да се земат предвид во политичките и стратегиските разгледувања.

Во воведното излагање следеше дебата во која се вклучија претставници на секциите на Џерси, Франција, Белгија, Луксембург, Вал Д'Аоста, Швајцарија и Полска, како и од Парламентот на младите франкофони, кои се осврнаа на политиката за трето доба и за фамилијата, меѓугенерациска солидарност, вклученоста и недискриминацијата на старите лица, волонтерска работа со стари лица, инфраструктурата и институциите за грижа и прием на старите лица и сл.

На крајот од дводневната дискусија, во заклучоците на дебатата, од страна на експертите беше поздравено донесувањето на Национална стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година, а мерките предвидени со Стратегијата и нивната динамика беа позитивно оценети. Беше укажано дека на овој план Македонија може да служи за пример, при што беше даден поттик за споделување на искуствата од спроведувањето на Стратегијата со другите земји од Европа.

Регионалното собрание Европа едногласно усвои **резолуција со наслов: „Соочување со демографските предизвици на 21 век и стареењето на населението: можност за воведување на отворено општество за сите возрасти"**.

Со резолуцијата, претставниците на парламентите членки на Парламентарното собрание на франкофонијата-регион Европа се обврзаа да ги сензибилизираат своите влади и парламенти за неопходноста од спроведување на реформи и политики кои водат сметка за демографските и социјалните движења, како и лекциите од тековната финансиска криза. Пратениците, исто така се заложија за вклучување на прашањата за демографските трансформации и нивните последици во рамките на интерпарламентарната соработка.

Во рамките на 22-то Регионално собрание Европа на Парламентарното собрание на франкофонијата, на пратениците им се обрати **г-ѓа Жакоб Ерме, директор за франкофонија, институционални односи и промоција на францускиот јазик на телевизискиот канал TV5 Monde**, еден од операторите на Франкофонијата. Таа информираше за промените настанати во овој канал, по потпишувањето на новиот договор за раководење. Според г-ѓа Жакоб Ерме, со овој договор се креирани услови за модернизација на каналот и зголемување на квалитетот на програмата, како и за засилување на емитувањето на емисиите, со диверсификација на начините и форматите на дифузија.

По размената на мислења, Регионалното собрание усвои **резолуција за TV5 Monde.** Резолуцијата има за цел да ги сензибилизира парламентите членки на Франкофонијата да ја дополнат со соодветни легислативни мерки заложбата заземена од страна на шефовите на држави и влади со Декларацијата од Самитот во Квебек, за олеснување на дифузијата на TV5 Monde и негова достапност за целата популација.

## КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СЕКЦИИТЕ ОД РЕГИОНОТ ЕВРОПА НА ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

На Конференцијата на преседатели на секциите од регионот Европа на ПСФ се дискутираше за организацијата на работата и процедурата на 22. Регионално собрание, пополнувањето на меѓународните мандати на ПСФ од страна на регионот Европа, датумот и местото на следните состаноци на Регионот Европа и Програмата за акција и соработка.

Претседателот Фреди Дегилаж информираше дека на претстојното Годишно собрание на Парламентарното собрание на франкофонијата, што ќе се одржи во јули 2009 година во Париз, Франција истекуваат мандатите на сите избрани функционери на ПСФ. Регионот Европа треба да предложи кандидати за сите функции кои му припаѓаат на овој регион. Со таа цел, претседателот на регионот Европа испратил писмо до сите секции кои имаат свои претставници во управните тела на ПСФ и побарал да го известат за евентуалните модификации во актуелната распределба на мандатите. Со оглед на тоа што ниту една секција не се изјаснила за промена на мандатите, на Конференцијата во Џерси беше одлучено секциите да ги задржат сегашните мандати. Македонската секција има свој претставник во Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ. Госпоѓата Роза Топузова Каревска беше потврдена како една од трите членки од регионот Европа во ова тело и единствен претставник на земјите од Централна и Источна Европа во Извршниот комитет на Мрежата. Секциите на Луксембург и на Белгија ќе ги доставаат имињата на новите

претставници во управните тела на ПСФ по завршувањето на изворите во овие две земји.

На Конференцијата беше одлучено следната Конференција на претседателите да се одржи во Монтре, Швајцарија, во последната недела од октомври 2009 година, во организација на Секцијата на Кантонот Во. Ниту една Секција засега не покажала интерес да го организира следното Регионално собрание, што треба да се одржи во април 2010 година.

Во врска со Програмата за акција и соработка (ПАС) на регионот Европа, г. Дегилаж потсети дека на Конференцијата на претседатели одржана во Будимпешта, Секцијата на Романија била избрана за корисник на ПАС. Господинот Јоан Челару, претседател на оваа Секција, информираше за подготовките за спроведувањето на видеоконференции на Универзитетот Васил Годил, за академската година 2009-2010, во рамките на оваа програма.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Собранието на Западноевропската унија***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Колоквиумот на тема "Цивилно-воена соработка во кризниот менаџмент", одржан на 1 и 2 април 2009 година во Берлин, Сојузна Република Германија***

***Скопје, април 2009 година***

*Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија (СЗЕУ) во соработка со Германскиот бундестаг, организираше Колоквиум на тема "Цивилно-воена соработка во кризниот менаџмент", кој се одржа на 1 и 2 април 2009 година во Берлин, Сојузна Република Германија. На Колоквиумот учествуваше пратеникот г. Јован Манасијевски, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата во СЗЕУ.*

*Работата на Колоквиумот, кој се одржа во рамките на Германското претседавање со ЗЕУ, се одвиваше во три работни сесии посветени на концептите на цивилно-воената соработка и искуствата од операциите во Авганистан и Косово, на кои се обратија експерти за цивилно и воено управување со кризи, политички претставници од Авганистан и Косово и високи функционери на ЕУ и НАТО.*

* * * * *

Колоквиумот го отворија **г. Герд Хефер, потпретседател на СЗЕУ и шеф на Делегацијата на Германскиот парламент во СЗЕУ** и **г. Роберт Волтер, претседател на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија**, кои изразија цврсто уверување дека не може да биде постигнат долгорочен успех исклучиво со воени средства и дека за успешно раководење со кризи е потребна комбинација од воени и цивилни компоненти.

**Со првата сесија** на Колоквиумот на тема **"Концептите на цивилно-воената соработка"** претседаваше **г. Даг Хендерсон, претседател на Комисијата за одбрана на СЗЕУ**. Во рамките на оваа сесија на пратениците им се обратија г-ѓа Вероник Роже-Лакан, заменик директор на Делегацијата за стратегиски прашања во Министерството за одбрана на Франција, г. Франк Ларсон, директор за цивилно-воено односи на Шведскиот меѓународен центар за вооружени сили, г. Александер Зидшлаг од Иницијативата за европска безбедносна конференција и г. Мартин Лакур, делегат за вооружени сили и безбедност на Меѓународниот комитет на Црвениот крст.

**Госпоѓата Вероник Роже-Лакан** го нагласи постоењето на широк консензус во врска со потребата за подобра координација на цивилните и воените активности, укажувајќи на тешкотиите за спроведување на ваквата координација на теренот. Таа оцени дека не е неопходно да се дефинираат концепти за цивилно-воената соработка, нагласувајќи дека фокусот треба да биде ставен на политичките цели, а не на концептуализацијата.

**Господинот Франк Ларсон** се осврна на цивилно-воената соработка во нордиските земји. Тој информираше дека воените, цивилните и полициските компоненти соработуваат уште од почетокот на секој меѓународен ангажман, но со оглед на фактот дека се поголем број на невладини организации се вклучуваат во овие активности, цивилно-воената соработка станува многу комплексен процес. Имајќи предвид дека оваа соработка најчесто не е доволна за гарантирање на безбедноста, е потребно поголемо ангажирање од страна на меѓународната заедница и спроведување на стратегии за градење на држава.

**Господинот Александер Зидшлаг** се задржа на цивилно-воената интеракција во доменот на управување со кризи во рамките на Европската унија. Потребата за глобален и сеопфатен пристап кон кризниот менаџмент била препознаена уште на самитите на ЕУ во Хелсинки и во Копенхаген, а овој концепт е консолидиран во Европската безбедносна стратегија. Останува потребата да се координираат структурите на ЕБОП на начин на којшто ќе се земат предвид интересите и ограничувањата на земјите членки на Унијата. Претставникот на Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК) **г. Мартин Лакур**, посочи дека дистингцијата меѓу "цивилната" и "воената" компонента станува се помала. Тој објасни дека МКЦК ја користи својата неутралност, која мора да ја почитуваат сите страни вклучени во

конфликтот, како "операционално средство". На тој начин, организацијата е во можност да им укаже помош на сите жртви на конфликтите.

Со **втората сесија** на Колоквиумот на тема **"Лекциите од Авганистан"** претседаваше **г. Детлеф Џембрицки, член на Делегацијата на Германскиот парламент во СЗЕУ и поранешен известител на СЗЕУ за Авганистан,** кој се заложи за поголем ангажман и поголема синергија меѓу циливните и воените активности во Авганистан.

Свое обраќање во рамките на оваа сесија имаа генерал мајорот Ерхард Булер, директор во Министерството за одбрана на Германија, г. Азис Бабакаркаил, раководител на Секторот за развој и за провинциските тимови за реконструкција (ПТР) во Независниот директорат за локална управа на Авганистан, г. Алан Буане, генерален директор и основач на "Солидарите", невладина хуманитарна организација и г. Вацлав Печа, цивилен директор на Провинцискиот тим за реконструкција во Провинцијата Логар во Авганистан.

**Генерал мајорот Ерхард Булер** потсети дека Германија е одговорна за северниот регион на Авганистан во рамките на мисијата ИСАФ[21] и дека ги обезбедува неоходните капацитети за трупите на ИСАФ распоредени во целата земја. Во врска со провинциските тимови за реконструкција (ПТР) на ИСАФ во Кундуз и Фејзабад тој објасни дека најголем дел од активностите на овие тимови се насочени кон обновата на провинциите. Германија спроведува "интерсекторски" пристап меѓу различните министерства на Авганистан (за одбрана, за надворешни работи, за внатрешни работи, за развој и економска соработка). Тој, исто така, оцени дека соработката меѓу трупите на ИСАФ и невладините организации е многу подобрена и дека постои атмосфера на доверба меѓу цивилните и воените актери во Авганистан.

**Господинот Азис Бабакаркаил** подвлече дека провинциските тимови за реконструкција (ПТР) во Авганистан се составени од цивилен и воен персонал. Тој оцени дека изградбата на патишта и друга инфраструктура се одвива успешно, но се потребни дополнителни подобрувања, особено во унапредувањето на соработката и координацијата меѓу авганистанските власти и персоналот на ПТР. Според господинот Бабакаркаил, неопходно е продолжување на мандатот на ПТР, особено на цивилниот персонал. Истовремено, повеќе акцент треба да се стави на обуката на администрацијата на провинциите и на создавањето услови за траен економски развој. Состојбата во одредени региони на периферијата на Авганистан, исто така, треба да биде земена предвид.

**Господинот г. Алан Буане** во своето излагање се задржа на три прашања: какви резултати постигнала меѓународната заедница по осумгодишното присуство во Авганистан, што преостанува да се направи и што ќе се случи по нејзиното заминување од земјата. Тој оцени дека и покрај бројните подобрувања, резултати се уште се незадоволителни, бидејќи една третина од територијата е недостапна за хуманитарните работници, државата и понатаму е една од најсиромашните во светот, а дел од населението заради војната се приклонило кон исламскиот радикализам. Според г. Буане ќе бидат потребни децении за да се поттикне развојот на земјата и главниот предизвик на земјата не е да се добие војната, туку да се воспостави мирот. Тоа значи напуштање на тековната стратегија, преговори со бунтовниците на највисоко ниво во нивната хиерархија и зацврстување на темелите на демократијата преку пристапот "од долу нагоре", односно од локалните "џигри" (собранија) кон централната власт. Имајќи предвид дека Авганистан е децентрализирана и мултиетничка земја, со силна традиција на независност, федералниот политички систем би бил поприфатлив од централизираниот систем. Директорот на Провинцискиот тим за реконструкција во Провинцијата Логар

[21] International Security Assistance Force

**Господин Вацлав Печа,** исто така ја нагласи потребата за потесна соработка со државните и локалните власти во Авганистан. Тој истакна дека за обезбедување на долгорочна стабилност и просперитет е потребно да се слушне гласот на локалното население.

Со **третата сесија** на Колоквиумот на тема **"Косово и EULEX"** претседаваше **г. Герд Хофер, потпретседател на СЗЕУ и шеф на Германската делегација во СЗЕУ.**

На пратениците им се обратија г. Рој Рив, заменик на шефот на ЕУЛЕЏ Косово, бригадирниот генерал Курт Хелмут Шиболд од КФОР, г. Бујар Букоши, потпретседател на Комисијата за европска интеграција на Парламентот на Косово, г-ѓа Миа Марзу, тим леадер за Југоисточна Европа на невладината организација "Saferworld"[22] и г. Шпенд Ахмети, директор на Институтот за напредни студии од Приштина.

**Господинот Рој Рив** информираше за активностите на Мисијата на ЕУ за спроведување на владеењето на правото во Косово - EULEX Косово. Тој посочи дека оваа мисија, која започна на 9 декември 2008 година и претставува интегрирана мисија на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), наскоро ќе стане комплетно оперативна. Во моментот мисијата опфаќа 1.745 меѓународни службеници од 31 земја (меѓу кои земји членки на ЕУ, како и САД, Норвешка, Швајцарија, Турција, Хрватска и Канада) и 850 локални службеници, чиј број двојно ќе се зголеми во наредните месеци. EULEX Косово работи во соработка со НАТО/КФОР, ООН, ОБСЕ и други организации. Една третина од персоналот на мисијата се полицајци, па затоа соработката меѓу EULEX и КФОР, меѓу другото предвидува, во случај на потреба, полицијата да добие воена поддршка.

**Бригадирниот генерал Курт Хелмут Шиболд** подвлече дека КФОР во голема мера го остварил мандатот дефиниран со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН (поддршка на привремената администрација на УНМИК). Од друга страна, активностите на УНМИК веќе се префрлени на локалните структури и на мисијата EULEX. Сегашната мисија на КФОР е адаптирана за придонес кон одржувањето на мирна и безбедна средина и помош во креирањето на услови за конечно решение. Пратеникот го оцени започнувањето на мисијата EULEX како позитивно и покрај тешкотиите со назначувањето на функционерите и во врска со статусот на Косово, кое с# уште не е признаено од сите земји членки на ЕУ.

**Госпоѓата Миа Марзу** оцени дека без прецизност на поделбата на задачите на сите вклучени во процесот, не може да се очекува вистинска одговорност. Таа ги повика пратениците да лобираат за критериумите по кои ќе се цени успехот на EULEX, да бидат јасно дефинирани пред разгледувањето на Планот за заедничка акција во врска со EULEX Косово во февруари 2010 година. Истовремено, таа ги повика земјите членки на ЕУ да ја задржат динамиката на проширувањето, бидејќи европската интеграција претставува "морков, цемент и надеж" за сите земји од регионот.

**Господинот Шпенд Ахмети** укажа дека најтешкиот безбедносен проблем со кој се соочува Косово е неповолната економска состојба. Тој оцени дека со економскиот напредок односите меѓу етничките заедници автоматски ќе се подобрат и затоа е неопходно Косово да го подобри трговскиот баланс. Истовремено, на локалното население треба да му биде дадена шанса да го разбере новото законодавство, со цел за тоа соодветно да се имплементира. Земјите од регионот треба да примат јасни сигнали од Брисел за спроведување на длабински реформи, со перспектива за нивно идно членство во ЕУ.

По дебатата во која учествуваа голем број пратеници, Колоквиумот го затвори **г. Герд Хофер,** кој ја подвлече потребата да се слушнат очекувањата на граѓаните и истите да се хармонизираат, како што пратениците на СЗЕУ наоѓаат начини да ги

[22] "Посигурен свет"

хармонизираат своите ставови за европската одбрана и безбедност, заемно работејќи за заедничкиот европски интерес.

* * * * *

Во рамките на Колоквиумот на СЗЕУ, на 1 април 2009 година, беше организирана посета на Штабот на Германските вооружени сили во Потсдам.

**Генерал мајорот Рајнер Глац**, командант на Оперативната команда на Германските вооружени сили (Бундервер) и неговите соработници ги информираа пратениците за распоредувањето на германските трупи во мисиите во рамките на ЕБОП, НАТО и другите меѓународни организации. Членовите на СЗЕУ беа информирани за улогата на Оперативната команда на Бундесверот, која е задолжена за оперативно планирање на национално ниво и за команда и контрола на германските сили во меѓународните мисии. Германските воени сили не можат да учествуваат во воени операции во странство без претходен мандат од Парламентот. Германија во моментов има распоредено 7.156 војници во меѓународните мисии, од кои 2.600 се во Косово (КФОР) и 130 во Босна и Херцеговина (EUFOR ALTHEA). Германија е најголем контрибутор на воени сили во Косово, а од септември 2009 година ќе ја преземе командата со КФОР. Исто така, учествува и во мисијата EUNAVFOR АТАЛАНТА во Аденскиот залив (Сомалија), а мандатот бил одобрен со 87% од гласовите во Германскиот парламент. Во Авганистан Германија е на третото место по број на трупи во ИСАФ, со 3.800 војници, а е предвидено испраќање на дополнителен број војници за време на претстојните избори во земјата.

* * * * *

Со организирањето на Колоквиумот "Цивилно-воена соработка во кризниот менаџмент", Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија, уште еднаш ја потврди својата улога како единствена европска интерпарламентарна институција што на националните парламенти им овозможува надзор и контрола на безбедносните и одбранбените прашања и форум за дебата каде што европските политички лидери и експерти разменуваат мислења за овие значајни прашања со пратениците од земјите членки на СЗЕУ.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на овој Колоквиум се остварува континуитет на соработката со СЗЕУ и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во активностите на ова меѓународно парламентарно собрание.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Собранието на Западноевропската унија***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Педесет и шестата пленарна сесија<br>на Европското собрание за безбедност и одбрана,<br>Собрание на Западноевропската унија,<br>одржана од 2 до 4 јуни 2009 година,<br>во Париз, Република Франција***

***Скопје, јуни 2009 година***

*Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија (СЗЕУ), ја одржа својата редовна 56-та Пленарна сесија од 2 до 4 јуни 2009 година во Париз, Франција. На седницата учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија, што ја сочинуваа пратениците г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ и г. Јован Манасијевски, член на Делегацијата во СЗЕУ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и секретар на Делегацијата во СЗЕУ.*

На Педесет и шестата сесија на СЗЕУ се расправаше по повеќе прашања од областа на одбраната, безбедноста и актуелните збиднувања во Европа и пошироко, како што се Европската безбедносна и одбранбена политика и иднината на Западен Балкан, новите можности за соработка на полето на надворешната и безбедносната политика меѓу ЕУ и САД, воените мисии на ЕУ и војната во Авганистан. Во дневниот ред на Сесијата беа вклучени и прашања во врска со европските оклопни транспортери, улогата на ЕУ во борбата против пиратите и состојбата на Блискиот Исток. Пратениците разгледаа девет извештаи и усвоија седум препораки и една резолуција[23].

Со свои излагања на пратениците им се обратија г. Роберт Волтер, претседател на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија, г. Вацлав Клаус, претседател на Чешката Република и претставник на Чешкото претседателство со ЕУ, г. Јаап де Хоп Шефер, генерален секретар на НАТО, г-ѓа Ана Тришиќ-Бабиќ, заменик-министер за надворешни работи на Република Босна и Херцеговина, г. Клеменс фон Геце, постојан претставник на Германија во Советот на Западноевропската унија/Политичкиот и безбедносен комитет на ЕУ и претставник на Германското претседателство со Западноевропската унија, г. Димитриос Кацудас, генерален секретар за европски прашања во Министерството за надворешни работи на Грција и претставник на идното претседателство со Западноевропската унија и г. Гунар Лунд, амбасадор на Кралството Шведска во Франција и претставник на идното претседателство со Европската унија.

Во рамките на 56-та седница беа одржани состаноци на политичките групи (Федералната група на демохристијаните и европските демократи, Групата на социјалистите и Групата на либералите) и седници на комисиите за политички прашања, за одбранбени прашања, за технолошки и аеровселенски прашања и за парламентарни прашања и односи со јавноста на СЗЕУ. На седниците на комисиите беа разгледани поднесените амандмани на предлозите на препораките на соодветните комисии, усвоени програмите за работа за вториот семестар од 2009 година и утврдени извештаите и известителите за 57-та седница на СЗЕУ, што ќе се одржи во декември 2009 година.

* * * * *

На почетокот на сесијата на пратениците им се обрати **г. Роберт Волтер,** претседател на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија. Тој оцени дека безбедноста, а не одбраната, ќе биде главен предизвик за ЕУ во наредните месеци. Предизвиците ги вклучуваат климатските промени, потребата за заеднички европски проект во полето на енергијата, цивилно-воените аспекти на операциите на ЕУ и сл. Тој го подвлече значењето од претстојната средба на членовите на СЗЕУ со г. Хавиер Солана, висок претставник за надворешна и безбедносна политика на ЕУ, што треба да се реализира на крајот од октомври 2009 година, по ирскиот референдум за Лисабонскиот договор. Претседателот г. Волтер ги поздрави делегациите на Хрватска и Албанија, кои се здобија со статус на придружни членки на СЗЕУ по приемот во НАТО во април о.г. Истовремено, тој истакна дека Собранието е најзначајниот форум за парламентарен надзор на Заедничката

[23] Извештаите, препораките и резолуциите (на англиски и на француски јазик) се достапни на интернет страницата на СЗЕУ: www.assembly-weu.org

надворешна и безбедносна политика на ЕУ, кое колективно ги охрабрува владите на земјите членки да донесат витални одлуки во овој исклучително значаен домен.

**Господинот Вацлав Клаус**, претседател на Чешката Република информираше за активностите на Чешкото претседателство со ЕУ и истакна дека во согласност со мотото на претседателството "Европа без граници", тој се залага за отстранување на сите бариери во Европа, односно за отворање, либерализација и дерегулација на ЕУ. Тој ја отфрли идејата за заедничка одбрана на ЕУ, подвлекувајќи дека ЕУ не треба да гради автономни одбранбени структури, паралелни со оние на НАТО. Господинот Клаус оцени дека НАТО е "круцијална одбранбена институција за западниот свет" и треба да се избегнат непотребните дуплирања.

Претседателот на Чешката Република ја поздрави улогата на ЗЕУ за европската интеграција. Според г. Клаус, СЗЕУ не страда од демократски дефицит и недостаток на одговорност, кои се симптоматични за функционирањето на бројни европски институции. Ова собрание може да помогне за отстранување на постојните бариери меѓу ЕУ и НАТО и да придонесе за развојот на одбранбената и безбедносната соработка во Европа. Подвлекувајќи дека останува "постојан противник" на Лисабонскиот договор, тој одби да коментира дали Чешка ќе го ратификува овој договор доколку тоа го стори Ирска во октомври. Господинот Клаус изрази загриженост дека процесот на донесување на одлуки во ЕУ се повеќе се оддалечува од граѓаните и дека различните иницијативи за интеграција не се засновани на реалните интереси на земјите членки и нивните граѓани, туку се наметнати од врвот. Истовремено, тој ја подвлече поддршката на Чешката Република за целосна интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската унија и НАТО.

Одговарајќи на прашањата од пратениците, чешкиот претседател прецизираше дека според него Лисабонскиот договор воопшто не предвидува зголемување на улогата на националните парламенти. Напротив, Договорот обезбедува радикално зголемување на моќта на неизбраните бирократи во Брисел.

Во своето обраќање пред СЗЕУ, генералниот секретар на НАТО **г. Јаап де Хоп Шефер**, се осврна на одлуките донесени на последниот самит на НАТО одржан во Стразбур и Кел, иднината на односите меѓу НАТО и ЕУ и состојбата во Авганистан. Тој ја истакна виталната улога на пратениците од земјите членки на Алијансата во разработката на новиот стратегиски концепт на НАТО, што треба да го замени претходниот, донесен во 1999 година. Новиот стратегиски концепт треба да обезбеди јасен одговор за значењето на колективната одбрана во новата стратегиска средина. Покрај тероризмот, пропаднатите држави, пролиферацијата на оружјето за масовно вооружување, Алијансата веќе ги зема предвид безбедносните предизвици од климатските промени, сајберкриминалот, енергетската меѓусебна зависност и пиратеријата. Генералниот секретар запраша дали НАТО може да одговори на предизвиците како што се пандемиите, масовните миграции или хуманитарните непогоди? Тој додаде дека за повеќето од овие безбедносни предизвици не е потребен воен одговор, но тие бараат колективен пристап на сите сојузници.

Потсетувајќи дека НАТО нема амбиции да стане "светски полицаец", г. Шефер го зема за пример новиот "глобален пристап" за Авганистан, инициран од претседателот Барак Обама, кој подразбира повеќе војници и тоа не само американски, за обезбедување на безбедноста, но исто така и повеќе меѓународни организации вклучени во цивилната сфера, со цел да им помогнат на Авганистанците да воспостават институции кои функционираат. Истовремено, тој ги повика пратениците да извршат притисок на владите, со цел да се потполни мисијата на Европската унија ЕУПОЛ и истата да се распореди што е можно поскоро.

Генералниот секретар на НАТО одговараше на прашања од пратениците членови на СЗЕУ. Во врска со можноста за директна интервенција на Алијансата во Пакистан, г. Шефер оцени дека тоа би била "политички комплицирана мисија" и дека според него таа повеќе припаѓа во рамките на ООН. Одговарајќи на прашањето за дијалогот со Иран и безбедноста на границите на Авганистан, генералниот секретар истакна дека првите

неформални чекори треба да бидат потврдени во рамките на следниот самит на Г8, што ќе се одржи во Трст, каде што ќе присуствува ирански делегат.

Прашање до г. Јаап де Хоп Шефер постави и **г. Александар Николоски,** шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ. Заблагодарувајќи се за поддршката на генералниот секретар на НАТО на земјите од Јадранската повелба, г. Николоски подвлече дека Република Македонија успешно ја имплементира Годишната национална програма за членство во НАТО во рамките на 10. циклус на Акциониот план за членство (МАП), што треба да биде финализиран на 1 јули 2009 година во Брисел. Господинот Николоски запраша дали според генералниот секретар треба да се продолжи со следен, единаесетти циклус на МАП. Господинот Шефер повтори дека вратата на НАТО останува отворена за Македонија. Истовремено, тој се заложи за понатамошно интензивирање на односите меѓу НАТО и Република Македонија и оцени дека би било исклучително корисно да се продолжи со следен циклус на МАП.

**Господинот Клеменс фон Геце**, постојан претставник на Германија во Советот на Западноевропската унија/Политичкиот и безбедносен комитет на ЕУ, кој се обрати пред Собранието во име на г. Франк-Валтер Штајнмејер, министер за надворешни работи на Германија, се осврна на активностите на Германското претседателство со ЗЕУ. Тој оцени дека Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) остварила многу динамичен напредок, истакнувајќи дека Европската стратегија за безбедност, усвоена во 2003 година, се уште останува валидна. Оттогаш, ЕУ има преземено повеќе од 20 мисии на три континенти. Господинот фон Геце оцени дека по 2003 година се појавиле нови предизвици и закани: пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, развојот на нуклеарни капацитети од страна на Иран, ширењето на тероризмот и организираниот криминал, проблемите со безбедноста на интернет, пиратеријата на море и дисеминацијата на лесното оружје и оружјето од мал калибар.

Господинот фон Геце се осврна и на цивилно-воените аспекти на операциите и потребата за зголемена обука, адаптација на административните структури, рационализација на буџетските планирања и набавки и сл.

**Господинот Димитриос Кацудас**, генерален секретар за европски прашања во Министерството за надворешни работи на Грција ги презентираше приоритетите и програмата за работа на претстојното Грчко претседателство со Западноевропската унија, што започнува на 1 јули 2009 година. Тој се обрати пред СЗЕУ во име на г-ѓа Дора Бакојани, министер за надворешни работи на Грција, истакнувајќи дека во наредните шест месеца ЗЕУ ќе се соочи со три предизвика: одржувањето на буџетот, импликациите на функцијата генерален секретар[24] и иднината на ЗЕУ.

Потсетувајќи дека климатските промени, снабдувањето со енергија и организираниот криминал остануваат закани по безбедноста, тој подлече дека за ЕУ, а особено за Грција како приоритет останува борбата против пиратеријата, Западен Балкан и Медитеранот.

На пратениците им се обрати и **г. Гунар Лунд,** амабасадор на Кралството Шведска во Франција. Тој информираше за основните насоки на програмата на идното шведско претседавање со Европската унија, во име на г. Карл Билд, министер за надворешни работи на Шведска. Зацврстувањето на улогата на ЕУ, како глобален актер ќе биде еден од главните приоритети на Шведското претседателство со ЕУ. Шведска ќе продолжи со својата силна заложба за развој на ЕБОП, во рамките на која се предвидени повеќе задачи. На цивилната страна, ќе биде ставен акцент на обезбедувањето на персонал од земјите членки, поддршката на мисиите, обуката и цивилно-воената соработка. Цел на Претседателството е и комплетно оформување на мисиите ЕУЛЕЏ во Косово и ЕУПОЛ во Авганистан, како и започнување на дискусиите за евентуално продолжување на мисијата ЕУММ во Грузија, чиј мандат истекува во

[24] Генерален секретар на Западноевропската унија е г. Хавиер Солана, кој истовремено е генерален секретар на Советот на ЕУ и Висок претставник за заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Доколку се ратификува Лисабонскиот договор, ќе треба да се донесе одлука дали Високиот претставник за ЗНБП да остане генерален секретар на ЗЕУ, со оглед на тоа дека истиот автоматски ќе стане и потпретседател на Европската комисија.

септември. На воената страна, Шведска ќе се осврне на поморскиот надзор, како и на примената и флексибилноста на борбените групи на ЕУ.

Шведското претседателство, исто така ќе се концентрира на транспарентноста и хармонизацијата на одбранбената индустрија, а ќе организира и дебата за иднината на првата поморска операција на ЕУ, Аталанта. Шведска ќе се стреми и за ефективна интеграција на човековите права во безбедноста и развојот, како и за промовирање на учеството на жените во операциите за превенција од конфликти и одржување на мирот.

## ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА

Европското собрание за безбедност и одбрана, Собранието на Западноевропската унија ги разгледа следниве извештаи предложени од Комисијата за политички прашања:

- "*Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) и иднината на Западен Балкан - одговор на Годишниот извештај на Советот*", поднесен од г. Педро Аргамунт Фонт де Мора, сенатор од Шпанија,
- "*Новите можности за соработка на полето на надворешната и безбедносната политика меѓу ЕУ и САД - одговор на Годишниот извештај на Советот*", поднесен од г. Хорди Шукла и Коста, пратеник од Шпанија и
- "*Европската безбедност и Блискиот Исток*", устен извештај поднесен од г-ѓа Жозет Дирје, пратеник од Франција.

Извештајот **"Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) и иднината на Западен Балкан - одговор на Годишниот извештај на Советот",** што го презентираше известителот г. Педро Аргамунт Фонт де Мора е продолжение на извештајот "2008 - одлучувачка година за Западен Балкан", што беше усвоен од Собранието во јуни минатата година. Во функција на подготовка на извештаите, известителот реализирал две посети на регионот, при што остварил средби со пратеници, министри, политичари и невладини организации во Сараево, Белград, Скопје и Приштина.

Господинот Аргамунт во извештајот се задржува на состојбата во Косово, Босна и Херцеговина и Србија, а дава осврт и на "спорот со името" меѓу Република Македонија и Грција, како и спорот меѓу Хрватска и Словенија. Презентирајќи го извештајот пред Собранието, тој се осврна на дискусиите за трансферот на функциите од Високиот претставник во Босна и Херцеговина на Специјалниот претставник на ЕУ. Тој се задржа и на предвидената реконфигурацијата од 2000 на 200 војници во Мисијата ЕУФОР Алтеа, истакнувајќи дека е против прераното редуцирање на трупите, заради влошувањето на политичката состојба во земјата и континуираните проблеми со сепаратистите во Република Српска. Според г. Аграмунт, состојбата во БиХ минатата година значајно се влошила и земјата се наоѓа во најлошата криза од крајот на војната во 1995 година.

Во врска со состојбата на Косово, г. Аграмунт оцени дека Косово е целосно зависно од поддршката на меѓународната заедница. Од друга страна, под раководството на проевропската влада, напредокот на Србија во евроинтеграцијата е значително забрзан. Апсењето на Радован Караџиќ преставува позитивен настан, но национализмот, корупцијата и поделбите во врска со минатото и иднината на земјата претставуваат значајни пречки за членството на Србија во ЕУ.

Известителот изрази жалење дека билатералниот спор меѓу Грција и Република Македонија се уште не е решен и покрај интензивниот дијалог и посредувањето на претставникот на ОН. Според г. Аграмунт, двете земји треба да го препознаат значењето на добрососедските односи, да го разрешат проблемот и на тој начин да станат пример за сите земји во регионот. Тој, исто така потсети дека се уште не е разрешен ниту спорот во врска со поморската граница меѓу Словенија и Хрватска, иако

препораките од комесарот за проширување г. Оли Рен нудат надеж за напредок по ова прашање.

Оценувајќи дека резултатите во врска со стабилизацијата на безбедносната состојба во регионот се разочарувачки и покрај интензивната помош од меѓународната заедница во изминатата декада, г. Педро Аргамунт Фонт де Мора ги повика владите на балканските земји да докажат дека можат да преземат иницијатива и да бидат автономни. Политичкото помирување, економските, социјалните и полициските реформи, борбата против организираниот криминал и корупцијата мора да останат апсолутни приоритети, а вратата на ЕУ не треба да остане бесконечно затворена за другите земји од регионот, по приемот на Хрватска.

Во рамките на дебатата по овој извештај на пратениците им се обрати **г-ѓа Ана Тришиќ-Бабиќ,** заменик-министер за надворешни работи на Република Босна и Херцеговина, која се осврна на цврстата заложба на земјата за имплементација на реформите што се неопходни за интеграцијата во Европската унија. По потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор, Босна и Херцеговина постигнала значаен напредок на патот кон основната цел - полноправно членство во ЕУ и НАТО. Таа ги охрабри земјите членки да "ја оставаат вратата отворена" и да ја задржат евроатлантската перспектива на земјата, со цел таа да остане на вистинскиот пат.

Госпоѓата Тришиќ-Бабиќ оцени дека по крајот на мандатот во 2009 година, Канцеларијата на Високиот претставник треба да се затвори и нејзините функции да бидат префрлени на Специјалниот претставник на ЕУ во БиХ. Таа информираше за реалната шанса на Босна и Херцеговина да обезбеди место на непостојана членка на Советот за безбедност на ООН за периодот 2010-2011 година. Земјата е единствен кандидат од Источна Европа и досега има добиено поддршка од стотина земји. Доколку БиХ во октомври биде избрана за членка на Советот за безбедност, опстојувањето на Канцеларијата на Високиот претставник би немало никаква смисла.

Во дебатата по извештајот учествуваа повеќе пратеници, главно од земјите од регионот, кои ја подвлекоа подготвеноста за разрешување на разликите и ја нагласија желбата за изразување на јасна перспектива за европска интеграција на земјите од Западен Балкан.

Во дебата учествуваше и **г. Александар Николоски**, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ. Тој истакна дека разговорите за разликите по однос на името треба да се водат исклучиво под покровителство на Обединатите нации и никако поинаку, зашто нивното префрлање во рамките на други организации, не е во согласност со Привремената спогодба и би направило целосен дисбаланс во корист на Грција. Преговарачите од двете држави и посредникот на Обединетите нации, г. Метју Нимиц продолжуваат со разговорите со цел да се најде заеднички прифатливо решение за овој проблем.

Господинот Николоски се осврна и на економската криза, која не е опфатена со извештајот, но длабоко ги засега земјите од регионот, чии економии се и онака ослабени од долгите година на транзиција. Рецесијата во овие земји е присутна дваесеттина години и таа речиси ја уништи економската инфраструктура. Повеќето земји од регионот ќе бидат погодени од економската криза оваа година. Република Македонија има активна политика за справување со истата. Токму затоа е неопходна потесна економска соработка меѓу земјите од регионот, чии економии во минатото беа поврзани.

Врз основа на извештајот и дебатата, Собранието усвои препорака, во која ја поздравува непроценливата улогата на ЕБОП за обезбедување на безбедноста и стабилноста на регионот и ги повикува Советот на ЗЕУ и Советот на ЕУ да го задржат присуството на мисиите на ЕБОП, кои ќе бидат фокусирани на мониторинг, менторинг и советодавна улога. По интервенција на пратеникот **г. Александар Николоски** беа прифатени два негови амандмани кои се однесуваа на делот во врска со Република Македонија, со кои се дава позитивен тон на препораката и се нагласува ставот дека

разговорите за разликите околу името треба да се водат исклучиво во рамките на Обединетите нации[25].

Собранието на ЗЕУ расправаше и по извештајот **"Новите можности за соработка на полето на надворешната и безбедносната политика меѓу ЕУ и САД - одговор на Годишниот извештај на Советот "** поднесен од г. Хорди Шукла и Коста.

Господинот Шукла оцени дека изборот на г. Барак Обама за претседател на САД донел "ветришта на промена" во меѓународните односи и отворил нови можности за трансатлантската соработка. Осврнувајќи се на бројните иницијативи преземени од новиот американски претседател, неговата желба да го поправи имиџот на Америка и неговата подготвеност да разговара со непријателите и противниците, како што се Куба и Иран, известителот го повика Собранието да ги охрабри европските влади да го искористат "овој момент без преседан" и да станат партнер на кој САД може да смета. Тој додаде дека за разлика од администрацијата на Буш, г. Обама е посветен на принципите на мултилатерализмот, кои се постојано поддржувани од Европа. Според г. Шукла, Европа мора да ги преземе своите обврски и да одговори на поконкретен, поефикасен и поодлучен начин на динамиката на новата американска администрација.

Во дебата по извештајот, пратениците од повеќе земји ги потврдија главните ориентации на извештајот, но истовремено предупредија да не се претерува со оптимизмот во врска со изборот на г. Обама. Беше искажано мислењето дека по "медениот месец", новиот претседател ќе треба да се соочи со горливите прашања како што се Иран, Авганистан, Пакистан и израелско-палестинскиот конфликт.

По дискусијата, Собранието усвои препорака во која националните влади се повикуваат да ги искористат отворените можности од страна на администрацијата на Обама во полето на надворешната политика и безбедноста, во рамките на трансатлантските односи.

Известителот г-ѓа Жозет Дирје го презентираше усниот извештај **"Европската безбедност и Блискиот Исток"[26].** Таа информираше за нејзината посета на Блискиот Исток, спроведена пред долгоочекуваниот говор на претседателот г. Барак Обама на 4 јуни 2009 година во Каиро. Таа се задржа на содржината на разговорите со сирискиот претседател, г. Башир ал-Асад, одржани на 3 март о.г. во Дамаск. Господинот ал-Асад изразил силна волја за нормализирање на односите со САД, ЕУ и остатокот од светот во рамките на "глобалниот мировен план", при што тој навел три етапи, кои според него се задолжителни:

1. Прекинување на огнот во Газа и подигање на израелската блокада за размена на затвореници под меѓународен надзор;
2. Интерпалестинско помирување, земајќи ги предвид сите компоненти, вклучувајќи го и Хамас, како витален соговорник и
3. Можност за делумен договор за Голанската висорамнина, под услов тој да е во рамките на глобалното мировно решение.

Госпоѓата Дирје оцени дека доаѓањето на Барак Обама во Белата куќа иницирало нови односу меѓу САД, исламот и арапските држави. Таа истовремено ја подвлече значајната улога на турската дипломатија, како стабилизирачки елемент во контактите со Сирија и Египет. Според известителот, повторното активирање на мировниот план на кралот Фахд од Саудиска Арабија е во центарот на новата политичка стратегија. Тој предвидува признавање на Израел од страна на сите арапски држави, во замена за враќање на границите од 1967 година, слобода за движење на Палестинците, повлекување на израелските населби од Палестина и постоење на две држави.

[25] Амандманите поднесени од г. Николоски претходно беа прифатени од известителот, на седницата на Комисијата за политички прашања, одржана на 2 јуни 2009 година.

[26] Целосниот извештај ќе биде поднесен на 57. пленарна сесија на СЗЕУ, што ќе се одржи во декември 2009 година, кога се очекува да биде усвоена и препорака по извештајот.

Известителот г-ѓа Дирје оцени дека Европа е се уште длабоко поделена околу прашањето за израелско-палестинскиот конфликт и има минимално политичко влијание врз страните во конфликтот. Таа подвлече дека нејзините соговорници биле зачудени од фактот дека Европа нема силен политички глас во врска со состојбата на Блискиот Исток и прашуваа до кога Европа ќе го финансира обновувањето на штетите предизвикани од израелските воени акции, без да игра никаква политичка улога.

Во дебатата во која учествуваа голем број пратеници, преовладуваа дискусиите за потребата од поголема вклученост на европските земји и на ЕУ во разрешувањето на состојбата на Блискиот Исток. Неколку дискутанти препорачаа воздржување од преголеми очекувања од говорот на Обама во Каиро, со оглед на израелската непопусливост и екстремизмот на израелскиот министер за надворешни работи, г. Авигдор Либерман.

## *ОДБРАНБЕНИ ПРАШАЊА*

На седницата на СЗЕУ се расправаше и по три извештаи од Комисијата за одбрана:

- *"Воените операции на Европската унија - одговор на Годишниот извештај на Советот",* поднесен од г. Андреа Ригони, пратеник од Италија и г. Рене Руке, пратеник од Франција,
- *"Улогата на Европската унија во борбата против пиратеријата",* поднесен од г. Курт Бодевиг, пратеник од Германија, г. Аристотелис Павлидис, пратеник од Грција и г. Тармо Кутс пратеник од Естонија и
- *"Војната во Авганистан: Каква стратегија за Европа?",* поднесен од г. Жан-Пјер Кушеида и г-ѓа Франсоаз Осталие, пратеници од Франција.

Во Извештајот **"Воените операции на Европската унија",** известителите г. Андреа Ригони и г. Рене Руке даваат осврт на тековната состојба на операциите на ЕУ во рамките на ЕБОП. Две операции, Воената операција на ЕУ во Источен Чад и Северноисточна Централноафриканска Република (ЕУФОР Чад/РЦА) и Воената операција на ЕУ во Босна и Хецеговина (ЕУФОР Алтеа), се во фаза на завршување. Овие операции се меѓу најамбициозните и најсложените операции спроведени во рамките на ЕБОП и можат да служат како тест за кредибилноста на ЕУ во полето на зачувувањето на мирот. Делегација на Комисијата за одбрана на СЗЕУ во јануари о.г. остварила работна посета на трупите на ЕУФОР Чад/РЦА, мисија што ќе биде преземена од ОН.

Во Босна и Херцеговина, каде што ЕУ ја презема мисијата на ОН, состојбата останува нестабилна, а се уште не е донесена конечна одлука за иднината на ЕУФОР Алтеа. Решението треба да ја земе предвид комплексноста на состојбата на Балканот.

Според известителите, резултатите од овие операции кои се глобално позитивни, овозможуваат да се извлечат искуства и лекции за следните операции на ЕУ.

По дискусијата во која изнесоа свои ставови пратениците од повеќе земји, Собранието усвои препорака во која препорачува брза реформа на механизмот АТХЕНА[27] за финансирање на воените операции за кризен менаџмент, со цел да се обезбеди сите членки кои учествуваат во одлуките за распоредување на операциите, да учествуваат во финансирањето на истите. Собранието, исто така повика националните парламенти да бидат консултирани пред донесувањето на одлука за распоредување на воена операција и редовно да бидат информирани за напредокот на мисиите.

[27] Механизмот ATHENA, од кој досега се финансирани три воени операции (ЕУФОР Алтеа, ЕУФОР ДР Конго и ЕУФОР Чад/РЦА), бил воспоставен бидејќи со членот 28(3) од Договорот за Европската унија не се дозволува операциите што имаат воени или одбранбени импликации да се финансираат од Буџетот на ЕУ.

Во Извештајот **"Улогата на Европската унија во борбата против пиратеријата",** г. Курт Бодевиг, г. Аристотелис Павлидис и г. Тармо Кутс укажуваат дека од почетокот на 2008 година бројот на пиратските напади и вооружените грабежи врз бродовите кои патуваат преку Аденскиот залив и покрај брегот на Сомалија рапидно се зголемил. Преку овој залив се одвива целокупната трговија меѓу Европа и Азија, односно поминуваат бродови со најразличен товар, меѓу кои и танкери со нафта и бродови на Светската програма за храна (WFP).

Целта на извештајот е да ги утврди предизвиците што ги наметнува проблемот со пиратеријата во Аденскиот залив. Известителите најпрво се задржуваат на предизвиците со кои се соочува EUNAVFOR Сомалија - Операција Аталанта, првата поморска мисија на ЕУ. Иако операцијата претставува несомнен успех, координацијата меѓу различните меѓународни и национални сили во зоната останува деликатен предизвик. Заради правниот вакуум, постојат правни предизвици не само за европските земји кои учествуваат во националните операции, туку и за Европската унија и целокупната меѓународна заедница. Истовремено, значаен предизвик претставува нестабилноста на Сомалија, која тоне во корупција и политички хаос.

Во усвоената препорака до Советот на ЗЕУ и Советот на ЕУ, СЗЕУ предлага серија на мерки што треба да ги преземат ЕУ и меѓунардоната заедница за справување со операционалните и правните предизвици, како и прашањата во врска со раководењето поврзани со пиратеријата.

Известителите г. Жан-Пјер Кушеида и г-ѓа Франсоаз Осталие во Извештајот за **вВојната во Авганистан: Каква стратегија за Европа?",** се задржуваат на воената состојба и реконструкцијата на Авганистан, како и на геостратегијата на војната во Авганистан. Според известителите, 2009 ќе биде тешка година за Авганистан, заради претстојните претседателски избори на 20 август, зголемувањето на талибанските напади и несигурноста во многу региони, нетрпеливоста на граѓаните да видат вистински напредок и импресиите за неисполнети очекувања и ветувања. И покрај зголемувањето на воените средства и интензивирањето на операциите, нестабилноста и небезбедноста остануваат на многу високо ниво. Но, од друга страна меѓународната коалиција е конечно убедена дека решението на проблемот не може да биде само воено, туку мора да се потпира и на економскиот и социјалниот развој на земјата.

Известителите оценија дека од 2001 година е забележан реален напредок кон повторно етаблирање на функционална авганистанска држава, вклучувајќи ги тука напорите за оформување на армијата и полицијата, како и напредокот во доменот на здравството и образованието. Сепак, треба да се постигнат уште многу резултати, не само заради корупцијата која е речиси ендемска меѓу авганистанската админстрација, туку и заради недостатокот на ефективна координација меѓу воените и цивилните ангажмани, што заеднички се спроведуваат од НАТО/ИСАФ, САД и триесетина европски држави.

Во препораката што беше усвоена по дебатата за извештајот, СЗЕУ препорача дефинирање на европска политичка, економска и безбедносна стратегија за Авганистан. Подвлекувајќи го значењето од координирана акција, Собранието ги повика европските земји присутни во Авганстан да ги хармонизираат различните правила за ангажирање и да ја преиспитаат ефикасноста на економската и социјална помош.

### *ТЕХНОЛОШКИ И АЕРОВСЕЛЕНСКИ ПРАШАЊА*

На седницата беа разгледани два извештаи од Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања:

- "*Европските оклопни транспортери: тековни програми*", поднесен од г. Аксел Фишер, преседател на Комисијата и пратеник од Германија и г-ѓа Туија Нурми, пратеник од Финска и
- "*Надгледување на вселенатаг*, поднесен од г. Едвард О΄Хара, пратеник од Обединетото Кралство.

Известителите г. Аксел Фишер и г-ѓа Туија Нурми во Извештајот **"Европските оклопни транспортери: тековни програми"** се осврнуваат на широкиот спектар на оклопни возила кои се произведуваат во Европа. Особено внимание беше посветено на оклопните транспортери 6x6 и 8x8, за кои има најголема побарувачка и најголеми инвестиции на полето на технолошкото истражување и развој. Тие се поливалентни, модуларни и опремени со најсовремена електронска и информатичко-комуникациска технологија. Овие оклопни возила, според известителите, се предмет на жестока конкуренција меѓу европските компании и држави, на националните, европските и меѓународните пазари.

Господинот Фишер и г-ѓа Нурми изразија изненадување од недоволниот напредок на хармонизацијата во овој домен, со оглед на фактот дека европските земји се вклучени во исти операции и се соочуваат со исти предизвици, како што е Авганистан. Фактот што цената на оклопните транспортери двојно се зголемила во последните седум години, може да биде детерминирачки фактор за промоција на соработката на овој план.

Во дискусијата што следеше беше истакнато дека Европа е светски лидер за оклопни транспортери, што ги произведува најдобрите расположливи модели. Во усвоената препорака, СЗЕУ повикува на преземање чекори за хармонизација на оперативните потреби и основните стандарди за оклопните транспортери и друга одбранбена опрема, преку дефинирање на мерливи цели и прецизен распоред. Пратениците, исто така препорачаа дека конкуренцијата меѓу нациите и производителите треба да се промовира истовремено со соработката.

Собранието на ЗЕУ го разгледа и Извештајот **"Надгледување на вселената",** поднесен од г. Едвард О΄Хара, по кој се водеше дебата, по што беше усвоена препорака.

### *ПАРЛАМЕНТАРНИ ПРАШАЊА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА*

Пратениците го разгледаа и Извештајот **"Образование и тренинг за ЕБОП: иницијативата за воен Еразмус"** поднесен од г. Ив Позо ди Борго, пратеник од Франција, во име на Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста. Известителот во своето излагање истакна дека целта на извештајот е да се поддржи имплементацијата на иницијативата за "воен Еразмус", предложена од Францускoто претседателство со ЗЕУ и ЕУ. Оваа програма за размена на млади офицери е моделирана според универзитетската програма "Еразмус" и им овозможува на студентите на воените академии да реализираат еден семестар од своите студии во друга земја. Идејата е со цел да се зацврстат клучните капацитети за развој на ЕБОП, односно човечкиот фактор. Со цел да се обезбедди ефективно спроведување на заедничките европски мисии, потребно е воениот персонал да споделува заеднички убедувања, ставови за меѓукултурна размена и познавања на странските воени структури. Известителот г. ди Борго оцени дека е неопходно овој процес да се конкретизира што е можно поскоро, како одговор на воените очекувања.

Во усвоената резолуција, Собранието на ЗЕУ повикува на широка поддршка од националните парламенти и јавноста за "воениот Еразмус".

* * * * *

Делегацијата на Собранието на Република Македонија што учествуваше на 56-та Пленарна сесија на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на ЗЕУ,

даде конструктивен придонес во градењето на ставовите на овој форум и презентираше ставови кои се од значење за Република Македонија. Во текот за седницата, членовите на Делегацијата оствариja средби со пратеници од повеќе земји, при што беа разменети мислења за прашања од заеднички интерес.

Пратениците учествуваа и на седниците на комисиите на СЗЕУ, на кои беа разгледани поднесените амандмани на предлозите на препораките и идните активности на комисиите, како и на состаноците на политичките групи, на кои од политичка гледна точка се дискутираше за темите од дневниот ред на седницата.

Со учеството на Македонската делегација на 56-та пленарна сесија на СЗЕУ се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во европските организации и институции.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Собранието на Западноевропската унија***

***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Педесет и седмата пленарна сесија
на Европското собрание за безбедност и одбрана,
Собрание на Западноевропската унија,
одржана од 1 до 3 декември 2009 година,
во Париз, Република Франција***

***Скопје, декември 2009 година***

*Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија (СЗЕУ), ја одржа својата редовна 57. пленарна сесија од 1 до 3 декември 2009 година во Париз, Франција. На седницата учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ, во состав: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г. Џеват Адеми и г. Јован Манасијевски, членови на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и секретар на Делегацијата во СЗЕУ.*

На Педесет и седмата сесија на СЗЕУ се расправаше по повеќе прашања од областа на одбраната, безбедноста и актуелните збиднувања во Европа и пошироко, како што се Европската безбедносна и одбранбена политика, јавното мислење во врска со безбедноста и проширувањето на ЕУ, предлогот за нова безбедносна архитектура за Европа, соработката на ЕУ со мировните операции на Обединетите нации, моделите и структурите на меѓупарламентарната соработка, тековните настани на полето на нуклеарната непролиферација и разоружувањето, состојбата во Авганистан и на Блискиот Исток и сл. Пратениците разгледаа единаесет извештаи и усвоија девет препораки, една резолуција и една одлука[28]. Беше усвоен и Предлогот на буџетот на Собранието за 2010 година, како и мислењето за буџетите на министерските органи на Западноевропската унија за 2009 година.

Со свои излагања на пратениците им се обратија: г. Роберт Волтер, претседател на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија, г. Теодорос Пангалос, заменик - премиер на Грција, претставник на Грчкото претседателство со ЗЕУ, г. Хакан Јеврел, државен секретар за одбрана на Шведска, претставник на Шведското претседателство со ЕУ, г. Карлос Фернандез Ариас Минуеса, постојан претставник на Шпанија во Советот на ЗЕУ/Политички и безбедносен комитет на ЕУ, претставник на претстојното Шпанско претседателство со ЕУ и ЗЕУ, г. Јоран Ленмаркер, претседател на Комисијата за надворешни работи на Шведскиот парламент и претседавач со Конференцијата на претседатели на комисиите за надворешни работи и г. Владимир Чижов, амбасадор на Руската Федерација во ЕУ.

Во рамките на 57. сесија беа одржани состаноци на политичките групи (Федералната група на демохристијаните и европските демократи, Групата на Европските народни партии, Групата на социјалистите и Групата на либералите) и седници на комисиите за политички прашања, за одбранбени прашања, за технолошки и аеровселенски прашања, за парламентарни прашања и односи со јавноста и за Деловник и привилегии на СЗЕУ. На седниците на комисиите беа разгледани поднесените амандмани на предлозите на препораките на соодветните комисии, усвоени програмите за работа за првиот семестар од 2010 година и утврдени извештаите и известителите за 58. седница на СЗЕУ, што ќе се одржи во јуни 2010 година.

На пленарната сесија г. Роберт Волтер, пратеник од Обединетото Кралство, повторно беше избран за претседател на СЗЕУ, со мандат од една година.

* * * * *

На почетокот на сесијата на пратениците им се обрати **г. Роберт Волтер,** претседател на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на Западноевропската унија. Тој оцени дека Европската унија треба да ги зголеми трошоците за одбрана и покрај намалувањето на економската активност, да ја зацврсти соработката и да формира постојана структура за стратешки дијалог со САД, како и да вложи дополнителни напори за надминување на јазот меѓу дискусиите за Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и нејзиното реално спроведување во пракса. Во врска со надворешните односи на ЕУ, тој истакна дека не го занемарува

[28] Извештаите, препораките, резолуциите и одлуките (на англиски и на француски јазик) се достапни на интернет страницата на СЗЕУ: www.assembly-weu.org

дијалогот меѓу поединечните земји членки и САД, но нагласи дека редовниот, сеопфатен и стратешки дијалог меѓу ЕУ и САД повеќе може да придонесе за исполнување на амбициите во врска со ЗНБП, содржани во Лисабонскиот договор. Тој подвлече дека ЕУ треба да вложи дополнителна енергија за подобрување на односите со НАТО, кои се проблематични и заради тоа е отежнато спроведувањето на аранжманите "Берлин плус".

Во свој говор по повод повторниот избор за претседател на СЗЕУ, г. Роберт Волтер нагласи дека негова главна цел ќе биде да го промовира СЗЕУ како тело што обезбедува парламентартен надзор и контрола врз европската безбедност и одбрана. Поттикнувајќи ги членовите на Собранието да лобираат во своите парламенти и влади за поддршка на оваа мисија, тој предупреди дека доколку овие аргументи не бидат ислушани, неминовно ќе се зголеми демократскиот дефицит. Тој потсети дека со Лисабонскиот договор соработката за безбедносните и одбранбените прашања останува на ниво на меѓувладина соработка, а Договорот предвидува и зголемено учество на националните парламенти на овој план. Активностите на ЕУ за одржување на мирот се повеќе се колективни и токму затоа, повеќе од кога било, постои потреба за колективна поддршка од парламентите, како есенцијална врска со јавното мислење.

Во своето обраќање пред СЗЕУ, заменик-премиерот на Грција **г. Теодорос Пангалос**, се осврна на активностите на Грчкото претседателство со ЗЕУ, кое завршува на 31 декември 2009 година. Тој подвлече дека мерките за борба против трговијата со дрога, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и другите проблеми се главни приоритети на Претседателството. На списокот на приоритети фигурира и Блискиот Исток, каде што формирањето на нови израелски населби ги забавува напорите за постигнување на мировен договор, како и продлабочувањето на соработката со меѓународните организации во врска со Косово, Авганистан, ДР Конго, Сомалија и Судан.

Во врска со иднината на ЗЕУ и новата архитектура на ЕУ, г. Пангалос изрази жалење дека по истекот на мандатот на досегашниот генерален секретар на ЗЕУ г. Хавиер Солана, тој е заменет со в.д. генерален секретар, но нагласи дека станува збор за преодно решение. Во однос на ЗНБП, тој укажа дека со Лисабонскиот договор и понатаму ќе се применува принципот на супсидијарност. Од друга страна, Грција ќе преземе иницијатива за да се даде нов елан на земјите од Западен Балкан, со формулирање на нов патоказ за регионот до 2014 година, односно 100 години по почетокот на Првата светска војна.

Господинот Пангалос одговараше на прашања од пратениците членови на СЗЕУ, во врска со предлогот со 14 точки за соработка со ЕУ во доменот на безбедноста, презентиран од рускиот претседател г. Дмитриј Медведев, имиџот и визибилитетот на СЗЕУ, мандатот на новиот Висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика и сл.

Прашање до г. Теодорос Пангалос постави и **г. Александар Николоски,** шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ. Тој ја поздрави идејата за изготвување на нов патоказ за Западен Балкан до 2014 година и потсети дека на состанокот на Европскиот совет на 7 декември 2009 година се очекува донесување на одлука за започнување на преговори за членство со Република Македонија, по препорака од Европската комисија. Подвлекувајќи дека политиката на блокади не вродува со резултати за разрешување на билатералниот спор за името на нашата земја, г. Николски запраша дали Грција ќе го попречи донесувањето на оваа одлука, а со тоа ќе го одложи решението на проблемот и ќе го блокира напредокот на регионот.

Господинот Пангалос го изнесе ставот на Грчката влада во врска со спорот за името на нашата земја - име за севкупна употреба, кое ќе содржи географска одредница. Тој истакна дека за Грција е од интерес земјата да стане членка на ЕУ,

затоа што со тоа ќе се зголеми трговската размена и ќе се надминат граничните бариери меѓу двете земји, кои имаат интензивни економски односи. Според г. Пангалос, Грците сметаат дека нашата земја сака да го монополизира името Македонија, што се однесува на еден поширок регион, како и да ја монополизира историјата. Грција не сака да внесува проблеми и тензии во Европската унија, па затоа прашањето мора да биде решено претходно.

**Господинот Хакан Јеврел**, државен секретар за одбрана на Шведска, се обрати пред членовите на Собранието во име на г. Стен Толгфорс, министер за одбрана на Шведска. Тој информираше за активностите на Шведското претседателство со ЕУ во полето на безбедноста и одбраната. Еден од главните приоритети на Претседателството е зацврстување на оперативните капацитети и флексибилноста на европските борбени групи, во кои земјите членки на ЕУ вложуваат време, пари и ресурси. Господинот Јеврел нагласи дека и покрај тоа што борбените групи можат да бидат распоредени во рок од 10 дена, тие досега не биле вклучени во операции, заради недостатокот на политичка волја од страна на земјите членки. Во приоритетите на Шведското претседателство спаѓаат и: зголемување на соработката и координацијата на полето на поморското набљудување, зголемување на транспарентноста и хармонизацијата на пазарот на европската одбранбена индустрија, како и промовирање на поблиска соработка во развојот на цивилно-воените капацитети.

Државниот секретар го подвлече значењето на Лисабонскиот договор за зацврстувањето на Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП)[29]. Според г. Јеврел, со формирањето на позицијата Висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика, кој ќе располага со нова Европска служба за надворешна акција, ќе се зголеми ефикасноста на европската надворешна политика. Тој, исто така ја поздрави клучната улога на парламентарците од СЗЕУ, кои во голема мера придонесуваат за обезбедување на поддршка од јавноста за работата на ЕУ.

**Господинот Фернандез Ариас Минуеса**, постојан претставник на Шпанија во Советот на Западноевропската унија/Политичкиот и безбедносен комитет на ЕУ, ги презентираше приоритетите и програмата за работа на претстојното Шпанско претседателство со ЕУ и со ЗЕУ. Тој се обрати пред членовите на СЗЕУ во име на г. Мигел Анхел Моратинос, министер за надворешни работи на Шпанија. Трите главни приоритети на двојното шпанско претседателств се поврзани со имплементацијата на реформите предвидени со Лисабонскиот договор. Првиот приоритет, "граѓанската законодавна иницијатива", со којашто ќе се овозможи еден милион граѓани од значителен број земји членки на ЕУ да предложат законодавен акт, според г. Минуеса би можел да се имлементира пред завршувањето на Шпанското претседателство.

Вториот приоритет е пристапувањето на ЕУ кон Европската конвенција за човекови права на Советот на Европа. Шпанското претседателство, исто така ќе се концентрира на формирањето на Европската служба за надворешна акција, под раководство на Високиот претставник за надворешни работи и безбедносна политика, како трет приоритет. Господинот Минуеса информираше дека претстојното Шпанско претседателство ќе организира најмалку девет самити, на коишто ќе доминираат прашањата за евроамериканските и евромедитеранските односи.

На пратениците им се обрати и **г. Јоран Ленмаркер**, претседател на Комисијата за надворешни работи на Шведскиот парламент и претседавач со Конференцијата на претседатели на комисиите за надворешни работи, кој подвлече дека ЕУ треба да размислува европски, а не национално, за прашањата што се однесуваат на безбедноста и одбраната. Господинот Ленмаркер е убеден во "светлата иднина" на соседството на ЕУ, со оглед на тоа што Западен Балкан станува се постабилен. Тој се осврна и на источното партнерство, коешто игра значајна улога во етаблирањето на

[29] Поранешна Европска безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП)

демократијата и просперитетот во шесте вклучени земји: Азербејџан, Белорусија, Грузија, Ерменија, Молдавија и Украина. Во врска со евентуалното членство на овие земји во ЕУ, тој ја препорачува политиката "без ветувања, без затворени врати". Источното партнерство, според г. Ленмаркер е значајно и за Русија, која може да има само корист од сигурни, просперитетни и суверени соседи.

***ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА***

Европското собрание за безбедност и одбрана, Собранието на Западноевропската унија ги разгледа следниве извештаи предложени од Комисијата за политички прашања:
*"Кон нова безбедносна архитектура за Европа? - одговор на Годишниот извештај на Советот",* поднесен од г. Аркадио Диаз Техера, сенатор од Шпанија и г. Герд Хефер, пратеник од Германија,
*"Информациите од Советите на ЕУ и на ЗЕУ за Европската безбедносна и одбранбена политика",* поднесен од г. Мајк Хенкок, потпретседател на СЗЕУ и пратеник од Обединетото Кралство и г. Џакомо Сантини, пратеник од Италија,
*"Европската безбедност и Блискиот Исток",* поднесен од г-ѓа Жозет Дирје, потпретседател на СЗЕУ и пратеник од Франција и
*"Тековни настани на полето на нуклеарната непролиферација и разоружувањето",* поднесен од г. Мајк Хенкок, потпретседател на СЗЕУ и пратеник од Обединетото Кралство.

Извештајот **"Кон нова безбедносна архитектура за Европа? - одговор на Годишниот извештај на Советот",** што го презентираа известителите г. Дијаз Техера и г. Хефер, се однесува на предлогот за нова безбедносна архитектура на Европа на г. Дмитриј Медведев, претседател на Руската Федерација. Овој предлог беше презентиран од Рускиот претседател во јуни 2008 година, односно еден месец од неговото преземање на функцијата и пред војната во Грузија, што ги доведе Русија и НАТО на работ на конфронтација во стилот на студената војна и ги поткопа фондациите на структурите за евро-атлантската безбедност.

Русија го смета дека актуелниот безбедносен систем е "западно-центричен", несоодветен да ги спречи и разреши кризите и премногу зависен од НАТО. Според рускиот претседател, новата безбедносна архитектура треба да биде базирана на правно обврзувачки договор, потпишан не само од земјите учеснички во ОБСЕ, туку и од постојните безбедносни организации: НАТО, ЦСТО и ОБСЕ. Најголем број на земјите на ОБСЕ не се подготвени да прифатат формирање на нови институции или потпишување на нови договори, но се согласуваат со потребата за подобрување на функционирањето на постојните структури, со цел сите земји да уживаат еднаква безбедност. Процесот од Крф, лансиран на Самитот на ОБСЕ во јуни 2009 година, воспостави структуриран дијалог со цел за реетаблирање на довербата меѓу земјите учеснички, разгледување на областите каде што е потребна реформа и идентификување на новите закани за евроатлантската безбедност.

Во рамките на дебатата по овој извештај на пратениците им се обрати **г. Владимир Чижов**, амбасадор на Руската Федерација во ЕУ. Тој се осврна на рускиот предлог за "договор за безбедност на Европа", кој го оцени како најдобро средство за борба против фрагментацијата на безбедноста, на регионално и на светско ниво. Нагласувајќи дека Русија нема намера до го поткопа НАТО, г. Чижов го осуди ставот на Алијансата, која не ги зема предвид легитимните интереси на земјите кои не се членки на НАТО. Без да спомене одредени држави, тој оцени дека одредени членки на НАТО имаат застарени погледи во однос на Русија, кои датираат од ерата на студената војна. Истовремено, тој го поздрави развојот на партнерството со ЕУ, кое овозможило да се најде решение за кризата на Кавказот.

По дебатата во која учествуваа повеќе пратеници, СЗЕУ усвои препорака во која повикува на продлабочен дијалог на Европа со Русија, при што приоритет би се ставил

на разрешувањето на "замрзнатите конфликти". Собранието, исто така и препорача на Европската унија попозитивно да одговори на иницијативата на Рускиот претседател за преиспитување на постојната безбедносна архитектура и го охрабри НАТО да ја покани Русија да даде придонес кон новиот Стратешки концепт на Алијансата, со свои ставови.

Собранието на ЗЕУ расправаше и по извештајот **"Информациите од Советите на ЕУ и на ЗЕУ за Европската безбедносна и одбранбена политика",** поднесен од г. Хенкок и г. Сантини. Во извештајот се дава осврт на извештаите од Советите на ЕУ и на ЗЕУ и се прави критичка анализа на одговорите од Советот на препораките на СЗЕУ. Советот на ЗЕУ, врз основа на Изменетиот Бриселски договор, е обврзан да доставува годишен извештај до СЗЕУ, но со трансферот на функциите за кризен менаџмент од ЗЕУ на ЕУ, овие извештаи изгубија на интерес, пред се заради ерозијата на содржината. По овој извештајот се водеше заедничка дебата со Извештајот "Безбедноста на Европа и проширувањето: еволуција на јавното мислење", по што беше усвоена препорака до Советот на ЗЕУ редовно да публикува извештај за Заедничката безбедносна и одбранбена политика, што ќе го замени полугодишниот извештај за ЕБОП. На Советот на ЕУ му се препорачува да ги доставува сите извештаи за Европската надворешна, безбедносна и одбранбена политика до Европскиот парламент, до националните парламенти и до СЗЕУ.

Известителот г-ѓа Жозет Дирје го презентираше Извештајот **"Европската безбедност и Блискиот Исток",** во кој се анализира политиката на Израел, состојбата во Палестинските територии, ставовите на арапските држави, позицијата на Турција, случајот со Иран и улогата на САД и Европската унија. Таа оцени дека мировниот процес меѓу Израел и Палестина е блокиран и го осуди фактот дека претседателот Обама не успеал да ја подобри ситуацијата. Подвлекувајќи дека моменталната "статус кво" состојба им оди во прилог на Израел и на Хамас, г-ѓа Дирје ја осуди автодеструктивната политика на Израел и нагласи дека треба да се каже "не" на изградбата на населби, на ѕидот, на затворањето на Ерусалим, на окупацијата на Западниот брег и на блокадата на Газа. За време на нејзината посета на Газа, г-ѓа Дирје увидела дека од блокадата најмногу профитира Хамас, кој го контролира населението "со железна рака" и се финансира од нелегалната трговија, што се одвива преку тунелите во областа на Рафах. Според г-ѓа Дирје, меѓу Египет и Газа постојат илјадници вакви тунели.

Известителот г-ѓа Дирје нагласи дека еден од главните приоритети на Блискиот Исток претставува помирувањето меѓу палестинскиот народ и оцени дека меѓународната заедница погрешила кога во 2006 година не ја признала изборната победа на Хамас. Истовремено, таа го осуди незначајниот продонес на ЕУ за разрешување на конфликтот, додека финансискиот ангажман на земјите членки поединечно е огромен.

Во дебатата во која учествуваа голем број пратеници, преовладуваа дискусиите за потребата од поголема вклученост на европските земји и на ЕУ во разрешувањето на состојбата на Блискиот Исток. Во усвоената препорака се нагласува дека разрешувањето на израелско-палестинскиот конфликт треба да претставува приоритет за ЕУ. Собранието го повикува Квартетот (ООН, САД, ЕУ и Русија), како координативно тело, да продолжи да врши притисок врз двете страни за запирање на сите форми на насилство. Египет и Турција се охрабруваат да продолжат со улогата на медијатори, а арапските земји од регионот се повикуваат да ја почитуваат Арапската мировна иницијатива усвоена во Бејрут во 2002 година.

Извештајот **"Тековни настани на полето на нуклеарната непролиферација и разоружувањето"** го презентираше г. Мајк Хенкок. Тој потсети дека договорот СТАРТ 1 ќе истече на 5 декември 2009 година и го поздрави позитивниот дух во преговорите меѓу САД и Русија за потпишување на нов Стратегиски договор за намалување на оружјето (СТАРТ). Господинот Хенкок, сепак забележа дека и по потпишувањето на

овој договор, овие две земји и понатаму ќе поседуваат 90% од светското нуклеарно оружје и дека намалувањето предвидено со договорот не е доволно. Тој, исто така оцени дека Обединетото Кралство и Франција треба да се ослободат од своето нуклеарно оружје, бидејќи ниту некогаш ќе го употребат, ниту имаат средства да го одржуваат.

Во усвоената препорака, СЗЕУ ги повикува земјите членки на ЕУ да спроведат заеднички ЕУ-САД стратегиски концепт за непролиферација и го поттикнува Политичкиот и безбедносен комитет на ЕУ да развие Концепт на ЕУ за одбрана од проектили, во соработка со НАТО и Русија. Во препораката се поттикнува продлабочување на дијалогот со Иран и Северна Кореја за спречување на развојот на нуклеарно оружје, со гарантирање на нивното право да ја користат нуклеарната енергија во мирновременски цели.

## *ОДБРАНБЕНИ ПРАШАЊА*

На седницата на СЗЕУ се расправаше и по три извештаи од Комисијата за одбранбени прашања:
" *Европската унија и мировните операции на Обединетите нации - одговор на Годишниот извештај на Советот",* поднесен од г-ѓа Ине Астед-Мадсен, пратеник од Холандија и г. Рене Руке, пратеник од Франција,
"*Европското поморско набљудување",* поднесен од г. Курт Бодевиг, пратеник од Германија, г. Константинос Вретос, пратеник од Грција и г. Тармо Кутс, пратеник од Естонија и
"*Војната во Авганистан: импликациите за регионот",* поднесен од г-ѓа Франсоаз Осталие и г. Жан-Пјер Кушеида, пратеници од Франција и г. Мехмет Текелиоглу, пратеник од Турција.

Во Извештајот **"Европската унија и мировните операции на Обединетите нации - одговор на Годишниот извештај на Советот",** известителите г-ѓа Ине Астед-Мадсен и г. Рене Руке ја анализираат институционалната соработка меѓу ЕУ и ОН. Во Извештајот се дава осврт на исходот од ЕУФОР Чад/РЦА, воената операција на ЕУ во Источен Чад и Североисточна Централноафриканска Република, спроведена од јануари 2008 до март 2009 година, која го предаде својот мандат на мисијата на ОН, MUNIRCAT II. Известителите се осврнуваат и на тековната состојба со Воената операција на ЕУ во Босна и Херцеговина (ЕУФОР Алтеа), која се спроведува од декември 2004 година. Во моментов се разгледува опцијата за трансформација на оваа мисија во Европска операција за поддршка и тренинг на Босанската армија. И покрај тоа што на воен план ситуацијата е релативно мирна, политичката нестабилност во БиХ продолжува и се влошува.

Госпоѓата Ине Астед-Мадсен и г. Рене Руке истакнаа дека земјите членки на ЕУ финансираат речиси 40% од буџетот на ОН, додека во мировните операции на ОН во Африка учествуваат со помалку од 2% од трупите. Иако во последно време ЕУ учествува во повеќе мисии на ОН и обезбедува повеќе трупи, сепак операциите на ОН главно се составени од војници од земји кои не се членки на ЕУ.

Собранието усвои препорака во која ја охрабрува командата на MUNIRCAT II да ги следи практиките за комуницирање со селата и бегалските кампови, усвоени од ЕУФОР, како и да го задржи видливото присуство во регионот. Собранието, исто така им препорачува на земјите членки на ЕУ да го преиспитаат принципот на избор на "рамковна нација" и нејзината улога, како и да се преземат сите неопходни мерки за да се обезбеди постојан капацитет на ЕУ за планирање и командување со операциите.

Европското собрание за безбедност и одбрана го разгледа и извештајот **"Европското поморско набљудување",** поднесен од г. Курт Бодевиг, г. Константинос Вретос и г. Тармо Кутс, по што донесе препорака, во која ја повикува ЕУ на поголема

соработка во доменот на поморското и крајбрежното набљудување, со цел да се сопре пиратството, трговијата со дрога и оружје, нелегалната имиграција и загадувањето од хидрокарбонати.

Известителите г-ѓа Франсоаз Осталие, г. Жан-Пјер Кушеида и г. Мехмет Текелиоглу во Извештајот за **"Војната во Авганистан: импликациите за регионот",** се задржуваат на односите на Авганистан со Пакистан и Иран, како и со земјите од Централна Азија, Русија и Кина. Се анализираат и мотивите на американскиот ангажман во регионот и се разгледува потенцијалната стратешка улога на EU vis-à-vis војната во Авганистан и нејзините регионални импликации.

Информирајќи за својата посета на Авганистан, известителите укажаа дека по контраверзниот реизбор на претседателот Карзаи, Авганистанците се загрижени и разочарани во Владата, но не посакуваат враќање на Талибанците. При остварените средби со Авганистанските офицери, тие оцениле дека е постигнат значаен напредок во тренингот на Авганистанската армија, но дека постои потреба за дополнителна поддршка. Известителите, исто така се задржаа на значајниот развој на настаните во Пакистан, каде што Владата конечно одлучи да преземе акција во регионите во коишто се сконцентрирани бунтовниците. Ова покажува дека Пакистан им праќа јасни сигнали на Талибанците дека нема да дозволи дестабилизација на границата со Авганистан. Господинот Кушеида информираше дека површините на кои се одгледува афион два пати се зголемиле од 2006 година и изрази загриженост дека состојбата и понатаму ќе се влошува.

Во дискусијата што следеше беа искажани различни ставови во врска со состојбата и иднината на Авганистан, при што евидентна беше поделеноста во врска со потребата за задржување на силно меѓународно присуство во земјата. Во препораката што беше усвоена по дебатата за извештајот, СЗЕУ повика на дефинирање на јасна стратегија за ангажирање во Авганистан, која ќе предвиди датум на повлекување, а особено воено повлекување, штом ќе бидат исполнети поставените цели. Собранието смета дека е неопходно соседните земји да бидат вклучени како партнери на меѓународната заедница во донесувањето на одлуки и спроведувањето на акции. Укажувајќи на потребата за преиспитување на мандатот на Специјалниот претставник на ЕУ за Авганистан, СЗЕУ ја повикува Европската унија да отвори регионални претставништва во земјата, за да ја следи дистрибуцијата на европската помош за реконструкција.

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ПРАШАЊА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

На седницата беа разгледани два извештаи од Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста:
"*Модели и структури на меѓупарламентарна соработка*", поднесен од г. Хендрик Даемс, пратеник од Белгија и
"*Безбедноста на Европа и проширувањето: еволуција на јавното мислењег*, поднесен од г. Џон Гринвеј, пратеник од Обединетото Кралство и г. Алехандро Муњоз Алонсо, сенатор од Шпанија.

Во Извештајот **"Модели и структури на меѓупарламентарна соработка"**, известителот г. Хендрик Даемс се осврнува на дебатата за рационализирање на институциите за интерпарламентарна соработка, како и растечката потреба за формални контакти меѓу националните парламенти, што доведува до формирање на различни типови на организации. Тој се задржува и на специфичната природа на Европското собрание за безбедност и одбрана и перспективите за неговата иднина.

Во усвоената резолуција, Собранието на ЗЕУ ги повикува националните парламенти да ги избираат членовите на делегациите во интерпарламентарните собранија меѓу членовите на комисиите, чии надлежности коинцидираат со доменот на

активности на соодветното собрание. Националните парламенти, исто така се повикуваат да ги дефинираат финансиските средства потребни за исполнување на меѓународните политички заложби, односно за учество во активностите на меѓународните парламентарни собранија.

Извештајот **"Безбедноста на Европа и проширувањето: еволуција на јавното мислењег**, поднесен од г. Џон Гринвеј и г. Алехандро Муњоз Алонсо се задржува на состојбата со јавното мислење, пет години по проширувањето на ЕУ кон Исток и дава осврт на јавното мислење во врска со проширувањето во земјите кандидати, апликанти и соседи на ЕУ: Хрватска, Исланд, Турција, Македонија, Албанија, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина и Косово. Известителите сметаат дека поддршката на јавноста во врска со проширувањето би била многу поголема доколку ЕУ и владите на земјите членки ги објаснат и промовираат позитивните страни од колективната безбедност и стратегиските и геополитичките предности на поширокото членство во ЕУ. Забавувањето на процесот на проширувањето може да има спротивни ефекти на јавното мислење во земјите кандидати, коишто се соочени со зголемени и поригорозни барања од страна на ЕУ и имаат чувство дека критериумите за членство се поставуваат с# повисоко. Според известителите, ваквата состојба може да резултира овие земји да се свртат кон националистички идеи, кои би ги забавиле реформите за исполнување на критериумите на ЕУ.

За овој извештај се водеше заедничка дебата со Извештајот "Информациите од Советите на ЕУ и на ЗЕУ за Европската безбедносна и одбранбена политика" на Комисијата за политички прашања. Во рамките на дебатата, г-ѓа Елза Пападимитриу, пратеник од Грција, се осврна на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија. Иако Европската комисија смета дека земјата може да започне преговори за членство, според г-ѓа Пападимитриу се уште постојат отворени прашања и преговорите не можат да започнат пред да биде решено прашањето со името. На ова реагираше г. Денис Мекшејн, пратеник од Обединетото Креалство, кој оцени дека е апсурдно во 2009 година да не и се дозволи на една земја да се нарекува онака како што таа сака. Правејќи споредба на спорот со името со приказната од романот "Гуливеровите патувања" за војната меѓу двата соседни острови, заради еден неразумен конфликт (од која страна да се крши јајцето), г. Мекшејн порача: "Дозволете и на Македонија да биде Македонија!".

По дискусијата, СЗЕУ усвои препорака во која ги повикува земјите членки да изготват комуникациска политика со која ќе се стави акцент на стратешките предности од проширувањето на ЕУ, како и да се направат дополнителни напори за разрешување на несогласувањата меѓу земјите членки и земјите кандидати за членство, со кои се попречува проширувањето и се реметат напорите за воспоставување на стабилност и безбедност во цела Европа.

## ТЕХНОЛОШКИ И АЕРОВСЕЛЕНСКИ ПРАШАЊА

На седницата беше разгледан Извештајот **"Зацврстување на Технолошката и индустриска база за европската одбрана (ЕДТИБ)"**, поднесен од г-ѓа Клер Кертис-Томас и г. Едвард О΄Хара, пратеници од Обединетото Кралство, во име на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања. Известителите се осврнуваат на улогата на Европската агенција за одбрана (ЕДА) за обезбедување на координација на ЕДТИБ и ги анализираат комуникациите и директивите на Европската Комисија од овој домен.

Во усвоената препорака, Собранието ги повикува земјите членки на ЕУ да ја задржат висината на предвидените буџетски средства за одбранбена опрема и технологија. Европските земји, исто така се повикуваат потесно да соработуваат во дефинирањето и хармонизирањето на заедничките потреби, со цел да се промовира интероперабилност меѓу нивните воени сили.

## ДЕЛОВНИК И ИМУНИТЕТИ

Господинот Хозе Луис Арно, пратеник од Португалија, во име на Комисијата за Деловник и имунитети го презентираше Извештајот **"Доделување на право за претседавање со седниците на шефовите на Делегациите од парламентите на земјите членки на ЕУ"**. Собранието на ЗЕУ донесе одлука со која им се овозможи на шефовите на делегациите од членките на ЕУ, кои не се потписнички на Изменетиот Бриселски договор, да претседаваат со седниците на СЗЕУ[30]. Ова право прв го искористи г. Змаго Јелинчич, шеф на Словенечката делегација, кој претседаваше со дел од шестата седница на 57. пленарна сесија, што се одржа претпладнето на 3 декември 2009 година.

* * * * *

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија што учествуваше на 57. пленарна сесија на Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на ЗЕУ остварија средби со пратеници од повеќе земји, при што беа разменети мислења за прашања од заеднички интерес.

Пратениците учествуваа и на седниците на комисиите на СЗЕУ, на кои беа разгледани поднесените амандмани на предлозите на препораките и идните активности на комисиите.

Со учеството на Македонската делегација на 57. пленарна сесија на СЗЕУ се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во европските организации и институции.

[30] Досега со седниците на СЗЕУ претседаваа само претседателот и потпретседателите, кои се избираат од делегациите на десетте земји потписнички на Изменетиот Бриселски договор (Белгија, Германија, Грција, Италија, Луксембург, Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска, Португалија, Холандија, Франција и Шпанија).

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет***
***Република Македонија - Европската унија (МПК РМ-ЕУ)***

# ***ЗАВРШНА ИЗЈАВА***

***од шестиот состанок на Мешовитиот***
***парламентарен комитет - Република Македонија***
***и Европската унија одржан во Брисел на 31 март 2009 година***

***Скопје, април 2009 година***

*Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија го одржа својот шести состанок во Брисел, на 31 март 2009 година, под заедничко претседавање на г. Антониос ТРАКАТЕЛИС (ЕПП-ЕД, Република Грција) и г. Александар СПАСЕНОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ,* Република Македонија*). На овој состанок Комитетот имаше размена на мислења со г. Ивица БОЦЕВСКИ, потпретседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, г. Либор СЕЧКА, генерален директор во Секторот за Европската унија во Министерството за надворешни работи на Република Чешка, претставувајќи го актуелното претседателство со Советот на Европската унија и г. Јан ТРУШЧИНСКИ, заменик-директор на Директоратот за проширување, претставувајќи ја Европската комисија за односите меѓу Република Македонија и Европската комисија.*

Мешовитиот парламентарен комитет се осврна на следниве прашања:

- Размена на мислења со Владата на Република Македонија, Советот на Европската унија и Европската комисија за односите меѓу Европската унија и Република Македонија;
- Процесот на либерализација на визниот режим за граѓаните на Република Македонија;
- Прашања од областа на животната средина;
- Образовни програми поврзани со оние на Заедницата и
- Управување со фондовите на ЕУ, со посебен осврт на Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Имајќи ги предвид:

а) Заклучоците на Европскиот совет од Феира 2000 година и Заклучоците на Европскиот совет од Солун 2003 година;

б) Одлуката на Европскиот совет да и додели на Република Македонија статус на земја кандидат за членство во ЕУ на 17 декември 2005 година;

в) Декларацијата од Салзбург на ЕУ за Западен Балкан од 11 март 2006 година;

г) Заклучоците на Европскиот совет од декември 2006 година;

д) Склучувањето на договорите за визно олеснување и реадмисија меѓу Република Македонија и Европската заедница од 18 септември 2007 година;

ѓ) Заклучоците на Европскиот совет од јуни 2008 година;

е) Завршната изјава од Петтиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија од 28 ноември 2008 година;

ж) Изјавата на Претседателството на ЕУ во Брдо од март 2008 година;

ж) Резолуцијата на Европскиот парламент по Извештајот на Комисијата за напредокот за Република Македонија за 2008 година од 12 март 2009 година;

з) Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија и Стратегијата на ЕУ за проширување и главните предизвици 2008-2009 година од 5 ноември 2008 година и

ѕ) Партнерството за пристапување усвоено од страна на Советот на ЕУ во февруари 2008 година.

Мешовитиот парламентарен комитет се осврна на следниве препораки до институциите на Република Македонија и Европската унија:

1. Го поздравува фактот што партиите во владата и опозицијата во Република Македонија, со широка поддршка од граѓанското општество и мислењето на јавноста, се обединети во нивната желба да ги исполнат Копенхашките критериуми и условите од ПСА за членство во ЕУ, во врска со што е важно секој да биде свесен дека не се работи примарно за барања кои доаѓаат однадвор, туку е во прашање подобрување на сопствената иднина на државата кандидат;

2. Потсетува на јасната перспектива во ЕУ којашто и беше понудена на Европскиот самит во Солун во 2003 година, на Република Македонија и на другите земји од Западен Балкан и условеноста поставена согласно со Процесот за стабилизација и асоцијација (ПСА) и согласно со Солунската агенда;

3. Повторува дека Република Македонија презема чекори со цел да ги исполни критериумите од ПСА, барањата и условите за членство во ЕУ, со што има постигнато напредок во имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација потпишан во 2001 година и Охридскиот договор, како и скорешниот напредок во исполнувањето на условите дадени од страна на Комисијата; сепак, жали што три години по добивањето на кандидатскиот статус за членство во ЕУ се уште нема започнато преговори за членство; смета дека е пожелно оваа исклучителна ситуација да заврши и бара од Советот да го забрза овој процес со донесување одлука за давање датум за почеток за преговори за членство во текот на тековната 2009 година, доколку земјата целосно ги исполни клучните приоритети од Партнерството за пристапување и ја повторува важноста за Република Македонија, како земја кандидат за членство, да продолжи да развива добрososедски односи;

4. Го пофалува напредокот на земјата на полето на дијалогот за визна либерализација со високиот број издадени биометрички патни исправи и лични карти, системот на интегрираното гранично управување и воспоставувањето на визен информативен систем; го истакнува со задоволство напредокот во борбата против нелегалната трговија со луѓе, нелегалната миграција и корупцијата и ја повикува Владата да продолжи со напорите во оваа област; ја поздравува имплементацијата на договорот за реадмисија со ЕУ и повикува на тесна соработка со FRONTEX, EUROPOL и EUROJUST; ја повикува Комсијата, со оглед на постигнатиот напредок, да му препорача во најкраток рок на Советот визна либерализација за граѓаните на Република Македонија, како и да ги укине визните барања што е можно поскоро;

5. Ја забележува континуираната заложба од страна на раководството на Собранието за промоција на конструктивен и сеопфатен дијалог, особено во области кои бараат консензус меѓу сите политички партии, во таа смисла, го поздравува одржувањето на редовни состаноци на неделна основа меѓу сите координатори на пратеничките групи претставени во Собранието наменети за решавање на сите нерешени прашања поврзани со парламентарното работење, со цел да се избегнат повторувања на минатите практики; го поздравува промовирањето на проектот за електронски парламент, кој треба да ја зголеми транспарентноста на работењето на Собранието и да ги доближи пратениците до нивните граѓани, но и да ја зголеми ефикасноста на Собранието и да овозможи целосен проток на документи во текот на законодавната постапка;

6. Ја поздравува натамошната позитивна улога и успешна работа на Националниот совет за евроинтеграции, како тело кое ги вклучува сите учесници во евроинтегративниот процес и го зајакнува политичкиот дијалог за важните приоритети на земјата;

7. Го пофалува значителниот напредок на Владата во исполнувањето на економските критериуми што ја приближи земјата до воспоставување целосна пазарна економија, а особено олеснувањето на процедурите за плаќање данок, реформата на едношалтерската регистрација, олеснувањето на надворешната трговија и намалувањето на бирократијата; ја охрабрува Владата да продолжи со политиките за остварување стабилен раст на БНП, ниска стапка на инфлација, фискална дисциплина и зајакнување на севкупната бизнис клима;

8. Имајќи предвид дека финансиската криза може да има индиректен ефет врз трговијата и странските инвестиции во Западен Балкан, бара од Комисијата да осигура и гарантира непречен континуитет на Процесот на стабилизација и асоцијација (ПСА) со Република Македонија и другите земји од Западен Балкан, бидејќи тоа е значаен фактор за стабилност во регионот и на Европа во целост;

9. Го поздравува првиот круг на претседателски и локални избори во Република Македонија на 22 март 2009 година, кои ги исполнија најголемиот дел од заложбите и стандардите на ОБСЕ и Советот на Европа за демократски избори, иако престојат одредени предизвици; констатира дека изборите беа добро управувани и дека немаше насилни инциденти кои фрлија сенка на парламентарните избори во 2008 година; бара зачувување на независни и разновидни информации од страна на радијата и телевизиите, зашто различните мислења кои постојат во општеството треба да бидат јавно претставени преку заштита на уредничката слобода на оние кои пренесуваат информации; бара од политичките лидери и институциите целосно да ја преземат нивната одговорност и да осигураат спроведувањето на изборите во вториот круг на 5 април да биде согласно со меѓународните стандарди;

10. Забележува дека е постигнат одреден напредок на полето на хоризонталното законодавство во делот на екологијата; го поздравува усвојувањето на имплементирачкото законодавство поврзано со депониите и отпадот и бара од Владата да отвори нови депонии, а да ги затвори и исчисти старите депонии; повикува на подобрување и заштита на квалитетот на водата на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, како и на ефективни договори по тоа прашање со соседите Албанија и Грција; предупредува дека без нови инвестиции во складирањето, третирањето и транспортот на вода, може да биде загрозен континуитетот на снабдување со вода за пиење во урбаните места;

11. Го поздравува донесувањето на Законот за високото образование кој ја обезбедува рамката за Болоњскиот процес и особено зголемените можности за високо образование обезбедени со отворање на нови факултети во различни градови, вклучувајќи ги оние со наставна програма на различни јазици, исто така, го поздравува Законот за образование на возрасни, кој има за цел да обезбеди обука за долгорочно невработените возрасни лица и вештини онаму каде што има силна потреба од тоа;

12. Го охрабрува натамошното искористување на Европските образовни програми кои овозможуваат интензивна соработка и трансфер на знаење меѓу високообразовните институции од Република Македонија и од земјите членки на ЕУ; констатира дека зголеменaта мобилност на лица, знаења и вештини на високообразовно ниво со змејите членки на ЕУ ќе придонесе за квалитет на образованието и ќе ги приближи младите луѓе поблиску до нивните колеги - студенти и до европските вредности;

13. Го поздравува досега постигнатиот напредок во политичката застапеност на Ромите, истовремено, бара од Владата да ја забрза и да обезбеди соодветни средства за имплементација на постоечките политики за Ромите и да ја ублажи неповолната позиција на ромското малцинство во светло, меѓу другото, на последниот Извештај на Амнести Интернешнал;

14. Потенцира дека треба да им се даде документ на лица од јавноста кои доставуваат жалби за злоупотреба на овластувања и/или корупција, кој јасно ќе потврдува дека тие доставиле таква жалба; ја поздравува постојната пракса на информирање на граѓаните за дејствијата кои се преземаат во врска со нивната жалба, како и за крајниот резултат и фактот дека овие жалби се евидентирани на јасен и единствен начин од страна на полициските и правосудните власти;

15. Бара од Владата на Република Македонија повторно да го започне процесот на либерализација и приватизација на локалните јавни служби, посветувајќи особено внимание на производството на електрична енергија, транспортот и дистрибутивните индустрии;

16. Ги поддржува континуираните напори на Владата и напредокот постигнат во воспоставување на неопходните структури за децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и ја охрабрува Комисијата да донесе одлука и да го довери управувањето со ИПА на националните власти; го признава фактот дека претпристапните фондови им помогнаа на земјите во исполнувањето на неопходните критериуми и ги приближија кон членството во ЕУ;

17. Го забележува зголемениот број на извештаи за жртви на семејното насилство кое се должи на зголемување на свеста меѓу населението од пошироката кампања спроведена од страна на Владата и на невладините организации; бара да се донесе посебен закон против вакво насилство дополнително кон постоечкиот Закон за семејството, со цел да се овозможи јавниот обвинител да може да ги гони сторителите на семејно насилство и ги поздравува амандманите во Законот;

18. Изразува задоволство од квалитетот на целокупните политички односи меѓу Европскиот парламент и Собранието на Република Македонија; ја признава важноста на процесот на натамошно зајакнување на парламентарната соработка и повикува на натамошно унапредување на односите меѓу двете институции по изборите за Европскиот парламент во јуни 2009.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет Република Македонија - Европската унија (МПК РМ-ЕУ)***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на Петар Поп-Арсов и Александар Спасеновски со г. Кристијан Хедберг, шеф на Одделението за Република Македонија во Европската комисија***

***Скопје, април 2009 година***

*Претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија, г. Петар Поп-Арсов и ко-претседателот на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ, г. Александар Спасеновски на 28 април 2009 година оствариjа средба со г. Кристијан Хедберг, шеф на Одделението за Република Македонија во Европската комисија. На состанокот присуствуваа и претставници од Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија.*

Господинот Петар Поп Арсов, на почетокот го информираше г. Хедберг во однос на актуелната политичка ситуација во земјата. Најпрво беше истакната позитивната организација и исходот на скорешните локални и претседателски избори, кои беа признати и пофалени од страна на ОБСЕ-ОДИХР и од страна на сите релевантни меѓународни институции.

Господинот Хедберг, заблагодарувајќи се за можноста од организирање на ваква средба нагласи дека земјата влегува во еден клучен период, после успешно организираните локални и претседателски избори кои беа пофалени и признати од страна на сите меѓународни фактори и дека тој моментум треба да се задржи и да се забрза динамиката на исполување на преостанатите клучни реформи во следните неколку месеци, пред објавувањето на извештајот за напредокот на Република Македонија, наесен оваа година. Како значаен фактор тој го посочи постигнувањето национален консензус за реализација на овие клучни реформи.

Господинот Поп Арсов укажа на фактот дека и покрај нашето несебично залагање како држава во исполнувањето на критериумите и реформите дадени од страна на Европската комисија, Македонија е единствената земја кандидат која веќе четири години чека да добие датум за преговори, состојба која треба да биде надмината по исполнувањето на осумте критериуми дадени минатата година. Тој истакна дека во процесот на политички дијалог, Собранието игра важна улога и дека состојбата меѓу коалиционите партнери во Владата е стабилна и се надминати оние проблеми кои се појавуваа во минатото. Исто така, во однос на меѓуетничките односи, со донесувањето на новиот Деловник на Собранието, претседателите на комисиите од албанската припадност можат да ги водат седниците на албански јазик, што не беше случај со претходниот Деловник. Исто така, заради подобро функционирање на парламентарната работа се вршат редовни координации на неделна основа меѓу координаторите на сите пратенички групи во Собранието за значајни политички прашања на дневен ред на Собранието. На крајот нагласи дека проширувањето на Унијата мора да продолжи и покрај актуелните проблеми со кои таа во моментов се соочува и дека последната изјава на Оли Рен делува доста охрабрувачки за политичарите и за граѓаните на Република Македонија, кои очекуваат подобар стандард и подобар живот во Република Македонија.

Господинот Спасеновски, како претседател на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ и истакна дека улогата на Собранието е доста јасна и дека се воспоставени нормални односи меѓу коалиционите партнери во Владата, како и меѓу позицијата и опозицијата во поглед на процесот на евроинтеграции, а како доказ за тоа го посочи фактот дека претседателот на Комисијата за европски прашања и на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ, доаѓаат од владеачката партија, додека претседателот на Националниот совет за евроинтеграции доаѓа од најголемата опозициона партија во Собранието, како и дека има редовна комуникација меѓу нив во однос на процесот на остварување на стратешката цел на Република Македонија, а тоа е полноправно членство во Европската унија. Во однос на активностите во Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ,, тој укажа на редовната комуникација со колегите од Европскиот парламент, атмосфера која се пренесува и меѓу членовите на нашата Делегација во ова тело, да се разговара за темите кои ги зближуваат пратениците. На крајот, тој побара Европската комисија и Европскиот

парламент да покажат во јавноста дека интеграцијата во Европската унија ќе продолжи, а билатералните прашања да не бидат пресудни за земјите кандидати во тој процес.

Господинот Хедберг истакна дека досегашната пракса покажува дека Европската унија никогаш не се откажува и не отстапува од своите заложби и од своите ветувања и покрај сите проблеми со кои се соочувала во минатото и со кои се соочува денеска. На крајот тој препорача да се направи се што е можно од македонска страна и да се исполнат преостанатите критериуми, со цел за полесно да се убедат и најголемите скептици меѓу земјите членки на Европската унија, за добивање на датум за преговори за членство и за визна либерализација за граѓаните на Република Македонија

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет***
***Република Македонија - Европска Унија (МПК РМ-ЕУ)***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г. Александар Спасеновски, копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европската унија, г-ѓа Славица Грковска Лошкова и г. Рафис Алити, заменици-копретседавачи со Н.Е. г-дин Ерван Фуере, амбасадор, шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија и специјален претставник на Европската унија во Република Македонија, остварена на 7 јули 2009 година***

***Скопје, јули 2009 година***

*Господинот Александар Спасеновски, шеф на Делегацијата од Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација (Мешовит парламентарен комитет РМ - ЕУ), замениците шефови, господинот Рафис Алити и госпоѓата Славица Грковска Лошкова на 7 јули 2009 година оствария средба со Н.Е. г. Ерван Фуере, амбасадор, шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија и специјален претставник на Европската унија во Република Македонија.*

На средбата соговорниците разменија мислења за приликите во Европскиот парламент по неодамна спроведените избори за европски парламентарци. Во таа смисла беше констатирано дека МПК РМ-ЕУ изминатиот период имаше значајни постигнувања во афирмирањето и зацврстувањето на вкупните односи како меѓу македонскиот и европскиот парламент, така и меѓу Република Македонија и Европската унија. Спасеновски, Алити и Лошкова ги споделија со Амбасадорот своите очекувања дека идниот состав на МПК РМ-ЕУ ќе продолжи со активностите според кои во многу поголема мера се рефлектираат заедничките интереси на Европската унија, а не партикуларните на државите членки, за што побараа и негова поддршка и разбирање. Исто така, на средбата се дискутираше и за напредокот на Република Македонија кон Европската унија, при што беа споделени очекувањата дека преостанатите прашања ќе бидат затворени, а дека нашата држава ќе добие извештај од Европската комисија, кој ќе го валоризира постигнатото.

Во однос на прашањата за датумот за почнување на преговори и укинувањето на визите, соговорниците заклучија дека тие ќе претставуваат очекувана валоризација на македонските ангажмани за реформа на општеството како дел на вкупните процеси на интеграција на земјата во Европската унија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет***
***Република Македонија - Европска Унија (МПК РМ-ЕУ)***

# ***БЕЛЕШКА***

***од заедничкиот состанок на Комисијата за европски прашања, Националниот совет за евроинтеграции и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ за приоритетите на шведското претседавање со Советот на ЕУ, одржана на 9 јули 2009 година***

***Скопје, јули 2009 година***

*Амбасадорот на Кралството Шведска во Република Македонија Н.Е. г. Ларс Петер Фреден ги презентираше приоритетите на шведското претседавање со Советот на ЕУ, на заедничката средба одржана на 9 јули 2009 година, со која претседаваше г. Петар Поп Арсов, претседател на Комисијата за европски прашања, на која присуствуваа и членовите на Комисијата, како и членовите на Комисијата за надворешна политика и г. Александар Спасеновски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и членовите на Делегацијата. На седницата присуствуваа и Н.Е. г. Јозеф Браун, амбасадор на Република Чешка и Н.Е. г. Хозе Мануел Паиж и Агуерас, амбасадор на Кралството Шпанија, како дел од Тројката на Претседателството со Советот на ЕУ во овој период, како и амбасадорот Ерван Фуере, шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија и специјален претставник на ЕУ во Република Македонија.*

**Амбасадорот Фреден** ги презентираше најважните приоритети на шведското претседателство меѓу кои како *прв приоритет* е справувањето со економската криза и изнаоѓање на начини за нејзино ублажување, со цел за Европската унија да излезе од кризата многу посилна отколку што беше пред почетокот на кризата. *Второто приоритетно прашање* се климатските промени, каде што активностите ќе бидат концентрирани на Самитот во Копенхаген за климатските промени од шефови на држави и влади на ЕУ и ќе се искординираат позициите на земјите членки, а потоа ставовите на ЕУ со САД. *Третиот приоритет* е донесувањето на Програмата од Стокхолм, која треба да ја замени Програмата од Хаг и којашто се однесува на судската и правната соработка во Европската унија, прашањето на азилот, граничните прашања и миграционата политика. *Четвртиот* приоритет е донесувањето на Стратегијата за Балтичкото Море која претставува суштина на светската безбедносна политика. *Петтиот* приоритет се однесува на улогата на Европската унија како глобален актер, додека *шестиот приритет* се институционалните прашања сврзани со идното фунцкионирање на европските институции и новите комесари. Во текот на шесте месеца од нејзиното претседавање, Шведска ќе биде домаќин на Самитот со Русија, Украина, Кина, Индија, Бразил, Јужна Африка и САД. Ова претседателство е особено заинтересирано за оценување на европската безбедносна и одбранбена политика и еден од аспектите на оваа политика е и нејзината манифестацијата.

Во однос на проширувањето амбасадорот Фреден истакна дека проширувањето е главен инструмент на Европската унија во создавање на стабилност, демократија и просперитет во Европа. Континуираниот процес на проширувањето е стратешки интерес за да се обезбеди мир и напредок во обединетата Европа. Темпото со коешто ќе се воспоставуваат поблиски врски и односи на земјите кандидати со Европската унија ќе биде определен од брзината на реформите во секоја земја одделно и нивното прилагодување кон европското законодавство. Тоа значи дека ветувањата за членство кои Унијата ги дала на земјите од Западен Балкан, вклучително и на Република Македонија, остануваат и понатаму да важат за сите земји.

На седницата се обрати и **амбасадорот Фуере**, истакнувајќи дека за него еден од релевантните аспекти во оваа програма на претседателство е заложбата за континуирано проширување и принципот дека секоја земја ќе се оценува според заслугите. Тој нагласи дека Европската комисија очекува континуиран и забрзан процес во Република Македонија за неопходните реформи коишто ќе ѝ овозможат на земјата да премине во следната фаза во процесот на пристапување, каде што улогата на Парламентот станува од витална важност за да обезбеди успешно усвојување на преостанатите закони и сите други реформи коишто се неопходни за земјата да оди напред со својата реформска агенда и кон Европската унија, за да има доволно аргументи пред земјите членки и да се даде препорака за започнување на преговорите.

Посетата на комесарот Оли Рен претставува значајна потврда за напорите што ги направи оваа земја и оваа Влада во исполнувањето на неопходните реформи за

визната либерализација и да се охрабри Владата и сите политички партии да сторат се што е во нивна моќ за го забрзаат процесот на реформи - порака која, исто така, ќе биде пренесена од Хавиер Солана, кој доаѓа во посета во наредните недели како дел од неговата турнеја низ балканските земји.

**Александар Спасеновски**, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, истакна дека внимателно се пристапува кон приоритетите на сите претседателства со Советот на ЕУ и на нашите приоритети како земја кандидат, а тоа се добивањето датум за преговори за членство на Македонија во Европската унија што поскоро и укинување на шенгенскиот визен режим, за што постојат оптимистички најави дека тоа ќе се случи од почетокот на идната година. Тој нагласи дека Република Македонија очекува одлуката за укинувањето на визите за македонските граѓани да биде донесена не само заради тоа што реформите се оценети со највисоки оцени од страна на бриселската администрација, ниту затоа што доби признание за тој факт од Европската комисија и од Европскиот парламент, ниту пак заради впечатливата предодреденост Македонија и своите најголеми исчекори во однос на европските интеграции да ги прави за време на шведското претседателство, како што тоа беше случај во април 2001 година, со парафирањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, туку затоа што темелна определба на секој демократски систем е слободата, односно слободно движење на размена на стоки, на луѓе и на идеи во рамките на еден цивилизиран простор како што е неспорно Европската унија. Собранието на Република Македонија во периодот до претставувањето на извештајот на Европската комисија ќе го реализира донесувањето на преостанатите закони, за што треба ангажман од сите партии, независно дали се на власт или во опозиција, и да се постигне консензус за донесувањето на преостанатите закони. На крајот, тој ја потенцираше подготвеноста и посветеноста на Македонија за развој и реформи на патот кон ЕУ, не заради Унијата сама по себе, туку заради Република Македонија, бидејќи реформите значат подобар живот и посреќни граѓани, а чинот на формалното зачленување во Европската унија е потврда единствено за патот кој го изминува земјата и за напредокот кој го остварува.

**Лилјана Поповска,** член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, ги повтори очекувањата за добивање датум за преговори како признание за реформите и напредокот на полињата коишто се посочени од страна на Европската комисија, како и визна либерализација за граѓаните на Република Македонија. Тоа треба да биде доволен доказ дека Република Македонија навистина оди напред и се движи напред. Таа се осврна на вториот приоритет, што се однесува до климатските промени и животната средина, бидејќи во Македонија, исто така, се чувствуваат климатските промени, за што како пример го посочи предвременото зреење на грозјето, што секако е доволен доказ дека се потребни поголеми заложби за обезбедување стабилна клима и намалување на штетите од климатските промени.

**Владанка Авировиќ,** член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, во својата дискусија се фокусираше на новите правила за финансискиот пазар, новите системски за супервизија за финансиските компании, прашањата околу климатските промени и стравувањата од се поголемата невработеност во Европа. Одредницата за подобрување на вработувањето на граѓаните на Република Македонија е старо толку колку што е и нејзината независност, бидејќи земјата во континуитет има висока невработеност. За таа цел, секоја година преку разни мерки се зголемуваат средствата во Буџетот за намалување на оваа невработеност кои оваа година се речиси за 100% поголеми од претходната година и предвидуваат програми за самовработување и за невработени жени. Од шведското претседателство побара Република Македонија, како земја кандидат, да биде вклучена во програмите за новоформирани занаети и новоформирани стручни едукации коишто ќе бидат поврзани со климатските промени, како и во програмите во кои се обезбедуваат средства на малите и средните компании

и се заблагодари за досегашните вклучувања во сите програми на Република Македонија. Како и претходните колеги, го повтори барањето и заложбата за добивање датум за преговори и за визна либерализација за граѓаните на Република Македонија, како резултат на добро завршената работа и донесувањето на неопходните закони во Собранието, продолжувањето на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, остварувањето на правичната и етничката застапеност, употребата на Законот за употреба на јазикот на етничките заедници, реформи во судството, полицијата, администрацијата, градењето на одржливо пазарно стопанство во Република Македонија и добрососедските односи. Дијалогот во Собранието меѓу политичките партии, како и јавните расправи за важните реформи од областа на судството, стратегијата за реформите во судството, е доказ за вклучување на сите сегменти од општеството во процесот на донесување одлуки. На крајот, побара во процесот на евроинтегрирање, Република Македонија да биде вреднувана според постигањата и според сопствените заложби.

**Силвана Бонева,** член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, го повтори ставот на парламентарното мнозинство, како и на опозицијата, дека врвен приоритет е исполнување на критериумите за добивање на датум за преговори со ист интензитет, како и за исполнувањето на критериумите за ослободување од визниот режим. Визната либерализација не треба да биде замена за добивање на датум за преговори и затоа посветено се работи на остварување на таа следна цел, бидејќи тоа го очекуваат граѓаните на Република Македонија. Таа стави акцент на континуираниот дијалог внатре во Собранието на Република Македонија, толеранцијата за различните мислења, меѓусебното разбирање и договарање за врвните приоритети, нешто коешто досега многу пати се потврди, а кое зборува дека може со заеднички сили да се стигне до датумот за членство во Европската унија. Сведоштво за добивање на визната либерализација се мноштвото донесени закони од овој законодавен дом, усогласени со законодавството со Европската унија, како и продолжувањето на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, остварувањето на правичната и етничката застапеност, употребата на Законот за употреба на јазикот на етничките заедници, реформите во судството, полицијата, администрацијата, градењето на одржливо пазарно стопанство во Република Македонија и добрососедските односи. Госпоѓата Бонева особено ги поздрави јавните расправи кои се организираат во Собранието на Република Македонија за важните реформи од областа на судството, стратегијата за реформите во судството, за Законот за бесплатна правна помош, за кривичната постапка, со цел да се слушнат размислувањата на опозицијата, меѓутоа и на сите целни групи коишто се заинтересирани за носењето на тие закони. Донесувањето на законот за Собранието ќе овозможи зајакнување на законодавната и надзорната улога на законодавниот дом, како и начинот на спроведување на законите овде, поточно надзорната улога и тоа како извршната власт ги спроведува законите и како тие се рефлектираат врз граѓаните на Република Македонија, што секако ќе биде голема придобивка и за демократијата во Република Македонија. Во однос на приоритетите на шведското претседателство и прашањето на проширувањето, изрази надеж дека Македонија ќе биде вреднувана според поединечните заслуги, односно според тоа што ќе го направи Република Македонија. Проширувањето треба да продолжи, бидејќи со тоа се создава амбиент на стабилност, безбедност и се јакнат демократските процеси во целиот регион. На крајот истакна дека Република Македонија има институционални капацитети со кои забрзано работи на исполнување на предвидената агенда.

**Садије Илјази,** член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, се осврна на опструкциите во имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, со оглед на фактот што тоа сé уште не е завршено, а крајниот рок за овој договор е поминат, поточно бил предвиден во 2004 година. Исто така, таа го критикуваше донесувањето на законите предвидени со договорот, во кои биле модификувани концептите како на пример јасното формулирање и уставната обврска за тоа дека јазикот што го говорат 20% од граѓаните

е, исто така, во службена употреба кое било модификувано во хипотетичка варијанта и кажано во наводници може да се користи тој јазик. Со тоа, таа го искажа своето мислење дека на тој начин овој договор е претворен во псевдо - договор, како резултат на тоа што некои не сакаат да се соочат со реалноста, поради наследените предрасуди од минатото. Сето тоа на крајот ќе доживее неуспех, а барањето на нов договор се појавило како последица на недозволивото менување на Охридскиот рамковен договор и со рокот за спроведување на истиот договор, неправилната примена на правичната застапеност на Албанците во разните институции во системот, со концептот на децентрализацијата и со непочитување на Законот за амнестија и многу други. Таа нагласи дека договор без механизми за имплементација на истите останува реторика, којашто уште повеќе ја влошува ситуацијата внатре во едно општество.

**Славица Грковска Лошкова,** потпретседател на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ја критикуваше власта за недоволно искористување на капацитетите и процесите и недоволната посветеност на власта за исполнување на заедничката цел - добивање датум за преговори. Според неа, Брисел јасно се изјаснил дека условите и критериумите за членство не се променети во однос на Република Макеоднија, туку нашата улога и начинот на кој ќе ги спроведеме тие критериуми. Нејзин став беше дека власта недоволно работи на исполнување на дадените одредници од страна на Европската комисија и заради тоа сé уште Македонија нема добиено датум за преговори, а угледот на Македонија со политиката којашто се спроведува е урнат на меѓународен план. Од последниот Извештај за напредокот на Република Македонија не е многу направено, што секако ќе се одрази во следниот извештај на Европската комисија, особено во делот на партизацијата на јавната администрација, лошите решенија во судството. Таа истакна дека се потребни резултати од наша страна за остварување на нашите приоритети како земја кандитат за членство, со цел да се убедат и најголемите скептици меѓу земјите членки дека Македонија како земја е спремна да продолжи напред во својот евроинтегративен процес.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет***
***Република Македонија - Европска Унија (МПК РМ-ЕУ)***

# БЕЛЕШКА

***од заедничката средба на Националниот совет за евроинтеграции,***
***Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија***
***и Европска унија и Комисијата за европски прашања***
***со г. Оли Рен, Комесар за проширување во ЕК,***
***остварена на 23 јули 2009 година***
***во Собранието на Република Македонија***

***Скопје, јули 2009 година***

*Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на г. Оли Рен, Комесар за проширување во Европската комисија, на 23 јули 2009 година во Собранието на Република Македонија беше реализирана заедничка средба со членовите на Националниот совет за евроинтеграции, Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европска унија и Комисијата за европски прашања.*

Во своето обраќање пред пратениците, Еврокомесарот за проширување ***г. Оли Рен*** го искажа своето задоволство од оваа заедничка средба, пред се´, поради можноста да ги изнесе добрите вести за визната либерализација соопштени неодамна, што претставува голем чекор напред како за граѓаните на Република Македонија и на другите земји од Балканот, така и за Европската унија. Истакна уверување дека оваа препорака ќе биде усвоена од Советот на Европската унија. Посочи дека биометрискиот пасош и безвизниот режим значи дека нема повеќе да се создаваат редови пред амбасадите за визи, а ќе се овозможи непречена посета на европските градови, достапност на европските универзитети за студентите и непречено движење на претприемачите и бизнисмените. Во поширока смисла ова значи натамошна европеизација на целиот регион.

Господинот Рен истакна дека Националниот совет за евроинтеграции е добар пример како се гради национален консензус и каква треба да биде улогата и придонесот на граѓанското општество за напредокот на земјата. Искажа надеж дека во иднина ќе има повеќе активности организирани со невладиниот сектор и со граѓанското општество со нивните партнери од Европската унија. Интеграцијата значи зближување на самите граѓани, самото укинување на визите истовремено е и технички и политички предизвик и фактички значи проширување на Шенгенската област, која опфаќа 28 земји вклучувајќи ги Норвешка и Исланд. Оваа област е создадена за да се обезбедат највисоките стандарди за безбедност и сигурност придружено со слободно движење на луѓето. Истакна дека препораката за укинување на визниот режим доаѓа во време кога Европа се справува со економската криза и рецесија, во период кога Европската унија е ангажирана на тешка реформа на своите институции врз основа на Лисабонскиот договор и затоа верува дека ова ќе го сфатиме како важен сигнал и знак на европската солидарност и единство. Со други зборови, и покрај нејзините внатрешни предизвици, Европа подаде рака на Република Македонија и на другите земји од Западен Балкан и го одржа својот збор во однос на визната либерализација. Тоа е важен индикатор за капацитетите на Република Македонија, на Собранието, на Владата и на другите институции дека навистина можат да ги спроведат реформите.

Господинот Рен ја изрази својата импресионираност од конзистентниот и солиден напредок кој заеднички се постигна во овој тежок процес. Во однос на биометриските пасоши и управувањето со границите, истакна дека Република Македонија е лидер во регионот и ја пофали извонредната соработка на земјата со земјите-членки на Европската унија, кои обезбедија вредна експертиза и упати благодарност и до нив за овој заеднички резултат.

Еврокомесарот Рен посочи дека Република Македонија има добра основа за справување со следните предизвици, при што истакна дека ја разбира нетрпеливоста за добивање на датум за преговори. Укажа дека препораката за почеток на пристапни преговори зависи од исполнувањето на одредени критериуми исто како во визната либерализација, само посеопфатни и покомплексни. Во однос на осумте дефинирани бенчмаркови од 2008, исполнет е условот за слободни и фер избори преку одржувањето на претседателските и локалните избори, а она што преостанува да се направи денес, споредено со претходните 6 или 12 месеци, е значително намален број на обврски. Преостануваат уште 2 месеца за да се исполнат овие критериуми, бидејќи Европската комисија ќе го изготви својот Извештај најдоцна до 15 септември , што значи ќе бидат земени предвид сите мерки преземени до овој датум. Верува дека и Собранието и Владата ќе работат напорно за да се завршат овие активности во следните два месеци.

Господинот Рен изрази надеж дека ќе има поконкретен напредок за следниве одредници:

- донесувањето на Законот за Собранието, кој е насочен кон јакнење на политичкиот дијалог, подобрувајќи го функционирањето на самото Собрание,
- во однос на борбата против корупцијата, треба да се донесе Законот за финансирање на политичките партии, на чија потреба од донесување укажа и ОБСЕ, бидејќи со овој закон треба да се подобри транспарентноста и да се пополнат правните празнини,
- во однос на вработувањето и унапредувањето во државната администрација, тоа треба да се заснова на заслугите и ова е предуслов за градење на модерна администрација. За таа цел потребно е да се донесат измените на Законот за државните службеници, кои ги предложија европските експерти, а со цел да се надминат добропознатите проблеми и
- да се направат напори да се обезбеди почитување на суштината и духот на Охридскиот рамовен договор, односно вклучување на сите сектори во општеството, бидејќи членството во Европската унија не е изолирано прашање, туку се работи за еден процес кој влијае на домашната политика и особено врз секојдневниот живот на граѓаните. Целосен успех за пристапување кон Европската унија се заснова врз широк национален консензус - Владата, Парламентот, граѓанското општество, сите етнички заедници, сите мораат да бидат вклучени во интегрирањето на земјата во Европската унија.

На крајот на своето обраќање г. Рен изрази надеж дека сите политички и општествени фактори ќе дадат полн придонес за остварување на одредниците, кои ќе доведат до европски стандарди, ќе ги унапредат граѓанските слободи и ќе го подигнат стандардот и квалитетот на живот, а тоа е основата врз која се гради Европската унија изминативе 50 години.

Во делот резервиран за обраќања на пратениците до г. Рен, свое обраќање имаше пратеникот ***г. Александар Спасеновски***, Копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија. Во свое лично име и во името на членовите на овој Комитет го поздрави гостинот и истакна дека реализацијата на неговата посета на Република Македонија може да се окарактеризира како меѓник на односите на Република Македонија со Европската унија во овој период. Во однос на Унијата, за граѓаните на Република Македонија е важна потврдата дека и покрај промената на составот на главните институции на Европската унија - Парламентот и Комисијата, ќе продолжи темпото на силната поддршка на процесот на интеграции на државите со европска перспектива каква што е Република Македонија. Во однос на нашата земја, посетата на г.Рен се остварува во период кога ги добивме гаранциите за остварување на првиот носечки евро приоритет - укинувањето на визниот режим. Господинот Спасеновски изрази уверување дека оваа препорака ќе биде усвоена од Советот на Унијата, чии членови ги артикулираат ставовите на државите-членки на ЕУ и дека од почетокот на идната година граѓаните на Република Македонија ќе патуваат без визи во ЕУ како што патуваа пред 20 години.

Во однос на претстојниот извештај на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2009 година, г. Спасеновски истакна дека Република Македонија со право очекува валоризација на тригодишните напори за исполнување на својот дел од обврските преку добивање датум за преговори за членство во Унијата.

На крајот, г. Спасеновски истакна дека европската интеграција на Република Македонија претставува врвен национален приоритет, која ги интегрира сите политички партии, сите граѓани на Македонија независно од нивната етничка припадност и изрази уверување дека оваа генерациска цел ќе биде што поскоро реализирана со натамошна помош и поддршка на европските партнери.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија (МПК РМ-ЕУ)***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од посетата на Александар Спасеновски, копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија, од 30 септември до 1 октомври 2009 година, на Европскиот парламент во Брисел***

***Скопје, октомври 2009 година***

*Копретседавачот на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија (МПК - РМ и ЕУ), пратеникот г. Александар Спасеновски, во периодот од 30 септември до 1 октомври 2009 година, престојуваше во работна посета на Брисел. Посетата се реализираше по повод конститутивниот состанок на Делегацијата од Европскиот парламент во Мешовитиот парламентарен комитет, кој се одржа на 29 септември 2009 година во Европскиот парламент во Брисел. На состанокот, покрај потврда на номинациите на составот на членовите и замениците-членови, се изврши избор на претседател и потпретседатели на МПК - РМ и ЕУ од страната на Европскиот парламент.*

*Во текот на посетата Спасеновски се сретна со дел од своите колеги во Европскиот парламент - членови на Делегацијата во Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија, како и со други европратеници кои го следат евроинтегративниот процес на Република Македонија. Беа остварени средби со пратениците Јорго Шацимаркакис (АЛДЕ, Германија), веднаш по неговиот избор за копретседавач на МПК, потоа Јиржи Хавел (С&Д, Чешка Република), заменик копретседавач, Ани Подимата (С&Д, Грција), Хајди Рул (Зелени, Германија), Зоран Талер (С&Д, Словенија), новиот известител за Македонија во ЕП Моника Маковеј (ЕПП, Романија), Марина Јанакудакис (ЕЦР, Велика Британија), Милан Звер (ЕПП, Словенија) , Мајкл Кастлер (ЕПП, Германија) и Иво Вајгл (АЛДЕ, Словенија).*

Посетата имаше за цел зајакнување на меѓусебната комуникација, по изборот на Делегацијата на ЕП во МПК и договарање на методологијата за работа на МПК во насока на успешна работа на ова тело. На средбите **А. Спасеновски** ја нагласи значајната улога на МПК, како тело за директна билатерална соработка со Европскиот парламент, во процесот на интеграција на РМ во ЕУ и изрази уверување дека досегашниот конструктивен пристап, соработка и позитивната клима од изминатиот период ќе бидат основата врз која ќе се темелат идните активности и состаноци на МПК. Спасеновски изрази надеж дека, како и претходно, на состаноците на МПК ќе доминираат теми од заеднички интерес за двете страни, а кои се поврзани со европската агенда на Република Македонија и дека ќе се возобнови климата што ќе го помогне процесот на интеграција на РМ во ЕУ. Тој истакна дека очекува воспоставената динамика на состаноци на МПК, два пати во годината, да продолжи и во текот на овој парламентарен мандат на Европскиот парламент. Спасеновски, исто така, ги информираше своите колеги за напредокот на Република Македонија во реформите поврзани со европскиот интегративен процес и ги изнесе очекувањата за воспоставување безвизен режим за граѓаните на Република Македонија, како и добивањето датум за преговори за членство од страна на Европскиот совет во декември 2009 година.

**Ј. Шацимаркакис** ги пренесе позитивните впечатоци од дискусиите на конститутивниот состанок на Делегацијата на Европскиот парламент во МПК и изрази уверување дека МПК ќе работи во конструктивна атмосфера, со позитивна енергија и ќе разгледува прашања кои ќе им бидат од помош на граѓаните на РМ. Тој побара малку попроактивен пристап во однос на состаноците на МПК и предложи дискусија на теми кои директно ги засегаат граѓаните на Македонија и на државите членки на ЕУ - соседи на Македонија, како што се екологијата и регионалната соработка. Во однос на прашањето на името нагласи дека "МПК нема ниту моќ, ниту задача тоа да биде на негова агенда".

На средбата со **А. Подимата** и беше укажано дека е многу значајно МПК да продолжи да биде форум на кој ќе се разговара за прашања кои се во тесна корелација со европската агенда на Република Македонија. Госпоѓата Подимата се заинтересира за теми како што се реформите во високото образование, заштитата на животната средина и искористувањето на средствата од претпристапната помош и застапеноста на жените во политиката.

**З. Талер** позитивно ја оцени иницијативата на Спасеновски лично да оствари посета на ЕП и да се сретне со него како иден известител за Република Македонија во Европскиот парламент, но и заменик-член на МПК во ЕП. Тој информираше дека неговиот пристап како известител за РМ ќе биде балансиран со сите страни и препорача да се има конструктивен дијалог со соседите за чувствителните прашања и зајакната соработка меѓу сите земји од регионот.

**Т. Вајгл** нагласи дека секогаш е спремен да се сретне со македонски делегации и ќе се залага за Република Македонија, особено поради фактот дека тој е цврст поддржувач на членството на Западен Балкан во ЕУ, иако смета дека терминот Западен Балкан не е соодветен за земјите од регионот. Како пријател на Република Македонија истакна дека секогаш ризикува во разговорите со нас да каже и нешто што не ни се допаѓа, препорачувајќи да се избегнуваат активности на провокација и да се покаже прагматичност во соработката со соседите.

**М. Јанакудакис** изрази благодарност кон сите граѓани од поранешна Југославија, вклучително на Република Македонија за одличната економска соработка која ја имала со нив во текот на 90-тите години од минатиот век. Таа нагласи дека многу малку знае за Република Македонија и изрази желба да ја посети што поскоро, особено регионите во Македонија кои се занимаваат со производство и со индустрија. На крајот потенцираше дека целосно ја поддржува РМ за членство во ЕУ и дека се надева дека за време на нејзиниот мандат ќе види македонски пратеници во ЕП.

**Х. Руле** извести дека се повлекла од членството во Делегацијата на ЕП во МПК - РМ и ЕУ (од причини што била спречена често да патува) и тоа место го отстапила на германскиот пратеник од Групата на зелените, Мајкл Крамер. Сепак, таа останува поддржувач на РМ во процесот на интеграција во ЕУ.

**Ј. Хавел** ја истакна важноста од што побрзо пристапување на Република Македонија кон ЕУ, како и на целиот регион од Западен Балкан. Тој нагласи дека граѓаните на Република Македонија ги смета за особено блиски со чешкиот народ, особено поради фактот што ги поврзувале слични системи, како и на поддршката од наша страна во текот на 1968 година на народот во Чешка. Господинот Хавел се интересираше за процесот на реформите во делот на образованието и меѓуетничките односи, како и мерките што ги презема Владата во однос на финансиската криза.

**М. Маковеј,** како добар познавач на состојбите, ги пофали реформите во Република Македонија, особено во доменот на правдата и внатрешните работи, што резултираше со фактот што Република Македонија доби највисока оцена од Европската комисија, во споредба со другите земји од регионот, за исполнување на условите за визна либерализација. Таа посочи дека е добро Република Македонија постојано да ги презентира постигнувањата и реформите што ги прави, со што би се подобрила сликата за земјата меѓу европарламентарците, кои се многу малку запознати или се запознати од други места со процесот на евроинтеграции на Македонија.

**М. Звер** посочи дека составот на МПК е добар и ќе даде свој придонес во придвижувањето на Република Македонија кон Европската унија. Тој истакна дека добро ги познава состојбите во Република Македонија и отворените прашања со соседите, нагласувајќи дека меѓусоседските односи се наметнаа како моќен принцип во европските интегративни процеси. Исто така, ја нагласи важноста на визната либерализација за македонските граѓани. Во однос на спорот за името истакна дека "е штета заради вакво прашање РМ да биде надвор од ЕУ и НАТО", изразувајќи оптимизам дека спорот ќе биде надминат. На крајот, препорача да се искористат искуствата на словенечките експерти во процесот на интеграција на Република Македонија кон Европската унија.

**М. Кастлер** нагласи дека Европската унија нема да биде комплетна без Република Македонија и другите земји од Балканот. Како припадник на Паневропското движење во Германија нагласи дека силно го поддржува овој процес, кој може да потрае,пред сé, поради резервираниот став на некои земји членки околу нови проширувања. Тој препорача поголема промоција на Република Македонија пред европарламентарците, преку одржување на некоја манифестација во просториите на Европскиот парламент, со цел да се анимираат европарламентарците за Република Македонија и за нејзините аспирации за членство во ЕУ.

* * * * *

Учеството на копретседавачот на МПК Александар Спасеновски се оценува како исклучително значајно од аспект на директно запознавање и остварување на контакти со европратениците од Делегацијата на Европскиот парламент во Брисел, заради подобрување и зголемување на меѓусебната соработка во текот на овој парламентарен мандат на Европскиот парламент и заземање поконструктивен пристап во текот на идните состаноци на МПК. Исто така, средбите беа одлична можност за меѓусебна размена на мислења и за запознавање и претставување на европарламентарците за сите чекори што ги презема Република Македонија на патот до членство во ЕУ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет***
***Република Македонија - Европска Унија (МПК РМ-ЕУ)***

# *БЕЛЕШКА*

***од заедничкиот состанок на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација со амбасадорот Ерван Фуере, одржан 15 октомври 2009 година во Собрание на Република Македонија***

***Скопје, октомври 2009 година***

*Специјалниот претставник на Европската унија и шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, амбасадорот Ерван Фуере, на заедничка средба, одржана на 15 октомври 2009 година на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, го презентираше Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2009 година. На средбата присуствуваа и потпретседателот на Владата на Република Македонија задолжен за евроинтеграции, г. Васко Наумовски и г-ѓа Агнеза Руси, државен советник во Министерството за надворешни работи.*

Во своето воведно излагање, амбасадорот Фуере најпрво им честиташе на сите пратеници за успешниот Извештај, што претставува еден огромен поттик за државата и за продолжување на реформскиот процес, а истовремено е едно многу важно признание за работата и напорот којшто е превземен од страна на Владата и од страна на сите политички партии во државата. Исто така, тој наведе дека Комисијата усвоила два документа кои се од особена важност за државата, и тоа Стратегијата за проширување и Извештајот за напредокот на Република Македонија.

Во стратегијата за проширување, се дава силен поттик на процесот на политички и економски реформи за сите држави, бидејќи крајната цел - проширување - го зацврстуваат мирот и стабилноста во Европа. Интерес на Европската унија е да се искористи моментот за проширување, врз основа на договорените принципи и услови на консензусот за проширување, а со очекуваната целосна ратификација на Лисабонскиот договор, ќе се продолжи со посветеноста на Европската унија за следните проширувања. Еден доказ за тоа е поддршката што Европската унија ја дава државите кандидати и аспиранти за членство да ги ублажат ефектите од кризата, бидејќи тие, како и земјите членки на ЕУ, не останаа имуни на ефектите од глобалната економска рецесија. Исто така, Европската унија ќе продолжи да им помага на земјите во исполнувањето на реформите потребни за членство, што секако вклучуваат владеење на правото, борба против корупцијата и организираниот криминал и зајакнување на административните капацитети, кои остануваат клучен предизвик што државите мора да го надминат. Комисијата, исто така ќе продолжи да ги вклучи сите инструменти на процесот на проширување со цел да им се помогне во овој правец. Билатералните прашања не смеат да го запрат процесот на членство и тие мора да се решаваат од засегнатите страни, коишто се одговорни за изнаоѓање на решение во духот на добрососедски односи и во духот на европските интереси.Регионалната соработка во Југоисточна Европа е подобрена и државите на регионот имаат зголемено сопственишто врз процесот. Македонија, исто така има свои заслуги за тоа, што секако придонесе за препорака од страна на Комисијата за започнување на преговорите за членство во Европската унија.

Во поглед на Извештајот, амбасадорот Фуере нагласи дека оценувањето во документот е за период од 12 месеца, во него се опфатени и сите приоритети од Партнерството за членство од февруари 2008 година, а особено се става акцент на осумтте плус еден приоритети, односно осумтте одредници плус изборите, коишто и беа претставени на државата во текот на март 2008 година.

Во делот на **политичките критериуми**, тој го пофали успешното одржување на изборите според меѓународните стандарди, подобрување на климата на политичкиот дијалог, консензусот за европските закони, ефикасната и ефективна работа на Собранието во процесот на донесување закони, донесувањето на Законот за Собранието, Законот за финансирање на политичките партии, Законот за конфликт на интересите, потоа продолжувањето со имплементацијата на Рамковниот договор, Законот за јазиците, полициските реформии, измените на Законот за внатрешни работи, реформата на правосудството, административните мерки за подобрување на бизнис

климата, измените во Законоит за јавните патишта и зацврснувањето на капацитетите на регулаторните тела. Препораките се во насока на преземање на натамошни напори за независност и непристрастност на судството, борбата против корупцијата, поголема независност и професионалност на јавната администрација, прогрес за регистрацијата на правата на сопственост, поголема независност на медиумите и изолирање на политичките влијанија во медиумите, повеќе правата за децата и подобрување на политиката за антидискриминација и донесување на Нацрт- законот за борба против дискриминацијата и воспоставување потранспарентен механизам за консултирање на граѓанскиот сектор во однос на развивањето на националните политики.

Што се однесува до **економските критериуми**, како резултат на економската криза, генерално има влошување на економската политика, зголемување на јавната потрошувачка и што довело до застој во јавниот финансиски сектор и зголемување на јавниот долг и имало негативно влијание врз нивото на странската размена на резервите на размена и надворешното задолжување. Препорака е да се продолжи со реформите за воспоставување на функционална пазарна економија, со зацврстување на регулативните агенции и подобрување на условите во коишто работат овие агенции, како и со подобрување на климата за сите учесници на пазарот. Државата мора да биде во состојба да се соочи со сите услови коишто доаѓаат од Европската унија со цел да се подобрат реформите и да се намалат слабостите на системот, односно структуралните слабости.

Осврнувајќи се на последниот дел од Извештајот, односно на **способноста на државата за преземање на обврските од членство**, амбасадорот Фуере истакна дека реформите напреднале во повеќето полиња, при што може да се заклучи дека државата има посветено внимание кон исполнување на клучните приритети од Партнерството, особено во делот на визнатата политика и царината, а доказ за тоа е препораката визна либерализација за граѓаните на Република Македонија. Исто така, е постигнат напредок во делот на азилот, борбата против организиран криминал и дроги, надворешни граници на Шенген, јавните набавки, правото на компаниите, оданочувањето, статистиката, политиката на претријатијата, индустријата и транспортните политики и на поле на животната средина. Препораката е да се вложат поголеми напори на полето на енергетиката, правото за основање и слободата на работа во давањето на услуги, слободно движење на капиталот и социјалните политики за вработување, целосно имплементирање на Законот за енергетика и на обврските од Договорот за енергетска заедница, воспоставување на ефективен пазар на енергетика и подобрување на квалитетот на водите.

Амбасадорот на Кралството Шведска **Ларс Фреден,** како земја претседавач со Советот на ЕУ, нагласи дека нивната улога како претседавачи е да создаваат консензус во рамките на Европската унија, односно во рамките на Советот на Европската унија. Претседателството сериозно ја поздравува одлуката која што ја донесе Европската комисија дека Македонија ги исполнила сите одредници и е подготвена да започне со преговорите за членство во Европската унија. Задачата на Советот ќе биде да се изјасни во однос на Извештајот за постигнатиот напредок од страна на Македонија. Очекувањата на претседателството со Советот е дека ќе се даде датум за преговори, меѓутоа треба да се има предвид фактот дека Советот работи во духот на консензус, така што прашањето во врска со името не е услов за пристапување во Европската унија, меѓутоа јасно е дека решавањето на ова прашање ќе создаде многу попозитивна клима за продолжување на процесот на интеграции и таа шанса треба да се искористи во овие неколку месеци. Во однос на визната либерализација, амбасадорот Фреден истакна дека извесно е укинувањето на визите за македонските граѓани од 1 јануари 2010 година.

Потпретседателот на Владата задолжен за евроинтеграции, **г. Васко Наумовски**, потенцираше дека Република Македонија го доби најдобриот извештај во својата историја за напредокот кон Европската унија, со една чиста препорака за почеток за преговорите за членство и дека ова е еден од ретките денови за успех на

Република Македонија на нејзиниот евроатлантски пат. Она што е уште позначајно е тоа што сите оцени што се дадени во Извештајот се објективни и се базираат на конкретни резултати и на конкретни слабости во сите области, со што прецизно се отсликува напредокот на државата на патот кон ЕУ. Тој посочи дека стабилноста на политичката состојба, непреченото функционирање на институциите и нивната ефикасност, а во таа насока и ефикасноста и определбата на сите политички групи во Собранието, секако е уште еден елемент што придонесе Република Македонија оваа година да добие добар Извештај. Тој ги нотираше резултатите набележани во Извештајот, особено успехот што државата го постигнува во реформите на правосудството, резултатите во борбата против корупцијата, чекорите што државата ги прави во насока на модернизација на администрацијата, економската стабилност, како уште еден показател за зрелоста на државата и во оваа сфера, особено во една кризна година кога многу други држави се во многу полоша состојба од Република Македонија. Во Извештајот, исто така објективно се наведени и определен број на слабости и истите, од страна на Владата, се земаат со целосно внимание со цел за нивно отстранување.

Шефот на Делегацијата од Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, **г. Александар Спасеновски**, во своето обраќање пред присутните, се заблагодари на европските пријатели за досегашната соработка и за квалитетот на односите кои Република Македонија ги гради од 1992 година, со назначувањето на свој постојан претставник во Брисел, односно од 1995 година, кога Европската унија ја призна Македонија и ја поздрави изјавата на еврокомесарот Рен дека државата ги задоволува политичките копенхашки критериуми и препорката за почеток на пристапни преговори, вест со која се засилува надежта за поскорешно заземање на нашето заслужено место во Европската унија. Во однос на Извештајот, г. Спасеновски истакна дека истиот претставува реален и фер приказ на состојбите во нашата држава и меѓник кој го бележи постигнатото во претходната година и ја поставува проекцијата за активностите на Република Македонија во следните 365 дена. Препораката на Европската комисија за почнување на преговорите за полноправно членство на Република Македонија во Европската унија ја оцени како важен чекор кон заедничката цел на сите македонски граѓани, а оцените за исклучително позитивните резултати во најголемиот дел од поглавјата, а особено во деловите за правда, за внатрешни работи, за транспорт и образование, претставуваат причина за сатисфакција, бидејќи се покажа дека реализацијата на европските обврски, пропратена со болни и непопуларни реформи, не отстапи пред дневно политичките калкулации. Исто така, како причина, нагласи дека задоволство треба да постои и кај коалиционите партнери во Владата, бидејќи интеграцијата на Македонија во Европската унија значи интеграција на Македонија внатре, како и кај опозицијата. Успехот на Македонија е уште една потврда дека европскиот пат е заеднички именител на сите политички партии во државата и ниту сите политички успеси се должат на ангажманот на сегашната власт, ниту пак сите политички неуспеси на полето на европските интеграции се резултат на грешките на опозицијата. Владата на ВМРО-ДПМНЕ го направи првиот голем европски исчекор во 2001 година со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а сегашната опозиција го направи вториот во 2005 година со одговорите на Прашалникот, односно со стекнувањето на статусот држава кандидат за членство во Унијата. Овој последен голем успех на Македонија е дело на посветеноста и одговорноста на денешната генерација политичари кои наспроти сите предизвици останаа доследни во остварувањето на целта за европска и за демократска Македонија. Институциите на Европската унија, исто така имаат причина да бидат задоволни. Приказната за Унијата како велосипед кој треба да биде во постојано движење, односно да се проширува за да не падне доколку запре проширувањето, ќе продолжи да се раскажува.

Господинот Спасеновски нагласи дека со поголемиот исчекор со Лисабонскиот договор и ирскиот референдум, извесно е дека Европската унија влегува во еден нов период кога нема повеќе да се говори за замореност од проширување, туку за

продолжување на проширувањето и период кога големите европски политичари, поставувајќи ја новата европска инфраструктура, ќе можат својата енергија да ја искористат за теми која ја прават основата на Унијата какви што се натамошната демократизација, солидарност и разбирање. Секако, најголемите добитници за овој голем европски успех за Македонија се граѓаните. Тие ја имаат и најголемата заслуга, бидејќи на своја кожа ја осетија оваа мачна дводецениска транзиција и спроведувањето на реформите и ги издржаа сите неправди одвнатре и блокадите однадвор. Тоа, сепак не значи дека од утре ќе биде сé поинаку, бидејќи проблеми ќе постојат, но тие полека се надминуваат. Денес патот е јасен, Македонија се движи кон Европската унија. Граѓаните ја заслужија својата доза на евро оптимизам. На крајот, тој подвлече дека членството на Македонија во Европската унија е наш врвен стратешки приоритет, што има надпартиско и надетничко значење и е цел за чие остварување вреди целата енергија која ја вложуваме низ годините до денес, која додека ја оствaруваме не обединува нас самите, а потоа кога ќе се интегрираме ќе не обедини со напредниот свет со кој се поистоветуваме. Како претседател на Мешовитиот парламентарен комитет, тело во кое е сосредоточено парламентарниот дел од соработката меѓу македонскиот и Европскиот парламент, искрено се заблагодари на колегите европарламентарци за досегашната соработка разбирање и поддршка на европскиот пат на Република Македонија, на претставниците на Европската комисија во Република Македонија, на целата јавност, на опозицијата и на политичарите кои останаа доследни и покажаа како во овие 365 дена може да се изгради консензусот кој доведе до почеток на преговорите за членство и до укинување на визите.

**Госпоѓата Силвана Бонева,** член на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, искажа задоволство за убавата вест од Брисел за граѓаните на Република Македонија, кои беа главен сојузник на политичарите во годините наназад за обединување и надминување на партиските и идеолошките разлики и концепти кон заедничката цел - членството во Европската унија. Тоа е желба на сите граѓани на Република Македонија, кои од политичарите бараат подобар живот во Република Македонија. Таа изрази задоволство за делот во Извештајот којшто ја дава оцената на работата на Парламентот на Република Македонија, бидејќи конечно има добра оцена за работата на Парламентот на Република Македонија, што ќе се рефлектира и на сите граѓани во државата и меѓу сите членови на политичките партии. Така треба да се продолжи понатаму, да се продолжи со работењето на зајакнување на добрите меѓусоседски односи и со работење на одредниците дадени од страна на Европската комисија. Госпо-ѓата Бонева, исто така изрази задоволство и за податокот што во Извештајот на Европската комисија позитивно е оценето тоа што Собранието на Република Македонија почна да го дискутира Извештајот во сите комисии и детално да ја разгледува секоја препорака којашто ја дава Европската комисија. Тоа е патоказ по кој треба да се работи, секој во својот дел да даде оцена за стореното и оцена за тоа што треба да се направи во иднина, пропустите да бидат поправени и надминати.

**Госпоѓата Владанка Авировиќ,** исто така член на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, нагласувајќи дека Извештајот со максимална објективност ги анализира сите наши постигнувања и сите наши слабости, се осврна на економските критериуми коишто се дадени во Извештајот. Таа истакна дека во делот на овие критериуми реално се отсликува економската политика и од претходниот период кога Република Македонија започна со еден економски раст, што за жал беше прекинат од светската економска криза. Забележано е како Република Македонија се справува со економската криза и дека Македонија и покрај ударите на светската економска криза, има постигнато максимална економска стабилност, стабилност на денарот, а прецизно е утврдена и улогата на Народната банка на Република Македонија, достигнувањата на Владата во овој дел, во областа на законската регулатива и она што е клуч во критериумите од Копенхаген, се констатира дека економијата на земјата е отворена кон Европа. Исто така, точно се утврдени и проекциите коишто Македонија ги има, поточно дека во овој период се завршува и процесот на приватизација утврдена со процент од 82%, што е навистина на едно завидно ниво. Понатаму, она што е битно во Извештајот е

констатирано дека трговската размена со Европската унија е сé поголема, дури и од над 60% во однос на другите размени, што навистина е напредок за Македонија.

Госпоѓата Авировиќ истакна дека очекува она што е констатирано дека ќе биде развиено на едно повисоко ниво, а тоа е фискалната децентрализација којашто е забележана дека добро се движи во правилна насока, како и да ги разгледаме забелешките каде што се утврдува дека централната власт треба повеќе внимание да посвети и да го контролира процесот на вложување на општините, што е клуч за влез во Европската унија и за наш развој, како и внимателно да ги исползува во наредниот период претпристапните фондови коишто се ставаат на располагање на Македонија и коишто можат да влијаат на нашиот позитивен економски раст. На крајот, изрази очекување од пратениците и од Собранието многу поголема динамика во завршување и на заокружување на економската легислатива во делот на ЕУ.

* * * * *

**Амбасадорот Фуере** се заблагодари на сите политички партии за големиот дух на консензус, којшто е рефлектиран во самиот Извештај, а дивидендата од овој пристап на консензус донесе придобивки за земјата и истиот може да продолжи на еден конзистентен, постојан начин во претстојните месеци и години, а тоа ќе гарантира успех. Тој нагласи дека Европската комисија ќе продолжи да обезбедува поддршка на Република Македонија, на Парламентот и на Владата и упати повторно апел до Владата и до сите политички партии да го искористат овој момент, да ја искористат оваа шанса и да се обидат да ги интезивираат напорите со цел да го разрешат прашањето со името. Ова е клучна важност за земјата навистина да може да се движи напред во процесот на евроинтегрирање и да обезбеди гаранција дека можеме да имаме позитивна одлука во декември оваа година од страна на Советот на Европската унија. Тој истакна дека тоа не е прашање коешто треба да биде партиско и политичко, туку прашање на колективен консензус меѓу сите политички партии. Истовремено, го посочи примерот на Ирска, која помина низ многу тешки периоди во надминување на разликите со Британија и како резултат на тоа мораше да се измени Ирскиот устав, а тоа доведе конечно да се постигне мир меѓу двете соседни земји. На крајот, изрази надеж дека така ќе биде и во случајот со Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет***
***Република Македонија - Европска Унија (МПК РМ-ЕУ)***

# *БЕЛЕШКА*

***од средбата на г. Александар Спасеновски со г. Оле Лудвигсон,***
***остварена во Скопје, на 13 ноември 2009 година***

***Скопје, ноември 2009 година***

*Господинот Александар Спасеновски, шеф на Делегацијата од Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација (Мешовит парламентарен комитет РМ - ЕУ) на 13 ноември 2009 година оствари средба со г. Оле Лудвигсон, европратеник и член на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ од европска страна, во рамките на неговата посета на Република Македонија.*

На средбата, соговорниците разменија мислења за приликите во Европскиот парламент по спроведените избори за европски парламентарци и по формирањето на новиот состав на Мешовитиот комитет во Европскиот парламент. Во таа смисла, беше констатирано дека МПК РМ-ЕУ изминатиот имаше значајни постигнувања во афирмирањето и зацврстувањето на вкупните односи како меѓу македонскиот и европскиот парламент, така и меѓу Република Македонија и Европската унија. Господинот Спасеновски изрази очекување дека идниот состав на МПК РМ-ЕУ ќе продолжи со активностите според кои ќе ги рефлектираат заедничките интереси на Европската унија, а не партикуларните интереси на државите членки, за што побара поголем ангажман и проактивна улога и поддршка од г. Лудвигсон во рамките на ова тело.

Господинот Лудвигсон истакна дека и поркај тоа што функцијата европратеник ја извршува за прв пат, има големи познавања и широк круг на пријатели во Република Македонија, како резултат на долгогодишната соработка со шведските со македонските синдикати. Тој нагласи дека местото на Република Македонија, како и на другите земји од Западниот Балкан, е во Европската унија и дека тоа треба да се случи што е можно поскоро. Изгласувањето на Резолуцијата за укинување на визите од страна на Европскиот парламент за Македонија, Србија и Црна Гора со огромно мнозинство од страна европратениците е уште еден доказ дека интеграцијата на овие земји во Унијата е извесна и дека истата треба да биде забрзана.

Господинот Спасеновски рече дека иако Европа го урна Берлинскиот ѕид во 1989 година, Европа во тој период подигна нов ѕид за граѓаните од Западен Балкан и дека е време тој ѕид да падне, со цел за студентите, професорите и бизнисмените како и сите граѓани на Македонија да можат слободно да се движат и да го искусат европскиот начин на живеење. Во однос на интересот на гостинот за борбата против корупцијата, г. Спасеновски истакна дека Република Македонија, иако се соочува со овој системски проблем со години, со реформите кои се преземаат во последните години, има направено голем исчекор на тој план, а доказ за тоа е постојаното поместување на Република Македонија погоре, за 20 до 30 места на листата на Транспаренси Интернешнал за степенот на корупција во сите земји во светот.

На средбата беа споделени очекувањата дека преостанатите прашања за Република Македонија ќе бидат затворени и дека Европскиот совет, на неговиот состанок во декември 2009 година, ќе ја потврди препораката на Европската комисија за доделување датум за преговори на Република Македонија, со кој уште еднаш ќе се валоризираат постигнатите успеси на Владата на Република Македонија и на сите нејзини граѓани.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија (МПК РМ-ЕУ)***

***КРАТКО СООПШТЕНИЕ***

***од средбата на копретседавачите Александар Спасеновски и Јоргос Шацимаркакис, на 16 ноември 2009 година во Собрание на Република Македонија***

***Скопје, ноември 2009 година***

Средбата се оствари во пресрет на состаноците на Советот на Европската унија во декември и помина во духот на позитивните импулси во односите меѓу Република Македонија и Европската унија, содржани во неодамна објавениот Извештај на Европската комисија. Соговорникот ги пренесе заложбите на Европскиот парламент и Европската комисија што поскоро да се надминат разликите околу прашањето за името, притоа констатирајќи дека претстојниот период е најповолен момент досега. Во таа насока ги пренесе и сугестиите на грчкиот заменик-министер за надворешни работи дека двете држави треба максимално да се посветат на искористување на оваа добра шанса за надминување на долгогодишната непроменета состојба.

Двајцата соговорници недвосмислено констатираа дека местото на Република Македонија е во Европската унија и ја реафирмираа потребата од натамошен конструктивен пристап, соработка и позитивна клима како основа на која ќе се темелат идните активности и состаноци на парламентарно ниво во процесот на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на мешовит парламентарен комитет***
***Република Македонија - Европска Унија (МПК РМ-ЕУ)***

# *БЕЛЕШКА*

***од заедничката средба на Националниот совет за евроинтеграции,***
***Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и***
***Европска унија и Комисијата за европски прашања со г-ѓа Тања Фајон,***
***пратеник во Европскиот парламент и известител за визната либерализација***
***и г. Зоран Талер, известител за Република Македонија во Европскиот парламент,***
***остварена на 18 декември 2009 година во Собранието на Република Македонија***

***Скопје, декември 2009 година***

*Националниот совет за евроинтеграции, Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ, Комисијата за европски прашања како и Комисијата за надворешни работи оддржаа средба со г-ѓа Тања Фајон, пратеник во Европскиот парламент и известител за визната либерализација и г. Зоран Талер, пратеник во Европскиот парламент и известител за напредокот на Република Македонија.*

*На средбата присуствуваа претставници на амбасадите од Кралството Шведска, Кралството Шпанија и Чешката Република, претставници од невладиниот сектор, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија*

*На средбата свои дискусии имаа г-ѓа Радмила Шеќеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Тања Фајон, пратеник во Европскиот парламент, г. Зоран Талер, пратеник во Европскиот парламент, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции, г. Александар Спасеновски, претседател на Мешовитиот парламентарен комитет на РМ-ЕУ и член на Советот, г-ѓа Флора Кадриу, член на Советот, г. Петар Поп Арсов, претседател на Комисија за европски прашања и член на Советот, г-ѓаЉубица Нури, претставник од Стопанска комора на Македонија, Владо Бучковски, член на Комисијата за надворешна политика, г-ѓа Лилјана Поповска, член на Комисијата за надворешна политика и на МПК РМ-ЕУ и г. Суад Мисини, претставник на Истражувачки центар за цивилно општество.*

Со оваа белеска се претставени излагањата на претседателот и членовите на Делегацијата во МПК-РМ и ЕУ.

**Александар Спасеновски**, копретседавач со МПК-РМ и ЕУ од име на Мешовитиот парламентарен комитет и во свое лично име им се заблагодари на присутните европарламентарци за поддршката за визната либерализација и изрази надеж дека оваа конструктивна соработка во интерес на Република Македонија и на Европската унија ќе продолжи во иднина.

Тој истакна дека последните месеци од крајот на оваа година поминале во знакот на настанот во Берлин кога на свечен начин била прославена дваесетгодишнината од падот на ѕидот кој претставувал најголем симбол на поделена Европа.

Потоа тој укажа дека заклучно со 18 декември 2009 година илјадници македонски студенти, млади луѓе или стопанственици немале прилика да дишат со полни гради и целосно да ја ползуваат сопствената креативност, бидејќи се соочувале со Шенгенските бариери кога ќе посакаа да отпатуваат надвор од Република Македонија. Но со овој потег уште еднаш се потврди конструктивната и успешна соработка која Република Македонија ја има со Република Словенија, а која се темели на взаемна поддршка на билатерален и на мултилатерален план.

Со либерализацијата на визниот режим се исправи една голема историска неправда. Со либерализацијата на визниот резим се бришат и трагите на една политика која ја одалечи Македонија од напредниот свет во кој веруваше и за чии идеи се избори кога стана независна држава. Со овој чекор македонските граѓани се приближуваат до идејата на Европа за слободно движење на луѓе, услуги, стоки и капитал. Падот на Шенгенскиот ѕид исто така претставува историски момент на нашите релации со државите членки на Европската унија. Безвизниот режим ќе овозможи поблиска соработка помеѓу народите и почести релации на граѓаните од регионот со државите членки на Шенген зоната. Укинувањето на визите на крајот претставува верификација на вложениот труд, потврда за силна посветеност и волја да се завршат започнатите реформи и е уште еден европски успех на македонската држава.

На крајот тој укажа дека за сите партии во македонското Собрание, за сите институции во државата, за целото општество интеграцијата во Европската унија претставува врвен приоритет кој е комплементарен со сите наши посебни цели кои извираат од нашата различна политичка, етничка или религиска припадност.

Интеграцијата во Европската унија ги интегрира и власта и опозицијата, ги интегрира Македонците, Албанците, Турците, Србите, Ромите, Власите во Македонија и оттаму тој ги увери европратениците дека ова општество прави се оваа генерациска цел да ја оствари што поскоро. Визната либерализација треба да претставува уште една полуга која ќе не мотивира уште повеќе да ги забрзаме реформите за побрзо членство во Европската унија.

**Силвана Бонева,** член на МПК-РМ и ЕУ од име на сите граѓани на Република Македонија се заблагодари за залагањата на европратениците Република Македонија да биде вреднувана според постигнувањата, особено после Букурешт.

Таа се заблагодари на амбасадорот на Република Словенија, господинот Бергант за неговите заложби и заложбите на Република Словенија, Македонија да стане дел од европското семејство.

Таа укажа дека конечно ќе се отвори кафезот во кој беа заклучени македонските граѓани, ќе се стави крај на фрустрациите и понижувањата кои до сега ги доживуваа македонските граѓани со денови чекајќи пред шалтерите на амбасадите.

Таа изрази надеж дека во иднина Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања, надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет, сите заеднички ке продолжат да работат во духот на дијалогот и консензусот.

**Лилјана Поповска,** член на МПК-ЕУ и РМ исто така изрази задоволство од постигнатиот успех за визната либерализација на Република Македонија од која бенифит ке имаат сите граѓани во земјата. Посебна благодарност упати до словенските пријатели кои предложија 19 декември да биде денот кога ќе започне визната либерализација со што се овозможи Новата година да се дочека во подобра атмосфера.

Таа го истакна придонесот на сите влади, сите невладини организации и експертска јавност, медиуми, како и сите граѓани на Република Македонија кои со своето европско однесување покажале дека заслужуваме да влеземе во Европската унија без визи. Таа направи паралела со Орвеловата фарма, каде што се вели сите животни се еднакви, ама некои се поеднакви од другите и слично на тоа граѓаните на Република Македонија чувствуваа голема неправда во себе, зошто тие не заслужуваат да влезат во Европската унија како другите луѓе, зарем тие се помалку еднакви од другите на ова европско тло. Меѓутоа, со визната либерализација за Република Македонија и за другите земји се покажа дека во Европската унија се уште важат стандардите кои се европски стандарди, кои се издигнуваат над одредени стереотипи и предрасуди, над поединечни интереси, а се во полза на заедничките интереси и посебно во полза на правдата. Токму чувството на правда е многу значајно за сите граѓани на Република Македонија. Прашањето за правдата за граѓаните на Република Македонија е особено значајно и поради прашањето и проблемот што го имаме со нашиот јужен сосед околу името. Во тој спор во кој несакајќи Македонија е вовлечена, се чувствува една голема неправда бидејќи тоа е надвор од стандардите на Обединетите нации, тоа е преседан и сигурно е дека еден ден ќе биде проучувано како специфично прасање од политиколози и социолози.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Парламентарното собрание на Медитеранот***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Четвртата сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот, што се одржа на 23 и 24 октомври 2009 година во Истанбул, Република Турција***

***Скопје, ноември 2009 година***

*Во заедничка организација на Парламентарното собрание на Медитеранот (ПСМ) и Големото национално собрание на Турција, на 23 и 24 октомври 2009 година во Истанбул, Република Турција, се одржа Четвртата сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. На оваа сесија од Собранието на Република Македонија, учествуваа пратениците г. Сафет Незири, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот и г. Ванчо Коцев, заменик-член на Делегацијата. Во придружба на Делегацијата беше г-ѓа Ана Качакова, во својство на секретар на Делегацијата.*

На Четвртата сесија присуствуваа и следниве делегации на земјите членки на ПС на Медитеранот: Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Малта, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Словенија, Сирија, Србија и Турција. Како придружни учесници и набљудувачи на сесијата учествуваа претставници на Романија, Грузија, Собранието на Западноевропската унија, ПС на Црноморската економска соработка (ПАБСЕК), ПС на Советот на Европа, ПС на Организацијата на Исламската конференција, ФАО, Арапската лига, Пан-африканскиот парламент, Магреб, Меѓународната организација за миграција, како и повеќе меѓународни институти.

Четвртата сесија ја отвори г. Реџеп Таип Ердоган, премиер на Реублика Турција, а свои поздравни обраќања пред присутните имаа и: г. Мехмет Али Сахин, спикер на Големото национално собрание на Турција, г. Роберт Валтер, претседател на Собранието на ЗЕУ, г. Мехмет Чичек, потпретседател на ПС на Црноморската економска асоцијација, г-ѓа Карен Абу Заид, генерален комесар на Агенцијата на ОН за помош на бегалци, г. Серж Тел, специјален амбасадор на претседателот Саркози за Медитеранската унија, г. Сима Бахус, заменик-генерален секретар на Лигата на арапските држави, како и други личности. Во нивните обраќања се истакна стратешката важност на Медитеранот, како средишно море на земјата, кое опфаќа многу земји и крајбрежни региони со свои специфичности, но и со исти аспирации - соживот во мир, намалување на разликите меѓу богатите и сиромашните, овозможување на достојни услови за живот на сите граѓани на Медитеранот, заштита на човековата околина.

Сесијата беше посветена на дебатата по предлозите на резолуциите подготвени според извештаите поднесени од трите постојани комитети на Парламентарното собрание на Медитеранот, а кои се однесуваат на: ситуацијата на Блискиот Исток, организираниот криминал, борбата против тероризмот, дијалогот на културите и религиите во медитеранскиот регион, енергетските прашања во медитеранскиот регион, екологијата и климатските промени, управувањето со водите, справувањето со природните катастрофи, малите и средни препријатија и за прашањата на рамноправноста на половите. Овие извештаи беа разгледани на претходниот заеднички состанок на трите постојани комитети на Парламентарното собрание на Медитеранот, што се одржа кон крајот на јуни о.г. во Лисабон, Португалската Република.

Следниот ден по завршувањето на сесијата се одржа Првиот состанок на генералните секретари на парламентите на земјите членки на Парламентарното собрание на Медитеранот.

* * * * *

На отворањето на Сесијата, во своето излагање, **турскиот премиер г. Ердоган** го посочи Медитеранот како место каде што се мешаат и коегзистираат повеќе култури и цивилизации и каде што кон прашањата за безбедноста, трговијата и заштитата на човековата околина се приоѓа со голема посветеност. Неодамнешните случувањата во регионот, сепак даваат искра на надеж, особено напорите за мирно решавање на конфликтот меѓу Израелците и Палестинците, потоа отворањето на директни преговори меѓу Сирија и Турција, како и воспоставувањето на дипломатски односи меѓу Сирија и Либан, напредокот кон подобро во политичката ситуација на Кипар - сето тоа

претставува добра основа за натамошно промовирање и негување на трајните демократски вредности на човештвото. Не помалку битни, ако не и стретешки мошне силни прашања, посочи Ердоган, се и состојбите на Балканот и Кавкаскиот регион, за кои Турција ја дава својата безрезервна поддршка за надминување на сите евентуални слабости. Како мост на различностите на западната и блискоисточната цивилизација, Турција игра важна улога во Медитеранот и е отворена за уште попроактивна улога, особено во сферата на трговијата, дипломатијата и културната соработка на земјите од овој регион.

**Спикерот на Турскиот парламент г. Сахин,** истакна дека Медитеранскиот регион претставува интеракција на цивилизациите и многу важна географска целина, бидејќи претставува центар на светот. Потенцијалот за меѓудржавна соработка од секаков вид е огромен и со големи можности. Актуелните состојби на Блискиот Исток - Сирија, Иран, Палестина, Израел, како и кипарското прашање, претставуваат предизвик за сите земји од Медитеранскиот регион да изнајдат безболни политички средства за што поскоро нивно надминување.

Особено впечатлив беше говорот на **амбасадорот Тел**, кој истакна дека иницијативата за Медитеранската унија (како пандан на Европската унија) за овој регион всушност претставува продолжување на Барселона процесот. Тој процес беше замислен да даде политички одговор на горливите медитерански прашања, но не се изнајде решение и потоа се пристапи кон билатерално решавање на отворените прашања. Како пет клучни насоки на дејствување во Медитеранскиот регион, г. Тел ги посочи:

- демографските проблеми - постои евидентна дискрепанца во населеноста на северниот и јужниот дел на регионот. Приближно 55 милиони жители живеат во јужниот дел, на сметка на тројно помалку во северниот дел;
- диспаритетот на економски и стопански развој север-југ. Приходите *пер цапита* во северниот дел изнесува 33,000 САД долари, додека во јужниот дел само 3,000 САД долари;
- водата и нејзиното (не)разумно искористување. Медитеранскиот регион е дом на 1/7 од вкупното население во светот, регион кој троши 75% од вкупните водни светски ресурси;
- миграторните движења и здравствените прашања. Во урбаниот дел сега живеат околу 250 мил. жители, а само пред десет години во овој дел живееле 40 мил. и
- енергетските и еколошките прашања. Во однос на отпадот и неговото третирање, се изнесе податок дека 60% од отпадот се фрла во Медитеранот без претходен треман. Како загрижувачка се оцени состојбата со сообраќајот на танкерите и исфрлањето на отпад во Средоземното Море.

* * * * *

Во работниот дел на сесијата беа разгледани предлозите на резолуциите по извештаите на трите комитети на ПСМ и на специјалните работни групи.

Со акламација** беа усвоени следниве резолуции:

❖ **Од Првиот комитет:**

- *Резолуција за ситуацијата на Блискиот Исток* (подготвена од малтешкиот сенатор Вела), врз основа на официјалната посета на Блискиот Исток на Делегацијата на Парламентарното собрание на Медитеранот, остварена во мај о.г. Во Резолуцијата се повикува на мониторинг на состојбите во овој регион, се предлага подготовка на конкретен план за надминување на

тензиите, со посебен ангажман на невладиниот и граѓанскиот сектор во функција на парламентарната дипломатија.

- *Резолуција за борбата со организираниот криминал* (подготвена од италијанската парламентарка Анџела Наполи), со која се дефинираат сите видови на организиран криминал во Медитеранскиот регион. Со резолуцијата се повикуваат владите на земјите од овој регион силно да се спротивстават на ова зло, во соработка со меѓунаордните организации кои се мошне активни на овој план, како ОН, ОБСЕ, Интерпол и Советот на Европа. Истовремено, се повикуваат парламентите на земјите од овој регион да ги разгледаат можностите за формирање посебни парламентарни комисии кои ќе се занимаваат со прашањата на организираниот криминал.
- *Резолуција за тероризмот* (подготвена од турската парламентарка Асан и палестинскиот парламентарец Кууба), со која се дефинира поимот "тероризам" и се осудуваат сите негови форми. Се повикуваат владите и парламентите на земјите од овој регион да ги преземат сите расположливи политички и полициски средства и мерки за ефикасна борба против ова зло на човештвото.

❖ **Од Вториот комитет:**

- *Резолуција за енергетската стратегија во Медитеранот* (подготвена од египетскиот парламентарец Ал Ајнен), во која се посочува на потребата од засилена активност на владите од Медитеранскиот регион во начините на користењето на обновливи извори на енергија и на нови енергенси, како и на потребата од хармонизирање на правилата и стандардите во користењето на енергенсите. Со Резолуцијата се укажувана неопходноста од давање поддршка на Медитеранскиот соларен план, предложен од Медитеранската унија, со кој преку финансирање на иновативни соларни технологии, ќе се придонесе во насока на изнаоѓање алтернативни и обновливи извори на енергија.
- *Резолуција за водата* (подготвена од францускиот парламентарец Бланк), со која се укажува на критичното ниво на питка вода во Медитеранскиот басен, поради зголемената потрошувачка и зголеменото загадување на човековата околина. Правото на вода едновремено е и право на живот, секое негово нарушување веќе спаѓа во сферата на повреда на основното човеково право и поради тоа, се повикуваат владите на сите земји да ги преземат сите неопходни чекори за заштита и добро стопанисување со изворите на питка вода.
- *Резолуција за екологијата и климатските промени* (презентирана од францускиот парламентарец Бланк), со која, согласно со Протоколот од Кјото и Конференцијата во Бали, се повикуваат владите на Медитеранскиот регион заеднички да дејствуваат на полето на размена на научни и технички експертизи во изнаоѓање на најприфатливи солуции за заштита на човековата околина. Со Резолуцијата се поздравува т.н. Климатски пакет на Европската унија со кој се предвидува рапидно намалување на емисиите на штетни гасови до 2020 година, а истовремено се поздравува одлуката на новата американска администрација на претседателот Обама во преземањето на водечката улога на САД во сферата на климатските промени. Се изразува очекување дека на претстојниот Самит за климатски промени во Копенхаген ќе се потпише Пост-Кјото договорот од страна на сите засегнати земји.
- *Резолуција за управување со кризи* (подготвена од португалскиот парламентарец Жункеиро), со која се повикуваат владите и парламентите да ја зголемат свеста кај населението за опасноста и начините на

менаџирање на кризите/катастрофите, а истовремено да се поттикне размената на искуства меѓу земјите од овој регион во оваа област преку одржување на заеднички семинари и работилници.

- *Резолуција за мали и средни претпријатија* (подготвена од туниската парламентарка Бургуб), со која се повикуваат владите од медитеранскиот регион да воспостават ефективни механизми на слободна трговија и слободни инвестиции. Истовремено, се повикува на изнаоѓање механизми за надминување на разликите во развојот на земјите од северен и јужен Медитеран. Со резолуцијата се констатира потребата од размена на искуства меѓу земјите од регионот во областа на привлекување на странски инвестиции, промовирање на трговските и стопанските потенцијали и поддршка на Евромедитеранската повелба за мали и средни претпријатија.

❖ **Од Третиот комитет:**

- *Резолуција за религиските слободи и дијалог меѓу културите* (подготвена од португалската парламентарка Санфона), со која се предлага, имајќи ја предвид разновидноста на медитеранскиот простор истовремено со постоењето на сите свои посебности, да се направи една неутрална анализа на законодавството и политиките во оваа сфера. Се предлага потпишување од страна на сите парламентарци на Писмото за заложби, со што секоја делегација ќе ја преземе обврската за натамошно промовирање на дијалогот меѓу културите. Со Резолуцијата се повикуваат владите да усвојат политики на недискриминација по основа на расата и вероисповед.
- *Резолуција за жените во политичкиот живот во Медитеранот* (подготвена од турската парламентарка Асан и туниската парламентарка Бизид-Блајх), со која се повикуваат парламентите (кои се´ уште ја немаат ратификувано) да ја ратификуваат Конвенцијата на ОН за елиминирање на сите видови на дискриминација на жените (ЦЕДАЊ). Се повикува на поголема вклученост на жените во политичкиот живот и вкупните општествени односи. Истовремено, се повикува и на овозможување услови за поголемо присуство на жените во политиката, на изборните листи и во процесите на донесување политички одлуки.
- *Резолуција за миграциите* (подготвена од јорданскиот парламентарец Мухаидат), со која се потенцира дека во последно време поимот "миграции" често се поврзува со имиграционите движења, како и потребата мигрантите да бидат третирани на достоен начин согласно со меѓународните конвенции. Се констатира дека сите земји членки на ПСМ се истовремено земји на потекло, транзит или крајна цел на миграторните движења и поради тоа се соочуваат со различни предизвици, а особено во делот на присилните миграции. Со резолуцијата се охрабрува востановувањето на регионални академско-истражувачки центри за миграција и истовремено се охрабруваат сите земји-членки на ПСМ да ги поддржуваат активностите на меѓународните непрофитни невладини организации во нивните активности за враќање на мигрантите во нивните домицилни држави.

**На одредени извештаи и резолуции, посуптилни по својата содржина, некои делегации (Израел, Палестина, Египет и Јордан), изразуваа резерви или бараа промена на одредени делови на текстот. Деловнички, тоа се надмина со внесување на анекси на резолуциите во кои е содржан одредениот став или резерва.

* * * * *

Генералниот секретар на ПСМ, г. Серџо Пјаци поднесе финансиски извештај од работењето на ПСМ и неговиот Секретаријат за тековната година, како и Предлог-финансиски извештај за 2010 година. Во дискусијата беше нагласено дека од особена важност за функционирањето на ПСМ и неговиот Секретаријат е доследно исполнување на финансиските обврски на секоја земја членка, бидејќи неплаќањето на финансиската контрибуција го доведува во прашање нивното натамошно функционирање. Секоја земја членка е должна да го плати својот придонес до крајот на февруари во тековната година.

Истовремено, г. Пјаци поднесе предлог за зголемување на процентот на котизацијата за секоја земја членка, при што за Република Македонија процентот од 1,1% се зголемува на 1,42%, односно износот на годишната членарина се предлага да изнесува 11,700 евра (досега се плаќаше 5,500 евра). Следеше реакција од неколку делегации (Хрватска и Италија), а повеќето делегации најавија и писмен одговор на овој предлог, по консултацијата во матичните парламенти.

Беше презентиран и Календарот на активностите на ПСМ за 2010 година, при што како парламент-домаќин на следната (Петта) сесија се потврдија претходните кандидатури на Парламентот на Мароко (за одржување на Петтата сесија во 2010 г.) и на Сицилијанскиот парламент (сесијата ќе се одржи во 2011 г. на Сицилија). Комитетите и специјалните работни групи ќе ги одржуваат своите седници во повеќе места, а главниот (Петти) состанок на трите комитети ќе се одржи во текот на јуни 2010 г. во Белград, Република Србија.

Наградата на Парламентарното собрание на Медитеранот оваа година беше доделена на Агенцијата на ОН за помош за бегалци, а ја прими г-ѓа Карен Абу Заид, генерален комесар на Агенцијата, за исклучителните залагања за помош на населението во кризните региони на Медитеранот.

* * * * *

Во рамките на сесијата, Делегацијата на Собранието оствари повеќе контакти. Во разговорот со г. Ахмет Рифат Окчан, амбасадор и главен советник за надворешна политика на спикерот на Турскиот парламент, на Делегацијата и´ беше укажано дека турската делегација ќе поднесе меморандум до претседателот на Парламентарното собрание на Медитеранот г. Руди Сал, во врска со употребата на референцата ПЈРМ на оваа сесија. Со тоа Турската делегација бара на сите документи изададени на оваа сесија да стои дека "Република Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име". Овој гест, кој ја претставува зрелоста и постојаноста на политиката на Република Турција кон Република Македонија, беше примен со голема благодарност од страна на нашата Делегација и претставува израз на извонредните билатерални односи меѓу двете земји.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија, во име на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија, ја предаде донацијата на уметнички предмет наменет за Палатата на Медитеранот (седиштето на Парламентарното собрание на Медитеранот во Ла Валета, Република Малта) на г. Серџо Пјаци, генерален секретар на Парламентарното собрание на Медитеранот, за што прими мошне срдечна и искрена благодарност. Истовремено, Делегацијата му ги пренесе на г. Пјаци размислувањата за одржување на некоја од наредните сесии на Парламентарното собрание на Медитеранот во Република Македонија.

Во текот на сесијата парламентарците ја потпишаа Декларацијата за дијалог меѓу културите и религиите во Медитеранскиот регион. Декларацијата всушност претставува Писмо за заложби на парламентарците од Медитеранскиот регион во насока на промовирање и заштита на културното наследство на овие простори.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Регионален секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за Воркшопот на тема: " Безбедноста на храна-законодавството и неговата примена " (Софија, 23-24 февруари 2009 година)***

***Скопје, февруари 2009 година***

*На Воркшопот на тема: "Безбедноста на храна-законодавството и неговата примена" одржан во Софија, на 23 и 24 февруари 2009 година учествуваа пратеникот г-ѓа Станка Анастасова, член на Комисијата за труд и социјална политика, пратеникот г-ѓа Зумрете Јакупи, член на Комисијата за здравство и државниот советник г. Никола Тодоровски, национален координатор за парламентарна соработка во ЈИЕ. На него учествуваа и парлементарните делегации од Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Романија, Србија и Турција.*

*Воркшопот беше организиран од Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во ЈИЕ во соработка со Европската комисија, односно Директоратот за проширување и програмата за Техничката помош за размена на информации (TAIEX). Воведни излагања имаа експерти од Бугарија, Белгија, Франција, Холандија, Велика Британија и Романија.*

*Сите учесници на Воркшопот согласно со праксата на сотаноците во рамките на ПСЈИЕ беа озачени со личните имиња и знамињата на државите*

1. Воркшопот беше поздравен од министерот за земјоделството и храна на Бугарија г. Валери Митков Цветанов, кој истакна дека национална легислатива во областа на безбедноста на храна бара да бидат создадени адекватни структури и инструменти за примена на правилата и стандардите на ЕУ. Во услови на глобализација, доколку не бидат обезбедени соодветни инструменти и механизми за контрола, токму ова е една од областите која претставува голем современ предизвик. Како еклатантен пример беше наведена болеста на "луди крави" која го загрози здравјето на луѓето и пазарот со кравјо месо во Европа и светот.

За Бугарија успешното усвојување и примена на европската легислатива во оваа област претставувала битен предуслов за приклучувањето на ЕУ. Содветната легислатива од нивна страна била усвоена уште 2002 година, но таа е само рамка која бара да бидатусвоени механизми и инструменти за нивно реализирање. За безбедноста на храна треба да биде донесена национална рамковна стратегија во која ќе бидат вградени клучните европски принципи, но и извесни национални специфики. Притоа треба да се има предвид дека од страна на ЕУ се следи целиот процес од производството на фармите до карајниот потрошувач.

Раководителот на Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во ЈИЕ г. Владимир Данчев истакна дека целта на Работилницата во Софија е запознавање на пратениците на државите членки на Процесот за соработка во Југоисточна Европа со клучните принципи и искуства во реализирањето на легислативата на ЕУ за безбедност на храната. Тие информации се од особено значење за пратениците од земјите кои се уште не се членки на ЕУ заради апроксимација и хармонизирање на нивната национална легислатива со ЕУ Acquis. Данчев укажа и дека иако Процесот за соработка во ЈИЕ нема свој парламентарен орган како класичните меѓународни организации, сепак може и е ориентиран со поддршка на Европската комисија и Европскиот парлемент и тргнувајќи од Меморандум за разбирање за интерпарламентарна соработка, потпишан минатата година од страна на претседателите на парламентите на ЈИЕ да организира воркшопови, трибини и состаноци со кои ќе се придонесува за евриоинтеграцијата на земјите од регионот. Во тој контекст беа поменати идни воркшопови и состаноци посветни на либерализацијата на визниот режим, самостојните парламентарни буџети, легислативата за лицата со специјални потреби, демократската контрола на вооружените сили и службите за безбедност и други.

2. Делегацијата на Собранието, пред заминувањето во Софија оствари подготвителна средба во Дирекцијата за храна на Министерството за здравство на РМ со директорката Марина Поповска-Домазетовска и нејзините соработници. Добиени се низа информаци и повеќе документи-прирачници во врска легислативата и имплементирањето во Република Македонија на HACCP системот (Hazard Analysis and

Critical Control Point - Анализа на опасностите и критичните контролни точки), кои беа искористени во текот на конференцијата и во неофицијалните контакти со организаторите и другите учесници.

Пратеникот г-ѓа Зумрете Јакупи во својата дискусија ја поздрави определбата на Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во ЈИЕ и на Бугарскиот парламент да бидат домаќини и со поддршка на Европската комисија, во рамките на TAIEX програмата, да организира воркшоп на тема која што е од исклучително значење за регионот. Една од основните стратешки цели на РМ, како земја која од 2006 година е кандидат за членство во ЕУ е постојаното хармонизирање на сопственото со европското законодавство. На основа на веќе донесеното законодавство, кореспондентно со ЕУ легислативата, од 2009 година е започнато со имплементирањето на HACCP системот. Со оглед дека станува збор за сложена операција, која се случува во услови на економска криза од особено значење е помошта и поддршката што на земјата и дава ЕУ преку своите програми и донации. Така од минатата недела со донација од Брисел на софистицирана опрема за испитување на квалитетот на храна е надграден и заокружен постојниот систем за рано детектирање на квалитетот и безбедност на прехранбените производи. Во оваа година треба да биде направен значаен исчекор во имплементирањето на HACCP системот, како и воопшто во исполнувањето на барањата сврзани со евроинтеграцијата. Изразено е и очекувањето определбите и резултатите да бидат препознаени и верификувани со отпочнувањето на преговорите за членство, без какви било натамошни дополнителни одложувања.

Од страна на пратеникот г-ѓа Станка Анастасова е поставено прашање за контрола на безбедноста на храна произведена со генетски инженеринг. Прашањето предизвика интерес и присутните експерти изнесоа мислења кои не беа доволно прецизни. Тие се сведуваа на легислативата и постапките сврзани со генетското производство на посевите кои служат за силажа за сточна храна. Не беше елаборирано како се контролира опасноста од генетското производство на храна од животинско потекло, ниту кои земји на ЕУ вршат вакви експерименти кои предизвикуваат дилеми и загриженост, кај експертската и светската јавност.

4. Во воведните обраќања на претставниците на новопримените членки на ЕУ Бугарија и Романија, како и на експертите од повеќе земји членки кои подолго време ја применуваат европската легислатива во областа на контролата и безбедноста на храна беа изнесени низа согледувања и препораки кои заслужуваат внимание:

- Бугарскиот пратеник г. Нихат Кабил, претседател на Комисијата за земјоделство и шумарство (поранешен минстер за земјоделство и храна) укажа дека времето е битен фактор за имплементацијата на европската легислатива. Непочитувањето на определени рокови дури може да доведе до одложување на приемот на земјата во ЕУ. Тоа кај нив за малку не се случило затоа што навреме не изградиле на граничните премини контролни станици за промет на земјоделските производи. Подобро е со сопствени средства и кредити од меѓународни финансиски институции да бидат навремено изградени такви контролни точки, отколку тоа да биде сторено во последен момент, што може да доведе до компромитирање на целиот процес на евроинтеграцијата. Во прашање се тешки и понекогаш драматични промени кои бараат дисциплинирано однесување, создавање на компетентни служби, инвестирање во нови институции и модернизирање на постојните производни, прометни и услужни капацитети. Тоа е проследено со значителни финансиски издатоци за високите стандарди кои можат да доведат до затворање на неконкурентни капацитети. Во време кога мора да се брза со исполнување на роковите за прием во членствотоа сето тоа станува и политичко прашање.

- Експертот од Белгија г-ѓа. Доната Лерд зборуваше за хармонизацијата на националните лаборатории за контрола со референцијалните лабаратории за

идентификација на токсини и недозволиви состојки во храната. Во прашање е интегриран систем, европска мрежа на 38 лаборатории за анализа кои вршат редовни тестирања на производите на храна за да можат да бидат пласирани на пазарите на ЕУ. Така на пример кај чаденото месо е дозволено да има бензопирин (кој е токсичен и има канцерогени компоненти) на ниво од 1 до 10 мг на килограм, што се верификува од определена национална лабараторија, која се контролира од европскиот референцијален лабараториски центар. Со оглед на огромен број на производи кои се контролираат токму постоење на мрежна поврзаност овозможува полесна верификација на квалитетот на производите за храна како што, според воведничарот, секогаш е полесно тимско отколку индивидуално искачување на планинските врвови.

- За имплементацијата на HACCP принципите во земјите членки на ЕУ и нивното позитивно влијание на бизнисот зборуваа експертите на националните агенции за безбедноста на храна од Холандија г. Рон Двингер и од Велика Британија г-ѓа. Јулиан Блекбурн. Беше нагласено дека заради големиот број на бактерии кои можат да се појават при производството и прометот на прехранбените производи нужно е да биде извршено востановување на заеднички критериуми и соодветна регулатива за безбедноста на храна. По лабараториските анализи врз основа на Кодексот за микробиолошки критериуми некои производи треба да бидат повлечени од продажба и доколку е потребно уништени, додека во други случаеви се потребни корективни или превентивни активности за подобрување на производството. Споменатите критериуми бараат небезбедната храна да не може да биде пласирана на пазарите во земјите членки на ЕУ. Забележливо е дека се повеќе и самите производители ја зголемувааат контролата на безбедноста на храна, што им овозможува поефикасен пласман на пазарот.

- Францускиот експерт Жан Луи Дибуа кој 30 години работел во областа на земјоделството во ЕУ, а во моментот е експерт за хармонизирање на легислативата во оваа област во турскиот дел на Кипар имаше мошне впечтлива презентација на повеќе теми. Тој истакна дека првенствено е важно сите закони посветени на производството и прометот на храна (од нивата на земјоделецот до шницлата во ресторанот) да бидат координирани, а нивната имплеметација постојано контролирана. Ова се однесува не само на пазарот на ЕУ од 470 милиони потрошувачи, туку и на земјите кандидати за членство (Хрватска, Македонија, Турција) аспиранти за членство од Западен Балкан, партнери од ЕФТА (како Исланд) и на земјите партнери од непосредното соседство (Украина и други републики од поранешниот СССР, земјите од Блискиот и Средниот Исток и други) доколку сакаат да имаат пристап на пазарот на ЕУ. Притоа треба да се има предвид дека само во областа ветеринарството годишно се усвојуваат 400 акта со кој се врши хармонизација. За почеток најважно е да се прифати определбата за воведување, почитување и спроведување на европските стандарди. Потоа чекор по чекор треба да се пристапи кон донесувањето и релизацијата на потребната легислатива. Барањето на ЕУ е државите да имаат еден рамковен акт - стратегија во однос на безбедноста на храна, а контролата на производството и прометот на храната со европските стандарди треба да се способни самостојно да ја остваруваат. За таа цел е потребна Генерална комисија надлежна за контрола, составена од најмалку 25 члена, која ќе биде овластена за директна комуникација со лабораторите и инспекторатите за контрола, независно од локалните до централните власти. Посебно е важно да бидат обезбедени стабилни финасиски средства како за функционирање, така и за создавање на сопствени научни центри и едукација на кадрите за контрола на безбедноста на храна.

*****

На воркшопот во Софија од страна на Делегацијата на Собранието на РМ беа презентирани и афирмирани достигањата на Република Македонија во областа на котрола на безбедноста на храна. Посебно беше укажано дека се вршата неопходни подготовки за воведување на HACCP системот, како една од најзначајни претпоставки за хармонизирање на националното со законодавството на ЕУ во оваа исклучително сложена област, од која зависи пристапот на земјоделските производи до пазарите на земјите членки.

Воведувањето на HACCP системот во текот на оваа година се очекува да биде проследено со интензивна презентација и популаризација од производителите до граѓаните како крајни конзументи. За таа цел, според сознанијата од воркшопот во Софија добро е да се искористат презентери со кумулирано искуство како што е на пример францускиот експерт Жан Луи Дубуа. Неговото излагање се издвојуваше со својата едноставна и разбирлива аргументација преку цртежи и скици користена за повеќе кампањи токму за популаризација на мерките и упатствата на ЕУ.

Воркшопот за безбедноста на храна имаше за цел да биде разгледувано едно конкретно прашање од заеднички интерес на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, коешто е поддржано од Европската комисија и е вклучно во нејзиниот TAIEX проект. Размената на искуства и соработка од овој вид во ЈИЕ се наоѓа во почетна фаза, доколку таа се компарира со соработка во Нордискиот или Балтичкиот регион. На средбата во Софија беше навестено дека според применетиот модел може да се очекуваат и други средби за унапредувањето на капацитетите на парламентите на ЈИЕ согласно со стандардите и барањата на ЕУ во разни области.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Регионален секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Семинарот за "Виза и гранично управување" што се одржа на 31 март и 1 април 2009 година во Брисел, Кралството Белгија***

***Скопје, април 2009 година***

*Во заедничка организација на Генералниот директорат за односи со националните парламенти, Генералниот директорат за надворешни политики на ЕУ, Комисијата за надворешни работи на ЕП и Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа, на 31 март и 1 април 2009 година во седиштето на Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, се одржа семинар на тема "Виза и гранично управување". На овој Семинар учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав од пратениците: г. Александар Спасеновски, г-ѓа Славица Грковска-Лошкова, г.Сафет Незири и г-ѓа Роза Топузова-Каревска, како и државните службеници г-ѓа Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соработка и г-ца Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка.*

*Семинарот беше наменет за пратеници и службеници од парламентите на земјите од Западен Балкан, а на истиот учествуваа и претставници од парламентите на Република Албанија, Федерацијата на Босна и Хрецеговина, Косово (согласно со Резолуцијата 1244 на ОН), Црна Гора, Република Србија, Република Бугарија, потоа претставници на Регионалниот совет за соработка на ЈИЕ, европарламентарци, претставници на Европската комисија, претставници од претседателството на Советот на ЕУ, FRONTEX, EUROPOL и EUROJUST. На Семинарот, иако најавена, не учествуваше Делегација од Парламентот на Република Хрватска.*

*Семинарот претставуваше изворна можност за заедничка дебата меѓу сите учесници, со размена на искуствата од постигнувањата на планот на визите и граничното управување, односно постигнувањата на владите од регионот на Западен Балкан во процесот на стекнување на можност за укинување на визите за своите граѓани, како и за напорите и мерките кои се преземаат во обезбедувањето на границите, граничното управување, борбата против трговијата со луѓе и организираниот криминал.*

* * * * *

Европратеникот ***Хенрик Лакс*** информираше за Кодексот за визи, кој се очекува наскоро да биде усвоен од страна на Европскиот парламент. Тој ќе претставува сублимирана кодификација на сите правила досега содржани во различни правни акти, по однос на процедурите за издавање на визи и ќе овозможи сите Шенген конзулати во реално време да разменуваат податоци за поднесените апликации.

По темата "Прописите на Шенген и искуствата за земјите членки" европарламентарецот ***Карлос Коељо*** истакна дека со воведувањето на Шенгенскиот информативен систем (СИС) се етаблираше ефикасна контрола над границите, како и заедничка визна политика меѓу 22 земји членки + Норвешка, Исланд и Швајцарија. Во Шенгенскиот систем делумно партиципираат Обединетото Кралство и Ирска. За неговото функционирање да биде комплетно, прво е потребно секоја земја членка да го усвои Шенгенскиот систем, потоа да ги имплементира сите негови делови, да ги симне границите и да воведе заедничка визна политика кон останатите земји нечленки на овој систем.

***Фернандез Аријас***, заменик-извршен директор на FRONTEX (*Европска агенција за управување со оперативната соработка на надворешните граници на земјите членки на ЕУ*), информираше за работата на Агенцијата и притоа истакна дека секојдневно се следат сите активности на границите на земјите од Западен Балкан, особено во доменот на илегалното преминување на границите (најголем број случаи се регистрираат на границата на Албанија со Грција). Притоа, посочи дека на оваа граница во 2008 година се регистрирани вкупно 38.000 случаи, што претставува 22% од вкупниот број случаи на илегална миграција на територијата на целата ЕУ. Се следат и случаите на криумчарење дрога и други опојни средства, како и илегалната трговија со оружје, особено во делот на границите на Косово, кој претставува најранлив дел во

оваа трговија. Потсети на веќе потпишаните работни спогодби со речиси сите земји од Западен Балкан и истакна дека во иднина ќе се посвети поголемо внимание на ефективна контрола на границите со примена на Шенгенските стандарди (Шенгенски граничен кодекс), вршење на граничната контрола исклучиво од страна на професионални гранични полицајци и формирање на заеднички тимови меѓу земјите со учество на претставници од FRONTEX и ЕУРОПОЛ.

Согласно со извештаите на FRONTEX се смета дека наскоро, со влегувањето на Македонија и Хрватска во ЕУ, Унијата ќе добие нови надворешни граници. Како особен предизвик се јавува фактот што Хрватска, во рамките на Унијата, ќе има најдолга територијална граница во должина од 1,377 км, подолга за 40 км од границата меѓу Финска и Русија. Република Македонија е посочена како земја која има постигнато напредок во областа на интегрираното гранично управување и соодветната легислатива која се применува, како и процесот на демаркацијата на границата со Косово кој е во завршна фаза.

Свое излагање пред учесниците на Семинарот имаше ***Ивица Дачиќ***, вицепремиер и министер за внатрешни работи во Владата на Република Србија. Во своето излагање тој се осврна на активностите што ги презема Владата на Р. Србија на планот на интегрираното гранично управување, издавањето на биометриски лични документи за граѓаните, безбедност на документи, спречувањето на илегалната миграција и борбата против организираниот криминал и корупцијата. Истакна дека сите реформи се во интерес на граѓаните и се во насока на стекнување на статус на земја кандидат за членство во ЕУ и безвизен режим.

Пратеникот ***Роза Топузова-Каревска*** во својата интервенција по оваа тема истакна дека Република Македонија е лидер во регионот и прва земја која ги започна реформите на планот на интегрираното гранично управување со усвојувањето на Стратегијата за интегрирано гранично управување и е прва земја во регионот која воведе високо квалитетни биометриски пасоши, возачки дозволи и лични карти. Истакна дека Република Македонија и натаму работи на планот на исполнување на сите точки од Патоказот за визна либерализација кој подразбира целосна посветеност на сите државни институции во реализација на преостанатите обврски.

***Димитра Гогу***, претставник од Европската комисија, истакна дека регионот на Западен Балкан претставува своевидна лабораторија како да се примени Шенген во специфични услови, согласно со потребите на регионот и во согланост со општите одредници на Стратегијата на ЕК за гранично управување и визна политика.

Пред учесниците на Семинарот се обрати и европарламентарката ***Дорис Пак***, претседавач со Делегацијата за односи со земјите од ЈИЕ. Таа истакна дека министерствата за внатрешни работи на земјите членки на ЕУ се многу внимателни во однос на либерализацијата на визниот режим. Таа посочи на фактот дека секоја земја одделно ќе се вреднува според своите сопствени постигнувања. Укажа дека сите земји аспиранти и земји кандидати од регионот на Западен Балкан уживаат поддршка од Европскиот парламент и од Европската комисија, но за да се заокружи целиот процес потребна е поддршка и од Советот на Европската унија, што претпоставува вложување на покомплексни напори. Госпоѓата Пак изнесе иницијатива по конституирањето на органите на ЕУ (по изборите за Европскиот парламент јуни о.г.) наесен да се организира состанок меѓу новоизбраните пратеници во ЕП, пратениците од националните парламенти на земјите членки и пратеници од парламентите на Западен Балкан за подобра меѓусебна информираност за постигнувањата во исполнувањето на Патоказот за визна либерализација.

Во својата дискусија пратеникот ***Александар Спасеновски*** укажа на фактот што нормалната комуникација на граѓаните на Република Македонија со ЕУ е оневозможена поради постоењето на т.н. "Шенгенски ѕид", поради што особено се погодени младите луѓе кои не можат одблиску да ги почувствуваат придобивките на Евроската унија и не

можат одблиску да видат како живеат нивните врсници во европските земји. Тој информираше за активностите на Република Македонија во процесот на исполнување на барањата содржани во Патоказот за визна либерализација, кои се однесуваат на коректна имплементација на спогодбите за визно олеснување и реадмисија, за безбедност на документите, илегалната миграција и реадмисијата, јавниот поредок и безбедност. Истакна дека Република Македонија е прва земја во регионот која воведе висококвалитетни биометриски пасоши, лични карти и возачки дозволи. Во доменот на интегрираното гранично управување тој ги истакна сите активности кои се преземени во насока на започнување со работа на Националниот координативен центар за гранично управување, кој претставува еден од најнапредните вакви системи во Европа. Системот ќе обезбеди информации на сите институции задолжени за контрола и проток на патници и стоки преку државните граници. Укажа на зајакнатата соработка со FRONTEX и ЕУРОПОЛ и за воспоставувањето на визен информатички систем кој е поврзан со повеќе дипломатско-конзуларни претставништва. Пратеникот Спасеновски изрази очекување до крајот на годината Европската комисија да излезе со предлог за укинување на визите за Република Македонија.

Пратеникот ***Славица Грковска-Лошкова,*** земајќи учество во дебатата, укажа дека малиот број на население на Република Македонија не претставува опасност од имиграција, бидејќи поголемиот број граѓани немаат желба да ја напуштат земјата, а истовремено стравот од визна либерализација меѓу земјите членки на ЕУ всушност оди само во корист на организираниот криминал, со оглед на фактот што припадниците на криминалните групи добиваат визи и патуваат во европските земји непречено. Жртвите на ваквата рестриктивна визна политика се обичните граѓани, студентите и бизнисмените. На крајот, побара во име на овие невини жртви на оваа политика, Европската унија и Советот да донесат праведна одлука за визна либерализација за граѓаните на Република Македонија.

Во текот на дебатата и претставниците на Црна Гора и Република Албанија накратко информираа за активностите на нивните влади на планот на евроинтеграцијата на овие земји.

* * * * *

Семинарот претставуваше своевиден дебатен форум за поканетите учесници да ги искажат своите мислења по тековните процеси за визната политика на ЕУ и интегрираното гранично управување. Секој дискутант придонесе, преку презентирање на преземените активности на својата држава во оваа област, од една страна, да ги информира своите колеги за постигнатите резултати и за предизвиците што претстојат, а од друга страна, да го согледа степенот на евалуација од страна на европските институции на преземените активности.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Регионален секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од Парламентарниот семинар "Визната политика и управувањето со граници" одржан на 18 и 19 мај 2009 година во Белград, Република Србија***

***Скопје, мај 2009 година***

*Во организација на Генералниот директорат за односи со националните парламенти, Националното собрание на Република Србија и Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа, на 18 и 19 мај 2009 година во Белград, во Националното собрание на Република Србија, се одржа Парламентарен семинар на тема "Визна политика и управување со граници". На семинарот учествуваа службеници од парламентите на земјите од целиот Западен Балкан, нивни колеги од Европскиот парламент од Брисел, претставници на Регионалниот секретаријат за соработка во ЈИЕ, претставници на Европската комисија и на регионални тела кои работат на области поврзани со темата на Семинарот. Собранието на Република Македонија беше претставувано од страна на м-р Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија од Секторот за меѓународна соработка, г-ца Даниела Паунова, советник во Комисијата за одбрана и г-ца Наде Кочовска, помлад референт во Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во Собранието на Република Македонија.*

На Семинарот, кој беше продолжение на Семинарот со иста тема во Брисел, Кралството Белгија, службениците кои работат во делот на европски прашања и внатрешна политика имаа можност да слушнат и да разменат мислења со своите колеги од другите парламенти и регионални и европски институции за теми во делот на управувањето со граници, визната политика кај земјите членки на ЕУ и на Бугарија и нејзиното пристапување во Шенген зоната во 2011 година, миграционата политика, политиката на азил и враќањето на бегалците и соработката меѓу регионалните тела и иницијативи во регионот за овие прашања.

На почетокот, учесниците беа поздравени од страна на генералниот секретар на Националното собрание на Република Србија г. Вељко Одаловиќ, кој нагласи дека голем дел од задачата за добивање безвизен режим за граѓаните на Република Србија треба да биде завршен од страна на Парламентот. Тој посочи дека Србија исполнила голем дел од барањата во Патната карта, а дел од тие барања кои сé уште не се исполнети, се планирани да бидат завршени во мај 2009 година. Иако имало отпор од страна на дел од партиите во Парламентот во однос на донесување на некои од законите предвидени во Патната карта на Европската комисија и покрај фактот што имало поднесено 3.300 амандмани, Парламентот успеал успешно да го помине овој тежок и долготраен процес и да ги донесе потребните закони, меѓу кои и Законот за антидискриминација согласно со европските стандарди, како прва земја од регионот која успеала да го донесе овој закон.

Господинот Ласло Варга, претседател на Комисијата за европски прашања, ги изложи своите видувања на оваа тема, нагласувајќи ја улогата на Комисијата за европски прашања во процесот на усогласување на законодавството на ЕУ со домашното законодавство, како и во делот на парламентарната дипломатија и соработката со земјите од регионот и со Европскиот парламент, како многу значаен елемент во процесот на евроинтеграција. Тој истакна дека улогата на Комисијата за европски прашања е движечка сила во евроинтегративниот процес, за што во голема мера помош добива од страна на невладиниот сектор, универзитетските професори и експерти и другите заинтересирани страни, преку јавните расправи организирани од страна на Комисијата. Демократизацијата на регионот и развивањето на неговата економија се многу значајни за целосна европеизација на граѓаните и на општествата, што секако ќе се одвиваат низ процес на реформи и исполнување на стандарди кои не секогаш се популарни и лесно прифатливи за сите. Во делот на донесувањето на закони потребни за визна либерализација, г. Варга посочи дека Парламентот го усогласил законодавството во делот на патните исправи, личните карти, за заштита на личните податоци, за конфискација на имот, борба против корупцијата и тероризмот, финансирањето на политичките партии, човековите права и забраната за дискриминација. Она што треба да се види во периодот што следи е нивната целосна и правилна примена, што е потешкиот дел од задачата. На крајот, тој истакна дека го поддржува оценувањето од страна на Европската унија на секоја земја од регионот

поединечно и врз основа на нејзините достигнувања, со цел за добивање на безвизен режим и побара визна либерализација за граѓаните на Република Србија, согласно со исполнетите критериуми и со оглед на фактот што 2/3 од граѓаните го поддржуваат интегрирањето на Србија во Европската унија.

Од претставниците на Република Чешка, земја претседавач со Советот на ЕУ, беше изразена поддршката што земјата ја дава на европскиот пристап во однос на мобилноста, безбедноста и приватноста, како и во однос на процесот на издавање биометриски пасоши, собирањето на статистички податоци од ЕУРОДАТ, соработката и зајакнувањето на капацитетите на ФРОНТЕКС. Тие нагласија дека за нив е голем успех за приклучувањето на Швајцарија во Шенген системот оваа година, во текот на нивното претседателство со Советот на ЕУ. Исто така, со цел за подобро управување со граници и визна политика, тие посочија на новиот Предлог за воспоставување на нов евалуационен Шенген систем, чија главна цел е креирање законска рамка за евалуација на правилната примена на елементите од законодавството за Шенген кои се дел од законодавството на ЕУ. Истиот е во согласност со Регулативата за поставување на евалуационен механизам за верификација на примената на оние елементи од шенгенското законодавство, кои се дел од законодавството на ЕУ. Овој двоен систем на евалуација ќе биде креиран за воспоставување заемна доверба меѓу земјите членки во нивниот капацитет ефикасно и ефективно да ги применуваат придружните мерки кои овозможуваат креирање на зона без внатрешни граници. Исто така, целта на механизмот ќе биде да осигура транспарентна, ефективна и сеопфатна имплементација на шенгенското законодавство, рефлектирајќи ги промените во правната сфера по интеграцијата на шенгенското законодавство во рамките на Европската унија. Во однос на визната либерализација за земјите од Западен Балкан, беше истакната поддршката на Република Чешка и дека посебно внимание се посветува на исполнувањето на условите од Патната карта издадена од страна на Европската комисија минатата година, како и на извештаите за секоја земја одделно и за нивниот напредок во однос на четири блока од Патната карта досега. За секој од четирите блока од Патната карта, биле испратени експерти на терен во одделни земји, со цел да го утврдат напредокот на земјата во одредениот блок. Општ впечаток е дека сите земји имаат постигнато одреден напредок, а кај некои од нив напредокот е значителен во однос на другите. Сега останува на Европската комисија да препорача, а на земјите членки да донесат политичка одлука во однос на визната либерализација за земјите од Западен Балкан.

Господинот Предраг Вујичиќ, експерт за правда и внатрешни работи во Регионалниот совет за соработка во Сараево говореше за резултатите и процесот на сопственост во одредени сегменти на земјите од регионот на Западен Балкан. Неговата констатација, согласно со статистичките податоци на Советот, е дека соработката меѓу органите на земјите во периодот од 1999 до 2009 година е во постојан пораст, додека политичката соработка бележи подеми и падови. Тој ги посочи регионалните иницијативи каде што има најинтензивна соработка и каде шо се бележи значителен напредок, и тоа: СЕКИ центарот во Букурешт за борба против прекуграничниот криминал, СЕПКА асоцијацијата на шефови на полиции, MARRI центарот за миграција, азил и бегалци, РАИ антикорупциската иницијатива, SEEPAG групата на обвинители од Југоисточна Европа и РСС советот за полициска соработка.

Во делот на презентацијата на усогласеноста на визната политика и управувањето на границите со законодавството на ЕУ од страна на службеници од парламентите на земјите кои учествуваа на семинарот, меѓу кои и Република Македонија (презентација во прилог), прелиминарно беа изложени искуствата на сите парламенти од Западен Балкан, почнувајќи од процесот на визно олеснување и склучувањето на договори за реадмисија со земјите членки на ЕУ, усогласување со Белата Шенген листа на ЕУ, до поединечниот напредок по блоковите изложени во Патната карта од страна на Европската комисија, и тоа:

Блок 1: безбедност на документи,
Блок 2: илегална миграција, вклучувајќи и реадмисија,
Блок 3: јавен поредок и безбедност и
Блок 4: надворешни односи и фундаментални права.

Општ заклучок е дека секоја земја доследно ги почитувала и следела препораките дадени во Патната карта за визна либерализација и по одделни блокови, а напредокот зависел од степенот на политичката волја на лидерите во земјите и нивните заложби и посветеност за спроведување на реформите.

* * * * *

Семинарот претставуваше извонредна можност за директна размена на искуства и информации со колегите од другите парламенти на земјите од Западен Балкан, но и со колегите од Европскиот парламент и институциите на ЕУ, како и дебатен форум за напредокот во процесот на визната политика на ЕУ и интегрираното гранично управување. Секој од учесниците придонесе, преку презентирање на активностите што ги презема неговата држава на планот на визната политика и управувањето со граници, да ги информира своите колеги и претставниците на Европскиот парламент и Европската комисија за постигнатите резултати и преостанатите предизвици за спроведување во иднина, но исто така и да ја слушне оцената од страна на европските институции за степенот на напредок на неговата земја.

Праксата на среќавање на службеници од парламентите кои работат на европските прашања и строго тематските семинари за специфични области се корисни за дискутирање на сите аспекти од процесот на законодавното работење и функционирањето на парламентите од земјите во регионот кои се стремат да станат членки на ЕУ. Овие семинари, исто така, овозможуваат запознавање со начинот на работење и функционирање на Европскиот парламент и придонесуваат кон меѓусебно поврзување на службениците и нивната континуирана соработка, како дел од процесот на регионалната соработка, што претставува еден од критериумите за полноправно членство во Европската унија на секоја земја аспирант.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Регионален секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од Семинарот на тема "Слободна трговија и внатрешни регионални пазари" што се одржа во Загреб, Република Хрватска на 26 и 27 октомври 2009 годинаво***

***Скопје, декември 2009 година***

*Во организација на Европскиот парламент на 26 и 27 октомври 2009 година, се одржа семинар на тема "Слободна трговија и внатрешни регионални пазари" во Загреб во Парламентот на Република Хрватска. На семинарот учествуваа пратеници од Европскиот парламент, пратеници од националните парламенти на земјите од Западен Балкан, како и пратеници од земјите кандидати за членство во Европската унија.*

*Од Република Македонија учествуваа пратениците г.Ванчо Коцев, г-ѓа Роза Топузова Каревска, г.Феми Јонузи, г. Миле Андонов, како и Вања Ралев, советник на Комисијата за економски прашања и Драган Пулевски, помлад соработник во Секторот за работни тела во Собранието на Република Македонија.*

Семинарот го отвори и им посака успешна работа на присутните претставници заменикот на претседателот на Парламентот на Република Хрватска **г-ѓа Жељка Антунович**. Таа во своето излагање ја истакна потребата од издигнување на повисок степен на слободната трговија меѓу земјите од Западен Балкан, која во услови на глобална економска криза добива уште поголемо значење. Притоа потенцираше дека главна цел на земјите потписнички на Договорот ЦЕФТА 2006 е нивно пристапување кон Европската Унија, при што еден од најбитните услови е добрата регионална соработка. Имајќи предвид дека земјите од овој регион се соочуваат со исти проблеми, како што се големата невработеност, нискиот прилив на странски директни инвестиции и други економски проблеми, г-ѓа Антунович укажа на потребата од нивно заедничко дејствување со цел за надминување на овие проблеми и постигнување на подобри резултати во трговијата и внатрешните регионални пазари.

Заменикот на претседателот на Европскиот парламент **г-ѓа Силвана Кох-Мехрин** ја истакна поддршката што Европскиот Парламент континуирано ја дава на регионалната соработка. Таа оцени дека е постигнат значаен напредок кај сите земји од регионот во нивната цел - интегрирање во Европската Унија. Како позитивен пример беше посочена парламентарната соработка во правец на ширење и прифаќање на добри идеи кои ќе придонесат за излез од економската криза и совладување на заедничките предизвици.

Заменикот на генералниот секретар на Европскиот парламент **г. Дејвид Харли** укажа на обврската на Европскиот парламент и неговата администрација за поддржување на процесот кој започна на Самитот во Солун во 2003 година. Тој нагласи дека периодот на големи уставни промени кои во моментов се одвиваат во Европската унија треба да се искористат како можност за прилагодување на интерпарламентарната соработка врз основа на Лисабонскиот договор. Лисабонскиот договор е суштински за идниот развој на ЕУ и треба да ги обезбеди неопходните средства за продолжување на процесот започнат на Самитот во Солун. Овој договор нуди можност за зголемување на улогата на националните парламенти во контролата и одобрувањето на законодавството на ЕУ. Тој, исто така, ја истакна поддршката која што Европскиот парламент ја дава на земјите од Западен Балкан преку разни програми.

Европратеникот и известувач за Република Македонија во Европскиот парламент **г. Зоран Талер** изрази задоволство од реформите кои се преземаат во земјите од регионот и нивното приближување кон ЕУ. Иако овој процес не е целосно завршен во интерес на ЕУ е тој да продолжи. Господинот Зоран Талер ја поздрави препораката на ЕК за добивање на датум за почнување на преговори за пристапување кон ЕУ за Република Македонија, како и визната либерализација за граѓаните на Република Македонија, Србија и Црна Гора и изрази надеж дека тоа наскоро ќе се случи и за граѓаните на Албанија и Босна и Херцеговина. Регионалната соработка е еден од темелите на Договорот за стабилизација и асоцијација. Бидејќи проблемите со кои се соочуваат земјите од Западен Балкан се слични, потребно е тие повеќе да соработуваат, да се разменуваат мислења и да се користат позитивните решенија. Како позитивен пример на регионална соработка беше посочено испраќањето на главниот преговарач за исполнување на критериумите за визна либерализација на Република

Македонија во Босна и Херцеговина. Ова ќе овозможи Босна и Херцеговина побрзо да ги исполни потребните критериуми за визната либерализација.

Во своето обраќање **г. Ванчо Коцев** информираше дека Република Македонија е членка и потписничка на ЦЕФТА договорот кој е ратификуван во Македонскиот парламент во 2007 година и е членка на Светската трговска организација.

Целите на Централноевропскиот договор за слободна трговија наречен ЦЕФТА 2006 кој е составен дел на ЦЕФТА договорот се: да се консолидира постојното ниво на трговска либерализација постигнато преку мрежа билатерални договори за слободна трговија, да се подобрат условите за натамошно промовирање на инвестициите вклучувајќи странски директни инвестиции, да се прошири трговијата со стоки и услуги, да се отстранат бариерите и нарушувањата во трговијата, да се олесни движењето на стоки во транзити, прекуграничното движење на стоки, да се обезбеди соодветна заштита на правата на интелектуална сопственост согласно со меѓународните стандарди.

Според податоците на Државниот завод за статистика најголемо учество во стоковната размена на Република Македонија имаат земјите членки на ЕУ и земјите од Западен Балкан.

Со спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу ЕУ и Република Македонија се воспоставува асоцијација меѓу Унијата и нејзините држави членки од една страна и Република Македонија од друга страна. Република Македонија се обврза да воспостави соработка и добрососедски односи со другите земји од регионот, вклучувајќи соодветно ниво на заемни отстапки во однос на движењето на луѓе, стоки , капитал и услуги како и развивање проекти од заеднички интерес. Оваа определба претставува клучен фактор во развојот на односите и соработката меѓу Унијата и Република Македонија и на тој начин придонесува за стабилноста во регионот. Во согласност со заложбата за мир и стабилност и развој на добрососедските односи, Република Македонија активно ја поттикнува регионалната соработка. Унијата преку програмите за техничка помош, исто така, ги поддржува проектите кои имаат регионална или прекугранична димензија.

Пактот за стабилност за Југоисточна Европа како политичка иницијатива на ЕУ беше воспоставен со цел за обезбедување поддршка и поттик на усилбите на земјите од регионот во нивните реформи на внатрешен план и особено во функција на регионалната соработка.

Република Македонија од самиот почеток на воспоставувањето на Пактот за стабилност активно се вклучи во неговите иницијативи и проекти. Во текот на изминатите неколку години Република Македонија, согласно со своите приоритети, пред се, на планот на стопанскиот развој, трговијата и привлекувањето на странски инвестиции, развојот на инфраструктурата, борбата против организираниот криминал и корупцијата итн. се вклучи во бројните иницијативи и проекти на Пактот преку кои се настојуваше да се придонесе во решавањето на овие и други прашања во поширок регионален контекст.

Пактот за стабилност од средината на 2005 година, настојувајќи да го следи позитивниот развој кој земјите од ЈИЕ го оствари ја во периодот од 1999 до 2005 година на планот на регионалната соработка, внатрешните реформи и европската и евро-атлантската интеграција, започна интензивна дискусија во насока на прилагодување кон новите состојби во регионот. Основната цел на идејата беше натамошно зајакнување на соработката и постепен развој на концептот за регионална сопственост, при што преку селекција на иницијативите, проектите и работните групи на Пактот за стабилност и зачувување на позитивните придобивки од Пактот за стабилност би се

дефинирале приоритетните области на идната соработка во кои земјите од регионот го препознаваат не само сопствениот туку и заедничкиот, регионален интерес.

Паралелно со процесот на трансформација на Пактот за стабилност, беше иницииран и процес за прилагодување и зајакнување на улогата на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), а со цел за создавање на неопходните претпоставки за натамошен развој и унапредување на регионалната соработка. Република Македонија активно беше вклучена во дефинирањето на стратешките цели на идната регионална соработка и подготовката на сите документи и правни акти неопходни за оживотворување на оваа идеја. Врз основа на своите стратешки цели за натамошен развој на регионалната соработка и унапредување на добрососедските односи, Република Македонија ја потврди својата политичка определба за активно учество во работата во Советот за регионална соработка (СРС). Согласно со преземените обврски, Собранието на Република Македонија ја ратификуваше Спогодбата за седиштето на Секретаријатот на СРС со земјата домаќин БиХ. Активното учество на РМ во СРС и во конкретните иницијативи се наметнува како еден од најважните правци на нашето дејствување на планот на регионалната соработка во претстојниот период.

Со трансформирањето на Пактот за стабилност во ЈИЕ во регионален совет за соработка во тек е зајакнување на регионалната сопственост со преземање на судбината на регионот од страна на земјите членки при што би бил задржан идентитетот и автохтониот карактер на Процесот на соработка во ЈИЕ. По успешното остварување на својата улога во стабилизацијата на регионот Пактот значајно придонесе и на креирањето на новата структура на Совет за регионална соработка со седиште во Сараево. Совет за регионална соработка е произлезен од трансформираниот Пакт за стабилност во ЈИЕ и има над 40 членки. Собранието на РМ активно учествувало на сите досегашни конференции на претседателите на парламентите на земјите членки во Процесот на соработка во ЈИЕ и другите конференции, состаноци и семинари.

Регионалната соработка и добрососедските односи претставуваат суштествен дел од процесот на интеграција во рамките на ЕУ. Земјата и понатаму учествува во регионалните иницијативи, во Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Регионалниот совет за соработка, Централноевропската спогодба за слободна трговија, Спогодбата за енергетска заедница и Спогодбата за заедничка воздухопловна област.

Активно учество на семинарот зедоа и пратениците на Собранието на Република Македонија.

**Госпоѓата Роза Топузова Каревска** истакна дека земјите од поранешна Југославија се соочија со двојна трансформација, и тоа: поделба на заедничката држава и создавање на неколку независни држави и трансформацијата на политичкиот систем од еднопартиски кон повеќепартиски демократски систем и трансформација на економскиот систем кон пазарен систем. Како последица на недоволно развиената инфраструктура и лошото меѓусебно поврзување, регионалната соработка се соочува со тешкотии и затоа е потребна помош од Европската унија за нејзино подобрување. На поставеното прашање за јавното мислење за членство на Република Македонија во Европската унија, г-ѓа Роза Топузова Каревска одговори дека над 90% од населението е позитивно изјаснето за пристапување на Република Македонија во Европската унија. Таа искажа мислење дека тоа се должи на големите очекувања кај населението од членството во ЕУ како што се подобар животен стандард, поголем прилив на странски инвестиции и поголема вработеност. Исто така, таа нагласи дека иако голем дел од македонските закони се хармонизирани со европското законодавство, сепак нивната имплементација не се одвива со посакуваното темпо.

**Господинот Миле Андонов** искажа мислење дека еден од најголемите проблеми со кои се соочува регионот се недоволните странски директни инвестиции и

укажа дека ЕУ треба да обезбеди поттик на странските инвеститори да инвестираат во овој регион. Тој ја истакна важноста од примената на дијагоналната кумулација за зголемување на извозот. Република Македонија и Република Турција го потпишаа договорот за примена на дијагоналната кумулација за потекло на стоките. Доколку не се потпишеше овој договор лон производите кои се наменети за извоз ќе се соочеа со проблеми. Потребно е и другите земји од регионот да се вклучат во дијагоналната кумулација со цел за производите кои влегуваат на Европскиот пазар да не се оптоваруваат со царина.

На крајот од семинарот беа донесени следниве заклучоци:

1. Ако се изземе 2009 година како кризна година, може да се констатира дека е зголемена трговската размена меѓу земјите потписнички на ЦЕФТА договорот;
2. Детектирани се конкретни проблеми во меѓусебната размена, а посебно кај земјоделските и прехранбените производи;
3. Потребна е натамошна либерализација на трговската размена за развој на конкуренцијата и
4. Потребно е да се потпише договор во рамките на ЦЕФТА за примена на дијагоналната кумулација.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Регионален секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од состанокот во Европскиот парламент со националните координатори во Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа (Брисел, Белгија 10 декември 2009 година )***

***Скопје, декември 2009 година***

*По покана на Европскиот парламент - Директорат за односи со националните парламенти (ДОНП) во Брисел, Белгија на 10 декември 2009 година е одржан годишен состанок со националните координатори во Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа (РСПС ЈИЕ). Со состанокот претседаваа шефот на Одделот за мултилатерални односи при Директоратот за односи со националните парлементи г. Кристофер Бернацки и вршителот на должноста шеф на Одделот на Секретаријатот на комисијата за надворешна политика г. Силвио Гонзато. На состанокот присуствуваа националните кооординатори за регионална парламентарна соработка на Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија и Косово (согласно со Резолуцијата на СБ на ОН 1244/1999), како и службениците во ЕП г-ѓа Аушра Ракстелити, г-ѓа Ева Махр и г-ѓа Греис Касар. Во име на Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во ЈИЕ (чие е седиште во Софија) беше присутна г-ѓа Красимира Бешкова, од Амбасадата на Бугарија во Брисел, а Регионалниот совет за соработка (со седиште во Сараево), беше претставен од експертот за парламентарна соработка г-ѓа Мимика Лоши. Од Собранието на Република Македонија, учествуваа Никола Тодоровски, национален координатор за регионална парламентарна соработка и Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија[*].*

На дневниот ред на состанокот беа прашањата на евалуација на програмите за парламентарна соработка реализирани во 2009 година, концептот на програмите за соработка со службите на парламентите од Западен Балкан и предлозите за можните теми за програмата за соработка во 2010 година.

**1.** Во врска со **реализираните семинари** во рамките на програмата за соработка беше поддржана определбата за нивен континуитет, како според формите на остварување и тоа: за пратениците и службите во улога на нивна логистичка поддршка во еден од парламентите на земјите од Западен Балкан и потоа, како семинари на иста тема за службениците од соодветните сектори во Брисел, така и според нивниот број, поточно четири до пет семинари годишно во земјите од регионот. Заради намалување на организационо-финасиските трошоци, семинарите наменети само за службите се одржуваат исклучиво во Брисел и само на англиски јазик.

Семинарот за пратениците и службениците посветен на визната либерализација означен е како особено ефикасен и корисен затоа што претходеше и одеше во прилог на донесување на одлуката за укинување на визите во Шенген зоната на ЕУ за граѓаните на Македонија, Србија и Црна Гора. Семинарите сврзани со економските реформи и хармонизацијата на националното со европското законодавство како сложена и долгорочна задача посочени се како потреба и во наредниот период.

**2.** Во врска со **концептот на програмите за соработка** г. Бернацки изнесе дека се´ уште не е дефинирано кој е најдобар начин за поддршка од страна на ЕП на парламентите од регионот. Идентификувани се проблемите во досегашниот начин на организација и остварување на активностите во соработка со Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во ЈИЕ. Очекуваат од страна на парламентите да биде изразена согласност за начинот на кој би продолжиле со давање на парламентарната помош. Во однос на прашањата за кои досега организирале семинари се соочуваат и со проблемот на разлики произлезени од различните фази во кои се наоѓаат земјите кандидати и аспиранти за членство во процесот на интегрирање во ЕУ. Следствено, Хрватска е во фаза на финализација на преговорите, Македонија очекува добивање датум за отпочнување на преговорите, Црна Гора поднесе апликација за членство, Србија е во фаза на поднесување апликација за членство, додека Босна и Херцеговина и Косово се на самиот почеток во процесот на

[*] г-ца Маријана Опашинова учествуваше на состанокот како претставник на Секторот за меѓународна соработка во функција на директна комуникација со Директоратот за односи со националните парламенти при Европскиот парламент.

евроинтеграции. Сепак, постојат и теми кои го поврзуваат регионот и кои се од заеднички интерес за сите земји и тие теми би се зеле во предвид за следните семинари и активности во 2010 година.

Од страна на националните координатори за парламентарна регионална соработка беше укажано дека во програмите се очекува да бидат вградени две основни определби: да се концентрирани на успешното реализирање на конкретните обврски на националните парламенти во процесот на евроинтеграцијата, како и да придонесуваат на развојот на духот на добрососедство и регионална соработка. Притоа е напоменато дека заради политичките проблеми во Молдавија како земја претседавач и координатор на активностите во Процесот за соработка во ЈИЕ, во изминатата година е забележан и дисконтинуитет во работата на Секретаријатот за парламентарна соработка во ЈИЕ.

Претставникот на Регионалниот совет за соработка (како наследник на Пактот за стабилност во ЈИЕ), зборуваше за подготвеноста на оваа меѓувладина институција за преземање и координацијата на регионална парламентарна соработка. Во дискусијата од страна на националните координатори е потенцирано дека во врска со парламентарната димензија на регионална соработка во 2008 година претседателите на парламентите потпишале Меморандум за разбирање и меѓупарламентарна соработка, како базичен документ за меѓусебните односи. Со него е определено дека улогата на логистичка точка за поддршка на разновидната парламентарна соработка, вклучувајќи ја и онаа со Европскиот парламент треба да ја има Регионалниот секретаријат со седиште во Софија. Националните координатори на ниво на парламентарни службеници не се компетентни и овластени да ја менуваат таа определба. Тоа е прашање за евентуално разгледување на следната Конференција на претседателите на парламентите на земјите вклучени во Процесот за соработка во ЈИЕ, во Истанбул, Турција. Во натамошната дискусија не се расправаше за концептот и развојот на регионалната соработка, туку само за предлозите на темите во рамките на програмата за соработка на ЕП со парламентите од Западен Балкан.

**3.** Учесниците на состанокот поднесоа **низа предлози на теми за 2010 година** од интерес за националните парламенти во процесот на евроинтеграцијата, кои треба да бидат разгледани од страна на Директоратот за односи со националните парламенти на Европскиот парламент и доставени до Комитетот за надворешни работи (АФЕТ) на Европскиот парламент за нивно одобрување. Трошоците за предавачите, преводот и учесниците се целосно на сметка на ЕП. Од страна на претставниците на Собранието на РМ поднесена е во писмена форма и образложена листа на предлози (во прилог). Предложено е и да биде изготвен и доставен Водич, со практични насоки и информации кои би биле корисен инструмент за националните парламенти кога ја имаат улогата на организатор на некој од семинарите.

**Напомена**: Во рамките на активностите и во документите на ПСЈИЕ и Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка сите учесници се означуваат на иста основа: со знамиња на државите и имиња на учесниците на собирот. Во рамките на Регионалниот совет за соработка, како и во ЕП, нашата земја се означува со референца.

**Теми за семинари на ЕП во 2010 година предложени од парламентарната служба на Собранието на Република Македонија**

1. Улогата на националните парламенти според Лисабонскиот договор: акцент на принципот на субсидијарност, како и зголемената улога на Европскиот парламент во процесот на одлучување;

2. Улогата на националните парламенти во процесот на преговори пред приемот во ЕУ;

3. Претпристапна помош за земјите од Западен Балкан: можности и предизвици;

4. Заедничка земјоделска политика: можности за земјите од Западен Балкан;

5. Обврските на Европскиот парламент во областа на заштитата на животната средина по Самитот во Копенхаген;

6. Придонесот на парламентите на прашањето на прекугранично управување со водните ресурси - најдобрите европски искуства и

7. Улогата на парламентите во реализација на паневропските транспортни коридори, како суштинска алка за подобра регионална комуникација, како и за придружување во ЕУ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Регионален секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа***

***ИЗВЕШТАЈ***
***од Парламентарниот семинар "Слободна трговија и внатрешни регионални пазари" одржан на 9 и 10 декември 2009 година во Брисел, Кралството Белгија***

***Скопје, декември 2009 година***

*Во организација на Генералниот директорат за односи со националните парламенти, на 9 и 10 декември 2009 година во Брисел, во Европскиот парламент, се одржа Парламентарен семинар на тема "Слободна трговија и внатрешни регионални пазари". На семинарот учествуваа службеници од парламентите на земјите од целиот Западен Балкан, нивни колеги од Европскиот парламент од Брисел, претставници на Европската комисија и на регионални тела кои работат на области поврзани со темата на Семинарот. Собранието на Република Македонија беше претставувано од страна на Никола Тодоровски, државен советник за меѓународна соработка, м-р Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија од Секторот за меѓународна соработка, г-ца Сања Угриновска, советник за стручно-аналитички работи во Кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Македонија, Иван Петрушевски, помлад соработник за меѓународни парламентарни собранија во Секторот за меѓународна соработка и Драган Пулевски, помлад соработник во Секторот за работни тела во Собранието на Република Македонија.*

*На Семинарот, кој беше продолжение на Семинарот со иста тема во Загреб, Република Хрватска, службениците кои работат во делот на економски прашања имаа можност да слушнат и да разменат мислења со своите колеги од другите парламенти за теми во делот на трговската размена помеѓу земјите од Западен Балкан, примената на ЦЕФТА Договорот, улогата на Регионалниот совет за соработка.*

Семинарот го отвори и на учесниците им посака успешна работа, **г. Кристоф Бернаки,** раководител на Одделението за мултилатерална соработка при Директоратот за односи со националните парламенти во Европскиот парламент. Тој истакна дека примената на Лисабонскиот договор ќе овозможи понатамошно проширување на Европската унија. Улогата на парламентите не треба да биде потценета во процесот на интегрирање и пристапување на земјите кон ЕУ. Европскиот парламент ќе го поддржи овој процес при што секоја земја ќе биде индивидуално оценувана.

**Господинот Петар Полајнар,** од Директоратот за проширување на Европската комисија нагласи дека регионалната соработка е основна во процесот на стабилизација и асоцијација на земјите од Западен Балкан, бидејќи и самата Европска заедница е формирана врз основа на регионална соработка во одделни сектори. Иако постојат одредени проблеми во регионалната соработка помеѓу земјите од Западен Балкан, сепак постигнат е напредок кој е поздравен од страна на Европската Комисија. Една од целите кои треба да се постигнат е создавањето на инвестициска зона во овој регион. На тој начин би се привлекле повеќе инвеститори кои би отвориле нови работни места, воведување на нови технологии со што ќе се намали јазот помеѓу овие земји и земјите членки на Европската унија. При тоа улогата на ЦЕФТА треба значајно да придонесе во овој процес.

Европската комисија како во минатото така и во иднина ќе дава поддршка на проектите кои се однесуваат на подобрување на регионалната соработка. Преку ИПА претпристапните фондови на располагање стојат средства кои земјите можат да ги искористат. Бидејќи еден од поголемите проблеми со кои се соочуваат земјите од овој регион е недоволно развиената инфраструктура, постојат програми за поддршка на развојот на инфраструктурата. Примената на дијагоналната кумулација треба да придонесе за зголемување на извозот и трговската размена. Дијагоналната кумулација важи за сите земји освен за Република Хрватска, но ќе важи и за нејзе во иднина.

**Господинот Леополдо Рубиначи** од Европската комисија, укажа дека Европскиот парламент ја има проширено својата улога и моќ во регулирањето и контролата на трговската политика. Со пристапувањето на земјите кон Европската Унија, престануваат да важат договорите за слободна трговија со земји со кои претходно биле склучени вакви договори, доколку ЕУ нема склучено ваков тип на договори со тие земји. Секоја измена на постојниот ЦЕФТА Договор подлежи на

ратификација во националните парламенти. Следат активностите за натамошна либерализација во трговската размена на земјоделските производи.

**Госпоѓата Рената Витез**, директор на ЦЕФТА Секретаријатот во Брисел, информираше дека со склучувањето на Договорот ЦЕФТА 2006 и неговото влегување во сила основани се и постојаните органи и тела на ЦЕФТА Договорот. Тоа се:

1.Мешовитиот комитет кој го сочинуваат претставници на земјите потписнички на овој договор. Тој е највисок орган којшто ги донесува одлуките. Претседавањето со Комитетот функционира на принципот на ротација во времетраење од една година. Досега претседавачи биле: Република Македонија во 2007 година, Република Молдавија во 2008 година, Црна Гора во 2009 година, а во 2010 година претседавач ќе биде Република Србија и

2. Формирани се и три Поткомитети:

-за земјоделство, вклучувајќи санитарни и фитосанитарни мерки;

-за царини и за прашања за потекло и

-за технички и нетарифни бариери во трговијата.

Новиот ЦЕФТА договор треба да обезбеди зголемување на трговската размена меѓу земјите потписнички, зголемен прилив на странски директни инвестиции во регионот, натамошна либерализација во размената на земјоделските производи и хармонизирање со законодавството на Европската унија.

**Од страна на учесниците на Семинарот од Собранието на Република Македонија,** беше презентирано дека Република Македонија е членка и потписничка на ЦЕФТА договорот кој е ратификуван во Македонскиот парламент во 2007 година и членка на Светската трговска организација од 2007 година.

Според податоците на Државниот завод за статистика најголемо учество во стоковната размена на Република Македонија имаат земјите членки на ЕУ и земјите од Западен Блакан. Република Македонија во изминативе години остварува дефицит во трговската размена со странство. Најголеми износи на страната на увозот отпаѓаат на увозот на нафта, електрична енергија, автомобили. Република Македонија има неповолна извозна структура, бидејќи голем процент од извозот се темели на неколку производи од црната и обоената металургија чиишто цени варираат и зависат од цените на светските берзи. Република Македонија презема мерки за надминување на ваквата состојба со цел да создаде диверзифициран извоз во кој позначително место ќе имаат повеќе различни видови на производи со поголема додадена вредност што ќе резултира со поголем прилив на девизи.

Како земјите од регионот така и Република Македонија се соочува со недостаток на странски директни инвестиции. Со цел привлекување на странски директни инвестиции, Владата на Република Македонија презеде реформски чекори за подобрување на бизнис климата. Имено воведен е рамен данок со стапка од 10% како кај данокот од добивката, така и кај персоналниот данок на доход. Согласно законските прописи добивката што ја остваруваат компаниите, доколку ја реинвестираат се ослободува од оданочување, односно истата е со нула стапка. Спроведена е т.н. регулаторна гилотина со која се поедноставуваат процедурите, се намалува бројот на потребните документи, а воедно се намалуваат и трошоците за регистрирање на фирми. Една од позначајните реформски мерки кои се презедоа во 2009 година беше намалувањето на придонесите за задолжително социјално осигурување. Со оваа мерка се пристапи кон етапно намалување на придонесите за социјално осигурување. Имено од почетокот на 2009 година до 2011 година придонесот за пензиско инвалидско осигурување од 21,2% ќе се намали на 15%, придонесот за здравствено осигурување во истиов период ќе се намали од 9,2% на 6%, а придонесот за вработување од 1,6% ќе се намали на 1%.

Што се однесува до соработката меѓу земјите во регионот, беше нагласено значењето на приватниот сектор. Во таа насока постојат повеќе можности за меѓусебна соработка. Како пример се посочи можноста за соработка помеѓу градежните компании од земјите во регионот и нивниот заеднички настап (на пример, како конзорциум) во освојувањето на трети пазари.

Улогата на парламентите во подобрување и зголемување на економската соработка се гледа во билатерални средби меѓу надлежните комисии за трговија и економска соработка во националните парламенти. Дијалогот и запознавањето со проблемите е почетна можност за нивно решавање. Исто така е потребно и поголема соработка помеѓу стопанските комори на земјите од Западен Балкан, што ќе придонесе за економскиот развој во повеќе области на стопанството по пат на размена на стоки и услуги.

На крајот беше заклучено дека семинарот треба да придонесе за подобро запознавање на службите во националните парламенти како се применува ЦЕФТА договорот во поодделни држави, колкав е обемот на стоковната размена меѓу државите и јакнење на контактите меѓу службите во националните парламенти со цел размена на позитивни искуства.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

## ***БЕЛЕШКА***

***од средбата на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република со Делегација на групата за пријателство Франција-Македонија од Националното Собрание на Француската Република (26 мај 2009 година, Собрание на Република Македонија)***

***Скопје, мај 2009 година***

*Во рамките на парламентарната билатерална соработка на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република, а по повод посетата на Делегацијата на групата за пријателство Франција-Македонија од Националното Собрание на Француската Република на 26 мај 2009 година, се одржа средба меѓу двете парламентарни групи во Собранието на Република Македонија.*

*На средбата присуствуваа претседателот на групата г-ѓа Славица Грковска Лошкова и членовите: г. Јован Лазарев, г-ѓа Силвана Бонева, г-ѓа Радмила Шекеринска Јанковска, г-ѓа Оливера Трајановска, г. Тахир Хани како замена за членот на Пратеничката група г. Џеват Адеми, како и секретарот на Пратеничката група г. Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.*

Претседателот на Пратеничката група г-ѓа Славица Грковска Лошкова го истакна своето задоволство од посетата и соработката со Делегацијата на групата за пријателство Франција-Македонија од Националното Собрание на Француската Република и им посака пријатен и корисен престој во Република Македонија. Во досегашните средби коишто ги имаа, имаа можност да разменат идеи за понатамошна поплодна и поблиска соработка. Госпоѓата Грковска Лошкова изрази исклучително задоволство од можноста непосредно да разговара за важните европски вредности и определби на Република Македонија со претседателот на групата за пријалелство г. Филип Дурон кој патем е близок соработник со господинот Бадентер, член на Францускиот сенат и докажан пријател на Република Македонија.

Господинот Дурон изрази благодарност за средбата и можноста за повторна средба со дел од членовите на групата за соработка со Парламентот на Француската Република, г-ѓата Шекеринска Јанковска и г-динот Лазарев со кои имал прилика да се сретне и да соработува во изминатиот период. Господинот Дурон ги претстави членовите на неговата делегација: г-ѓа Арлет Гроскост, г. Жерард Бапт, г-ѓа Кетрин Кере, г. Лионел Лика, а воедно го изрази и своето жалење што од оправдани причини г. Франсоа Лонг, поранешен претседател на групата за надворешна соработка не беше во можност да присуствува на оваа средба. Господинот Дурон истакна дека во Франција се следи со внимание состојбата и европскиот напредок на Република Македонија и посебен акцент се става на прашањата за спорот за името и евроинтегративните процеси на Република Македонија. Посочи дека билатералните односи се развиваат интензивно со оглед на се почестите средби на делегации од двете земји, а посебно ја истакна важноста на средбата на претседателот на Република Франција и претседателот на Владата на Република Македонија која се одржа во Париз. Тој нагласи дека за првпат ја посетил Република Македонија во 2001 година во времето кога се потпишувал Охридскиот рамковен договор и се интересираше за неговото практично спроведување и реализација. Покрај тоа прашање, ги покрена и прашањата за процесот на децентрализација, степенот на негова реализација и основните проблеми со кои се соочуваме, како и прашањето како се одвива процесот на усогласување на нашето законодавство со аҷъуис цоммунаутаире. Со оглед на неговата запознаеност со изборниот модел на Република Македонија изрази желба да се запознае со тоа од кои изборни единици доаѓаат членовите на Пратеничката група од Собранието на Република Македонија.

Госпоѓата Славица Грковска Лошкова посочи дека ваквата средба е обнова и почеток на поинтензивна соработка меѓу парламентите на двете земји и ваквите средби се можност за разгледување на основните приоритети на двете земји во билатералните односи. Ваквата парламентарна демократија е важна во унапредувањето на билатералните односи на двете земји со оглед на тоа што остава можност за вклучување на други страни. Претседателката Грковска Лошкова ги посочи економијата, соработката на градовите, образованието, размената на студенти и ученици, покрај научната размена, како области во кои и понатаму може да се развиваат билатералните односи. Изрази и благодарност до Француската Република за Програмата за висока административна обука, која се реализира со поддршка на Франција со цел за унапредување на македонската државна администрација, вклучувајќи и неколку службеници од Собранието на Република Македонија на кои им

се овозможува да се запознаат со административите работи во Франција и Европската унија.

Господинот Тахир Хани ја изложи реализацијата и спроведувањето на Охридскиот рамковен договор кој беше потпишан во 2001 година. Според него ваквиот договор кој беше поддржан од претставниците на меѓународните фактори, овозможи функционирање на мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Овој договор е имплементиран во Уставот на Република Македонија и законската регулатива и се врши неговата имплементација во пракса. Пратеникот Тахир Хани е задоволен од текот на реализацијата иако постои простор да се направи повеќе особено во делот на примената на Амандманот 6 од Уставот на Република Македонија со кој се обезбедува праведна и пропорционална застапеност на припадниците на етничките заедници во администрацијата. Во делот на децентрализацијата пратеникот Тахир Хани посочи дека постојат проблеми особено во примената на албанскиот јазик, како и во рамномерната распределба на финансиските средства од Буџетот на Република Македонија. Тој ги информираше присутните членови на Делегацијата од Франција за активноста на неговата партија, ДУИ, во рамките на Владата на Република Македонија, во правец на нивното претпазливо дејствување со цел да се обезбеди што поскоро добивање на покана за членство во ЕУ и НАТО. За таа цел тие како политичка партија се заинтересирани за решевање на спорот за името и реализација на сите услови за членство во ЕУ и НАТО.

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република, г-ѓата Славица Грковска Лошкова се надоврза на излагањето на пратеникот Тахир Хани и појасни дека Собранието на Република Македонија ја има завршено својата обврска во однос на имплементацијата на Рамковниот договор со самото донесување на уставните измени и донесувањето на законите со двојно мнозинство.

Госпоѓата Шекеринска Јанковска ја образложи ситуацијата во однос на изедначување на европската и македонската легислатива. Ги посочи начините преку кои Македонското собрание ги донесува законите кои се однесуваат на Акито на ЕУ, што овозможува годишно во просек да се донесуваат од 60 до 100 закони со знаме на ЕУ односно закони со кои се изедначува македонската регулатива со таа на ЕУ. Освен тоа објасни дека се користат табели со кои се посочува нивото на имплементација на Аки договорот со ЕУ. Според пратеничката Шекеринска Јанковска главниот проблем не е донесувањето, туку реализацијата на законите. Овие проблеми ние како држава се обидуваме да ги решиме и заради тоа доаѓа до кратко одложување на имплементацијата на одредени закони. За такви одредби ги посочи ХАСАП стандардите кои поради опасноста од загрозување на малите и средните бизниси, бараат подолг период на оспособување и затоа имплементацијата се одложи на неколку месеца. Таа истакна дека постои политичка волја за усогласување со Акито на ЕУ , но потребно е доста време и внимание посебно за акти кои се поврзани со економските и финансиските прашања. Досега сработеното од страна на Собранието на Република Македонија зборува дека во него постои консензус за клучните прашања и приоритети и неговата работа ќе се одрази на натамошната европска интеграција на земјата, најмногу во текот на преговорите за членство во ЕУ.

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република, г-ѓата Славица Грковска Лошкова ја повтори заложбата за поголема и почеста соработка на двете земји и нивните парламенти. Таквата соработка ќе придонесе кон поголема помош за приближување на Република Македонија кон ЕУ и европските стандарди. Соработката на двете групи од парламентите на Република Македонија и Република Франција се огромен придонес за развивање на соработката со Франција на мултилатерален план и приближување на народите на двете земји.

Господинот Дирон ја изрази својата благодарност како од лично име така и од името на Делегацијата на групата за пријателство Франција-Македонија од Националното собрание на Француската Република за посетата и коструктивните средби. Тој, исто така и посака успех на Македонија на патот кон европската интеграција , посочувајќи дека Македонија има направено многу во тој правец.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

## *БЕЛЕШКА*

***од средбата на пратеникот г. Хајрула Мисини, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран со Н.Е. г. Мохамед Реза Сокут, нерезидентен амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија, остварена на 29 јуни 2009 година, во Собранието на Република Македонија***

***Скопје, јули 2009 година***

*На 29 јуни 2009 година во Собранието на Република Македонија пратеникот г. Хајрула Мисини, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран оствари средба со Н.Е. г. Мохамед Реза Сокут, нерезидентен амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија, на негово барање. На средбата присуствуваше и г. Урим Поска, преведувач, а од Службата на Собранието г-ѓа Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соработка.*

Господин Сокут се заблагодари за овозможената средба и истакна дека добрите билатерални односи меѓу Република Македонија и Исламската Република Иран треба и понатаму да се развиваат и продлабочуваат. Амбасадорот Сокут укажа на потребата да се иницира поинтензивна парламентарна соработка, особено на ниво на пратеничките групи за соработка, кои се формирани во двата парламента. Информираше дека во тек е реализација на неколку посети од страна на претставници на Република Македонија на Исламската Република Иран во рамките на соработката меѓу стопанските комори на двете земји, како и посета на Иранската национална библиотека. Изрази уверување дека во блиска иднина ќе биде реализирана и официјална посета на Исламската Република Иран од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски, за што како можност е разговарано за време на протоколарната средба при предавањето на акредивните писма. Додаде дека доколку дојде до оваа реализација, најопортуно би било во составот на таа делегација да бидат вклучени и пратеници-членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран.

Господинот Мисини изрази задоволство од реализираната средба и го запозна амбасадорот со составот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран. Информираше за средбата што ја имаше остварено со поранешниот Амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија г. Мозафари есента минатата година и за разговорите што притоа беа водени во насока на иницирање на поблиска соработка меѓу пратеничките групи за соработка формирани во двата парламента. Притоа, согласно овие разговори, г. Мисини искажа очекување дека во блиска иднина би можело да дојде до реализација на посета на Исламската Република Иран на нашата група за соработка како прв чекор кон воспоставувањето на поблиска парламентарна соработка меѓу двете земји.

Господинот Мисини особено го поздрави фактот што Исламската Република Иран ја има признаено Република Македонија под нејзиното уставно име, како и одредените ослободувања во визниот режим за граѓаните на двете земји и истакна дека сето тоа придонесува кон зацврстувањето и негувањето на добрите билатерални односи меѓу двете земји. Истовремено, г-дин Мисини го запозна Амбасадорот со актуелната политичка состојба во Република Македонија на планот на нејзиното европско и евро-атлантско интегрирање, како и за очекувањата за скорешно укинување на визниот режим од страна на Европската унија за граѓаните на Република Македонија.

На средбата беше истакната потребата од натамошно промовирање и унапредување на севкупната соработка меѓу Република Македонија и ИР Иран на планот на стопанската соработка и соработката во културата, здравството и другите општествени области. Заемно беше искажана поддршка на натамошната реализација на Договорот за економска и трговска соработка меѓу Република Македонија и ИР Иран склучен во 2002 година, вреден 10 милиони американски долари.

На крајот на средбата се изразија надежи за натамошно унапредување на добрите билатерални односи меѓу двете земји и за скорешна реализација на поблиска парламентарна соработка.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

## *БЕЛЕШКА*

***од состанокот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија и со претставници на Хрватската заедница во Македонија***

***Скопје, октомври 2009 година***

*На 30 септември 2009 година (среда) во Сала 4 во зградата на Собранието на Република Македонија со почеток во 11 часот, се одржа седница на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска, на која беа поканети претседателот на Собранието на Република Македонија, министерот за надворешни работи во Владата на Република Македонија, амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија и претставници на Хрватската заедница во Република Македонија.*

Состанокот го водеше Благородна Дулиќ, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска како и членовите на Пратеничката група, Ванчо Шутарев и Панче Дамески. Од поканетите гости присутни беа амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, Н.Е. Иван Кујунџиќ, министерот - советник во хрватската амбасада во Република Македонија, Стјепан Глас, Сања Угриновска од Кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Македонија, Хилда Колевска и Стојан Руменовски, претставници од Министерството за надворешни работи на Република Македонија, Сњежана Тројачанец, претседател на Заедниците на Хрватите во Република Македонија, како и претставниците на ова здружение: Звонимир Палиќ, Марија Дамјановска, Влахо Брандјолица, Иван Шишак, Синиша Иванковиќ и Јаков Ламбаша.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска оцени дека е потребно да се оствари средбата која се совпаѓа со претстојната официјална посета на претседателот на Сорбанието на Република Македонија, Трајко Вељаноски на Загреб.

Госпоѓата Дулиќ оцени дека Хрватите кои живеат во Република Македонија ги остваруваат сите свои граѓански права. Таа истакна дека меѓу Република Македонија и Република Хрватска се потпишани спогодби од областа на почитувањето на правата на хрватското малцинтво во Република Македонија и на македонското малцинство во Република Хрватска со што се покриени сите области, почнувајќи од образованието, културата, здравството, остварувањето на правата од областа на социјално и пензиско осигурување, работните односи и др. Иако Хрватите не се спомнуваат во Преамбулата на Уставот на Република Македонија, со потпишување на билатералните спогодби меѓу двете држави, на Хрватите во Република Македонија им е овозможено рамноправно учество во сите сегменти на живеењето, како рамноправни граѓани на Македонија.

Според г-ѓа Дулиќ, целта на состанокот, меѓу другото, е непосреден контакт и запознавање со претставниците на Заедницата на Хрватите во Македонија, нивните проблеми и можностите за помош од страна на членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска, како пратеници во Собранието. Целта на состанокот, исто така, беше да се изнесат ставовите на претсавниците на Заедницата на Хрватите во Македонија за тоа дали се остваруваат правата предвидени со потпишаната Спогодба меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија.

Н.Е. Иван Кујунџиќ, амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија во неговото обраќање го оцени состанокот како мошне позитивен и корисен, а за претстојната официјлана посета на Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија, на Саборот на Република Хрватска рече дека е уштее ден позитивен чекор во пријателските односи меѓу двете држави. Република Хрватска од сите Хрвати кои живеат во други држави, па и од Хрватите кои живеат во Македонија бара, пред се, тие да бидат лојални граѓани на државата во која живеат. Со големо задоволство е примен фактот што двете земји во 2007 година во Сплит ја потпишаа Спогодба меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство

во Република Македонија. Хрватска, до своја страна, се труди максимално да ја почитува оваа спогодба и да им ги овозможи сите малцински права на Македонците во Хрватска. Во таа насока, амбасадорот информираше дека пред десетина дена во Сплит, почна дополнителна настава на македонски јазик.

Македонците во Хрватска се организирани во здружение кое се вика Заедница на Македонците во Хрватска со седиште во Загреб и свои претставништва во Сплит, Осијек, Пула, Ријека и годишно добива финансиска помош од Република Хрватска во износ од над 100.000 евра годишно. Хрватска никогаш од Македонија нема барано реципроцитет во однос на малцинствата но битно е да се покаже добра волја во рамките на можностите, да им се помогне на малцинствата и ние сакаме да веруваме дека таквата волја ќе биде возможна и дека статусот на Хрватите во Република Македонија ќе се подобрува и напредува. Хрватска, како пријателска земја, не сака да се меша во внатрешните работи на Македонија.

Сњежана Тројачанец, како претседател на Заедницата на Хрватите во Македонија и во име на 1300 членови се заблагодари на организираниот состанок. Заедницата на Хрватите во Македонија постои од 1996 година, додека првите Хрвати во Република Македонија почнале да дојдат дури од 16 век од Јањево, меѓутоа поголемиот број има дојдено во текот на Првата, односно меѓу двете светски војни и по Втората светска војна. Поголемиот дел од членството на ЗХМ има двојно државјанство со што сме лојални граѓани на Република Македонија и на Република Хрватска. Совршено сме инкорпорирани во секојдневниот живот но за жал имаме и проблем, не како Хрвати, туку како организација, односно како ЗХМ. Според неа, горенаведената Спогодба премногу бавно се имплементира од страна на Република Македонија. Додека Советот за национални малцинства што дејствува во рамките на Владата на Република Хрватска долги години издвојува финансиски средства за малцинствата во Хрватска. ЗХМ, со поддршка на Министерството за образование, наука и спорт на Република Хрватска, годинава почнува посериозно да организира и изведува настава на хрватски јазик во нејзините простории во Скопје и во просториите на нејзините ограноци во Битола и Штип. Наставата што се одвива во Скопје, наскоро ќе се одвива во просториите на основно училиште. Таква настава минатата сабота за првпат почна и во Куманово (основно училиште) и во Штип (сеуште во простории на приватно училиште) и сега во недела би требало да започне во Битола каде што сеуште сме во фаза на преговори за обезбедување соодветен простор во рамките на некое соодветно основно училиште. Ова е прв чекор а се надеваме дека во иднина државата ќе најде рабирање да ни обезбеди комплетна литература и наставен кадар за потребите на ЗХМ. Според последниот попис на населението во РМ има 2686 Хрвати, а ЗХМ има 1300 члена, односно половина од бројот на Хрватите во Македонија. ЗХМ има ограноци во Охрид, Струга, Битола, Штип и Куманово, а наскоро треба да се формира огранокот во Струмица а има интерес и во Прилеп, каде што има преку 40 Хрвати но за функционирање на сите овие ограноци ни требаат средства.

Списанието на ЗХМ "Хрватска Ријеч" е печатено благодарение на Министерството за култура на Република Македонија. Иако конкурирвме за финансирање на четири броја, Министерството за култура ни прифати финансирање на два броја. Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија помогна во реализирање на проектот за поврзување на основни училишта од Македонија и Хрватска со донирање на 30.000 денари за покривање на патните трошоци на учениците кои отпатуваа во Пула.

Госпоѓата Тројачанец ги изнесе тешкотиите со кои ЗХМ се среќава при обезбедување на финансиски средства за нивно функционирање. Таа информираше дека не добива повратен одговор од страна на институциите, каде што ЗХМ аплицира за финансиска помош. Според неа, средствата кои државните институции во Македонија и ги даваат на ЗХМ се минорни и недоволни за функционирање. Таа побара

од пратениците поддршка за во Буџетот на Република Македонија за 2010 година да се предвидат средства за финансирање на работата на ЗХМ.

Васко Шутаров изрази задоволство што во рамките на собраниските активности се реализира и ова средба, како прва и единствена досега од овој вид. Тој истакна дека неговото членство во Парламентарната група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска е една од позначајните активности за него. Шутаров рече дека пратеничката група за соработка и пратениците воопшто имаат висок степен на разбирање за проблемите со кои се соочуваат Хрватите во Република Македонија. Најсилни аспекти на поврзаноста меѓу македонскиот и хрватскиот народ се културните, јазичните, обичајните но и меѓусебната почит. Според него македонкста заедница во Хрватска и хрватската заедница во Македонија претставуваат еден вид неформална дипломатија која ги зближува народите, можеби на еднаков начин како и официјалната дипломатија. Шутаров смета дека врз основа на горенаведената Спогодба што ја потпишаа двете земји, функционира мешовита Комисија која мора еднаш годишно да заседава и да ги решава тековните проблеми. Според него, оваа комисија треба да ја презема обврската и да даде предлози и сугестии до владите на двете земји за решавање на проблемите спомнати од страна на претседателот на ЗХМ.

Панче Дамески рече дека покрај лични заложби за решавање на проблемот со финансирањето на работата на ЗХМ, мора да се потрудиме системски да го решиме проблемот. Тој во името на Македонскат православна црква изрази благодарност за големата поддршка која ја има од Католичката црква при отстапување на верски објект за потребите на Македонците во Хрвастка и изрази надеж дека наскоро ќе се најде решение за изградба на прва македонска православна црква во Хрватска.

Дулиќ исто така, се заложи за разгледување на можностите во Буџетот на Република Македонија за 2010 година да се предвидат средства за помош на функционирањето на ЗХМ. Таа потенцира дека Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Хрватска останува отворена за соработка со ЗХМ

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од посетата на Изборната делегација од проектот "Меѓународна парламентарна стипендија" од Сојузна Република Германија, на Собранието на Република Македонија, реализирана на 16 октомври 2009 година***

***Скопје, октомври 2009 година***

*Изборната делегација од проектот "Меѓународна парламентарна стипендија" од Сојузна Република Германија во состав г. Хелмут Ламп, пратеник во Германаскиот бундестаг и д-р Герхард Ракеникус, декан за студиски прашања при Факултетот ИВ на Техничкиот универзитет во Берлин го посетија Собранието на Република Македонија, при што остварија средби со потпретседателот на Собранието г-ѓа Светлана Јакимовска, како и со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија, предводена од пратеникот г. Јован Гинев. На средбата со Пратеничката група зедоа учество и членовите на групата г. Рафиз Алити, г. Александар Спасеновски и г-ца Христина Рунчева. Во придружба на Делегацијата беше г-ѓа Улрике Кноц амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија. По средбите беше одржана прес-конференција за јавноста.*

*Посетата беше по повод доделувањето на Меѓународната парламентарна стипендија за 2010 година, која Германскиот бундестаг во соработка со Техничкиот универзитет, Слободниот универзитет и Универзитетот Хумболт од Берлин, секоја година ја доделува за студенти од Централна, Источна и Југоисточна Европа.*

**Потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Светлана Јакимовска,** потенцирајќи ги добрите билатерални односи, изрази благодарност за поддршката на Сојузна Република Германија за Република Македонија во интеграциските процеси за Европската унија и НАТО. Исто така, изрази и очекување за конструктивна поддршка при доделувањето на датум за почнување на преговорите од страна на Советот на министри во декември годинава. Беше истакната и важноста на проектот "Меѓународна парламентарна стипендија" (ИПП), кој веќе две години го води г-ѓа Светлана Јакимовска и претставува одлична можност за младите луѓе да се запознаат со парламентарниот, политичкиот, академскиот, економскиот и културниот живот на Германија и тоа знаење да го пренесат во своите земји. Потпретседателот на Собранието ги информираше гостите дека од оваа година е воведена обука за кандидатите кои ќе престојуваат во Германскиот парламент, во период од пет месеца. Обуката е со цел, пред да заминат, практикантите да се запознаат со начинот на функционирање на Собранието на Република Македонија и да се стекнат со соодветни информации и знаење, бидејќи тие претставуваат и еден вид "неформални амбасадори" на Република Македонија во Германија. Исто така, остварени се средби со студентите кои претходно учествувале во проектот при што биле добиени позитивни оцени и отвореност за поддршка и соработка со идните кандидати. На крај, беше спомнат и новиот Закон за Собранието на Република Македонија, кој дава можност за ангажирање на овие стипендисти како советници на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија.

Германскиот пратеник **г. Хелмут Ламп** изрази голема благодарност и задоволство за срдечниот пречек и за целосната соработка со Собранието на Република Македонија. Споредувајќи ја Република Македонија со најсеверната германска покраина, од која потекнува, тој укажа дека има многу сличности меѓу нив, пред се, во делот на прашањата на малцинствата и нивните права, бидејќи и таму во минатото било расправано за меѓусебните односи меѓу малцинствата Фризи и Данци. Во таа насока, истакна дека и тројцата избрани кандидати - стипендисти за 2010 година, сосема случајно, се припадници на три различни заедници во Република Македонија. Во претходните денови г. Хелмут Ламп учествувал во постапката за избор на кандидати, а исто така, промовирајќи го проектот, имал предавања пред осумдесет студенти кои покажале голем интерес за Меѓународната парламентарна стипендија. Тој потсети дека 120 пратеници од Бундестагот ќе прифатат стипендисти во нивните кабинети, со што ќе се стекнат со корисно искуство кое ќе го пренесат во нивните земји. Воедно, беше истакната и важноста на Германската амбасада во Република Македонија, која ја следи и координира целата програма и ги подготвува кандидатите за изборната постапка. Од страна на германската делегација беше спомната и неопходноста од соработката меѓу

универзитетите, како и можноста за инволвирање на младите луѓе во политичките партии и фондации.

На средбата со **Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија,** претседаваше **г. Јован Гинев,** претседател на Групата. На средбата присуствуваа членовите на Групата за соработка: г. Рафис Алити, г. Александар Спасеновски и г-ца Христина Рунчева, пратеници во Собранието на Република Македонија. Претседателот на пратеничката група ги истакна добрите билатерални односи со Сојузна Република Германија, како пријателска земја и голем поддржувач на Република Македонија за интегрирање во НАТО и ЕУ. Исто така, изрази задоволство од информациите дека г. Хелмут Ламп во неговиот кабинет прифатил практикант од Република Македонија, како и тоа што во текот на јуни пратеникот од Бундестагот заедно со триесет граѓани од неговата изборна единица ја посетиле Македонија, со што се покажува дека тој и на дело работи на промовирање на Република Македонија. Пратеникот г. Јован Гинев кажа дека и тој самиот бил стипендист на германски универзитет, од каде што е и запознаен за тоа колку ваквите стипендии можат да бидат значајни и корисни за професионалниот развој на секој човек. На крај истакна дека оваа мисија ја гледа како особено важна и изрази подготвеност за натамошна соработка со цел овој проект да стане уште поприфатлив меѓу младите во Македонија.

Пратеникот од Германија го изрази своето задоволство што се наоѓа во Република Македонија во историскиот момент на добивање на позитивниот Извештај од Европската комисија, што ќе ја направи Македонија уште поинтересна за Германскиот Бундестаг. Воедно, тој истакна дека ќе препорача во иднина да се воспостават поинтензивни односи со позачестени контакти и размена на мислења меѓу двете држави.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија и член на групата за соработка **г. Рафиз Алити,** истакнувајќи ја улогата на Германија како главниот столб во ЕУ и НАТО, изрази очекување дека Германија и понатаму ќе ја поддржува Република Македонија во интеграциите, и после добивањето на позитивниот извештај, кој претставува една голема шанса и патоказ како треба да се движиме понатаму . Тој изјави дека луѓето кои во минатото се вратени од привремена работа исто како и стипендистите од програмата, кои се "мостови за соработка" меѓу двете земји и инвестиција за иднината на младите.

Оценувајќи го проектот како исклучително важен и како добра можност за младите луѓе од Република Македонија да видат како функционираат државите кон кои се стремиме и да бидат дел од процесот на политичкото одлучување во една развиена и пријателска држава, пратеникот **г. Александар Спасеновски** истакна дека и тој самиот бил стипендист и практикант во Собранието на Република Македонија. Исто така, повеќе години бил стипендист на германската фондацијата Конрад Аденауер што му овозможило подетално запознавање со одделни сектори на државата. Пратеникот изнесе заклучок дека станува збор за прилично испреплетени и позитивни односи меѓу Република Македонија, како една мала држава и Сојузна Република Грманија, како столб на Европската унија. Тој ја искористи можноста јавно да го сподели задоволството од политичката поддршка што ја дава Германија на Република Македонија. Понатаму, напомена дека добиениот позитивен извештај од Комисијата на ЕУ е резултат на два фактора и тоа: добро завршената работа од наша страна, но исто така и добрите пријатели кои ги имаме во ЕУ, кои имаат разбирање за Република Македонија и ја поддржуваат на тој пат. На крај изрази надеж дека добрите односи меѓу двете земји во цивилното општество и во политиката ќе продолжат да се развиваат во корист на граѓаните и државите кои ги претставуваат.

Пратеничката **г-ца Христина Рунчева**, на самиот почеток изрази задоволство од честите контакти со германските европратеници, како и пратениците од Германскиот

бундестаг, иако формално не постои група за соработка со Република Македонија, од кои се гледа поддршката која ја дава Германија, како голем трговски и политички партнер на Република Македонија. Подвлече дека во меѓусебните средби се нагласувале два приоритети како што се почнување на преговорите со ЕУ и визната либерализација, кои со текот на времето стануваат реалност за македонските граѓани. Истовремено таа изрази  надеж за проширување на листата на заедничките приоритети кои заеднички ќе ги оствaруваме. Истакна дека младите луѓе се најголемите евро оптимисти во Република Македонија што се гледа и спроведените анкети на јавното мислење. Пратеничката потсети дека Република Македонија веќе е корисник на некои од програмите на Европската комисија како што се "Млади во акција", проектот "Доживотно учење" и оцени дека ваквите проекти ќе бидат уште повеќе застапени од идната година, како резултат на визната либерализација и поголемата мобилност на младите луѓе. На крај, изрази благодарност за поддршката на младите луѓе и можноста која им ја овозможуваат преку стипендијата.

На крајот од средбите г. Хелмут Ламп истакана дека се очекува интезивирање и на соработката со Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на пратеникот г. Марјанчо Николов, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Републикасо г.Коста Димитров, пратеник во Чешкиот парламент и претседател на Групата за чешко-македонско пријателство, остварена на 16 октомври 2009 година***

***Скопје, октомври 2009 година***

*На 16 октомври 2009 година во Собранието на Република Македонија беше остварена средба меѓу г. Марјанчо Николов, пратеник и претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република и г. Коста Димитров, пратеник од Чешкиот парламент и претседател на Групата за чешко-македонско пријателство, по негово барање. На средбата присуствуваше и Н.Е. Јозеф Браун, амбасадор на Чешката Република во Република Македонија.*

Господинот Николов го истакна задоволството од досегашното исклучително високо ниво во билатералните односи, особено споменувајќи ја посетата на тогашниот премиер на Чешката Република, г. Тополанек, за време на претседавањето на Чешката Република со Европската унија. Исто така, г. Николов ја искажа благодарноста кон Чешката Република за континуираната поддршка на напорите на Република Македонија за што поскоро европско и евроатлантско интегрирање на земјата, како и во процесот на визната либерализација.

Во однос на НАТО аспирациите на Република Македонија, г. Николов ја повтори благодарноста до Чешката Република за континуираната и безрезервна поддршка за членство во Алијансата.

Господинот Николов истакна дека традицијата на стипендирањето на македонски студенти за магистерски и докторски студии во Чешката Република треба да продолжи и понатаму, но може и да се размисли за зголемување на обемот, поради високопројавениот интерес за студирање на македонски граѓани во Чешката Република.

Во областа на економијата г. Николов констатираше дека е потребно да се продлабочат односите и обемот на трговската размена да се зголеми и во таа насока истакна дека парламентите можат да придонесат во унапредувањето на овие односи

Господинот Николов го информираше гостинот дека на неодамна одржаната средба со Амбасадорот на Чешката Република во Република Македонија г. Јозеф Браун било дискутирано за иницијативата Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република да оствари посета на Чешкиот парламент во термин кој договорно би се утврдил. Целта на посетата би била да се разменат искуствата од парламентарното работење, особено во делот на работата на Парламентарниот институт, кој во Чешкиот парламент работи мошне успешно. Исто така, од особена корист би било и запознавањето со улогата на Парламентот во проектите од преттпристапните фондови на Европската унија, за кои Чешкиот парламент има огромно искуство како Парламент кој успешно и квалитетно ги применил во своето работење.

Господинот Димитров истакна дека Групата за чешко-македонско пријателство е формирана на негова иницијатива токму во насока на зацврстување на севкупните добри билатерални односи, а и поради фактот што има македонско потекло од претходните генерации (неговиот дедо бил роден во Прилеп. Тој не го зборува македонскиот јазик, бидејќи е роден и израснал во Бугарија и тогашна Чехословачка). Информираше дека во составот на Групата член е и г. Јан Хамачек, истакната политичка личност и претседател на Комисијата за надворешна политика. И другите членови на групата се истакнати пратеници и сите имаат заеднички мотив за членство во оваа група - да им ги пренесат на колегите во Македонското собрание своите искуства од доменот на парламентарното работење и улогата на Парламентот во европската интеграција на земјата.

Господинот Димитров изрази надеж дека наскоро, пред одржувањето на следните парламентарни избори (јуни 2010) ќе дојде до средба на двете групи, иако за активноста на овие групи нема посебни финансиски средства во буџетот на Чешкиот парламент.

На крајот на средбата беа искажани взаемни уверувања за скорешна реализација на средба меѓу двете парламентарни групи и се изразија надежи за натамошно унапредување на севкупните билатерални односи меѓу двете земји.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г-ѓа Светлана Јакимовска,
потпретседател на Собранието на Република Македонија
со Н.Е. г. Херардо Суарез Алварез, вонреден и ополномоштен
амбасадор на Република Куба за Република Македонија,
остварена на 19 октомври 2009 година***

***Скопје, октомври 2009 година***

*Госпоѓата Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, на 19 октомври 2009 година оствари средба со Н.Е. г. Херардо Суарез Алварез, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Куба за Република Македонија. Средбата беше реализирана во рамките на работната посета на Република Македонија на кубанскиот амбасадорот (со седиште во Софија), реализирана на 19 и 20 октомври 2009 година.*

***Амбасадорот на Република Куба за Република Македонија Н.Е. г. Херардо Суарез Алварез*** се заблагодари за приемот во Собранието на Република Македонија, истакнувајќи дека целта на неговата работна посета на земјата е да ги повтори заложбите за зацврстување и продлабочување на односите меѓу Република Македонија и Република Куба. Тој оцени дека Македонија и Куба се пријателски земји меѓу кои не постојат отворени политички прашања, ниту други пречки од каков било вид за унапредување на с#вкупната билатерална соработка. Амбасадорот информираше дека Република Куба е една од првите земји која ја призна Република Македонија под уставното име и укажа дека Куба акредитираше амбасадор во Република Македонија уште во 2000 година, со цел да го покаже интересот за подобрување на билатералните односи. Куба очекува Владата на Република Македонија што поскоро да донесе одлука за именување на амбасадор во Хавана или покривање со нерезидентен амбасадор. Амбасадорот г. Алварез укажа дека Република Македонија е единствената земја од регионот која нема именувано свој амбасадор за Куба. Оценувајќи дека станува збор за технички, а не за политички проблем, тој истакна дека отсуството на акредитиран амбасадор на Република Македонија ги ограничува можностите за соработка меѓу двете земји и побара поддршка од Собранието на Република Македонија за ова прашање.

Амбасадорот г. Херардо Суарез Алварез подвлече дека покрај билатералната соработка, Куба соработува со Република Македонија и на мултилатерален план, а особено во рамките на Организацијата на Обединетите нации. Тој искажа благодарност за поддршката што нашата земја ја дава за едно од најчувствителните прашања за Куба, односно за резолуциите за постепено симнување на економската и финансиската блокада од страна на САД. Амбасадорот потсети дека Куба веќе 50 години е под ембарго на САД, а за ова прашање досега се донесени 18 резолуции. На 28 октомври 2009 година ќе се гласа за нова резолуција во ООН, а на средбата на амбасадорот во Министерството за надворешни работи била искажана подготвеноста Република Македонија повторно да даде поддршка за ова прашање.

Кубанскиот амбасадор информираше дека неговата работна посета на Република Македонија ќе ја искористи за зацврстување на економската соработка и со таа цел ќе оствари средби со трите стопански комори во земјата. Тој потсети дека во април 2008 година делегација на стопанственици од Република Македонија остварила посета на Република Куба и додаде дека министерот за економија на Република Македонија, заедно со група стопанственици, е поканет да ја посети Куба и да учествува на Меѓународниот саем за трговија, што ќе се одржи во ноември 2009 година во Хавана.

Амбасадорот се осврна и на парламентарната соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Националното собрание на народната власт на Република Куба, пренесувајќи го интересот на Кубанскиот парламент за воспоставување на соработка како на билатерален план, така и во рамките на меѓународните парламентарни собранија во кои членуваат двете собранија. Тој ја искажа подготвеноста да се организира посета на Делегација на Собранието на Република Македонија на Куба, со цел да се утврдат и формулираат правците на оваа парламентарна соработка.

Тој предложи формирање на групи за соработка/пријателство во парламентите на двете земји, кои редовно би разменувале мислења на билатерален план. Амбасадорот оцени дека ваквите парламентарни групи се многу корисни, истакнувајќи дека во многу парламенти во светот се формирани групи за пријателство со Куба, како

и дека во Кубанскиот парламент, исто така, постојат групи за пријателство со други држави. Воедно, амбасадорот г. Алварез порача дека доколку на Собранието на Република Македонија му е потребна каква било помош во комуникацијата и соработката со Кубанскиот парламент, тој во секое време е подготвен да излезе во пресрет.

Според амбасадорот, во Република Македонија би можело да се формира и граѓанско здружение на пријатели на Куба, со оглед на тоа што македонските граѓани имаат почит кон кубанскиот народ. Во светот постојат повеќе од 200 вакви здруженија, кои искажуваат поддршка, развиваат пријателство со кубанскиот народ и се борат против ембаргото наметнато од САД.

***Потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Светлана Јакимовска*** му посака добредојде на амбасадорот г. Алварез во свое име, во името на пратениците во Собранието на Република Македонија, како и во име на претседателот на Собранието г. Трајко Вељаноски. Таа изрази задоволство од реализирањето на средбата, со оглед на респектот и континуитетот што Куба го манифестира кон Република Македонија, пред се со признавањето на нашата земја уште во 2000 година и тоа под уставното име, како и во однос на доследноста по прашањето на името. Таа го поздрави и фактот што меѓу Република Македонија и Република Куба не постои визен режим, со што е олеснато слободното движење на граѓаните од двете земји.

Госпоѓата Јакимовска оцени дека за Република Македонија е од интерес да се унапредат пријателските односи со Куба и во името на Парламентот ја поздрави поддршката што Република Македонија ја дава во врска со усвојувањето на резолуциите на Генералното собрание на ОН по прашањето на неопходноста од укинување на економските санкции на САД против Куба.

Истовремено, таа нагласи дека меѓу Република Македонија и Куба постојат бројни можности и потенцијали за развивање на разни форми на билатерална, а пред се, стопанска соработка. Потпретседателот на Собранието на Република Македонија потсети дека меѓу двете земји постои незначителна стопанска соработка, со исклучително мал увоз на производи од Република Куба во Република Македонија и целосен дефицит од македонска страна. Токму затоа, таа ги поздрави напорите за интензивирање на економската соработка, истакнувајќи дека имала можност да разговара со еден од стопанствениците кои оствариле посета на Куба во 2008 година, кој истата ја оценува како многу успешна, корисна и добро организирана. Таа додаде дека искуството на Куба во полето на туризмот би било многу корисно за Република Македонија.

Потпретседателот г-ѓа Јакимовска се задржа и на интересот за развивање на односите меѓу двете земји во областите од заеднички интерес, како што се културата, образованието и медицината. Осврнувајќи се на културната соработка, таа потсети дека кубанската поетеса Ненси Морехон беше наградена со Златен венец на 45те Струшки вечери на поезијата. Ова несомнено придонесе за зацврстување на културните врски меѓу двата народи, но и понатаму постои потреба за продолжување на културната соработка, пред се, преку натамошно учество на културни уметници од Македонија и Куба на манифестации во двете земји.

Потпретседателот г-ѓа Светлана Јакимовски се осврна и на меѓу парламентарната соработка, истакнувајќи дека освен контактите остварени во рамките на состаноците на Интерпарламентарната унија, меѓу двата парламенти не постои дополнителна соработка. Токму затоа, таа ја поздрави заложбата на амбасадорот Алварез за воспоставување на меѓупарламентарна соработка и формирање на групи за пријателство и соработка во парламентите на двете земји. Истовремено, г-ѓа Јакимовска нагласи дека овој предлог ќе биде разгледан од страна на претседателството на Собранието на Република Македонија и ќе биде заземен став дали соработката со Парламентот на Куба ќе се реализира со формирање на

Пратеничка група за соработка или преку некоја друга форма. Со оглед на тоа дека нема пречки за реализирање на меѓупарламентарната соработка на двете собранија, истата би можела да биде унапредена во наредниот период.

На крајот од средбата соговорниците се согласија дека билатералната и мултилатералната сорабока меѓу парламентите на Република Македонија и Република Куба, не претставува само поттик за продлабочување на билатералните односи и пријателството меѓу двете земји, туку и можност за зацврстување на законодавниот процес во двата парламенти.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од одделните средби на Скендер Хисени, министер за надворешни работи на Република Косово со потпретстедателот на Собранието на Република Македонија Рафиз Алити, со координаторот на Пратеничката рупа на ДУИ, Тахир Хани и со координаторот на Пратеничката група на НД Флора Кадриу, остварена на 6 ноември 2009 година***

***Скопје, ноември 2009 година***

*При првата официјална посета на Скендер Хисени, министер за надворешени работи на Република Косово на Република Македонија остварена на 6 ноември 2009 година, во Собранието на Република Македонија, високиот гостин оствари одделни средби со потпретседателот на Собранието на Република Македонија Рафиз Халити, со координаторот на Пратеничката група на ДУИ Тахир Хани и со координаторот на Пратеничката група на Нова Демократија Флора Кадриу.*

На средбата со Рафиз Алити потпретседател на Собранието на Република Македонија министерот Скендер Хисени беше запознаен со работата на Собранието на Република Македонија, за формирањето на Секторот за преведување и за работата на Собранискиот канал. Исто така, потпретседателот Халити го запозна министерот Хисени со некои од одредбите на Законот за Собранието со кои се предвидува формирање на Парламентарен институт, задолжен за подготвување квалитетни анализи и истражувања за потребите на пратениците. Посебно внимание му е посветено на развојот на електронскиот парламент, со што во голема мера се олеснува работата на пратениците и службата.

Потпретседателот Алити рече дека сме мошне заинтересирани за отворање на нови гранични премини меѓу Република Македонија и Република Косово за олеснување на контактите на населението од двете држави, имајќи ги предвид роднинските врски на граѓаните од двете земји. Тој, исто така, ја подвлече намерата на Република Македонија за натамошен развој на пријателските и добрососедските односи со Република Косово, посебно во полето на стопанството.

На средбата со координаторот на Пратеничката група на Демократската унија за интеграција Тахир Хани, на која присуствуваа и пратениците Феми Јонузи, Џеват Адеми, Талат Џафери и Фазли Велиу, министерот беше запознаен со активностите на ПГ во рамките на Собранието на Република Македонија и за нивниот ангажман за унапредувањето на граѓанските права и демократијата во Република Македонија.

Неговата посета, како прва официјална посета на претставник на Република Косово по признавањето на Република Косово од страна на Република Македонија, беше оценета како мошне значајна.

На средбата со координаторот на Пратеничката група на Нова демократија Флора Кадриу, на која присуствуваа и пратениците Имер Селмани, Бесим Догани, Сулејман Рушити и Абедин Зибери беше речено дека Пратеничката група на НД секогаш е подготвена да придонесе за подобрување на меѓусебните односи меѓу Косово и Македонија на парламентарно и на друго ниво.

Беше изнесена и подготвеноста за поддршка на Република Косово во процесот на интегрирање во ЕУ и НАТО со пренесување на нашето искуство и експертиза.

Министерот за надворешни работи на Република Косово Скендер Хисени рече дека во неговите средби со претседателот на Реублика Македонија Ѓорге Иванов и со министерот за надвотрешни работи на Република Македонија Антонио Милошоски, заеднички е констатирано дека воспоставувањето на дипломатските односи и првата официјална посета на министерот за надворешни работи на Косово на Република Македонија, отвора нова страница во меѓусебните односи.

За време на посетата беа идентификувани многу сектори за соработка, за што многу бргу ќе дојде до потпиешување на соодветни спогодби меѓу двете држави.

Тој рече дека меѓуграничната соработка, исто така, е поле за кое Косово е заинтересирано.

Меѓусебните односи меѓу двете соседни и пријателски земји имаат нова форма. Имајќи предвид дека целта на двете земји е зачленувањето во ЕУ, министерот Хисени ја истакна потребата од соработка. Многу бргу Република Косово ќе наименува амбасадор во Скопје, очекувајќи дека и Република Македионија ќе го подигне статусот на амбасадорско ниво во Приштина.

Според министерот Хисени не треба да постојат табу теми кога станува збор за унапредување на правата на граѓаните, етничките и јазичните групи. Тој ги поздрави напорите на Собранието на Република Македонија за унапредување на својата положба. Министерот Хисени се заложи за поинтензивна комуникација меѓу двата пралементи подвлекувајќи дека соработката меѓу двете земји треба да биде модел за соработката за сите земји од регионот. Соработката меѓу Република Косово и Република Македонија е за добро на целиот регион и изрази надеж дека позитивната работа на Собранието на Република Македонија ќе продолжи.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со г-ѓа Виера Петрикова, вицепремиер за законодавство и министер за правда во Владата на Словачката Република, остварена на 12 ноември 2009 година во Собранието на Република Македонија***

***Скопје, ноември 2009 година***

*Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на 12 ноември 2009 година во Собранието на Република Македонија се оствари средба на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со г-ѓа Виера Петрикова, вицепремиер за законодавство и министер за правда во Владата на Словачката Република. Во составот на Делегацијата беа г. Стефан Харабин, претседател на Врховниот суд на Словачката Република, г. Даниел Худак, заменик министер за правда, г. Петар Банас, генерален директор на Секторот за меѓународно и европско право, г. Марош Фолтани, раководител на Секторот за печат и информации, придружувани од г. Риберт Кирнаг, вршител на работите на Амбасадата на Словачката Република во Република Македонија.*

*На средбата присуствуваше и г-ѓа Соња Мираковска, пратеник и претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Словачката Република, а од страна на Службата на Собранието г-ѓа Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соработка.*

* * * * *

На почетокот на средбата ***г-ѓа Јакимовска***, поздравувајќи ги гостите во свое лично и во името на претседателот на Собранието на Република Македонија, истакна дека билатералните односи меѓу Република Македонија и Словачката Република се карактеризираат со пријателство и висок степен на меѓусебно разбирање, како и заложби за нивно натамошно унапредување. Тоа го потврди и неодамнешната посета на Словачката Република на македонскиот премиер г. Груевски при што несомнено се покажа заинтересираноста и подготвеноста на Македонската влада за натамошно развивање и негување на меѓусебните односи.

Во сферата на соработката меѓу парламентите на двете земји, г-ѓа Јакимовска истакна дека Собранието на Република Македонија и во овој (шести) пратенички мандат, формираше група за соработка со Парламентот на Словачката Република, а од аспект на подобрување на парламентарната практика, оваа соработка во последните години е особено интезивирана. Соработката со Националниот совет на Словачката Република се одвива преку Проектот за поддршка на демократското градење на институциите на парламентите од Западен Балкан, во кој учествува и *Националниот демократски институт (НДИ)* и словачката невладина организација *Општеството за Централна и Источна Европа од Словачка (ОЦИЕ)*. Госпоѓата Јакимовска накратко ги запозна гостите со областите и целите на соработката и притоа истакна дека овие видови на помош и соработка се во интерес на Собранието, на пратениците и на државните службеници, бидејќи со истите им се овозможува поблиско запознавање со работата на Парламентот на земја членка на Европската унија, но исто така ја доближуваат работата на нашите институции до европските.

Собранието на Република Македонија особено ги цени искуствата на Словачкиот парламент при формирањето на Парламентарниот институт, бидејќи во Собранието на Република Македонија во тек се подготовки за формирање на институт од овој вид, со кој се очекува зголемување и зајакнување на капацитетите на истражувањето и аналитиката во парламентарното работење.

Госпоѓата Јакимовска ги информираше гостите дека Владата и Собранието на Република Македонија посветено работат на заокружувањето на легислативата која ќе овозможи компатибилност на домашното со европското законодавство. Собранието воведе многу позитивни промени во своето работење, преку донесувањето на Деловникот за работа и Законот за Собранието, со воведувањето на е-парламент, како и преку редовни координативни состаноци на претседателот со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи за сите прашања кои се предмет на разгледување во Собранието. Од минатата година функционира и Буџетскиот совет

како чекор кон финансиска автономија на Собранието. Отворени се 75 пратенички канцеларии за директен контакт на пратениците со избирачите.

Во однос на донесувањето на закони од стратешки интерес за евроинтеграциите, г-ѓа Јакимовска истакна дека постои висок конзензус за нивно донесување и истите имаат висок приоритет во парламентарната агенда.

Во врска со европскиот и евроатлантскиот интегративен процес на Република Македонија, г-ѓа Јакимовска изрази благодарност до Владата на Словачката Република за континуираната поддршка, што ја дава на Република Македонија на патот кон членството во НАТО и ЕУ. Во таа насока изрази надеж дека по добивањето на позитивен извештај од Европската комисија со препорака да затпочнат преговори за членство во Унијата, Советот на министри на Европската унија во текот на декември на Република Македонија да и´ додели датум за затпочнување на преговорите. Истовремено, г-ѓа Јакимовска побара поддршка на усвојувањето на регулативата за укинување на визите за Република Македонија и влегувањето во сила на безвизниот режим колку што е можно поскоро.

Во однос на прашањето за името, г-ѓа Јакимовска посочи дека Република Македонија продолжува активно и конструктивно да учествува во разговорите кои се одвиваваат под покровителство на ОН за надминување на спорот за името наметнат од Грција и е подготвена за изнаоѓање решение кое нема да го загрози македонскиот национален идентитет, македонската нација и јазик. Во оваа насока беше побарана поддршка во заложбите за одвојување на прашањето за името од процесот на одлучување за почеток на пристапните преговори.

Во однос на мултилатералата, г-ѓа Јакимовска информираше дека Република Македонија ќе го преземе шестмесечното претседавање со Советот на Европа од 11 мај 2010 година, при што подвлече дека од голема корист би ни биле словачките искуства како добар модел за реално димензионирање на нашето претседавање.

Оценувајќи ги економските односи како незадоволителни од аспект на параметрите на трговската и стопанската размена меѓу двете земји, г-ѓа Јакимовска ја подвлече потребата од нивно унапредување. Постојните договори и потпишувањето на Спогодбата за одбегнување на двојното оданочување треба да дадат нов импулс за понатамошна богата економска соработка.

Како особен пример за конструктивна политика, г-ѓа Јакимовска го поздрави усвојувањето на Програмата "Словенско 21" од страна на Словачката влада, со која во определени струки им се овозможуваат додипломски и последипломски студии на студенти од земјите на Западен Балкан, под исти услови, како и за словачките државјани. Во таа насока таа истакна дека би требало да се размисли за склучување на билатерална спогодба во областа на образованието, со оглед на големиот интерес на македонските граѓани за студирање во Словачката Република.

***Госпоѓата Петрикова*** во своето излагање изрази големо задоволство од досега реализираните средби според Програмата и истакна дека биле разменети навистина мошне корисни искуства со колегите од Министерството за правда и судските инситуции. Информираше дека Словачката Република со задоволство ги примила вестите за позитивниот извештај на Европската комисија за Република Македонија и препораката да се отпочнат преговорите, за што дава безрезервна поддршка. Изрази надеж дека нема да дојде до блокада како во Букурешт и притоа истакна дека високо ги ценат напорите на Македонската влада што ги вложува во евроинтегративниот процес. Укажа дека Словачката Република со задоволство може да ги пренесе на Република Македонија искуствата од предпристаниот процес кон Европската унија, со оглед на фактот што таа е членка на Европската унија од 2004 година, во Шенген зоната е од 2007 година, исто така е членка и во еврозоната.

Во однос на билатералните спорови на одделни земји, г-ѓа Петрикова истакна дека не секогаш истите можат да се решат со посредство на меѓународниот фактор, туку е потребна акција од лидерите на односните земји. Свесна за билатералниот спор меѓу

Република Македонија и Република Грција истакна дека Словачката Република ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име и дека смета дека билатералните спорови не треба да бидат пречка на евроинтегративниот процес. Словачка секогаш дава и понатаму ќе дава поддршка за побрза евроинтеграција на земјите од Западен Балкан.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Словачката Република ***г-ѓа Мираковска*** ги запозна гостите со составот на Пратеничката група и притоа истакна дека нејзината позиција на местото претседател меѓу другото е поврзана и од приватни причини. Истакна дека парламентарните групи за соработка можат многу да ја збогатат севкупната соработка и притоа подвлече дека пред одржувањето на вонредните парламентарни избори во Република Македонија минатата година било договорена посета во нашата земја на словачката група, но не се успеало при договарањето на термините. Изрази благодарност до амбасадорот Кирнак што веднаш по неговото именување изразил интерес за запознавање.

Во однос на формирањето на Парламентарниот институт, како претставник од опозицијата, г-ѓа Мираковска изрази надеж дека Институтот ќе биде сличен на Словачкиот и ќе даде добра логистика на пратениците, но треба многу да се внимава на изборот на кадри кои ќе работат и кои треба да бидат во функција како на пратениците од власта, така и на пратениците во опозицијата.

Госпоѓата Мираковска изрази надеж дека Словачката Република ќе ја даде потребната поддршка на Република Македонија во евроинтегративниот процес, особено кога ќе започнеме со преговарачкиот процес и кога ќе ги отвориме поглавјата.

Претседателот на Врховниот суд на Словачката Република ***г. Харабин*** во своето кратко излагање истакна дека несомнена е потребата од меѓусебна помош на малите земји. Го истакна своето задоволство од успешната посета и притоа подвлече дека во разговорите со своите колеги од судството констатирал дека во одредени области Република Македонија е далеку понапред од Словачката Република, особено во фомирањето на Судскиот совет и другите судски реформи.

* * * * *

На крајот на средбата беше изразено уверување дека во иднина билатералните односи меѓу Република Македонија и Словачката Република ќе го задржат високиот степен на пријателство и разбирање и ќе продолжат да се развиваат на најдобар начин, особено и поради фактот што словачката Канцеларија за врски прерасна во Амбасада на Словачката Република во Република Македонија, како резидентно претставништво. Со создавањето на потребните услови и финансиски можности се очекува наскоро и Република Македонија да отвори резидентно дипломатко-конзуларно претставништво во Братислава.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

# *БЕЛЕШКА*

***од средбата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел со г. Давид Коен, вонреден и ополномоштен амбасадор на Израел во Република Македонија, остварена на 24 ноември 2009 година***

***Скопје, ноември 2009 година***

*На 24 ноември 2009 година претседателот и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел оствариjа средба со г. Давид Коен, новоименуваниот, вонреден и ополномоштен амбасадор на Израел во Република Македонија. Во придружба на г. Давид Коен беше и г. Виктор Мизраки почесен конзул на Државата Израел во Република Македонија. На средбата, покрај г. Павле Трајанов, претседател на Пратеничката група, присуствуваа членовите на Пратеничката група г-ѓа Лилјана Поповска, г. Владо Стефановски, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка и г. Иван Петрушевски, помлад соработник за меѓународни парламентарни собранија.*

На почетокот од средбата г. **Павле Трајанов** изрази задоволството што се сретна со новиот амбасадор на Израел, земја со која Македонија има високо развиени односи, спомнувајќи дека во Собранието на Република Македонија постои голем интерес за соработка со Израелскиот кнесет, а посебно од страна на Комисијата за надворешни работи чиј претседател е член на Пратеничката група за соработка со Државата Израел. Укажа дека народот на Израел и Македонија имаат слична историја поради тоа што биле постојано негирани и вовлекувани во  конфликти од други страни. Тој истакна дека има многу области каде што би можело да се продлабочи соработката помеѓу двете земји, а посебно во одбраната и безбедноста, медицината, инфраструктурата и земјоделството кое може да претставува пример за  македонските земјоделци. Исто така, се осврна и на поддршката и соработката со Изрел што ја имал како министер за внатрешни работи во повеќе проекти. Потенцира дека Република Македонија после првиот добиен позитивен Извештај за напредок од страна на Европската комисија, се наоѓа во многу важен и неизвесен период во кој се преговара за прашањето за името, за кое постои голем интерес и консензунс во Македонија за поскоро надминување на овој проблем и изнаоѓање на компромисно решение.

Господинот **Давид Коен**, осврнувајќи се на своето 27 годишно искуство во дипломатијата, истакна дека секогаш во сите земји во кои го претставувал Израел, националните парламенти како институции кои го претставуваат народот, ги сметал како исклучитолно важни и секогаш се залагал и успевал да ја подобри соработката меѓу парламентот на земјата и Кнесетот. Тој изрази интерес да се запознае со претседателите на политичките партии кои се во Парлаламентот и претседателите на собраниските комисии.  Во врска со развојот на туризмот амбасадорот спомна дека  во 2011 година планира да организира посета на Битола од еврејското население од таму се иселиило во Чиле (земја во којашто претходно работел како амбасадор) заедно со неколку пратеници од Израелскиот кнесет. Исто така, постои можност за посета на Република Македонија од израелски експерти во различни области.

Госпоѓата **Лилјана Поповска** го изрази своето задоволство што може да соработуваат со земја како што е Израел која отиде далеку во развојот на заштитата на животната средина и безбедносната политика и изрази надеж дека преку соработката меѓу двете земји ќе се овозможи пренос на знаења и искуства од науката за обновливите извори на енергија и технологијата, а посебно од земјоделството. Таа кажа дека како почесен член на Туристичката комора ќе се залага за развојот на туризмот меѓу двете земји и ќе иницира средба меѓу двете комори. На крајот, изрази задоволство што во билатералните односи меѓу двете земји се користи нашето уставно име и побара поддршка од Израел и во процесот за зачувување на нашиот идентитет и уставно име. Исто така, потсети дека е потребно интензивирање на соработката меѓу двата народа што поскоро ќе заврши со изградбата на Меморијалниот центар на Холокаустот во Скопје.

Господинот **Владо Стефановски,** како пратеник кој доаѓа од Охрид, информираше дека во 2008 година Охрид го посетиле 5.000 туристи од Израел.Тој изрази надеж дека тој број би можел да се зголеми со воспоставување на дополнителни чартер летови и врзани авионски линии.

На крајот од средбата господинот Давид Коен, повторно нагласи дека сака да има непосредна и блиска соработка со пратениците, при што би сакал да се сретне со лидерите на партиите застапени во парламентот, како и со претседателиете на комисиите, се со цел да се продлабочи соработката на сите полиња помеѓу Република Македонија и Државата Израел.

Господин Павле Трајанов уште еднаш упати благодарност за поддршката и соработката што ја имаат Македонија и Израел и повтори дека постои огромен интерес за соработка меѓу двете земји, во многу области.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Меѓународен сектор***

# *БЕЛЕШКА*

***од средбата на Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија и корисниците на Меѓународната парламентарна стипендија (ИПС) за 2009 година, оддржана на 3 февруари 2009 година***

***Скопје, февруари 2009 година***

*Средбата беше организирана на иницијатива на Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија во функција на унапредување на проектот на Сојузна Република Германија - Меѓународна парламентарна практика.*

*На средбата учествуваа: на Н. Е. Урлике Марија Кноц, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија , Надица Петрова, Нита Старова, Марија Томова, Александар Спасов, Александра Ѓорѓевска, Оливија Штерјова, Љуба Силјановска и Петранка Делова, поранешни стипендисти на ИПС стипендијата, како и Мимоза Трајаноска и Ана Стојиловска, стипендисти на ИПС за 2009 година.*

Целта на средбата беше размена на искуства, идеи и мислења на повеќето инволвирани страни за поголемо промовирање на проектот во Република Македонија, како и поголема негова афирмиција за да привлекува повеќе млади, квалификувани луѓе од Република Македонија да аплицираат на програмата.

На средбата се разменија следниве мислења:

- Од страна на сите присутни се поздравија чекорите кои Собранието на Република Македонија ги презема за промовирање на проектот во Република Македонија,
- Особено со задоволство се прифати иницијативата на Собранието на Република Македонија за започнување на подготовка на Програми за запознавање на стипендистите со работата и функционирањето на парламентарното работење во Република Македонија. Се изрази надеж дека оваа активност ќе стане традиционална и дека сите идни генерации ќе ја имаат таа можност,
- Се поздрави определбата во иднина стипендистите да добиваат пропаганден и рекламен материјал, кој ќе го набави Собранието на Република Македонија во соработка со Министерството за култура се цел поголема промоција на Република Македонија во Сојузна Република Германија.
- Се укажа дека досега стипендистите добивале повеќе поддршка и помош од секаков вид од германската страна отколку од Република Македонија.
- Стипендистите побараа поголема поддршка за нивното здружение односно Алумни ИПС од страна на Собранието на Република Македонија во смисла на нивно учество на разни активности што ги организира Собранието и нивно помагање во градењето на односите со Германија.
- Се побара да се разгледа можноста Собранието на Република Македонија да прифаќа практиканти од Сојузна Република Германија кај кои постои интерес да се запознаат со демократските процеси во земјата, по пример на бугарскиот парламент.
- Се предложи линкот за веб страницата на Меѓународната парламентарна стипендија да се стави на видно место на новата собраниска веб страницата, како би можел да привлекува повеќе потенцијални кандидати.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со претставници на Парламентот на Обединетото Кралство и на Вестминстерската фондација за демократија, остварена на 21 мај 2009 година во Собранието на Република Македонија***

***Скопје, мај 2009 година***

*Во рамките на официјалната посета на Република Македонија, Делегацијата на Парламентарната асоцијација на Комонвелтот - ПАК и службеници на Парламентот на Обединетото Кралство, на 21 мај 2009 година во Собранието на Република Македонија оствари средба со г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија. Делегацијата беше предводена од г. Ендру Туги, директор на Парламентарната асоцијација на Комонвелтот (ПАК), а во нејзиниот состав беа: г-ѓа Елспет Мекдоналд, советник во оваа Асоцијација, г-ѓа Доминик Рис, советник во Меѓународната парламентарна унија, г. Алекс Романиук, Директор на Програмата за Европа во Вестминстерската фондација за демократија (ВФД), г. Емил Атанасовски, раководител на Програмата на ВФД во Македонија, г-ѓа Пранвера Касами, асистент и преведувач. Од страна на Службата на Собранието на средбата беше присутна и г-ѓа Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соработка.*

Целта на посетата на Делегацијата на ПАК е да направи процена на Собранието на Република Македонија (како членка на Вестминстерскиот конзорциум кој ги развива обуките за македонските пратеници) во врска со организирањето на воведниот семинар за Собранието на Република Македонија, преку кој ВФД ќе ја промовира тренинг-програмата на оваа Фондација во севкупниот проект за зајакнување на капацитетите на Собранието. Семинарот, кој ќе биде под работен наслов "Работа во модерен европски парламент" е наменет за пратеници и службеници и се планира под водство на ПАК, да се одржи кон крајот на јуни - почетокот на јули 2009 година во Собранието на Република Македонија.

* * * * *

На почетокот на средбата, господинот Туги информираше за работата на Парламентарната асоцијација на Комонвелтот, која во тесна соработка со Вестминстерската фондација за демократија работи на планот на приближување на пратениците и службениците во секојдневната парламентарна практика. Асоцијацијата со своето огромно искуство помага во континуирана примена на овој принцип на заедништво, односно заедничка работа на политичарите - пратениците и службениците, во остварувањето на крајната цел - модерен парламент. Господинот Туги ја образложи целта на оваа посета и изрази надеж дека преку планираните средби ќе се подготви соодветна програма за најавениот семинар. Програмата на Семинарот, која ќе се приспособи на интересите на Собранието на Република Македонија, би опфатила теми за финансискиот надзор, за пристапот до информации и работата на парламентот со медиумите, како и доброто парламентарно работење и европската интеграција на Македонија.

Госпоѓата Јакимовска, поздравувајќи ги гостите, истакна дека Семинарот ќе биде од голема полза како за пратениците, така и за службениците. Истакна дека за одржувањето на Семинарот ќе го запознае претседателот на Собранието и воедно ги поздрави предложените теми за кои верува дека ќе предизвикаат голем интерес кај учесниците. Во однос на темата за работата со медиумите, госпоѓата Јакимовска го искажа своето видување дека информирањето за работата на Парламентот, во согласност се разбира на уредувачката политика на медиумските куќи, треба да биде извршувано од страна на новинари кои имаат искуство од оваа проблематика, бидејќи пред се´, известувањето тпеба да биде објективно. Госпоѓата Јакимовска потенцираше дека нема забелешка за работата на новинарите во однос на известувањето за парламентарните активности, но смета дека доколку овие активности се следат во конинуитет од обучени новинари, ќе се добие во квалитетот на информирањето. Потребно е да се поттикнат медиумските куќи да создаваат високопрофесионален новинарски кадар за одредени области.

Во однос на темата за финансискиот надзор, г-ѓа Јакимовска истакна дека покрај Комисијата за финансирање и буџет, од август минатата година со одлука на Собранието е формиран и Буџетски совет на Собранието на Република Македонија. Неговата задача е да ги утврдува стратешките приоритети на Собранието во финансирањето на неговите активности. Буџетскиот совет има, пред се´ советодавна функција, го следи извршувањето на буџетските ставки на Собранието и истите ги усогласува со предлозите на Владата во однос на Буџетот на државата. Госпоѓата Јакимовска информираше дека е формирана Работна група на Буџетскиот совет во чиј состав се пратеници од сите политички парламентарни партии и службеници и таа во моментов работи на изготвување на тригодишна стратегија. Изготвен е и Деловник за работа на Буџетскиот совет и за таа цел Службата на Собранието изврши писмена консултација со парламентите на сите земји-членки на Европската унија за да се види нивното искуство во уредувањето на оваа област. По добивањето на одговор од сите парламенти беше пристапено кон анализа и синтеза на искуствата.

Во однос на работата на службата на Собранието, г-ѓа Јакимовска истакна дека Службата им излегува во пресрет на сите стручни барања на пратениците и во таа насока ја поддржа и идејата за формирање на Парламентарен институт, идеја што е поддржана од страна на ВФД.

Господинот Туги се согласи дека предложените теми ќе предизвикаат голем интерес кај пратениците и службениците и истакна дека за темата за односите на медиумите и парламентот, преку Фондацијата Ројтерс, можат да бидат повикани новинари-експерти за оваа проблематика, односно новинари кои известуваат за работата на Британскиот парламент и кои можат да ги пренесат сопствените искуства.

Во однос на темата за финансискиот надзор, г-динот Туги истакна дека оваа тема е секогаш актуелна и податна за истражување. Информираше дека во Британскиот парламент има Комисија за надзор над Буџетот и посебна Комисија за јавни сметки која го контролира, прегледува и ревидира извршувањето на Буџетот на Парламентот, на Владата и на сите други министерства. Таа е најстара парламентарна комисија со која секогаш, традиционално, претседава пратеник од опозицијата.

Господинот Романиук истакна дека овој Семинар ќе претставува како вовед во планираната Проект-обука за собраниската Служба, под покровителство на ВФД, која се предвидува да започне од октомври оваа година, а сите информации сврзани со овој Проект до крајот на јуни ќе бидат достапни на интернет страницата на ВФД за Македонија.

На крајот на средбата беа искажани заемни уверувања дека соработката на Собранието на Република Македонија со овие реномирани британски институции и понатаму ќе продолжи со предвидената динамика, континуирано збогатувајќи го нејзиниот квалитет и обем.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Меѓународен сектор***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***Од парламентарната конференција "Јакнење на безбедносната соработка за побрзо зачленување на ЈИЕ во ЕУ", одржана на 7 и 8 декември 2009 година во Тирана, Република Албанија***

***Скопје, декември 2009 година***

*Во организација на Парламентот на Република Албанија на 7 и 8 декември 2009 година во Тирана се одржа Парламентарна конференција "Јакнење на безбедносната соработка за побрзо зачленување на ЈИЕ во ЕУ".*

*На Конференцијата учествуваа делегации од парламентите на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Косово, претставници од парламентите на ЕУ, Австрија, Италија, Грција, Турција, како и претставници од НАТО, Еуропол, Интерпол, ДКАФ, ОБСЕ претседателот на Парламентот на Албанија, премиерот на Албанија, министрите во Владата на Република Албанија за надворешни работи, внатрешни работи, правда, финансии и одбрана, како и директорот на службата за разузнавање, генералниот директор на Државната полиција и други.*

*Делегацијата на Собранието на Република Македонија беше предводена од Ермира Мехмети Деваја, а дел од неа беа и Бесим Догани, Оливера Трајановска, Владо Бучковски и Ѓорѓи Оровчанец.*

Процесот на проширувањето на ЕУ и НАТО во Југоисточна Европа и посебно на Западен Балкан е историски успех со што се унапредува регионалната стабилност и соработката. Последните случувања го одбележуваат почетокот на ново поглавје-пат напред во иднината во која стабилниот регион е потполно интегриран во Евро-атлантските институции.

Конференцијата имаше за цел да им пружи на парламентите на Југоисточна Европа можност за зајакнување на партнерството и соработката во заедничките безбедносни прашања и интерес за ефективна борба против прекуграничните закани, организираниот криминал, тероризмот илегалната трговија и другите форми на криминал.

Конференцијата ќе ги препознае можностите каде што парламентите можат да обезбедат доволни ресурси за домашните и регионалните безбедносни потреби и да ја подобри соработката во полето на граничната безбедност, борбата против корупцијата, организираниот криминал и другите форми на транснационален криминал со одредување на потребните закони.

Целта на Конференцијата, исто така, беше да ја реафирмира одлучноста на учесниците за понатамошно консолидирање на демократските институции, зајакнување на владеењето на правото и извршување на парламентарната контрола во нивните земји.

Конферецнијата беше отворена од страна на Леонард Деми, шеф на Делегацијата на Парламентот на Албанија, а на отворањето пригодни обраќања имаа и претседателот на Парламентот на Република Албанија, Јозефина Топали, премиерот на Република Албанија, Сали Бериша, како и Едуард Кукан - претставник на претседателот на Европскиот парламент, Јиржи Бусек и шеф на Парламентарната делгација на ЕУ за односи со ЈИЕ.

Во нејзиното обраќање, претседателот на Парламентот на Република Албанија, Јозефина Топали истакна дека Конференцијата е добра можност за зајакнување на соработката во областа на безбедноста во регионот. Таа рече дека Република Албанија, како членка на НАТО продолжува да го даде својот придонес во безбедноста на регионот и изразува задоволство од поканувањето на Црна Гора за Мемберсхип Ацтион План (МАП). Според неа, регионот се наоѓа пред нови предизвици кои бараат соодветнен ангажман на парламентите и државните институции за борба против секаков вид криминал, за што се појавува потребата од соработка на регионот.

Едуард Кукан, ги пренесе поздравите на претседателот на Европскиот парламент, Јиржи Бусек, истакнувајќи дека Конферецнијата престатвува важен настан. Според него, 2009 година беше важна за Албанија, како и за целиот регион, особено за

Западен Балкан. Од 19 декември 2009 година граѓаните на Македонија, Србија и Црна Гора ќе можат без визи да патуваат во ЕУ, а со Лисабонскиот договор развиен е институционален капацитет за идното проширување на ЕУ. Според него, процесот на проширувањето се покажа како најуспешна политика на ЕУ за стабилизирањето и безбедноста на Западен Балкан.

Кукан рече дека консолидирањето на стабилноста и мирот во регионот е од големо значење за цела Европа. Европскиот парламент го подвлекува значењето на владеењето на правото, слободата на медиумите, регионалната стабилност, соработка и добрите меѓусебни односи на земјите од регионот.

Тој ја поддржа идејата на Парламентот на Република Албанија за формирање на Парламентарно собрание на Југоисточна Европа кое би се занимавало со прашањата од безбедносен карактер, како важен придонес за соработката во регионот. Постојните и потенцијалните земји кандидати мораат да продолжат со реформите.

Волфганг Гросрук, претставник на Парламентот на Австрија и потпретседател на ПС на ОБСЕ истакна дека идејата за ПС на ЈИЕ е почеток на мошне амбициозна цел за земјите од регионот. Тој истакна дека Австрија го поддржува членството на сите земји од ЈИЕ во ЕУ и ја поздрави интензивната соработка во заедничкиот пат кон ЕУ.

Сали Бериша, премиер на Република Албанија, во неговото пригодно обраќање на отворањето на Конферецнијата се освнра на активностите што Владата на Република Албанија ги презема во борбата против криминалот истакнувајќи дека безбедноста на граѓаните претставува приоритет. Според него, борбата на неговата влада против организираниот криминал потврдува дека ако постои политичка волја, криминалците не можат да го избегнат законот.

Премиерот Бериша истакна дека стапката на криминалот во Република Албанија последниве две години е помала од просекот на земјите на ЕУ. Преку новите законски решенија, Албанија е одлучна да му стави крај на организираниот криминал и неговата финансиска мрежа. Безбедносните прашања можат да се решат само со регионален пристап и од голема важност е да се потпишат сите спогодби кои служат за поефикасна борба против криминалот.

Премиерот Бериша рече дека Република Албанија ја поддржува интеграцијата на сите земји од регионот во Еу и НАТО, а според него членството во НАТО е клучно за консолидирањето на безбедноста и деморкатијата во регионот и изрази надеж дека Република Македонија, решавајќи го прашањето поврзано со името на нашата држава со Грција, набргу ќе биде членка на НАТО.

На првата работна сесија што се однесуваше на граничната сигурност и сигурносните предизвици се обрати министерот за внатрешни работи на Република Албанија, Љуљзим Баша. Тој ги реафирмира напорите за потполна контрола на територијата и границите и нетолеранцијата кон криминалот од секаков вид. Министерството за внатрешни работи на Република Албанија активно соработува со ОБСЕ, УНХЦР и други организации и континуирано работи за постигнување на стандардите на ЕУ.

Според министерот Баша, еден од приоритетите е и борбата против илегалната миграција. Борбата против тероризмот, исто така, е значаен аспект во напортие на Албанија, која континуирано соработува со соседните земји и со меѓународните организации, поддржувајќи ја секоја иницијатива која придонесува во зголемувањето на соработката во полето на регионалната безбедност.

Претставникот од Босна и Херцеговина, Раде Гускич, рече дека процесот на евроатлантската интеграција е најважен процес за сигурноста на регионот, а

соработката со соседните земји е приоритет за Босна и Херцеговина. Тој ги повика земјите од Западен Балкан да изградат цивилни капацитети за соочување со катастрофи и ја подвлече важноста на размена на искуството и информациите.

Претставникот од Грција во својот говор, рече дека треба да се исклучи употребата на сила за решавање на различностите. Исто така, рече дека добрососедските односи и соработка се од исклучителна важност.

На сесијата свои излагања имаа и претставниците на другите земји учесници, кои ги изнесоа активностите и постигнувањата на своите земји во однос на безбедноста и регионалната соработка.

Леонард Деми, претседател на Комисијата за одбрана на Парламентот на Република Албанија образложувајќи ја нивната иницијатива за формирање на Парламентарно собрание на Југоисточна Европа, рече дека парламентите на земјите од регионот кои ќе ја прифатат оваа иницијатива, ќе се состануваат еднаш или два пати годишно и ќе разгледуваат теми за соработка во областа на безбедноста, поканувајќи и претставници и експерти на меѓународните институции, како форма за соработка меѓу земјите од регионот. ПС на ЈИЕ би имал ротирачко претседателство и состаноци во главните градови на земјите од регионот.

На Втората работна сесија, посветена на борбата против корупцијата, организираниот криминал и недозволената трговија, Ридван Боде, министер за финансии на Република Албанија зборуваше за политиките за спречување на перењето на парите со кои се финансира тероризмот и организираниот криминал, за борбата против корупцијата и фискалната евазија.

Бујар Нишани, министер за правда во Владата на Република Албанија ја претстави стратегијата на Албанија за борба против организираниот криминал, недозволената трговија и тероризмот, како и успешната динамика на операциите против криминалот.

Луиџ Шкрели, шеф на Делегацијата на Црна Гора зборуваше за законските решенија за борбата против организираниот и другите форми на криминал во Црна Гора.

Во името на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, пред присутните свое обраќање имаше Ермира Мехмети Деваја, шеф на Делегацијата.

Подвлекувајќи ја важноста на политичката стабилност и безбедноста на Југоисточна Европа, таа рече дека земјите од регионот треба да направат напор и заеднички да ги истражат можностите за регионална соработка, со посебен осврт на потребата од меѓусебно поврзување на постојните механизми и иницијативи.

Според неа клучни партнери за регионалната безбедност на ЈИЕ се ЕУ и НАТО, така што е потребен сериозен ангажман за зацврстување на врските на земјите од регионот со нив. За Република Македонија зачленувањето во НАТО и ЕУ нема алтернатива, имајќи превид дека постои политички и етнички консензус, како и огромна поддршка од јавноста од над 90%.

Ермира Мехмети Деваја рече дека Република Македонија е определена да биде фактор на стабилност во ЈИЕ и да соработува со сите нејзини партнери и соседи, заради унапредување на регионалната безбедност. Наша трајна определба е стабилност и напредок на сите земји од регионот и отварање јасна перспектива за негова целосна евро-атлантска интеграција.

На крајот на Конференцијата, беше усвоена декларација во која, освен повикот за развој на регионалната соработка, беше наведена иницијативата на Република Албанија за формирање на Парламентарно Собрание на Југоисточна Европа.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од Вонредната конференција на претседателите на парламентите на земјите членки на ЕУ и на земјите кандидати за членство во Унијата (EUSC), одржана  на 11 и 12 декември 2009 година во Стокхолм, Шведска***

***Скопје, декември 2009 година***

*Потпретседателот на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Светлана Јакимовска учествуваше на Вонредната конференција на претседателите на парламентите на земјите членки на ЕУ и на земјите кандидати за членство во Унијата, што се одржа на 12 декември во Стокхолм, Шведска. Таа беше придружувана од Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка и Светлана Анѓеловска, преведувач.*

*Конференцијата беше посветена на Лисабонскиот договор и новата зголемена улога на националните парламенти на земјите членки на ЕУ и на Европскиот парламент а со цел да се нагласат приоритетните прашања на кои во иднина треба да им се посвети внимание, како и да се договорат формите на идна меѓупарламентарна соработка.*

**Вовед**

Во октомври 2009 година претседателот на Шведскиот парламент г. Пер Вестерберг, како актуелен претседавач на Конференцијата на претседателите на парламентите на ЕУ, иницираше воведување на дополнителна конференција на претседателите на парламентите од ЕУ. Оваа иницијатива го доби потребното мнозинство.

Конференцијата се одржа во Стокхолм на 11-12 Декември 2009 год. На Конференцијата учествуваа претседателите на парламентите (или нивни заменици) од 37 парламентарни дома од 27 земји членки на Европската унија, како и претседателот на Европскиот парламент. Претседателите, односно нивните заменици на парламентите на трите земји кандидати за членство во Европската унија исто така присуствуваа на Конференцијата.

Темата **"Подготовки за Лисабонскиот договор - последици по националните парламенти и соработката меѓу Европскиот парламент и националните парламенти"** ја претстави претседателот Вестерберг.

По ова следеа дискусии во неформална атмосфера во три работни групи. На чело на работните групи беа г. Јержи Бузек - претседател на Европскиот парламент, г. Бернард Акојер - претседател на Францускиот Парламент и г. Франсис Делпере - член на Белгискиот сенат. Сите три работни групи дискутираа на четири главни теми:

- Средства и процедури за зајакната размена на информации и ефикасна контрола на прашањата за ЕУ, особено во областа на контролата на принципот на субсидијарност, како на пример, ефективно користење на IPEX и улогата на претставниците на националните парламенти во Брисел,
- Мерки и процедури за ефикасна координација на интерпарламентарните средби и други активности,
- Идната улога и функција на Конференцијата на претседателите на парламентите од Европската унија (EUSC) и
- Контрола во областа на слободата, безбедноста и правдата.

Пленарните дискусии беа отворени за јавноста и медиумите.

**Кратка содржина на дискусиите**

*Нема потреба да се формираат нови институции или структури* за зајакнување на интерпарламентарната соработка предвидена со Лисабонскиот договор. Постојните форуми треба да се употребат и доколку е потребно дополнително да се развиваат.

Потребна е *широка вклученост* на специјализираните комсии како и на комисиите за европски прашања за прашањата на ЕУ. Во овој контекст се нагласува флексибилноста и потребата од прагматичност со цел да се избегне бирократијата. Фокусот треба да биде на поедноставување на соработката, истата да биде пофлексибилна и да се подобри *планирањето и координацијата*. Треба да се земат предвид можностите за *користење на нови технологии*.

**Интерпарламентарни средби**

Лисабонскиот договор предвидува посебна улога за националните парламенти во сферата на Іслободата, безбедноста и правдата" (или правосудни и внатрешни работи, ПВР). Понатаму, во Протоколот 1 членот 10 "прашањата од сферата на заедничката надворешна и безбедносна политика, вклучително и заедничката политика за безбедноста и одбраната" се посебно споменати како теми за кои можат да бидат организирани интерпарламентарни конференции. Оттука, зголемениот политички дијалог во овие две сфери - ПВР и ЗНБП/ЕБОП се смета за особено важен. Ова може да се постигне преку редовни средби на засегнатите комисии.

Во однос на ЗНБП/ЕБОП, беше сугерирано дека средбите на КОФАК и КОДАК или заедничка средба на КОФАК/КОДАК, треба да се искористи за следење на развојот врз основа на годишниот извештај на високиот претставник.

Можноста за договор на ад хок средбите за посебни теми се смета за важна, на пример, состаноци на релевантни комисии на кои ќе се дискутираат конкретни законодавни прашања/предлози.

Таквите ад хок средби, сепак не треба да ги заменат состаноците на комисиите организирани од парламентот на земјата претседавач со Унијата.

Беше дискутирано дека сите парламентарни комисии треба се вклучат во интерпарламентарната соработка (и во контролата на субсидијарноста). Со прашањата за ЕУ не треба исклучиво да се занимаваат комисиите за европски прашања и КОСАК. Беше спомената идејата КОСАК да вклучи членови на специјализираните комисии.

Една можност во тој поглед е организирањето на повеќе или помалку постојани форуми, кои би вклучувале претставници од специјализирани комисии. Во тој случај треба да се има на ум дека парламентот е повеќе од "збир на комисии".

Истовремено, бројот на седници треба да се намали или во секој случај не треба да се зголемува. Ова беше кажано како генерално, но конкретните сугестии се следни: како додаток на оваа конференција, секој семестар треба да се одржува една средба на КОСАК, како и една средба на ПВР и една на претседателите на комисиите за надворешни работи и на комисиите за безбедност. Може да се одржуваат и ад хок конференции за прашања од "Европската агенда", но не повеќе од една по семестар.

Беше препорачана употребата на видеоконференции и нови технологии на комуникација со цел да се избегне одолжување на средбите.

**Зачестеност на Конференцијата на претседателите на парламентите на земјите членки на ЕУ (EUSC) и координација на состаноците**

Што се однесува до бројот на состаноците на Конференцијата на претседателите на парламентите од ЕУ (EUSC беше предложено дека конференцијата треба да се одржува почесто, како на пример двапати годишно, барем за време на преодниот период во наредните една до две години). Од друга страна пак беше кажано дека еден состанок годишно е доволен.

Беше нагласено дека EUSC треба да се фокусира на најважните задачи и да се истакне нејзината политичка улога. Како одговор на ова беше истакнато дека голем број на претседатели/парламенти би имале тешкотии со еден пополитички пристап.

EUSC треба да заземе водечка улога во координирање на интерпаламентарните активности. Алтернативните идеи беа изнесени од страна на различни учесници.

- EUSC треба да обезбеди координација преку една или две годишни средби. EUSC треба однапред да усвои годишен календар на интерпарламентарните настани,
- претседателите на парламентите треба да преземат одговорност за планирање однапред во период од 18 до 24 месеца и КОСАК во таа рамка би ги координирал активностите,
- EUSC може да ги наведе приоритетните прашања за интерпарламентарната соработка,
- претседателите на парламентите од Тројката на ЕУ треба да координираат 18-месечна програма во соработка со Европскиот парламент и
- EUSC Тројката има важна задача да ги идентификува прашањата на Европската агенда.

Треба да има една програма за интерпарламентарна соработка, во која ќе бидат интегрирани активностите на Европскиот парламент.

**Прашања на субсидијарноста**

Што се однесува до контролата на субсидијарноста, многу национални парламенти имаа активна улога пред донесувањето на Лисабонскиот договор. За нив новиот аспект е тоа што имаат можност да ги искажат нивните грижи директно пред Комисијата.

Избегнувајќи преголема бирократизација треба истовремено да се изнајде механизам за соработка во врска со контролата на субсидијарноста. Исто така, националните парламенти треба едногласно да се изјаснат за оваа тема за да се осигури дека прашањата за субсидијарноста се сфаќаат сериозно од страна на институциите на ЕУ.

Беше изнесено дека КОСАК треба да се користи за проверки на субсидијарноста и дека таа има важна задача да осигури дека сите прашања во врска со субсидијарноста се сфаќаат сериозно во сите парламенти.

Има одредени грижи во врска со недостатокот на процедури за контрола на субсидијарноста во подоцнежните етапи на преговорите. Исто така, не е јасно дали Предлогот на модифицираните предлози би бил предмет на контрола на субсидијарноста за време на преодниот период.

Протоколот не вклучува јасна дефиниција на субсидијарноста. Беше предложено да се дискутира за една таква дефиниција. Во тој случај треба да се прати писмо до Комисијата во кое ќе се објасни како националните парламенти гледаат на концептот на субсидијарност.

**Размена на информации**

Треба да се искористат постојните структури и да се избегне креирање на нови. ИПЕЏ се смета за главен канал за размена на информации, но тој треба натаму да се развива: Националните парламенти треба редовно да префрлаат податоци на IPEX и да вклучат сижеа на англиски и француски јазик. Покрај тоа, може да се подобри поднесувањето на документи и податоци до IPEX од страна на Комисијата и Советот.

Во врска со размената на информации, треба да се разгледа можноста да се развие улогата на претставниците на националните парламенти во Брисел. Едно поле на соработка може да биде размената на информации во врска со контролата на субсидијарност - преку тоа може да се развие систем на рано предупредување пред информациите да станат достапни на IPEX.

Беа изнесени и некои рамислувања во врска со потребата од зголемен личен контакт меѓу парламентарците и потребата од вклучување и поголем контакт меѓу членовите на специјализираните комитети. Во овој контекст беше истакнато и дека контактот меѓу известувачите би бил особено корисен.

Имајќи на ум дека просторот за додатни меѓупарламентарни состаноци е многу ограничен и дека таквите состаноци може и да не се најдобар формат за брзи и неформални дискусии, ќе има потреба од флексибилност и прагматизам. Новите комуникациски технологии треба да се користат колку што е можно повеќе.

**Обраќање на потпретседателот на Собранието на Република Македонија, Светлана Јакимовска**

Привилегија и задоволство е да се учествува на оваа конференција по усвојувањето и влегувањето во сила на Лисабонскиот договор што донесе зголемување на улогата на националните парламенти како најзначајна новост на новиот договор а со која се надминува проблемот на демократскиот дефицит на Унијата. Тоа практично ќе значи дека ЕУ ќе има подобра легислатива преку нејзината подобра информираност за состојбите во државите членки и ќе прерасне во интерпарламентарна демократија.

Со цел за целосно заживување на новиот договор, Собранието на Република Македонија ја согледува и ја поддржува потребата од размена на добри практики и информации на ниво на националните парламенти и Европскиот парламент што би било решавачко за ефикасно спроведување на проверката на принципот на субсидијарноста, првенствено за користење на жолтата и портокаловата карта и влијанието на оваа процедура врз носењето на одлуките во ЕУ.

Собранието на Република Македонија исто така го поздравува ратификувањето на Лисабонскиот договор и реформите на институциите на проширената Унија со приспособување на нејзините политики на брзите промени кои се случуваат во светот, убедени дека реформите дополнително ќе ја зајакнат и поедностават институционалната рамка на идното проширување. Се надеваме дека проширувањето ќе остане високо на агендата на Унијата и во следното шпанско претседавање со Унијата.

Накратко би сакала да ве информирам за процесот на приближување на мојата земја кон ЕУ. Европската комисија во својот Извештај за напредокот на Република Македонија во 2009 година ги афирмираше вложените напори и постигнувањата во исполнувањето на стандардите и критериумите за членство во ЕУ и препорача почеток на пристапни преговори со мојата земја. Препораката на Комисијата беше прифатена со огромно задоволство во македонската јавност.

Почетокот на преговорите со Република Македонија суштински ќе ги поттикнеше и другите држави од регионот во претпристапните реформи и ќе го потврдеше кредибилитетот на политиката на проширување на ЕУ.

Ние и понатаму остануваме посветени на реформските процеси на државата и нашето интегрирање во европското и евроатлантското семејство е највисок приоритет во земјата. Република Македонија постојано искажува подготвеност за надминување на проблемот со нашиот сосед, но во согласност со принципите на меѓународното право и без загрозување на идентитетските елементи. Се надеваме дека во скора иднина ќе се создадат услови за почеток на преговорите.

На крајот сакам за искажам огромна благодарност до нашите домаќини, односно до шведското претседателство со Унијата за нивната принципиелна политика, за нивните вложени напори и заложби Република Македонија да го отпочне процесот на преговори со Унијата и ги надмине блокадите со кои се соочува.

На маргините на Конференцијата, потпретседателот Јакимовска оствари одвоени билатерални средби со **г-ѓа Лиселет Хагберг**, потпретседател на Шведскиот парламент, **г. Евангелос Аргисир**, потпретседател на Грчкиот парламент и **г. Мехмет Али Сахин**, претседател на Турскиот парламент.

**Лиселет Хагберг,** потпретседателот на Шведскиот парламент се интересираше за учеството на жените во политиката во Македонија и за напредокот на Република Македонија кон европските интеграции.

Господинот **Евангелос Аргисир**, потпретседател на Грчкиот парламент, се согласи дека соработката меѓу нашите два парламента, како институции кои ги претставуваат граѓаните, ќе придонесе за зближување на двата народа и изрази надеж за поблиска парламентарна соработка.

Господинот **Мехмет Али Сахин,** претседател на Турскиот парламент, истакна дека Турција и понатаму ќе ја поддржува Македонија во нејзините напори да стане дел од европското и евроатлантското семејство.

**Заклучоци - Продолжување на процесот**

Последиците по националните парламенти и соработката меѓу Европскиот парламент и националните парламенти ќе бидат разгледувани низ отворен процес на расправа координиран од страна на Претседателството на EUSC, при што сите парламенти од ЕУ ќе бидат подеднакво застапени.

Како платформа за овој отворен процес на расправа ќе се користи посебен форум на IPEX.

Ако е потребно, може да се одржат и дополнителни ад хок видеоконференции и состаноци.

Претседателството на EUSC ќе подготви извештај за резултатите од процесот пред состанокот на EUSC на 14-15 мај 2010 година.

Во рамките на овој процес Конференцијата му наложи на Претседателството на EUSC да подготви одговор на упатеното писмо од 1 декември до сите претседатели на националните парламенти од претседателот и потпретседателот на Европската комисијата.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Стручна служба на Собранието***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од седмиот семинар за парламентарни правни советници***
***Мадрид 9-20 февруари, 2009 година***

***Скопје, март 2009 година***

*Во организација на Претставничкиот дом на Шпанија, од периодот од 9-20 февруари 2009 година, се одржа Семинар за парламентарни и законодавни советници. На Семинарот, како претставник од Собранието на Република Македонија учествуваше Иван Петрушевски, распореден во Секторот на генералниот секретар.*

*На Семинарот имаше вкупно 47 учесници од разни земји од светот и тоа од новопримените земји во Европската унија (од 2004 година и од 2007 година), од земјите кандидати за членство во ЕУ, земјите од Средна и Јужна Америка, како и претставници од неколку земји од Африка.*

*Семинарот имаше за цел поблиско и практично запознавање со работата и начинот на функционирање на Претставничкиот дом на Шпанија, особено во поглед на законодавната постапка, потоа за начинот на организација и функционирање на Службата на Претставничкиот дом и сл. Исто така, беа организирани факултативни посети на Сенатот на Шпанија, Канцеларијата на Омбудсманот, на регионалното Собрание на регионот на Мадрид и регионалното собрание во Сарагоса*

## ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

После периодот од 1936 година до 1975 годна кога Шпанија се наоѓала под диктатура на генералот Франциско Франко, во ноември 1978 година е донесен Устав со кој Шпанија се прогласи за социјална и демократска држава во која ќе владее правото и се декларираат слобода, правда, еднаквост и политички плурализам како највисоки вредности на земјата. Националниот суверенитет припаѓа на луѓето од кои произлегува целата власт во државата. Овој устав се смета како најлиберален Устав во Западна Европа од тој период со кој им беше поделена моќта на автономните региони со формирање на регионални собранија и влади. Политички, Шпанија е организирана во 17 автономни региони (плус два автономни града Ceuta и Melilla) а административно во 50 провинции. Најмала организациска единица се општините.

Уставот ја дефинира Шпанија како *парламентарна монархија*, во која *кралот* е шеф на државата и симбол на единство и перманентност. Кралот - Хуан Карлос I, потпишува и прогласува закони, формално го свикува и распушта Парламентот и распишува избори и референдум, го назначува претседателот (по консултација со Парламентот) и другите членови на Владата (по препорака на претседателот на владата). Тој, исто така, потпишува декрети усвоени од Владата и ратификува цивилни и воени назначувања. Иако кралот нема власт за водење на надворешната политика, тој игра значајна улога како највисок претставник на Шпанија во меѓународните односи (посебно во односите со историските заедници). Тој, исто така, е врховен командант на вооружените сили, иако нема вистинска власт кога станува збор за воени прашања. Ова е поради фактот што Уставот не му доделува независна извршна власт на кралот, бидејќи неговите одлуки мора да бидат одобрени од страна на претседателот или на член на Владата. Извршната власт е поделена меѓу Владата и кралот. Претседателот (премиерот), потпретседателот и министрите заедно го сочинуваат Советот на министри (Влада) како највисока институција на извршната власт.

Согласно со членот 66, став 1 од Уставот Шпанија има дводомен Парламент: Претставнички дом (Конгрес) и Сенат, познат како *Cortes Generales*, како и независен судски систем. Претставниците *Cortes Generales* се избираат универзално избирачко право на секои четири години.

## *КОНГРЕС*

Пратениците во Конгресот се избираат на директни избори и мандат од четири години, со пропорционален изборен систем и со помош на Донтовата формула, а секоја од 50-те провинции и градовите Ceuta и Melilla се изборни единици. Вкупниот број на пратеници во Претставничкиот дом е 350.

### Тела во Претставничкиот дом

Во Конгресот, покрај комисиите, на почетокот на секој парламентарен мандат се формираат следниве тела: Биро на Претставничкиот дом, Одбор на координатори и Совет на Постојани пратеници.

### Биро

Работата на Бирото е уредена со Деловникот на Претставничкиот дом. Истото се состои од претседателот, четворица потпретседатели и четворица секретари (пратеници). Нивниот избор се врши на почеток на мандатот, на иста седница за избор на претседател, со гласачки ливчиња и тајно гласање од страна на сите пратеници. Се избираат првите четворица со најмногу гласови.

Секретарите на Бирото му помагаат во работата на претседателот, ги надгледуваат и одобруваат извештаите, му помагаат на претседателот во водењето на седниците и гласањето, придонесуваат за адекватна работа на Домот, ex oficio се членови на Комисијата за деловник, а најмалку еден од нив мора да присуствува на состаноци на Одборот на координатори, а ги вршат и сите други функции кои ќе им ги определи претседателот на домот.

Состаноците на Бирото се свикуваат на иницијатива на претседателот, со помош на генералниот секретар кој е задолжен за изготвување на извештај од состанокот и за имплементација на одлуките во извештајот.

Бирото е многу значајно тело, бидејќи е надлежно за целокупното работење на Претставничкиот дом, тргнувајќи од внатрешната организација на службите, назначувањето на генералниот секретар од службениците во Домот, за мандат од најмалку пет години (член 35 став 2 од Деловникот), потоа назначувањата на службениците, платите, надоместоците на вработените, изготвување на предлог-буџетот на Претставничкиот дом и следење на неговото извршување, прием на материјали и документи, подготвување и организирање на дневен ред на седници на комисии и пленарни седници (по претходна консултација со Одборот на координатори) и сл. Бирото одлучува за парични спонзорства на позначајни настани, а не претседателот на Конгресот.

### Одбор на координатори

Ова тело е составено од сите координатори на пратеничките групи претставени во одреден парламентарен мандат, а се формира исто како и другите тела на домот на почетокот на мандатот. Одборот на координатори се состанува по барање на Претседателот на Конгресот или на иницијатива на две пратенички групи или пак на барање на една петина од пратениците и разгледува прашања кои се врзани со организација на седниците и работењето на парламентот и заседава пред состаноците на Бирото. За секој состанок се известува Владата и на нив може да присуствува претставник на Владата. По состанокот Одборот го информира за своите одлуки, а Бирото мора да ги земе предвид неговите одлуки.

**Совет на постојаните пратеници**

Во двата дома на Парламентот се формира Совет на постојани пратеници кој е составен е од *21 член* (и нивни заменици) пропорционално на застапеноста на политичките партии во домот. Овој совет заседава во исклучителни услови, кога не е можно да се одржи седница (годишен одмор, воена состојба и сл.) кога е распуштено Собранието или кога е истечен мандатот од четири години и се чека нов состав. По формирањето на Домовите (после одржување на изборите) Советот изготвува Извештај за сработеното и за донесените одлуки. Со Советот заседава претседателот на Конгресот (Сенатот). Се избираат и двајца потпретседатели и двајца секретари од членовите на Советот. Преку овој орган се обезбедува континуитет во работата на домовите.

**Пленарна седница**

Конгресот заседава во две вообичаени годишни сесии - периоди и тоа од септември до декемри и до февруари до јули. Надвор од овие периоди може да се свика седница на барање на Владата, Советото на постојани пратеници или на барање на апсолутно мнозинство од пратениците. Материјалите за закажаната седница се доставуваат на пратениците најдоцна 48 часа пред започнување на седницата. Генерално правило е дека седниците се одржуваат почнувајќи од вторник до петок. Вообичаено седниците се јавни, а јавноста може да се исклучи во случаи кога се расправа за прашања поврзани со пристојноста (или суспензија) на Домот или на накој од пратениците, кога се расправа за предлози извештаи или наоди од Комисијата за статус на пратениците и сл. Кога седиците се затворени за јавноста расправата е иземена од процедурата. Исто така, состаноците на Комисијата за статусот на пратениците или на анкетните комисии, секогаш се тајни. На состаноците на другите комисии може да присуствуваат само акредитирани новинари. Состаноците на подкомитетите **секогаш се тајни**. Ова е со цел за полесно правење на почетните компромиси меѓу пратениците во отсуство на очите на јавноста.

Дневниот ред за седниците го изготвува претседателот на Конгресот во договор со Одборот на координаторите. Дневниот ред на комисиите го изготвува комисиското биро во консултација со претседателот на комисијата и земајќи го в предвид дневниот ред за работа на пленарната седница. Агендата може да се менува од страна на претседателот по предлог од две пратенички групи или една петтина од вкупниот број пратеници (или членови на комисијата). Членовите на Владата можат да земат збор во секо време.

При гласање, доколку нема кворум, гласањето може да се одложи за два часа максимум, ако и по ова време не е можно гласање, прашањето со доставува до надлежната комисија која донесува одлука за тоа. За време на гласањето не е дозволено излегување или влегување на пратениците во салата. Има четири форми на гласање:

1* давање согласност на предлог на претседателот,
2* обично гласање,
3* јавно гласање и
4* тајно гласање (електронски и со гласачки ливчиња)

**Комисии**

Согласно со членот 75 од Уставот, Парламентот работи на пленарни седници и на комисии. Со исклучок на уставни реформи, меѓународни прашања, организациски акти и Буџетот, Парламентот може, на комисиите, да им делегира овластувања за одобрување на владини и невладини закони. Сепак, истиот може во секое време да побара тие делегирани закони да бидат дебатирани и гласани на пленарна седница.

Во Претставничкиот дом има постојани, адхок комисии како и мешовити комисии на двата дома. Секоја комисија во просек се состои од **39** члена. Можно е да се предложи замена на член на комисија само за одредено прешање, односно состанок со известување на претседателот на комисијата (вербално или писмено). Секоја Комисија избира комисиско биро составено од претседателот на комисијата, двајца потпретседатели и двајца секретари од членовите на комисијата. Претседателот на комисијата во договор со претседателот на Конгресот ги закажува состаноците. Претседателот на Конгресот може да присуствува на сите комисии, а има право на глас само во оние во кои е член. Бирото на Конгресот определува која комисија е надлежна за определено прашање. Секоја комисија има обврска за доделените прашања (предлог-закони) да се произнесе најдоцна за два месеца освен во исклучителни услови предвидени со Уставот или со Деловникот на Конгресот. Бирото на Претставничкиот дом ги организира седниците на комисиите и одредува кои комисии да се сретнат во кој ден и во кое време (правилото е да има состаноци на максимум шест комисии дневно). На денот на кој заседаваат комисиите може да има и пленарна седница, како и седница на подкомисии.

Во рамките на Конгресот се формираат: *16 постојани комисии* (најдоцна 10 дена од формирањето на Конгресот), *здружени комисии, непостојани комисии* (ад хок), *подкомисии*.

Исто така, постојат и три други постојани комисии: Комисија за деловнички прашања (ја води Претседателот на Конгресот, а членува целото Биро), Комисија за пратеничкиот статус и Комисија за петиции.

Комисијата за пратеничкиот статус се состои од по еден член од секоја пратеничка група, се избира претседател, заменик-претседател и секретар од трите најголеми пратенички групи. Комисијата за петиции има иста организација како и претходната комисија, а е задолжена да ги разгледува (решава) примените индивидуални и колективни петиции или ги праќа до Народниот правобранител, надлежната комисија или до Владата, Сенатот, судовите, Јавниот обвинител, провинциските совети и други органи. Во сите случаи мора да се одговори на доставените петиции.

Ад Хок комисиите, кои се формираат на предлог на Владата или по предлог на Бирото, на предлог од две пратенички групи или од една петина од пратениците, можат да имаат истражна надлежност (анкетни комисии) а се формираат за прашања од јавен интерес. Истражната комисија може да формира подкомисија за составување на извештај или да бара непосредно изјави од други лица. Наодите на овие комисии не се обврзувачки за судот и немаат влијание на судската постапка но можат да се доставаат до Јавното обвинителство за натамошно проследување. Извештајот од работата на комисијата се разгледува на седница по што одобрените наоди од Конгресот се објавуваат во Официјалниот парламентарен билтен и се известува Владата.

Во моментов во парламентот има шест пратенички групи чии пратеници членуваат во комисиите, така што Шпанците ги гледаат комисиите како "мал парламент". Кај комисиите има пропорционална застапеност на членови од пратеничките групи. Доколку на комисијата и е доделена улога да одлучува во име на Парламентот, тогаш членовите треба да се договорат за она што би го застапувала секоја пратеничка група на пленарна седница. Доколку за одредено прашање има подеднаков број на спротивставени гласови, тогаш се оди со гласање согласно со капацитетот на секоја пратеничка група (weigthed vote).

Делегирањето на овластувања на комисите е направено со измените на Деловникот од 1992 година, а со цел за олеснување на работата на Парламентот, како и негова поголема ефикасност.

**Законодавна постапка**

Законодавната постапка во Претставничкиот дом се одвива во следниве фази:

- законодавна иницијатива,
- објавување и разгледување на закони,
- поднесување амандмани,
- дебата на законот во целост на пленарна седница,
- разгледување од страна на комисиите,
- дебата и гласање на пленарна седница,
- дебата и гласање на закон и амандмани од Сенатот и
- донесување и официјално објавување на законите.

Најголем број на закони доаѓаат од Владата како нивен предлагач, но тие, исто така, можат да се предлагаат од страна на пратеници од Претставничкиот дом или од Сенатот, автономните собранија и од граѓани со собрани 500.000 потписи. Законите мора да содржат образложение и дополнителни информации и се доставуваат до Бирото на Домот кое ги разгледува и решава дали ќе го прифати разгледувањето на одреден закон. Доколку законот се одобри, тогаш Бирото наредува негово објавување и одредува датум за поднесување на амандмани и го испраќа на комисија. Амандманите треба да се доставуваат до Бирото на Претставничкиот дом во писмена форма, потпишани од координаторот на пратеничката група. Бирото потоа ги доставува амандманите до надлежната комисија. Поднесените амандмани се објавуваат на официјалната веб страница на Конгресот.

Амандманите можат да се однесуваат на цел текст, поточно за враќање на законот во Владата, или пак на одделни делови од законот. Амандманите за враќање на законот во Владата се поднесуваат само од пратеничка група, а не одделни пратеници, бидејќи за тоа е потребно предлагање на целосно нов текст, што ретко се слушува во пракса.

По крајниот рок за поднесување на амандмани, законот оди на разгледување во целост на пленарна седница, заедно со амандманите на цел закон. По расправата се гласа по законот, поточно дали законот се прифаќа и останува на понатамошно разгледување во Домот или да се врати назад во Владата и постапката да се прекине. Доколку законот се прифати да се разгледува, истиот се препраќа на комисија.

Секоја комисија има свое биро (составено од претседавач, двајца потпретседавачи и двајца секретари - пратеници). При секое разгледување на одреден закон, комисијата формира посебна подкомисија, од редот на членовите на комисијата која работи на законот. Работата на комисиите не е јавна, со исклучок на акредитирани новинари кои имаат право да ја следат седницата. Работата на подкомисијата е зад затворени врати и не е достапна за јавноста.

Кога законот ќе се достави до комисијата, заедно со амандманите, комисијата основа подкомисија и назначува известител да работат на законот и да ги разгледаат амандманите. Подкомисијата е клучното тело во законодавната постапка, бидејќи пратениците - членови, заедно со законодавните советници, зад затворена врата, ја водат суштинската и конструктивната расправа по законот/амандманите на законот. Кога тие ќе завршат со својата работа, доставуваат извештај до комисијата, која го разгледува извештајот и законот по делови, заедно со амандманите. Во текот на дебатата, нема можност за поднесување нови амандмани, освен предлог на компромисни амандмани - за амандмани веќе поднесени до комисијата. По завршување на расправата, комисијата усвојува извештај, кој во пракса е најчесто ист со мислењето од извештајот на подкомисијата.

Во рок од 48 часа од поднесувањето на извештајот на комисија, сите пратенички групи треба да доставаат свое мислење во поглед на извештајот на комисијата, за амандманите кои не биле прифатени од комисијата, а кои тие сакаат повторно да ги бранат на пленарна седница. Потоа, законот оди на пленарна седница, каде што обично се презентираат ставови на политичките партии и се дискутираат главните начела на тој закон. Секоја пратеничка група одредува пратеници од своите редови кои ќе дискутираат за законот, најчесто оние кои се експерти од одредената област која ја покрива законот, обично членови на надлежната комисија. Во текот на дебатата, може да се поднесуваат амандмани само од техничка или јазична природа на законот.

Времето на зборување е временски ограничено, поточно 10 минути за зборување, 5 минути за реплика, 3 минути за контра-реплика и 3 минути за процедурална забелешка. Постои можност, претседателот, во консултација со Бирото и Одборот на координатори, да го намали или зголеми бројот и времетраењето на зборување. Тој може однапред да го распредели времето за зборување за секоја парламентарна група зависно од нејзиниот релативен капацитет.

Потоа законот се гласа и доколку се усвои се препраќа до Сенатот на разгледување. Обично одлуките на пленарна седница, во најголем дел случаи се слични или исти со оние на надлежната комисија. Сенатот мора да го разгледа законот и да одлучи во рок од два месеци. Во текот на разгледувањето, Сенатот може да даде амандмани по делови на текстот, да стави вето на законот, или да го усвои. Во случај Сенатот да не го усвои законот, тој се враќа на разгледување во Претставничкиот дом. Доколку на законот е ставено вето, тој се разгледува и гласа во целост, а доколку има амандмани се гласа само по амандманите. Конгресот е тој кој го има последниот збор и одлучува дали ќе ги прифати сугестиите на Сенатот или не.

Откога ќе гласа по законот, истиот се доставува до кралот, кој формално, *во рок од 15 дена*, треба да го потшише законот. Потоа, законот се објавува во Службен весник.

**Дневик&Билтен&Службен весник на *Cortes Generales***

Во Претставничкиот дом, како и во Сенатот, постои ***Дневник*** (*Diario*) од седници на комисии и од пленарни седници, кој ги содржи стенограмите од седниците на комисиите и пленарната седница.

***Билтенот на Претставничкиот дом*** излегува по завршување на секоја седница на комисија/пленарна седница и ги содржат предлозите на закони, образложенијата и амандманите, структурирани согласно со капацитетот на пратеничката група, поточно почнувајќи прво оние поднесени од најголемата пратеничка група, а продолжувајќи со останатите (од мнозинство кон малцинство).

На крај законите се објавуваат во ***Службен весник на Парламентот***, во конечна верзија.

**Буџетска процедура**

Државниот буџет се дебатира од октомври до ноември. Во текот на пролетната дебата, Cortes Generales ја задолжуваат Владата да изготви буџет на државата. Бројките во Буџетот се претставени со проекција за три години. Со почетокот на дебатата во октомври, Владата го презентира Нацрт-буџетот пред Претставничкиот дом. Буџетот мора да се објави пред 1 јануари во Службениот весник.

Буџетот се состои од два дела: државен буџет и буџет за социјална заштита. Секоја комисија поединечно го разгледува буџетот од својата област, со свикување на експерти и добивање на нивно мислење по одредени прашања. Министрите доаѓаат на комисија и даваат објаснувања, секој во својот дел, за предвидувањата и плановите за распределба и трошење на буџетските средства во проектираните години. Во најголем дел случаи, деталните појаснувања за Буџетот на министерствата се даваат од функционери на понизок ранг од министрите, бидејќи тие луѓе се експерти во својата област и најдобро може да го образложат планираниот буџет.

Кога буџетот се поднесува во Претставничкиот дом, се одредува рок за поднесување на амандмани за буџетот во целост (т.е. негово враќање во Владата) или на одредени ставки од истиот.

Во пракса не се случува никој да даде амандман за целиот текст, поточно за целосна промена на буџетот, бидејќи ниедна пратеничка група нема капацитет со амандманот кој ќе го поднесе (за целосна промена на текстот) да изготви нов текст на буџетот. Бирото на Домот врши селекција на амандманите по делови од текстот за буџетот. Пратеничките групи можат да предлагаат промени во распределбите на трошоците, но не можат да ги менуваат сумите распределени по министерствата. Тоа е надлежност на надлежните министри.

Доколку со буџетот се предлага зголемување на трошоци, предлагачот мора да објасни од каде ќе се обезбедат тие средства, што во никој случај не може да биде со земање на средства од друго министерство. Исто така, во буџетот не смее да се предлага намалување на постоечките трошоци по министерства од претходните - за наредната година.

Комисијата за финансирање и буџет и подкомисијата исцрпно го разгледуваат буџетот и амандманите за секое министерство. Во комисијата членуваат пратеници од пратеничките групи - експерти за таа област, како и во останатите комисии (стручни за земјоделство, одбрана, животна средина итн.), а тоа е направено со цел да се слушнат нивните мислења по одредени прашања.

На пленарна седница, сите министри треба да се присутни и да ги презентираат своите делови. Пленарната седница обично трае една недела за буџетот, од понеделник до петок, а потоа истиот се испраќа до Сенатот. Доколку се случи буџетот да не биде донесен во предвидениот рок, автоматски продолжува спроведување на стариот буџет, бидејќи тој се донесува со проекција за три години.

**Контрола врз Владата**

Претставничкиот дом врши контрола и надзор над работата на Владата со помош на следните механизми:

1. прашања на доверба на влада,
2. интерпелации,
3. поднесување предлози и други акти,
4. назначување и избор на јавни функции и
5. пратенички прашања

**Седница за пратенички прашања - практични аспекти**

На седница за пратенички прашања се одредува систем на квота, поточно максимум 24 прашања во една сесија, дистрибуирани согласно со релативниот капацитет на пратеничките групи. Прашањата се доставуваат однапред до Бирото, кое ги проследува до Владата.

Владата на претседателот на Претставничкиот дом му дава известување по кој редослед ќе бидат поставувани прашањата и кој министер ќе одговара на тоа. Тоа не е пишано правило, но е редовна пракса во Претставничкиот дом. Првите три прашања обично се одговараат од страна на премиерот и неговите заменици.

Најчесто прашањата ги поставува опозицијата, а членот на Владата до кого е упатено прашањето е должен да одговори со станување од место (со стоење). Потоа пратеникот му реплицира на тој член на Влада, по што министерот има повторно право да одговори.

**Владата не е обврзана да даде одговор на прашања и информации во следниве случаи:**

- неможност за обезбедување фискални информации,
- тајна природа на документи и
- бараните документи може да наштетат на јавни/приватни компании заради комерцијален интерес, углед, имиџ итн.

**Парламентот и меѓународните односи**

Парламентот се придржува и работи во согласност со владината државна политика, но исто така има и своја надворешна политика, која ја остварува преку делегации во меѓународните организации, парламентарните собранија, групи за пријателство со национални парламенти на други држави, Комисијата за надворешна политика и Мешовитата комисија за европски прашања, составена од пратеници и сенатори од двата дома.

Во Претставничкиот дом постојат постојани делегации во ИПУ, СЕ, НАТО, ОБСЕ други меѓународни организации (Конференции на претседатели на парламенти, состаноци на комисии за европски прашања КОСАК, Конференција на Медитеранот, 5+5 и сл.).

Групите за пријателство обично се од формална природа, а идејата е групата да се состои од пратеници кои имаат интерес или познавања за конкретната држава и парламент во која членуваат. Исто како и делегациите, групата обично ја рефлектира структурата на пленарна седница, со пропорционална претставеност зависно од капацитетот на пратеничките групи.

Постои иницијатива за формирање на групи за меѓународна стручна екипа составени од пратеници не постари од 35 години.

Во поглед на склучување на меѓународни спогодби и договори, членот 94 од Деловникот ја наведува листата на спогодби за кои е потребно одобрување од страна на *Цортес Генералес*. Оваа листа ги покрива следниве случаи:

- спогодби од политичка природа,
- спогодби или договори од воена природа,
- спогодби или договори кои го засегаат територијалниот интегритет на државата или фундаменталните права и обврски,
- спогодби или договори кои налагаат финансиски обврски за Државниот трезор и
- спогодби или договори кои налагаат измена или отповикување на одреден закон или налагаат законодавни мерки за нивно извршување.

Денеска во Шпанија има 800 државни службеници кои работат во областа на меѓународните односи и политика.

Секој мај или во јуни министерот за надворешнни работи дава извештај пред Конгресот за остварените и планираните дејства во надворешната политика.

**Научна и документациона поддршка на Претставникиот дом**

Оваа поддршка ја обезбедува Дирекцијата за студии и документација, кој е задолжен за реализирање на барањата за истражувања и анализи од страна на пратениците и од вработените во службата во однос на одредени прашања и по подготвувањето ги доставува бараните материјали, документи или истражувања до барателите. Многу често самиот сектор спроведува истражувања и анализи по негова иницијатива, а покренува и иницијативи за осовременување на работата преку развивање бази на податоци, информациски билтени, досиеја, фактографии и сл. Сета документација се внесува во Генералниот каталог достапен во електронска форма (он лине). Секоја година се врши набавка на просечно 500 книги и се објавуваат 1000 во електронска форма. Се склучуваат договори со надворешни фирми за потребните интернет пребарувања и печатење на списанија.

Беше истакнат проблемот со авторските права и копирањето кој всушност го решаваат со непосредно преговарање со авторите на делата или издавачите. Исто така, беше спомнат и проблемот со недостаток на простор за складирање на хартиените документите.

Во вкупната документација влегува и документацијата на Сенатот. Имаат пропишан Правилник за користење на библиотеката и другата документација.

Тие, исто така, во рамките на Парламентарната комуникација за Заедницата добиваат прашалници секој ден, обично по 3-4 прашалника дневно од институции на ЕУ (ЕЦПРД). Во склоп на секторот имаат докторанти кои ја подготвуваат својата докторска теза и работат за тоа време во парламентот (во моментов нивната бројка е околу 40).

Дирекцијата има тројца советници, 19 архивисти, библиотекари, еден технички советник, седум административни работници, 23 административни помошници и 16 курири. Буџетот за работа на Дирекцијата предвиден за 2009 година изнесува околу 4 милиони евра.

**Парламентарни медиуми и комуникација**

Парламентот има институционална обврска да ги информира граѓаните за ставовите на секоја парламентарна група (покрај официјалните документи, закони, резолуции и сл.).

Кога има пленарна седница, има повеќе од 500 новинари во зградата. Изјавите за медиуми се прават на место специјално одредено за таа цел, со позадина на која го пишува логото на Парламентот за да се знае дека таа изјава е дадена од Парламентот. Новинарите секогаш се фокусираат повеќе на негативните аспекти (за разлика од Владата која се фокусира на позитивната страна), со цел да го нарушат имиџот на Владата. Новинарите ги критикуваат пратениците за неработење, затоа што не ги гледаат секогаш во парламентарната сала, што секако не е точно, бидејќи доколку тие не се таму, тогаш тие навистина работат и се во своите простории и подготвуваат говори за она за што ќе зборуваат на пленарна, како и пред медиумите.

Прес - центарот во Претставничкиот дом има стручен персонал за сите потреби на пратениците, но и на новинарите. Само 40 пратеници од вкупно 350 се од Мадрид, останатите се од другите делови на Шпанија (затоа и толкав број на медиуми, од кои повеќето се локални). Обично информациите на новинарите им се презентираат порано, за да можат истите да бидат дадени во вечерните вести и многу се внимава на времето, затоа што ако не се доставаат навреме, тогаш тие ќе одат доцна навечер и никој нема да ги гледа. Со напредокот на информативната технологија, информациите можат да се најдат порано од предвиденото, преку Интернет, со што се добива и поголема точност на информации ставени на парламентарната страница, но и реакции на тие

информации. Огромниот број пак на информации може да предизвика ефект на недоволна информираност, бидејќи може да ги збуни оние кои ги бараат тие информации. Професионалните новинари вработени во Парламентот се обучени за презентирање и ставање на информации на интернет и до средствата за информирање на начин кој е разбирлив и достапен за јавноста.

Комплетниот систем за акредитација вклучува 3.500 новинари, а неговата електронска изработка во моментов многу ја олеснува процедурата за издавање акредитации на сите нив, која трае практично неколку минути, а им олеснува и на службите за обезбедување за кратко време да ги проверат тие акредитации.

До 2004 година секојдневно се доставувале 250 копии на паламентарниот билтен, но таа дистрибуција никогаш не била порано од 12,00 часот напладне. Со новата технологија, тој билтен се дистрибуира електронски, така што секој може да го прочита и тоа во 8,30 часот наутро. Мрежата на оптички влакна која е инсталирана во Претставничкиот фом овозможува секој ТВ канал да може да влезе во секое време.

Во Парламентот, исто така, има интранет мрежа, на која се содржани сите информации за потребите на службата и пратениците, материјали кои не се објавуваат на веб страницата, материјали кои се уште во подготвителна фаза, се до нивната конечна верзија, планот за модернизација на Парламентот и сл.

Од 1993 година се разгледала потребата од основање Парламентарен ТВ канал и таа се реализирала истата година, а веќе од 1996 година тој канал, покрај пленарните, ги покрива и седниците на комисиите.

Во парламентот располагаат со 16 камери кои го презентираат она што се случува во моментот, како и на одложени снимки, зависно од распоредот на активности во Парламентот. Целта е да се информира јавноста за она што се случува во Парламентот и тоа преку ТВ, интернет, сателит и сл. Секторот за прес има двајца советници, четири технички лица и четири докторанти, кои им помагаат во работата. Парламентарниот ТВ канал има 30 луѓе.

Службениците од комисиите ги изготвуваат извештаите од комисиите и ги ставаат на интернет.

Секторот за прес директно е одговорен на генералниот секретар, претседателот има свој прес центар и советник, кој ги договара и организира интервјуата на претседателот, а секоја пратеничка група си има свои прес асистенти во Парламентот (кои си ги избираат од асистентите во својата пратеничка група).

Претставничкиот дом понекогаш врши анкети за да го испита јавното мислење на граѓаните за одредено прашање. На веб страницата и на Парламентарниот канал нема политички дебати, поточно во период на избори не е дозволено да се прави кампања во парламентот (ова е пропишано со органскиот закон).

Во склоп на парламентарниот прес центар, кадешто се наоѓа прес службата и Парламентарниот ТВ канал, обезбедени се простории за медиумите, поточно секој поголем медиум има своја просторија во тој прес центар, а бројот на тие простории е 38. Селекцијата за тоа се врши врз основа на големината на медиумот, согласно системот за акредитација. Освен просторијата која Парламентот ја обезбедува за одредена телевизија, целата останата опрема си ја носи и плаќа таа телевизија. Тоа ги опфаќа компјутерите за работа, телефоните, мониторите и целата телевизиска опрема, индвидуалните оптички врски, кои ги одржува и плаќа самата телевизија.

Доколку информациите кои ги презентираат телевизиите се погрешни, парламентарниот центар веднаш реагира до нив за да ја презентираат точната информација.

Во Парламентот има 12 комисиски сали (со по три камери во секоја просторија), шест во пленарната сала. Седниците се снимаат во BETACAM формат и се чуваат во парламентарната архива за седници. Доколку пратеник побара електронска копија од седниците, тој/таа мора да плати 6 евра за копијата, при што беше посочено дека таа сума одвај минимално ги покрива трошоците за нејзина изработка.

Претставничкиот дом има отворени парламентарни денови, а во текот на тие отворени денови (два во просек) околу 30.000 луѓе доаѓаат да го посетат.

Во просториите на зградата има и продавница а средствата остварени од продажбата во неа се средства за буџетот на Домот.

***Служба на Претставничкиот дом***

Со Уставот од 1978 година, извршена е поделба на владина и парламентарна администрација. Парламентарната автономија и независност се главни предуслови за ефикасна работа. Парламентот не може да биде предмет на владина волја во процесот на одлучување и во давањето насоки за работа. Во членот 66 став 3 од Уставот се нагласува дека Парламентот на Шпанија - *Cortes Generales* е неповредлив, што подразбира негова целосна независност од извршната власт. Сепак, согласно со членот 9 став 1, парламентот не е целосно самостоен, туку е предмет на контрола од страна на Уставниот суд.

Автономијата на Парламентот е јасно прецизирана во членот 72 став 1 од Уставот, кој предвидува:

* РЕГУЛАТОРНА НЕЗАВИСНОСТ - Двата дома усвојуваат свои деловници,
* ФИНАНСИСКА НЕЗАВИСНОСТ - Тие имаат свои независни буџети и
* НЕЗАВИСЕН ПЕРСОНАЛ - Двата дома усвојуваат статут за вработените во службата, со кој го регулираат нивниот статус.

Претседателите на Претставничкиот дом и на Сенатот имаат овластувања за комплетното административното управување со домовите (член 72 став 3 од Уставот). Секој дом дејствува независно во однос на другиот, т.е. Конгресот не се меша во работата на Сенатот и обратно.

Работата на вработените во Претставничкиот дом се темели на следниве организациони норми/акти:

- Деловникот,
- Статутот на вработените во службата (од 27 март 2006),
- Организационата поставеност во Парламентот,
- Норми за внатрешно управување и
- Организационите норми издадени од страна на генералниот секретар.

Со Службата раководи генерален секретар кој се избира од вработените во Службата на Собранието за мандат од најмалку пет години. Секретарот, заедно со Бирото на Претставничкиот дом ја уредуваат организационата поставеност на Службата, описот на работни места, приемот на нови службеници, назначувањата и сл. Во поглед на платите, надоместоците и наградите на вработените, во Претставничкиот дом постои Комисија за медијација која решава за овие прашања.

Во рамките на парламентарната независност, целта на независната администрација е Претставничкиот дом да не зависи од државата за обезбедување на потребните средства и човечки ресурси за извршување на обврските. Сепак, вработените подлежат на истите правила со другата администрација во поглед на

членство во синдикатот, колективно договарање и празници. Една од точките кои се усвоени во 19 јануари 2005 година од страна на Бирото на Парламентот е можност за работа половина работно време, за родители со деца под 12 годишна возраст, но и можност за работа на универзитети за вработените кои имаат магистратура или докторат од службата, по крајот на работното време во Домот. Исто така, доколку високи функционери сметаат дека веќе не можат да одговорат на задачите на своето работно место поради оптовареност, а имаат долг работен стаж (пр. 20 години) може да си дадат оставка на местото и да побараат преместување, со тоа што Домот има воспоставено систем на задржување на истата плата за тие лица и покрај нивното назначување на друго место.

Службениците, при прием во Парламентот, треба да полагаат испит кој вклучува прашања од областа на правото (Уставот, Деловникот итн.), начинот на работа и функционирање на Парламентот, Статутот на вработените во службата и сл. Местото на вработените им е загарантирано, а може да го изгубат само во случај на оставка, губење на шпанско државјанство или извршување на кривично дело.

Исто така, за разлика од системот на Работни места во РМ можно е и внатрешно унапредување за што се спроведуваат посебни тестови и се бара определена квалификација и искуство. Можно е и хоризонтално движење од едниот во другиот Дом.

Претставничкиот дом брои 700 вработени, во кои не спаѓаат личните асистенти и советници на пратениците. Секоја пратеничка група има определен број асистенти, затоа што парламентот сеуште не може да најде доволно средства да им обезбеди по еден асистент на секој пратеник. Бројот на асистенти за секоја пратеничка група се одредува од страна на Бирото на почетокот на секој мандат, согласно со релативниот капацитет на пратеничките групи.

Значи, во Парламентот има вработени четири категории на персонал - постојано вработени (државни службеници), вработени на определено време, вработени кои се од државната администрација и лица кои ги плаќаат пратеничките групи (надворешни експерти и асистенти).

Државните службеници во Парламетот можат да бидат:

- службеник (чиновник) или правен советник - Clerk,
- архивар или библиотекар,
- специјализирани советници,
- дактилографи,
- административен персонал и
- портири.

Интересно е тоа што, втората категорија (архивари и библиотекари) можат да бидат само магистри на науки.

Најголем дел од службите се постојано вработени во Парламентот. Бројот на вработените на определено време со текот на годините се зголемва. Единствените служби во моментот кои се користат од приватни компании се ресторанот и угостителските услуги, како и хигиенското и материјалното одржување на зградите кои се избираат на тендер. Во Претставничкиот дом има ресторан за пратениците, официјална сала за прием и организирање ручеци при посета на гости, како и ресторан за Службата во Претставничкиот дом, кадешто им се обезбедува ручек за вработените.

Парламентот, исто така, обезбедува паркинг за пратениците и вработените, а доколку има пленарна седница и нема место за паркирање, Парламентот има склучено договор за користење на приватен паркинг.

**Улогата на службениците во парламентарните тела и постапки**

Улогата на советниците и раководните лица е советодавна, поточно обзезбедување на совети/консултации за претседателот на Претставничкиот дом, работните тела и пленарните седници. Овие совети не се обезбедуваат поединечно на пратениците или на пратеничките групи, а причината за тоа е што постојат други советници (асистенти на пратениците, асистенти на Владата), кои обезбедуваат совети за нив, но тие се со политички предзнак и според поинакви принципи и критериуми.

Службениците мора да бидат строго професионални, независни и политички непристрасни во извршување на своите задачи, да стојат на стручните ставови кои ги застапуваат, а не да заземаат партиски ставови или да го менуваат своето мислење според мислењата на партиските групи. Тие не смеат да дозволат да бидат манипулирани од пратениците, за добивање на политички поени. Директните односи со пратениците треба да бидат професионални и неутрални. Тоа е најмногу поради фактот што ниеден парламентарен службеник не сака да ризикува да заземе партиски став и потоа да биде отпуштен од работа за тоа.

Парламентарната служба обезбедува стручни совети од законодавна природа и информации за документите, а не за содржината на тие документи.

Советниците во комисиите, обезбедуваат совети за организација и водење дебати, квалификација на текстови, средување на иницијативи (за бироата, под-комисиите), присуство на седници, прашања кои ги покриваат нивните активности, изготвување извештаи, белешки и сл. Должни се да даваат стручни совети само на претседателите и подпретседателите но не и на останатите членови-пратеници на работните тела. Тие вршат и анализа на законите и актите, на влијанието на законот на законодавството, усогласеност со претходни акти, референци со правото на ЕУ и споредбеното право, за законодавната техника на иницијативата, логистичка корекција, лингвистична кохерентност, наслов, преамбула, дополнителни одредби, законодавна анализа на содржината од аспект на законската рамка, согласно принципите и доктрината на Уставниот суд; совети на Бирото на комисијата за квалицикацијата на амандманите; помош на известителите за средување на амандманите, верификација на ревидираните текстови по секоја фаза со посебен осврт на нивно објавување; поготвување, доколку е потребно, на навремена корекција на грешки, ревидирање на содржината пред да се испратат со архивата на Домот, издавање налог за печатење на текстовите и сл.

Советниците во комисиите вршат и свои сопствени анализи за одредени предлози, во поглед на тоа дали постои некоја контрадикторност во текстот и, доколку ја има, да ја откријат и да ја посочат.

Во склоп на службата, исто така работат и 55-60 правници кои се на располагање на двата дома, Претставничкиот дом и Сенатот, и можат да работат и за едниот и за другиот дом, зависно од потребите и активностите на Парламентот. Обично тие се ангажирани за работа на мешовитите комисии, кои се формираат со пратеници од двата дома, за разгледување на одредени прашања.

**Кабинет на преседателот на Конгресот**

Во Кабинетот на претседателот (José Bono Martínez) на Конгресот работи персонал од седум луѓе. Шефот на Кабинетот секој работен ден одржува координација на "внатрешно ниво" - со членовите на Кабинетот и "надворешна" - со другите сектори и надворешни институции. Граѓаните можат да доставуваат писма (претставки) по електонски пат (e-mail) директно до претседателот. За одговарање на претставките се задолжени двајца од вработените во Кабинетот.

**Парламентарен буџет**

Буџетот на Парламентот претставува 0,01% од вкупниот државен буџет, но значењето на парламентарниот буџет е повеќе од квалитативна, а не квантитативна природа. Членот 66 став 3 од Уставот предвидува дека Парламентот е неповредлив а членот 72 од Уставот предвидува буџетска независност на Парламентот, донесување Статут за вработените во службата, како и административно раководење со тие службеници.

Сите сектори во Претставничкиот дом треба да доставаат предвидувања за трошоци за секоја наредна година, врз основа на проценките од изминатата година и дополнително, доколку има зголемен број на активности. Сите директори на Сектори ги пополнуваат овие листи. Насоки за пополнувањето дава Секторот за економско работење, по добиени насоки од Министерството за финансии за финансиските движења во државата. Тие ги доставуваат листите до Секторот за економско работење на крајот на јули во тековната година, кои Секторот после ги средува и испраќа до заменикот-генерален секретар задолжен за финансиски прашања, а тој потоа ги испраќа до генералниот секретар. Секретарот ги испраќа до Бирото на Претставничкиот дом, кое врз основа на тие листи го изготвува, заедно со стручните служби, парламентарниот буџет. Бирото, по изготвувањето го испраќа до Владата за да го вклучи во државниот буџет, со напомена дека ништо не смее да се менува, туку само да биде вклучен во државниот буџет. Амандмани на парламентарниот буџет може да доставуваат само пратеничките групи, но тоа не се случува често, бидејќи самото Биро, пред поднесување до Владата, изготвува солиден буџет и претходно ги консултира пратеничките групи, така што поднесувањето амандмани не се случува често а пратениците ја почитуваат одлуката на Бирото.

Парламентот не дава образложение до Трезорот како ќе ги користи парите, како што прават министерствата. Во случај на поголем финансиски проект за Парламентот (реконструкција, технолошко опремување на службата, пратениците и сл.), тогаш парите се обезбедуваат од страна на Владата. Парламентот има свој посебен фонд кој го користи согласно со потребите за секоја година, а доколку не се искористи се пренаменува или останува за следната година. Подолу подетално се изложени фазите, како и практичните аспекти на подготовка и извршување на парламентарниот буџет.

**ИЗГОТВУВАЊЕ**

- парламентарна администрација

**УСВОЈУВАЊЕ:**

- нацрт-буџет: Биро на Домот,
- вклучување во Државниот буџет - Дел 02: Cortes Generales и
- Парламентот го усвојува Државниот буџет.

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА:**

- налози за трошоци (Биро на Домот),
- налози за плаќање (претседателот на Домот) и
- надзор и контрола на извршувањето (Бирото на Домот).

**ОТЧЕТ:**

- Извештај за извршувањето, поднесен на пленарна седница

- правилник за постапка на финансиско задолжување, ревизија на трошоци, трошоци и налози за плаќање и исплати (26/01/1982),
- усвојување на предлозите за трошоци - налози за трошоци (Бирото, со претходна ревизија),
- усвојување на предлози за набавки и склучување договори (Бирото) * предлог-налози за плаќање (претседателот на Домот),
- материјални трошоци (овластени службеници) и
- усвојување на трошоци кои налагаат ребаланс на буџетски средства - како резултат на недостиг на фондови или средства - распределба на вишоци или користење на средства (Бирото на Домот со претходна ревизија).

**Финансиска ревизија на Парламентот**

Во парламентот постојат два вида на ревизија: надворешна (од страна на Судот на ревизори - делегиран од Конгресот) и внатрешна (конрола на финансиското управување со Домот). Парламентот, бидејќи има свој буџет, има и свои внатрешни ревизори (за Претставничкиот дом, за Сенатот, како и за двата дома). Внатрешните ревизори се целосно независни, имаат слобода во одлучувањето и не примаат наредби и насоки од генералниот секретар. Тие само известуваат до него за направената ревизија и го даваат своето мислење за тоа.

Во Претставничкиот дом постои превентивна, поточно ревизија пред да се користат парите за да се провери дали е се во ред со изготвениот буџет, за подоцна да се добие добра основа за постревизија. Обично тоа се врши за да се види дали е направена правилна исплата и дали одредената сума е во ред. Извештајот се потпишува од страна на ревизорот и се доставува до Бирото на Конгресот (или Сенатот) кој дава позитивно или негативно мислење, земајќи ги предвид и приговорите на засегнатите страни. Понекогаш ревизорите се против одредени трошоци и не се согласуваат со начинот на кој се предвидува трошење на одредени средства. Ревизорот мора да објасни зошто ја донел таквата одлука. Доколку извештајот се прифати, барањето се стопира и нема да има исплата.

Ревизорите реагираат пред да се изврши одредена исплата. Доколку се појави спор, тој се решава од страна на Мешовитата комисија на двата дома и подносителите на барањето. Обично тоа не се случува во пракса и обично оние кои се подносители, го почитуваат мислењето на ревизорите. Доколку се појави неповолен извештај, ревизорите се заштитени со нивното претходно реагирање и не сносат кривична одговорност за тоа. Исто така, внатрешната ревизија има овластување да ја разгледува уредноста и регуларноста на документацијата. Како проблем беше истакнато неекипираноста на Дирекцијата за ревизија.

## СЕНАТ

Сенатот е Дом што ги претставува автономните региони во Шпанија. Секој регион избира по четворица сенатори, по тројца се избираат на островите Гран Канарија, Малорка и Тенерифе и по еден сенатор од секоја од овие групи острови: Ибица-Форментера, Менорка, Фуертевентура, Гомера, Хиеро, Ланзароте и Ла Палма. Градовите Сеута и Меилја ќе избираат по двајца сенатори. Сенаторите се избираат на директни избори, со мандат од четири години. Нивниот број изнесува 208. Останатиот дел од сенаторите, поточно 51 од вкупниот број (259) се назначуваат од автономните региони. Секој регион или регионално собрание, назначуваат по еден сенатор и уште по еден сенатор на секој еден милион жители.

Во Сенатот работат 26 работни комисии. Сепак, Сенатот има многу ограничена улога во процесот на одлучување, затоа што последниот збор во донесувањето на закони го има Претставничкиот дом. Тоа значи ако Сенатот стави вето на некој предлог на закон, Конгресот може со апсолутно мнозинство да го прегласа. Во период од два месеца Сенатот е должен да даде амандмани, вето или да се согласи. По изминување на тој период Конгресот може и со просто мнозинство да го прегласа предлог на законот.

Сепак, имајќи го предвид фактот дека сенаторите доаѓаат од партии кои исто така се застапени во Претставничкиот дом, има претходно договарања и консултации со самите партии за одредена проблематика, така што амандманите кои доаѓаат од Сенатот делумно се прифаќаат (праксата покажува дека 50% од поднесените амандмани од страна на Сенатот се прифаќаат од Претставничкиот дом).

Во моментов се одвива реформа на Сенатот. Предлозите се сенаторите да се избираат до 10% или 20%, бидејќи сега има премногу сенатори кои ги претставуваат регионите, а тоа да се врши согласно со следниве критериуми:

- институционални - назначување на одреден број сенатори за секој регион, без разлика на населението,
- популациски - повеќе сенатори на понаселените места и
- територијални - регионалната перцепција да биде соодветно земена предвид во реформите

Тоа би било да има по шест фиксни сенатори во секој регион, по еден екстра сенатор за еден милион население и по еден или двајца сенатори плус во одреден регион. Пример Мадрид ќе има повеќе сенатори, а Кастиља помалку со новата реформа.

Исто така, со реформите се предвидува давање подолг рок за разгледување на законите кои доаѓаат во Сенатот, затоа што сегашниот рок (два месеца) е премногу мал. Реформите предвидуваат продолжување на роковите на четири месеца. За закони кои имаат влијание на регионите, се предлага првото читање да почнува во Сенатот, а не во Конгресот.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Стручна служба на Собранието***

***ИЗВЕШТАЈ***

***Годишен состанок на IPEX кореспонденти***
***Рим, 15 мај 2009 година***

***Скопје, мај 2009 година***

*На 15 мај 2009 година во Рим, Италиј се одржа Годишниот состанок на IPEX кореспонденти. Како претставник од Собранието на Република Македонија, на Годишниот состанок учествуваше и Реџеп Прекопуца, IPEX кореспондент на Собранието на Република Македонија.*

*Состанокот се одржа во Сенатот на Република Италија, а на него учествуваа IPEX кореcподентите од Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Чешка Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска, Холандија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, како и претставници од Европскиот парламент, КОСАК и ЕЦПРД.*

Состанокот беше отворен од страна на Антонио Малачини, генерален секретар на Сенатот на Италија. Тој, во неговото пригодно обраќање пред присутните говореше за важноста на IPEX и можностите што ги нуди. Како мошне корисна ја оцени соработката меѓу кореспондентите и нивната соработка со ЕУ институциите. Тој информира дека Европската комисија покажа интерес за функционирањето на IPEX и подготвеност за соработка.

Александро Паланза, IPEX кореспондент од Претставничкиот дом на Парламентот на Италија се осврна на функционирањето на IPEX како редок пример на меѓуинституционално тело, кое овозможува развој на способностите и размена на информациите. Според него, парламентарната администрација во однос на европската и меѓународната соработка, може да разменува информации меѓу парламентите и меѓународните институции, функција што ја врши IPEX и да пружат техничка поддршка односно размена на искуства, каде што националните парламенти можат да дејствуваат независно.

Монген Форест се осврна на новите елементи и планови во фуинкционирањето на IPEX. Тој ги информираше присутните за постигнатата согласност на сите парламенти застапени во IPEX за заедничко кофинансирање на еден вработен, кој ќе биде поддршка на IPEX системот и на кореспондентите. Исто така, г. Форест зборуваше за употребата на соодветните симболи при прикачувањето на соодветните документи на интернет страницата на IPEX, како и за соработката со ЕК.

IPEX им дозволува на националните парламенти да прикачат кон документите одредени, однапред дефинирани симболи. Симболот го претставува општиот статус на документот. Во исто време, тие овозможуваат начин за корисниците да ги филтрираат ифнормациите, употребувајќи напредни алатки за пребарување. IPEX симболите, исто така, даваат прелиминарни индикации за специфични прашања.

Џери Хилберт од Европскиот парламент и Џанполо Арацо од Сенатот на Италија, зборуваа за IPEX XML проектот кој е започнат од Одборот на IPEX заради подобрување на содржината и зголемување на прифаќањето на IPEX. Со XML проектот се очекува да се зголеми леснотијата при поставувањето на информациите на интернет страницата и претставува решение кое ќе работи со различните информациони системи на националните парламенти. Тие ги опишаа сите фази на воведувањето на XML, почнувајќи од тестирањето во националните парламенти, формирање на форум за размена на иформации, преку комуникацискиот проект до публикување на IPEX.

Во попладневниот дел од работата на состанокот, учесниците се поделија во четири работни групи и тоа:

1. Промовирање на IPEX;
2. Дополнителна вредност на парламентарните информации;
3. Подобрување на размената на информациите и

4. Подобрување на употребата на IPEX.

Секоја од работните групи, по конструктивната дискусија на учесниците, пред присутните ги поднесе нејзините заклучици:

1. Работната група за промовирањето на IPEX во текот на нејзината работа се фокусираше на континуираното поставување на информации во IPEX и кој може да има корист од понудените информации и

2. Работната група се осврна на тактиките дизајнирани да се обезбеди континуирано и редовно поставување на информации во IPEX. Работната група дискутираше за тоа каков вид на документи треба да бидат ажурирани и за развој на специфична стратегија во однос на развојот на механизми за промовирање и навремено ажурирање на документи од сите парламенти.

Работната група дискутираше за тоа каква корист од информациите можат да имаат вработените и пратениците во парламентите. Работната група се фокусира и на тоа како да се промовира IPEX во рамките на националните парламенти.

Според работната група за промовирање на IPEX:

1. Промовирање на ажурирањето на IPEX од страна на парламентите:

- интернет страницата е бавна при процесот на ажурирањето;
- подобрување на брзината би ги охрабрил националните парламенти да го ажурираат IPEX редовно;
- кореспондентите се зафатени со други работни обврски и често се на повисоки функции. Замениците на кореспондентите треба да се поставaт користејќи го моделот на IPEX;
- замениците на кореспондентите треба да се повикаат на идните состаноци на кореспондентите;
- секое IPEX досие (со поголема важност) треба да има специјализирано лице за контакт. Ова е посебно важно за досиејата под надзор за субсидијарност, како резултат од осумнеделниот рок;
- COSAC и IPEX треба да соработуваат поблиску во однос на идните текстови поврзани за субсидијарноста;
- IPEX офицерот за информации треба да ги потсетува кореспондентите (преку емаил) за текстовите на COSAC;
- Во однос на националните парламенти кои не го ажурираат IPEX офицерот за информации треба да ги котнактира за да разбере дали за тоа постојат некои специфични причини, и треба да понуди поддршка и
- XML проектот ќе помогне.

2. За што можат да се искористат информациите што се на IPEX?

- да се добие информации за самите предлози (факти);
- да се види како другите национални парламенти ги надгледуваат;
- да се дојде до релевантни врски (линкови);
- да се најдат информации за Конференцијата на претседателите на парламентите;
- да се најдат информации за Годишната работна програма;
- да се најдат информации за меѓупарламентарните состаноци (календар) и
- да се најдат контакт информации (ова секција треба да се прошири со информации за национални претставници итн).

3. Предлози за нови можности за охрабрување на употребата на IPEX

- документите на Европската комисија треба да се ажурираат побрзо;
- делот со врски (линкови) треба да се прошири;
- треба да се воведат повеќе РСС ифнромации;
- треба да се размисли за услуги на IPEX за националните парламенти;
- делот за чести прашања (FAQ) треба да биде основан врз конкретни прашања на кореспондентите и корисниците;
- треба да се објави ЕУ агендата;
- ажурирање на неделната програма на ЕК и
- информации за можности за обуки за националните парламенти.

3. Според Работната група за дополнителна вредност на парламентарните информации националните парламенти треба да се охрабрат да вклучат кратко објаснување на нивните процедури за контрола (на англиски или/и француски јазик), објаснувајќи ја и процедурата за превод. Одборот на IPEX треба да го изнесе прашањето за обезбедување на потребни ресурси за превод на документите во текот на состанокот на генералните секретари, како и да му се остави изборот на секој од националните парламенти сами да одлучат дали ќе го преведат целиот текст, или ќе дадат кратко објаснување на поднесениот текст од нивна страна.

Групата предложи да се преведат сите документи поврзани со прашањето на субсидијарност и одлуките поврзани со Европската комисија (што спаѓаат под "Иницијативата Баросо").

Работната група за дополнителна вредност на парламентарните информации повика на охрабрување на националните парламенти јасно да го забележат започнувањето на осумнеделниот период ("Иницијативата Баросо") на IPEX страницата и да ги публикуваат кратките објаснување, односно целите преводи што поскоро по објавената Одлука од страна на ЕК. Националните парламенти би требало да воведат внатрешни процедури за размена на иформации пред истекот па осумнеделниот период.

4. Дискусијата во Работната група за подобрување на размената на информациите беше фокусирана на конкретни сугестии во врска со подобрување на IPEX и неговите фукционалности во врска со прашања поврзани со субсидијарноста. Клучната порака на учесниците беше дека секој редизајн на IPEX треба да ги земе предвид потребите од информации на потенцијалните корисници, затоа се повикува на пристап насочен кон корисниците.

Поконкретни предлози на работната група се:

Сплаш страницата треба да содржи прозорец за информации кои ги претставуваат законските основи за секој законски предлог. Треба да се содржи информација доколку некој предлог може да биде субјект на процедурата за субсидијарност во смисла на Протоколот 2 на Договорот од Лисабон.

Исто така, беше сугерирано рокот за процедурата за субсидијарност да биде содржан на сплаш страницата, исто како и објаснување на употребените симболи.

5. Работната група за подобрување на употребата на IPEX се фокусира на употребливоста на интернет страницата на IPEX основана врз намерата за редизајнирање на страницата, во однос на брзината и перформансите.

Сугестиите на работната група беа поделени на три категории:

1. Платформа,

   Бавноста на интернет страницата беше идентификувана како главен фактор што влијае врз успехот и употребливоста на страницата.

2. Содржината на интернет страницата,

   Во страницата недостасуваат важни документи. Се претпоставува дека со воведувањето на XML таквите документи автоматски ќе се стават на интернет страницата. Дополнително, интерфејсот за мануелно ажурирање ќе се смени, што ќе биде од корист посебно за тие национални прламенти кои од некоја причина немаат XML механизам

3. Дизајнот

   Би требало да има значајно поедноставување на дизајнот на интернет страницата.

## НАСОКА ЗА УПОТРЕБА НА IPEX СИМБОЛИТЕ

IPEX им дозволува на националните парламенти да им додадат предефинирани симболи на парламентарните документи. Симболите го претставуваат генералниот статус на документот. Истовремено тие даваат начин корисниците да ги филтрираат информациите користејќи напреден систем за пребарување и за e-mail.

IPEX симболите, исто така, даваат прелиминарна индикација за специфични прашања кои парламентот може да ги има, а кои се поврзани со одредено досие, овозможувајќи им на корисниците да добијат основни информации, без оглед на јазикот на кој е напишан документот.

Постојат два типа на симболи: симболи кои го претставуваат статусот на контрола (scrutiny) и симболите употребени за да ги алармираат другите парламенти за одредени специфични прашања.

**Статусот на контрола** (scrutiny status)

| | |
|---|---|
|  | Никаква информација не е ставена во базата на податоци |
|  | Контролата (scrutiny) е во прогрес |
|  | Контролата (scrutiny) е завршена |

Секое ново IPEX досие има ваков симбол  . Националните парламенти треба да го постават симболот  и симболот  во согласност со парламентарниот систем на контрола.

Треба да се спомне дека овие симболи се поврзани со генералната контрола, така што не треба да се поврзат со процедурата на субсидијарност.

**Симболите за алармирање**

Дополнително, IPEX содржи и симболи за алармирање кои можат да се додадат заедно со статусните симболи:

| | |
|---|---|
|  | Постојат специфични прашања поврзани со принципите на пропорционалноста и/или субсидијарноста |
|  | Има важни информации кои треба да се разменат |

Симболот может да му се одреди на секој документ во секое време да покаже дека парламентот има да разменува специфични информации во врска со принципот на пропорционалност и/или субсидијарноста. Важно е да се забележи дека корисниците на IPEX се во можност да филтрираат парламентарни документи користејќи го напредното пребарување, стеснувајќи го пребарувањето на "документи кои го користат овој симбол".

Треба да се потенцира дека овој симбол не треба да се помеша со процедурата на субсидијарност спомната во Протоколот 2 на Договорот од Лисабон. Сега парламентите можат да го додадат овој симбол во секое време и без оглед на причината.

Симболот може да му се додаде на секој документ во секое време за да се покаже дека парламентот има специфични информации кои сака да ги сподели со другите парламенти. Препорачано е националните парламенти да го користат симболот за да покажат дека имаат информации кои сакаат да ги споделат, а се во врска со:

- Баросо иницијативата;
- Информации пратени на ЕК во врска со документите за консултација во врска со Протоколот 9 од Договорот од Ница и
- ЕУ иницијативи и предлози каде што парламентите имаат специфични проблеми или забелешки а кои тие сакаат да ги споделат со другите национални апраменти.

Едно IPEX досие може да има три одделни симболи:

да покаже дека е во процесот на генерална контрола (scrutiny),

да покаже дека ова прашање е потенцирано, во врска со пропорционалноста и/или субсидијарноста и

да покаже дека постојат одредени информации за да се споделат.

Националните парламенти се охрабруваат да напишат краток текст на англиски или француски јазик на досијеата каде што симболите и се користени. Со ова ќе се обезбеди дека корисниците на IPEX ќе можат да пристапат до информациите брзо и соодветно, со што значајно ќе се подобри искоритеноста на системот.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Стручна служба на Собранието***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учество на делегација на Службата на Собранието на Република Македонија на Институтот за парламентарна обука на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот дом на Конгресот на Соединетите Американски Држави***

***Скопје, декември 2009 година***

*На покана на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот дом на Конгресот на Соединетите американски држави (во натамошниот текст: САД), делегација на Службата на Собранието на Република Македонија предводена од генералниот секретар Жарко Денковски, во периодот од 6 до 18 декември 2009 година учествуваше во програмата на Институтот за парламентарна обука на Комисијата за поддршка на демократијата. Во составот на делегацијата беше и Блета Билали соработник во сектор за Работни тела на Собранието на Република Македонија.*

Во рамките на програмата Партнерството за демократија на преставничкиот дом (ХДП) во соработка со Меѓународниот републикански Институт (ИРИ), беше организирано Институт за кадар за истражување и анализа во областа на законодавството. Институтот ни обезбеди можност за споделување искуства на законодавни истражувачи од 12 земји на ХДП со други експерти на конгресот на САД и парламентот на Канада. Освен делегацијата од Собранието на Република Македонија во споделување на оваа искуство присутни беа следните држави: Грузија, Монголија, Авганистан, Кенија, Либерија, Хаити, Индонезија, Источен Тимор, Либан , Перу, Косово и Пакистан.

Програмата беше организирана и подготвена од Институтот за парламентарна обука на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот дом на САД и Националниот Демократски Институт НДИ, кои имаа водечка улога во програмата, во соработка со Меѓународниот Републикански Институт ИРИ и Американската агенција за меѓународен развој УСАИД. Во приемниот и во завршниот дел од програмата свое обраќање имаше и г. Дејвид Прајс, претседател на Комисијата за демократска помош на Претставничкиот дом на САД и г.Дејвид Рајдер републикански конгресмен во преставничкиот дом на САД.

Согласно со програмските активности, делегацијата од Службата на Собранието на Република Македонија престојуваше во Вашингтон ДС, и еден ден во државата Мериленд во главниот град Анаполис.

На почетокот од престојот во Вашингтон, во Конгресната Библиотека Џеферсон беше организирана воведна заедничка сесија на учесниците, при што делегациите беа поздравени од: г. Џон Лис директор на Институтот на Комисијата за демократска помош на Претставничкиот дом, Дејвид Пирс претседател на ХДП и Алиша Одонел менаџер за надворешни работи во ИРИ.

Сесиите се водеа составени од највисоки раководни кадри во парламентите и беа фокусирани на следните теми:

1. Конгресот на САД и компаративнте политички структури,
2. Улога на Конгресната служба за истражување во рамките на Конгресот,
3. Конгресната служба за истражување (КСИ) е најголема за истражување во областа на законодавството во светот. Овозможува балансирани и облективни информации ца единствениот клиент Конгресот на САД.Не работи за извршната гранка ниту за јавноста.Работата на КСИ мора да биде навремена,авторитативна,балансирана и насочена кон законодавната работа на Советот. КСИ беше значително зголемен во седумдесетите години со цел да овозможи поголема рамнотежа помеѓу аналитичките извори на изршната гранка на Конгресот.Законодавната повелба на агенцијата ја насочува да работи одблиску во законодавниот процес и да нуди можност за алтернативна политика што се разгледуваат. Конгресот и ги проценува можните влианија од истите,
4. Улогата на истражувањето во законодавниот дом,

5. Организација и развој на на службата за истражување,

6.Можни производи и услуги за службадаза истражување вклучуваат обеми и кратки извештаии,аналитички документи, описни брошури, анализа на владини предлог-закони, доверливи меморандуми, семинари за кадар и членови на законодавниот дом, усни брифинзи и други производи и услуги кои можат да бидат корисни за законодавниот дом како што се развива и зголемува одделението за истражување,

7. Извори на информации и предпазливост при нивна употреба, ефикасност достигнување на законодавни клиенти, практична употреба на инструменти за истражување, како ефикасно да се посечне по законодавни клиенти по цел подобро користење на услугите и производите за истражување и како да се работи поефикасно во тимови,

8. Одговорна служба за одржување на безбедноста во Претставничкиот дом е Службата за обезбедување која има интегрална улога во одржувањето на редот. Редарот е одговорен за безбедноста во делот на Претставничкиот дом и заедно со редарот на Сенатот, архитекстот на Конгресот и началникот на полицијата на Конгресот, по службена должност го сочинуваат Полицискиот одбор на Конгресот,

9. Архитектот на Конгресот е одговорен за работите поврзани со одржувањето, развојот и заштитата на зградата на Конгресот, и неговите службени објекти, зградите на Конгресната библиотека, и зградата на Врховниот Суд и

10.Системи за информатичка технологија и развој.

***Преглед на структурата на американскиот Конгрес***

Во САД извршувањето на функциите на законодавниот дом, претседателот на државата и судството се одвоени. Државата има претседателски систем. Изборниот процес се спроведува во осумдесет изборни единици на ниво на САД.

Работата на американскиот Конгрес се заснова врз Уставот на САД и функционира како дводомен парламент: Претставнички дом и Сенат кои имаат различни принципи на работа.

Во Претставничкиот дом има 435 конгресмени кои се избираат со мандат од три години, а во Сенатот има 100 сенатори (по два сенатори од секоја сојузна држава) со мандат од шест години. Во Конгресот се застапени две политички партии: републиканци (кои во овој мандат се мнозинство) и демократи.

Концептот "малцинството да владее" е препознатлив за Претставничкиот дом, додека во Сенатот одлучува мнозинството. Уставите на сојузните држави мора да бидат во согласност со Уставот на САД. Сојузните закони се применуваат во целата земја, додека посебните закони се на ниво на одделна сојузна држава

Во Конгресот има 25 постојани комисии со различни надлежности според одделни области. Комисиите се формираат со резолуција на Претставничкиот дом или со закон. Работата во комисиите се одвива врз принципот на јавни сослушувања. Во Конгресот постојат посебни *подкомисии, конференциски комисии* како и *специјални комисии* кои се од времен карактер. Во Сенатот има 16 комисии чии членови се избираат со посебна резолуција на Сенатот.

Претседателите на сите комисии во Конгресот се избираат од владеачката политичка партија. Ова значи дека позицијата на претседателот на комисијата е многу влијателна и значајна, од аспект на потребното мнозинството од членовите на неговата партија. Извештаите од комисиите претходно се разгледуваат на посебна Комисија за правила, а потоа истите се доставуваат до членовите на Конгресот.

Основна задача на Конгресот е да решава проблеми од јавен интерес, застапувајќи ги интересите на граѓаните преку донесување на квалитетни закони. Трите

парламентарни принципи на Конгресот се: претставувањето на интересите на граѓаните, донесување на закони и концептот на надгледување на спроведувањето на законите во пракса.

***Постапка на донесување на закони***

Во Конгресот законите ги предлагаат членовите на двата Дома, а иницијативите до нив доаѓаат директно од граѓаните. Закон може да се поднесе и до Сенатот, но треба да се спроведе иста процедура, односно законот прво да се усвојува во Претставничкиот дом. Секој предложен закон поминува низ две до три читања. Во постапката на донесување на закони постојат и т.н."брзи процедури", но истата поретко се применува.

Предлогот на законот се упатува до надлежните комисии при што се организираат јавни сослушувања. Комисиите кои расправале по предложениот закон изготвуваат извештаи и ги доставуваат до пратениците. Пред да се отвори претрес во Претставничкиот дом се утврдуваат посебни услови и правила за постапката по предложениот закон. Расправата по предложените закони се одвива предлог законот се разгледува во две фази, односно две читања. Во првата фаза се води општа (генерална) дебата, а во втората се определува времетраење на дискусијата. Во оваа фаза се поднесуваат амандмани од комисиите и пратеници. Потоа, се спроведува гласање, односно усвојување на законот. За да се донесе еден закон во Претставничкиот дом, потребно е за него да гласаат 360 пратеници. Ефикасноста на процесот на донесување на закони не се цени според бројот на донесените закони, туку според квалитетот и значењето на законите.

Откако Претставничкиот дом ќе го усвои законот, истиот се доставува до Сенатот, на разгледување. Во Сенатот се води дебата и се гласа по предложениот закон. Потоа законот повторно се враќа во Претставничкиот дом, со или без амандмани. За да се донесе еден закон потребно е да се постигне согласност во двата Дома, односно да прифатат единствен текст на предлогот на законот. Во случај кога постои неусогласеност се формира *конференциска комисија* со цел да се усогласат отворените прашања и да се постигне компромис. За усогласените прашања комисијата донесува резолуција и во овој случај постои можност за поднесување на нови амандмани.

По усвојувањето на законот во Претставничкиот Дом и во Сенатот, истиот се доставува до претседателот на државата кој во рок од 10 дена треба да донесе одлука дали ќе го потпише законот или ќе стави вето. Во случај кога претседателот ќе одлучи да не го потпише законот Конгресот може да го донесе законот само доколку е во заседание. Во спротивно се смета дека законот не е донесен - поцкет вето. Во случај на вето, законот може да се смета за донесен ако за него се обезбеди квалификувано мнозинство, односно 2/3 од членовите на двата дома.

* * * * *

Во рамките на Програмата беше организирана еднодневна посета *на Генерално Собрание на сојузната држава Мериленд*, во градот Анаполис.

Учесниците во програмата имаа можност да се запознаат со работата на Генералното Собрание на Мериленд, кое е дводомно и тоа: Дом на делегати (со 141 член) и Сенат (со 41сенатори), избрани од 47 региони. Во Сенатот се формирани 6 постојани комисии, а во Домот на делегатите 7 комисии надлежни за различни области. Во Генералното Собрание формирани се 16 мешовити комисии од различни области во кои членуваат претставници од двата дома. Според Уставот на државата Мериленд, годишната сесија трае 90 дена. Вообичаено е сесијата да започне на 9 јануари, а да заврши на 7 април. Во овој период Собранието разгледува во просек 2000-2500 предлози на закони и годишниот буџет на државата.

Иницијативите за предлагање на закони најчесто доаѓаат од законодавците, комисиите, гувернерот, владините агенции, заинтересирани субјекти, лобисти или професионални организации.

Законите се подготвуваат во Одделот за законодавство. Според Уставот на Мериленд секој предлог на закон мора да помине низ три читања во двата дома. За да се донесе законот двата дома мора да гласаат со мнозинство од вкупниот број на пратеници. Откако предложениот закон ќе влезе во процедура, истиот се доставува до надлежните комисии кои организираат јавни расправи. Комисиите претставуваат суштински дел од законодавниот процес во Генералното Собрание. Според правилата на двата дома, секој предлог на закон или заедничка резолуција, после првото читање мора да се разгледа во надлежните комисии.

Во текот на сесијата, Одделот за законодавство издава неделен распоред за јавните расправи. На овој начин се дава можност заинтересираните страни да сведочат и да го изнесат мислењето по предложениот закон. Одделот за законодавство за секој предложен закон, за потребите на комисиите подготвува анализа за фискалните импликации. Извештајот од одржаната јавна расправа со поднесените амандмани од надлежната комисија се разгледува на пленарна седница (второ читање). По завршувањето на амандманската расправа, во текстот на законот се вградуваат сите прифатени амандмани и истиот повторно се разгледува во домот (трето читање). Во оваа фаза не се поднесуваат амандмани. Потоа, законот се доставува до вториот дом каде постапката на разгледување е идентична, а амандмани може да се поднесуваат при второто и третото читање на законот. Во случај кога вториот дом ќе предложи амандмани, законот се враќа во првиот дом и мора да се изврши усогласување на текстот на законот меѓу двата дома. Доколку се постигне согласност, се преминува на гласање на законот и постапката завршува. Во случај кога амандманите нема да се прифатат од иницијалниот дом, се формира конференциска комисија со цел да се изврши усогласување на сите отворени прашања меѓу двата дома. Извештајот на оваа комисија се доставува до секој дом на усвојување. Доколку извештајот не се прифати, предлогот на законот се отфрла.

По усвојувањето на законот од двата дома на Генералното Собрание, истиот се доставува до гувернерот на Мериленд, кој има право да го потпише или да стави вето.

### *Конгресна библиотека*

Конгресната библиотека претставува најстара федерална културна институција и служи како база за истражувачката работа на Конгресот. Конгресната библиотека е основана со акт на Конгресот во 1800 година со што се обезбедил правен основ за трансфер на власта од градот Филаделфија во новиот главен град Вашингтон. Оригиналната библиотека била префрлена во новиот *Цапитол Хилл* во август 1814 година.

Мисијата на Конгресната библиотека е да обезбеди достапност и користење на нејзините извори за потребите на Конгресот и на американскиот народ, како и да обезбеди одржливи и универзални колекции на знаења и креативност за наредните генерации.

*Законодавната библиотека* на Конгресот обезбедува темелни, високо квалитетни истражувања и анализи за службите во Конгресот, како и за потребите на Врховниот Суд и владините агенции.

Библиотеката денес претставува најголема и најзначајна ризница на книги во светот, со милиони колекции на книги, снимки, фотографии, мапи и ракописи. Колекцијата брои повеќе од 130 милиони книги од кои 29 милиони каталогизирани,

други печатени материјали на различни јазици, повеќе од 58 милиони ракописи и др. Библиотеката претставува и центар каде редовно се организираат литературни читања, уметнички настани и изложби.

Во Конгресната библиотека се вработени околу 4000 службеници. Годишниот буџет на библиотеката изнесува преку 750 милиони долари финансирани од одобрени фондови и други извори на приходи.

Конгресната библиотека има посебна вебстрана **www.loc.gov**

### *Конгресна истражувачка служба*
### *(Congressional Research Service - CRS)*

Мисијата на Конгресната истражувачка служба (во натамошниот текст ЦРС) е да развива креативен пристап и стручна анализа на политиките, антиципирање на потребите на законодавството и да одговори на специфични побарувања кои доаѓаат од законодавците. Анализите кои се подготвуваат во ЦРС се базираат на следните основни принципи**:** репрезентативност, доверливост и објективност (непартиски анализи).

***Доверливост -*** сите побарувања кои пристигнуваат од членовите на Конгресот се држат во строга тајност. Законодавците како и службениците во Конгресот имаат слободен пристап до експертите и аналитичарите на ЦРС, може слободно да поставуваат прашања или да побараат да се изготви компаративна анализа или истражување.

***Репрезентативност*** - сите услуги и производи на ЦРС се репрезентативни и точни. Аналитичарите користат уникатни методологии во процесот на истражување.

***Објективност*** - ЦРС има изградено авторитет кој се базира на презентирање на објективни и непартиски анализи и истражувања. Применетиот систем на повеќестепена проверка на квалитетот и ревизија на извештаите на ЦРС, исто така обезбедува продуктите од оваа служба да бидат објективни, значајни и доверливи.

Почетоците на Конгресната истражувачка служба датираат уште од 1914 година, кога Конгресот со посебен акт формирал посебен оддел во рамките на Конгресната библиотека, а со цел да се обезбедуваат специјализирани истражувања и информации. Во 1970 година со актот за законодавна реорганизација, Конгресот го преименувал одделот во Конгресна истражувачка служба.

Денес во оваа служба се вработени околу 700 службеници кои како тим работат во Вашингтон ДС. Во службата има околу 450 политички аналитичари, адвокати, професионалци и експерти од различни области и дисциплини: законодавство, економија, надворешна политика, одбрана, јавна администрација, образование, здравствена заштита, имиграција, енергетика, заштита на животната средина, наука и технологија. Службата на ЦРС е обучена да се мобилизира многу брзо, да работи индивидуално или во тимови, со цел да се обезбедат интегрирани анализи по комплексни прашања. Службата им помага на членовите на Конгресот и во подготвувањето на одговори по барања добиени од избирачите**.** Без разлика која партија ќе биде на власт, оваа служба не е изложена на внатрешни промени.

Конгресната истражувачка служба е систематизирана во пет интердисциплинарни истражувачки оддели:

1. американски закони;
2. домашна социјална политика,
3. надворешни прашања, одбрана и трговија;
4. владеење и финансии;
5. ресурси, наука и индустрија.

Постојат седум канцеларии кои управуваат и администрираат во рамките на ЦРС:

1. канцеларија на директорот на ЦРС, вклучувајќи ја и канцеларијата за комуникации;
2. канцеларија за конгресни прашања и советување на директорот на ЦРС;
3. канцеларија за финансии и администрација;
4. канцеларија за законодавно информирање;
5. канцеларија за истражување;
6. канцеларија за технологија, и
7. канцеларија за развој на службата.

На годишно ниво Конгресната истражувачка служба одговара на повеќе од 900 000 барања кои пристигнуваат од Конгресот.

***Истражувања и анализи за законодавната власт***

Постојат повеќе разлики помеѓу *академско истражување* и *примене анализа на политиките,* за потребите на законодавците**.**

Академското истражување има за цел да изврши подлабока анализа во една област, а кај анализата на политиките треба да се процени одреден проблем од повеќе аспекти. Постапката кај академското истражување се врши за една специфична област и може да трае во подолг временски период. Анализата на политиките може да опфаќа и повеќе области и вообичаено се подготвува во пократок рок. Академското истражување е покомплексно, а анализите на политиките треба да бидат кратки, прецизни, сумирани и разбирливи за пошироката јавност.

Кај академското истражување се практикува индивидуална работа, а кај анализата на политики повеќе се практикува тимско работење.

***Насоки во работењето на истражувачите***

За да започне процесот на истражување, многу е важно да се обезбедат соодветни и точни извори на информации. Работата на истражувачите и аналитичарите во ЦРС е со висок квалитет, секојдневно се подготвуваат бројни одговори на прашања од различни области и др.

Истражувачите треба континуирано да ги следат состојбите во државата, да бидат постојано информирани за актуелните случувања, и предвидливи во однос на барање за изготвување на анализи за Конгресот.

Истражувачот треба многу прецизно да го дефинира прашањето што ќе биде предмет на истражување, а побарувачот на анализата треба да биде конкретен и јасен во однос на неговите очекувања од истражувачот. Двете страни треба да се согласат бидејќи еден од најважните чекори во процесот на истражување е воспоставување на интелектуална рамка преку која се структурира начинот на размислување.

Во постапката на истражување се користи стручна литература од соодветната област и други материјали кои служат како основен извор за анализата. Се врши селекција на материјали, а вообичаена пракса е да се задржат 3-4 алтернативи кои ќе бидат содржани во извештајот на истражувачот. Во истражувачката работа службениците на ЦРС користат огромни ресурси (внатрешни и надворешни извори на податоци и материјали): дата бази од областа на: американските закони, судството, извршната власт како и меѓународна легислатива. ЦРС најчесто како *надворешни извори* ги користи информациите обезбедени од: министерствата, владините агенции, академии, универзитети и др.

**Извештајот на истражувачот од ЦРС** мора да биде навремено подготвен, објективен и доверлив.

Извештајот мора да ги содржи следните елементи:

1. *Резиме* - во него се наведува конкретното побарување за кое е подготвено истражувањето, основните заклучоци како и суштината на наодите произлезени од него;

2. *краток историјат* - согледување на состојбите во контекст на прашањето што е предмет на истражувањето;

3. *квалитативна анализа* со податоци за: финансиските импликации, позитивни или негативни страни, компаративни анализи од други држави и можни консеквенци.

Истражувачите во исто време подготвуваат извештаи и анализи, но вршат и проверка на истражувањата изготвени од нивните колеги во ЦРС.

Извештаите на истражувачите подлежат на неколку степени на проверка на квалитет:

- проверка од страна на аналитичар од ЦРС;
- проверка на ниво на сектор во ЦРС;
- проверка во *Канцеларија за контрола на истражувањето*. Во оваа канцеларија се врши селекција за итноста, објективноста на извештајот и дали истиот е јасен.

Целокупната документација, изворите на податоци и информациите користени во процесот на истражување треба да се чуваат.

Истражувачите од ЦРС не даваат препораки на претставниците на Конгресот, со цел да се избегне можноста за лобирање на одредена идеја. Најголема вредност на ЦРС е обезбедување на објективни и непартиски информации за Конгресот на САД. Извештаите од ЦРС се објавуваат на интранет на Конгресот.

Во процесот на истражување и анализа, истражувачите користат податоци од дата бази, наведени во Прилогот бр.2 од овој Извештај.

## *Глобална правна информатичка мрежа*
## *Global Legal Information Network - GLIN*

Глобалната правна информатичка мрежа (во натамошниот текст ГЛИН) е основана пред 14 години и претставува кооперативна и непрофитна федерација од 32 национални, мултинационални и меѓународни институции, владини агенции и невладини организации, кои обезбедуваат службени документи од областа на правото, во датабазата на ГЛИН. Оваа мрежа нуди висок степен на автентичност и флексибилно пребарување како и отворен и јавен пристап до материјали од областа на правото (закони, регулативи, статути) извештаи, судски одлуки, од држави во САД, Европа, Африка, Азија и др. Податоците се чуваат во единствен сервер во Вашингтон, а земјите членки на ГЛИН имаат слободен пристап до податоците преку интернет.

Иницијатива за приклучување кон мрежата на ГЛИН треба да се поднесе од страна на владата или парламентот на една држава. Државата која поднесува иницијатива за приклучување во ГЛИН треба да формира сопствен тим составен од три лица: менаџер (ГЛИН директор), аналитичар-правник и еден експерт по информатичка технологија. Предложениот тим треба да биде прифатен од централата на ГЛИН. Во Вашингтон се спроведува еднонеделна обука за селектираниот тим, а трошоците за обука, патување и сместување се на товар на државата кој поднела барање за приклучување во ГЛИН. Законодавната библиотека на Конгресот е одговорна за спроведување на обуката (ангажирање на експерти, инструктори, обезбедување на материјали и сертификати).

Исто така, државата треба да обезбеди средства за 2-3 лица експерти од Законодавната библиотека на Конгресот на САД кои ќе реализираат посета на државата во времетраење од пет работни денови. Целта на посетата е овој тим да изврши компетентна проценка на компатибилноста на техничката опрема и административната инфраструктура. Оваа посета може да се организира пред обуката

на националниот ГЛИН тим во Вашингтон, или во многу краток период по завршување на обуката.

### *Канцеларијата за буџет на Конгресот (Congressional Budget Office - CBO)*

Оваа канцеларија им помага на буџетските комисии (од Претставничкиот дом и Сенатот), подготвува извештаи за буџетските и економските проекции, дава анализи на буџетските предлози кои доаѓаат од Претседателот како и алтернативни расходи и приходи.

Канцеларијата обезбедува стручни совети во врска со буџетската потрошувачка како и прашања од областа на даноците.

Во канцеларијата во моментот се вработени околу 230 службеници кои примарно се економисти и аналитичари од областа на јавните политики.

Спикерот на Претставничкиот дом и претседателот на Сенатот заеднички го именуваат директорот на Конгресната канцеларија за буџет, по препорака на двете буџетски комисии. Во канцеларијата постојат посебни оддели надлежни за: буџетски анализи, макроекономски анализи, управување, бизнис, информатички услуги, национална безбедност, анализи на даници.

Делегацијата од Службата на Собранието на Република Македонија во текот на престојот во САД, ја посети Амбасадата на Република Македонија во Вашингтон, и оствари средба со Н.Е. амбасадорот Зоран Јолески.

### *Заклучни согледувања*

Учеството во програмата на Институтот за парламентарна обука на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот Дом на САД претставуваше извонредна можност за запознавање на учесниците со структурата и организацијата на Конгресот на САД, законодавната постапка и буџетскиот процес. Генерално, програмата се оценува како особено значајна, корисна и успешна.

Од посебно значење е согледувањето на улогата, мисијата, работата и организацијата на Конгресната истражувачка служба. Стекнатите сознанија и добиени информации од Конгресната истражувачка служба, би требало да се разберат како корисно упатување за подетални анализи и идни согледувања и доколку се оцени дека е потребно во некој дел и да се применат во истражувачката работа на Секторот за истражување и анализа на Собранието на Република Македонија.

Меѓу другото, во Извештајот се опфатени најзначајните прашања кои се однесуваат на работењето на CRS. Врз основа на презентациите, пренесените искуства и практики од работењето на CRS, како и од разговорите со службеници од CRS, направени се конкретни заклучни согледувања и истите би требало да се разберат во правец на зајакнување на организацијата и работата на Секторот за истражување и анализа на Собранието на Република Македонија:

Од одделни служби од администрацијата на Конгресот на САД (Конгресната истражувачка служба, Библиотеката на Конгресот, како и Генералното Собрание на Мериленд, добиени се информативни материјали во печатена и електронска форма. Материјалите може да се побараат преку Секторот за истражување и анализа.